РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ВО СКОПЈЕ

Б И Л Т Е Н

НА
УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ВО СКОПЈЕ

Број 1047
Скопје, 1 февруари 2013 година

Издание на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

ПРВИОТ БРОЈ НА БИЛТЕНОТ Е ОБЈАВЕН ВО МАЈ 1957 ГОДИНА

Главен и одговорен уредник: м-р Илија ПИПЕРКОСКИ

Уредник: Томислав БАШЕВСКИ

Лектор: Весна Илиевска-Цветановска

Умножено на Универзитетот во Скопје
Тираж: 70 примероци

Содржина на Билтен број 1047 од 1 февруари 2013 година

ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ "БЛАЖЕ КОНЕСКИ"

1. Реферат за избор во звањето вонреден професор од областа на англиската книжевност и областа толкување на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје **(д-р Соња Витанова-Стрезова)**.....1-20

МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Рецензија на докторската дисертација **Влијанието на гестациската возраст и телесната маса врз гликозниот и липидниот метаболизам во неонаталната возраст**, од **м-р Спежана Палчевска Коцевска,** пријавена на Медицинскиот факултет во Скопје.....21-25

ЕКОНОМСКИ ИНСТИТУТ

1. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски труд на Економскиот институт во Скопје **(Игор Јовановски, Горан Лазаревски, Соња Николовска, Мирјана Сеизова, Анита Пешова, Ивана Ивановска, Николче Трајчески, Станко Коруновски)**.....26

ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И КОМПЈУТЕРСКО ИНЖЕНЕРСТВО

1. Рецензија на докторската дисертација **Колаборативен модел на информациски систем за здравствена заштита,** изработена од **м-р Елена Влаху-Ѓоргиевска,** пријавена на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје.....27-31

МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Рецензија на докторската дисертација под наслов **Корелација помеѓу генотипските, фенотипските и имуполошките карактеристики на инфламаторната болест на цревата во детската возраст**, од **м-р Соња Бојаџиева**, пријавена на Медицинскиот факултет во Скопје.....32-39

ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Рецензија на докторската дисертација **Комичниот ефект во хеленската комедија,** изработена од **м-р Даниела Тошева Николовска**, пријавена на Филозофскиот факултет во Скопје.....40-45

ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Рецензија на докторската дисертација **Со планирање до развој во медиумите-состојби и перспективи во Република Македонија,** изработена од **м-р Ивана Билбиловска,** пријавена на Економскиот факултет во Скопје.....46-53

ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ "БЛАЖЕ КОНЕСКИ"

1. Рецензија на докторската дисертација **Динамика на односите во студентските групи во наставата по англиски како странски јазик на академско ниво,** изработена од **м-р Елена Овчевска Агер,** пријавена на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје....54-57

ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Рецензија на докторската дисертација со наслов **Основни причини за финансиската криза во САД, последиците и излезот**, изработена од **м-р Никола Џамбазовски,** пријавена на Економскиот факултет во Скопје.....58-64

ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Рецензија на докторската дисертација **Предрасудите кон лицата со психички растројства и нивната вклученост на пазарот на трудот**, изработена од **м-р Владимир Илиевски,** пријавена на Филозофскиот факултет во Скопје.....65-72

ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ

1. Рецензија на докторската дисертација **Особености на капацитетните карактеристики на диелектрици со висока пермитивност,** изработена од **м-р Лихнида Стојановска-Георгиевска**, пријавена на Природно-математичкиот факултет во Скопје.....73-76

МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Реферат за избор во звањето редовен професор по предметот педијатрија на Медицинскиот факултет во Скопје **(д-р Стојка Нацева-Фуштиќ)**.....77-90

ИНСТИТУТ ЗА СОЦИОЛОШКИ И ПОЛИТИЧКО-ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА

1. Рецензија на докторската дисертација **Остварувањето на воспитнообразовната функција во албанското семејство во транзиција во Полог**, изработена од **м-р Ардита Цека,** пријавена на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје.....91-95

МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Рецензија на докторската дисертација **Евалуација на трансплантационите техники на хируршко лекување на птеригиум и хистоморфолошка проценка на ризик од рецидив,** изработена од **м-р сци. д-р Весна Челева Марковска,** пријавена на Медицинскиот факултет во Скопје.....96-101

ЕКОНОМСКИ ИНСТИТУТ

1. Рецензија на докторската дисертација **Внатрешна фипансиска ревизија и контрола во јавниот сектор во Република Македонија,** од **м-р Татјана Несторовска,** пријавена на Економскиот институт во Скопје.....102-105
2. Рецензија на докторската дисертација **Развој на пазарот на капитал во функција на обезбедување на средства за долгорочни вложувања во Република Македонија,** од **м-р Насер Амети,** пријавена на Економскиот институт во Скопје.....106-110

МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Рецензија на докторската дисертација **Одржлив развој на термоенергетиката во Република Македонија,** изработена од **м-р Огнен Димитров,** пријавена на Машинскиот факултет во Скопје.....111-114

ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Рецензија на докторската дисертација **Регионалната политика на Република Македонија во контекст на евроинтеграционите процеси,** од **м-р Марија Караева,** пријавена на Економскиот факултет во Скопје.....115-124

ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ "ЈУСТИНИЈАН ПРВИ"

1. **Приговор** на Рефератот за избор на наставник на научната област административно право и јавна администрација (административно право) на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје, објавен во Билтен бр. 1046 од 15.1.2013 година, поднесен од **д-р Искра Аќимоска-Малетиќ**.....125-131
2. **Одговор** на Рецензентската комисија на приговорот на Рефератот за избор на наставник на научната област административно право и јавна администрација (административно право) на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје, објавен во Билтен бр. 1046 од 15.1.2013 година.....132-136

ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ "ЈУСТИНИЈАН ПРВИ"

1. Рецензија на докторската дисертација **Турција: националниот идентитет и евроинтеграцијата,** изработена од **м-р Ирена Рајчиновска Пандева**, пријавена на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје.....137-144

МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Реферат за избор на еден наставник во сите звања по предметот семејна медицина на Медицинскиот факултет во Скопје **(д-р Катарина Ставриќ)**.....145-162
2. Реферат за избор на научни соработници по предметот интерна медицина на Медицинскиот факултет во Скопје **(науч. сор. д-р Петар Дејанов, науч. сор. д-р Лилјана Хаџи Пецова)**.....163-175

ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Реферат за избор на асистент по група предмети по инвестиции и финансиски менаџмент (економија на инвестициите, инвестиционен менаџмент, финансиски менаџмент, проектен менаџмент и управување со ризикот) на Економскиот факултет во Скопје **(м-р Александар Наумоски)**.....176-182

МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Реферат за избор на еден насловен доцент по предметот интерна медицина на Медицинскиот факултет во Скопје **(м-р д-р Злате Стојаноски)**.....183-221

ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Рецензија за оценка на докторската дисертација **Влијанието на асиметричните закани врз трансформација на суштината и водењето на војната во XXI век,** изработена од **м-р Ненад Танески,** пријавена на Филозофскиот факултет во Скопје.....222-226

МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ

1. **Приговор** на Рефератот за избор на тројца наставници по предметот интерна медицина на Медицинскиот факултет во Скопје, поднесен од **д-р Ирина Пановска-Ставридис,** објавен во Билтен бр. 1046 од 15.1.2013 година.....227-228
2. **Одговор** на Рецензентската комисијата на приговорот на Рефератот за избор на тројца наставници по предметот интерна медицина на Медицинскиот факултет во Скопје, објавен во Билтен бр. 1046 од 15.1.2013 година.....229-230

ИНСТИТУТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА

1. Преглед на прифатени теми за изработка на докторска дисертација на Институтот за национална историја во Скопје **(м-р Снешка Лакалиска)**.....231
2. Рецензија на докторската дисертација со наслов **Историскиот развој на медицината во Вардарска Македонија (1913-1944)**, од **м-р Верица Јосимовска**, пријавена на Институтот за национална историја во Скопје.....232-235

ИНСТИТУТ ЗА ФОЛКЛОР "МАРКО ЦЕПЕНКОВ"

1. Реферат за избор во звањето научен соработник во Институтот за фолклор "Марко Цепенков" во Скопје **(д-р Јасминка Ристовска-Пиличкова)**.....236-243

ПЕДАГОШКИ ФАКУЛТЕТ "СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ"

1. Реферат за избор во сите наставно-научни звања од областа тесно-стручни наставни области по предметот музички инструменти за групите одделенска настава аи предучилишно воспитание на албански наставен јазик на Педагошкиот факултет "Св. Климент Охридски" во Скопје **(м-р Јета Старова Мехмети)**.....244-250

ИНСТИТУТ ЗА СТОЧАРСТВО

1. Реферат за избор на еден научен работник во сите звања на Институтот за сточарство во Скопје **(д-р Недељка Николова)**.....251-267

ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски труд на Економскиот факултет во Скопје **(Стојна Јованоска, Данница Стефаноска Андреевски, Нина Калешовска,Наташа Ацдова, Наталија Јорданоска, Марија Попова, Јовица Камберски, Горан Ристоски, Наташа Николова, Александар Илиевски, Павлина Николоска, Михајло Васков, Арјета Османи, Александра Петревска, Славица Мијалова Марковска, Бојан Лазаревски, Катерина Јовановска, Марица Антовска, Влатко Петковски, Ана Николоска, Данијела Стојанова, Лазар Елеповски, Катерина Дамјановска Најдовска)**.268

МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Рецензија на докторската дисертација **Диспластични промени на рефлуксен езофагит кај хијатална хернија во Barrett-овиот езофагус и карцином,** од **м-р д-р Заим Гаши,** пријавена на Медицинскиот факултет во Скопје.....269-274

ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Градежниот факултет во Скопје **(Златко Николовски)**.....275

ТЕХНОЛОШКО-МЕТАЛУРШКИ ФАКУЛТЕТ

1. Реферат за избор на наставник по групата предмети: основи на инженерска техника, инженерско цртање, инженерство на површини и катализа и катализатори на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје **(д-р Ирена Мицкова)**.....276-285

ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Рецензија на докторската дисертација **Проценка на самостојноста во изведувањето на секојдневните активности и потребата од окупациона терапија кај лицата со мултиплекс склероза,** од **м-р Оливера Рашиќ-Цаневска,** пријавена на Филозофскиот факултет во Скопје.....286-291

ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ "БЛАЖЕ КОНЕСКИ"

1. Реферат за избор на лектор по предметот современ руски јазик на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје **(Екатерина Терзијоска)**.....292-297
2. Реферат за избор во звањето вонреден професор по предметите фонетика на турскиот јазик, дијалектологија на турскиот јазик, историја на турскиот јазик, лексикологија и фразеологија на турскиот јазик и османско-турски јазик на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје **(д-р Назим Ибрахим)**.....298-312
3. Рецензија на докторската дисертација **Прагматичката улога на метадискурсните маркери при градежото и постигнувањето убедување во пишаниот и говорен текст во англискиот и во македонскиот јазик,** изработена од **м-р Зорица Трајкова,** пријавена на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје.....313-319

ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ "ЈУСТИНИЈАН ПРВИ"

1. **Приговор** на Рефератот за избор на наставник на научната област административно право и јавна администрација (јавна администрација) на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје, објавен во Билтен број 1046 од 15.1.2013 година, поднесен од **д-р Искра Аќимоска-Малетиќ**.....320-322
4. **Одговор** на Рецензентската комисија на приговорот на Рефератот за избор на наставник во сите наставно-научни звања на научната област административно право и јавна администрација на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје, објавен во Билтен број 1046 од 15.1.2013 година.....323-325

ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Рецензија на докторската дисертација **Екстерната ревизија и квалитетот на финансиските извештаи на друштвата со ограничена одговорност во Косово,** од **м-р Беким Бериша,** пријавена на Економскиот факултет во Скопје.....326-334

ИНСТИТУТ ЗА СТОЧАРСТВО

1. Реферат за избор на еден научен работник во сите звања на Институтот за сточарство во Скопје **(д-р Никола Пациновски)**.....335-356

МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Реферат за избор на еден наставник во сите звања по предметот трансфузиологија на Медицинскиот факултет во Скопје **(д-р Миленка Благоевска)**.....357-370
2. Реферат за избор на еден научен работник по предметот трансфузиологија на Медицинскиот факултет во Скопје **(ас. д-р Татјана Макаровска-Бојаџиева)**.....371-386
3. Реферат за избор на еден научен работник по предметот анестезиологија со реанимација на Медицинскиот факултет во Скопје **(п. сор. д-р Јасминка Нанчева, ас. д-р Атанас Сивевски)**.....387-408
4. Реферат за избор на наставник во сите звања по предметот психијатрија и медицинска психологија на Медицинскиот факултет во Скопје **(д-р Антони Новотни)**.....409-422
5. Реферат за избор на три наставника во сите звања по предметот анестезиологија со реанимација на Медицинскиот факултет во Скопје **(н. сов. д-р Мирјана Шошолчева, ас. д-р Билјана Кузмановска, ас. д-р Андријан Карталов, н. сор. д-р Јасминка Нанчева, н. сор. д-р Билјана Ширговска, ас. д-р Атанас Сивевски)**.....423-513

ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ "ЈУСТИНИЈАН ПРВИ"

1. Рецензија на ракописот **Право на интелектуална сопственост,** од авторите **проф. д-р Јадранка Дабовиќ Анастасовска и проф. д-р Валентин Пепељугоски**, пријавен на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје.....516-520

МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Рецензија на докторската дисертација **Епидемиолошка студија за растројствата во однесувањето и емоциите кај деца од предучилишна возраст,** од **м-р сци. д-р Доминика Рајчиновска,** пријавена на Медицинскиот факултет во Скопје.....521-527

РЕФЕРАТ

ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕТО ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ОД ОБЛАСТА НА АНГЛИСКАТА КНИЖЕВНОСТ И ОБЛАСТА ТОЛКУВАЊЕ НА ФИЛОЛОШКОТ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Филолошкот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, на својата триесет и трета редовна седница, одржана на 17.12.2012 година, нè избра за Рецензентска комисија во врска со пријавата на доц. д-р Соња Витанова-Стрезова за избор во наставно-научното звање вонреден професор на конкурсот објавен во весникот *Нова Македонија* на 7.12.2012 година за избор на еден наставник (во сите звања) од областа на англиската книжевност и областа толкување. По проучувањето на приложените материјали, на Наставно-научниот совет на Филолошкот факултет „Блаже Конески“ во Скопје со задоволство му го приложуваме следниов

ИЗВЕШТАЈ

Образование

Д-р Соња Витанова-Стрезова го завршила основното и средно образование во Скопје со континуиран одличен успех по сите предмети. По завршувањето на средното училиште престојувала неколку месеци во Велика Британија, кадешто посетува курс по англиски јазик и добила диплома за завршен прв степен при Кембриџ по англиски како странски јазик. Студирала на Универзитетот „Кирил и Методиј“ во Скопје, на групата англиски јазик и книжевност, при Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ и во ноември 1992 година дипломирала со висок просек, стекнувајќи го звањето професор по англиски јазик и книжевност. Откако добила стипендија од Универзитетот во Кембриџ, во учебната 1995/1996 година се запишала на постдипломски студии од областа на европската и британска книжевност на Кралскиот колеџ при Универзитетот во Кембриџ. Во јули 1996 година успешно ја одбранила својата магистерска теза насловена: „Juxtaposition of Opposites in T. S. Eliot's "The Waste Land" and Virginia Woolf's *Between the Acts* (Time and Identity)“, изработена под менторство на познатиот стручњак за современа англиска книжевност Мод Елман, и го стекнала степенот магистер по филолошки науки од областа на европската и британска книжевност. Во јуни 1997 година, Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, ѝ ја нострифицира магистратурата под наслов магистер на филолошки науки.

Во рамките на двете стипендии за мобилност на проектот „Темпус“ за стручно усовршување на иден наставен кадар по толкување, двапати престојувала во Институтот за преведување и толкување „Еразмусхогескул“ во Брисел (Белгија), во 1999 и во 2000 година, и ги посетувала и институтите за преведување и толкување во Антверп и Гент (Фландрија). Овие студиски престои, пред сè, ѝ овозможуваат да ја усвои методологијата за настава по толкување со фокус на конференциското толкување.

Во октомври и ноември 2004 година, Витанова-Стрезова престојувала на Катедрата

2

за англиски јазик и книжевност при Универзитетот во Берген. Во текот на овој студиски престој, таа собира литература за својата докторска дисертација на која работи и присуствува на семинарите по книжевност што Катедрата за англиски јазик и книжевност при Универзитетот редовно ги организира. На 26.11.2004 година, Витанова-Стрезова одржува книжевен семинар на кој презентира дел од својата докторска дисертација. Во дискусијата што следува по нејзиното излагање, разменува мислења и идеи за теми од нејзината докторска дисертација со професорите по англиска книжевност од Катедрата при Универзитетот во Берген кои присуствуваат на семинарот.

На 28 јануари, 2008 година ја одбранила својата докторска дисертација од областа на англиската и македонската книжевност, насловена „Дискурсот на Другиот: Иан Мекјуан, Драги Михајловски", и го стекнува академскиот степен доктор на филолошки науки. Докторската дисертација е врвот на научноистражувачкиот ангажман на Витанова-Стрезова во областа на книжевните студии. Повеќе од две третини од дисертацијата (околу двесте и седумдесет страници) претставуваат прецизна критичка анализа на избор од прозниот опус на Мекјуан и Михајловски. Покрај тоа, како постструктуралистичко теориско-критичко истражување на творештвата на обата автора, дисертацијата го презентира и придонесот на авторката кон современите теоретски проучувања на книжевноста.

Професионален ангажман

Професионалното искуство на д-р Витанова-Стрезова е, пред сè, резултат на нејзиниот наставно-научен ангажман во областа на англиската книжевност, како и нејзиниот ангажман во областа на толкувањето како наставник и практичар – толкувач. Покрај тоа, таа има држено и курсеви по англиски јазик и се занимава и со писмен книжевен и стручен превод од англиски на македонски јазик и обратно. Витанова-Стрезова уште во текот на нејзините студии е ангажирана како толкувач од англиски на македонски јазик и обратно на Универзијадата во Загреб, во летото 1987 година. Како апсолвент и подоцна по дипломирањето, таа хонорарно преведува од англиски на македонски јазик и обратно во МТВ и А1 телевизија, и предава англиски јазик во Пионерскиот дом „Карпош" и во приватното училиште "Challenge". На 1.2.1993 година стапува во редовен работен однос како популаризатор на книгата и наставник по англиски јазик во Библиотеката „Браќа Миладиновци" во Скопје. Од 1.10.1993 година се вработила како толкувач/преведувач во стручните служби и во Кабинетот на претседателот на Собранието на Република Македонија. Иако врши и писмен превод на меѓународната кореспонденција и правните документи, нејзините професионални должности во Собранието пред сè опфаќаат конференциско толкување (консекутивно и симултано). Во рамките на своите обврски како толкувач во Парламентот на Република Македонија, Витанова-Стрезова ги извршува своите ангажмани како во Собранието така и надвор од земјата. Таа ги придружува парламентарните делегации од Република Македонија во својство на официјален толкувач/преведувач во текот на нивните официјални посети на националните парламенти на Велика Британија, во Лондон, Данска, во Копенхаген, Белгија, во Брисел, Шведска, во Стокхолм, Норвешка, во Осло, Канада, во Отава и САД, во Вашингтон. Покрај тоа, Витанова-Стрезова е официјален толкувач/преведувач на македонските парламентарни делегации и во текот на нивните учества на конференциите на Интерпарламентарната унија во Копенхаген (Данска), септември 1994 година, Сеул (Јужна Кореја) април 1997 година, и Каиро (Египет), септември 1997 година. Исто така, таа го придружувала и претседателот на Собранието на РМ во својство на

3

толкувач/преведувач, во текот на неговата официјална посета на Отава и Торонто (Канада), и Вашингтон и Њујорк (САД), во 1998 година. Покрај тоа, Витанова-Стрезова повеќепати хонорарно врши симултан превод за македонските парламентарни делегации во текот на нивната посета на Европскиот парламент во Брисел (Белгија). Во академската 1995/1996 земала неплатен одмор од Собранието на РМ и престојувала една година на Кралскиот колеџ при Универзитетот во Кембриџ, кадешто магистрирала од областа на европската и англиската книжевност. По магистрирањето, Витанова-Стрезова се вратила во Македонија и продолжила да работи како толкувач во Собранието сè до 1.10.1998 година кога се вработила на Катедрата за англиски јазик и книжевност при Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје како асистент по англиска книжевност.

Во склоп на своите професионални задолженија и обврски како асистент на Катедрата за англиски јазик и книжевност, Витанова-Стрезова изведува вежби со студенти од различни години на студиите по повеќе предмети од областа на британската книжевност, англискиот јазик, британските културолошки студии и толкувањето од англиски на македонски јазик и обратно. Во рамките на својот главен ангажман по книжевност, таа држи вежби по предметите: модерна англиска поезија и проза и англиска книжевност II (курс кој ја опфаќа англиската поезија и проза на осумнаесеттиот и деветнаесеттиот век). Како дел од нејзиниот дополнителен ангажман, Витанова-Стрезова држи настава и по предметите англиски јазик 1 и англиски јазик 2, како продолжителни курсеви по англиски јазик за студентите од прва и втора година од другите групи на Филолошкиот факултет „Блаже Конески". Во рамките на британските културолошки студии, таа држи вежби по следниве курсеви: вовед во современата британска книжевност и култура, Британија и Македонија: компаративни културолошки студии и современа британска уметност: сликарство, музика, театар и филм. Витанова-Стрезова, исто така помага и при изведувањето испити и консултациите со студентите. Од 1.10.2000 до 1.04.2002 година ја извршувала и должноста секретар на Катедрата за англиски јазик и книжевност.

Во рамките на студиите за толкување при Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје, Витанова-Стрезова досега држела практична и лабораториска настава на Катедрата за преведување и толкување и Катедрата за англиски јазик и книжевност по следните предмети по толкување од англиски на македонски јазик и обратно: консекутивно толкување, техники на бележење, двонасочно толкување и подготовка за превод и толкување.

Во јуни 2004 година раководела со интензивниот курс по конференциско толкување, организиран за потребите на Полициската мисија на Европската унија (EUPOL) во просториите на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје, и самата ја изведува наставата по консекутивно толкување од англиски на македонски јазик и обратно.

Од 2006-2011 год., Витанова-Стрезова е избрана за ЕКТС - координатор, задолжен за трета година на Катедрата за англиски јазик и книжевност.

Во мај и јуни 2006 година, во седиштето на НАТО во Скопје, ја изведувала наставата и го координирала напредниот курс за обука по толкување наменет за преведувачите и толкувачите, но и другите вработени во стручните служби на НАТО, кои го користат конференциското толкување.

4

Во рамките на реализацијата на заедничкиот проект на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ и Генералниот директорат за толкување на Европската комисија, во академската 2007/2008 година, Витанова-Стрезова држи настава по консекутивно толкување во склоп на Специјалистичките постдипломски (мастер) студии по конференциско толкување на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје. Таа исто така е и член во комисиите за евалуација на постдипломците составени од македонски наставници и педагошки асистенти од Европската комисија.

На 23.6.2008 година Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје едногласно ја избира д-р Витанов-Стрезова во звањето доцент по англиска книжевност.

Во академската 2011 година, таа е избрана за член на Редакцискиот одбор на Годишниот зборник на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ со мандат од две години. Во рамките на својот професионален ангажман како член на Редакцискиот одбор на Годишниот зборник на Факултетот, пишува рецензии и врши стручна ревизија и евалуација на објавените трудови од областа на англиската книжевност на помладиот наставен кадар.

Д-р Витанова-Стрезова тековно држи настава по следните додипломски предмети на Катедрата за англиски јазик и книжевност: англиска книжевност 3 (Англискиот роман на осумнаесеттиот и деветнаесеттиот век), англиска книжевност 6 (Модерен британски роман) и консекутивно толкување 3. Покрај тоа, таа е и носител на предметите консекутивно толкување 4 и симултано толкување 3 и 4. Витанова-Стрезова, исто така, изведува настава и по предметот модерна/постмодерна британска проза во рамките на постдипломските студии по книжевност (втор циклус на студии) на Катедрата за англиски јазик и книжевност.

Значајни учества во национални и меѓународни проекти

Во рамките на проектот „Темпус“ во 1999 и во 2000 година, Витанова-Стрезова остварува два студиски престоја во Институтот за преведување и толкување „Еразмусхогескул“ во Брисел (Белгија), кадешто двапати ја користи стипендијата за мобилност и ги посетува и институтите за преведување и толкување во Антверп и Гент, (Фландрија). Стипендиите за мобилност во рамките на проектот „Темпус“ ѝ овозможуваат да ја усвои методологијата за наставата по толкување. Овие студиски престои, како и нејзиниот долгогодишен професионален ангажман во Собранието како толкувач, резултираат во следните конкретни задачи што Витанова-Стрезова индивидуално или во соработка со другите учесници во проектот ги извршува: изработка на наставни планови за студиите по преведување и толкување на Филолошкиот факултет „Блаже Конеск“и во Скопје; изготвување наставни програми и библиографии за предметите: консекутивно толкување, симултано толкување, двонасочно толкување, техники за бележење и подготовка за превод и толкување (како предмети кои го опфаќаат толкувањето од англиски на македонски јазик и обратно).

Како дел од меѓународниот проект “A Foreign Language that Unites”, организиран од Кралството Норвешка за помладиот наставен кадар на факултетите од земјите на Југоисточна Европа, во 2003 и 2004 година Витанова-Стрезова учествувала со реферати на два книжевни семинара, и во ноември 2004 година престојувала еден месец на Катедрата за англиски јазик и книжевност при Универзитот во Берген.

5

Во февруари и септември 2004 година, Витанова-Стрезова е раководител на проектот насловен "Eyes Wide Open" за Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, кој е организиран од Британскиот совет, Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје и Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово. Во рамките на проектот, современи британски автори ја посетила РМ (писателите Б. Бандели и Б. Броди во февруари 2012 година, и поетесата М. Елфин и писателот Д. Адебајо во септември 2012 година) и на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје презентираа делови од своето творештво, по што следуваше дискусија со студентите и останатите присутни. Британските автори заедно со студентите од Филолошкиот факултет во Скопје гостуваа и на Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово, кадешто читаа делови од своето творештво за кое дискутираа со публиката. Задачата на Витанова-Стрезова, како раководител на проектот, е да ги најавува читањата и да ги води дискусиите. Како дел од истиот проект, Британскиот совет ѝ овозможува на Витанова-Стрезова да присуствува и на "19th Oxford Conference on the Teaching of Literature", конференција одржана во Корпус Кристи-колеџот, во април 2004 година. Во текот на конференцијата таа стекнува нови знаења за методологијата во наставата по книжевност, остварила средби со современи британски писатели и истакнати научни работници од областа на англиската книжевност, собрала литература и разменила мислења за нејзината тогаш тековна работа на докторската дисертација.

Учества во работилници, национални и меѓународни проекти по изборот во звањето доцент

Во декември 2010 година, д-р Витанова-Стрезова е раководител на книжевната работилница насловена „Дали викторијаните стереотипи за жената се сè уште дел од светогледот на жената од современото општество?", која е одржана во рамките на нејзините часови по англиска книжевност на Катедрата за англиски јазик и книжевност. Во книжевната работилница учествувала студентите од втора година при Катедрата и поетесата Елена Прнцова. Во текот на работилницата, под нејзино раководство, студентите ги поврзувале двата жанра – поезијата и прозата - преку дискусија за женските стереотипи во контекст на викторијанскиот роман и поезијата на Прнцова.

Во декември 2010, д-р Витанова-Стрезова раководела и со работилницата од областа на толкувањето, насловена „Парламентарната стручна терминологија на англиски и македонски јазик со фокус на називите на работните тела во Собранието на Република Македонија", одржана во рамките на нејзините часови по консекутивно толкување со студентите од насоката за преведување и толкување и м-р Марија Стефанова, советник за меѓународни односи и поранешен преведувач/толкувач во Собранието. Во текот на работилницата студентите вежбале консекутиво толкување со примена на стручна парламентарна терминологија. Потоа, м-р Стефанова и д-р Витанова-Стрезова со нив го споделувала своето искуство како толкувачи во Парламентот на Република Македонија.

Во рамките на меѓународниот проект "World Book Club Literary Project" на Британскиот јавен радиодифузен сервис, BBC (Би-би-си), д-р Витанова-Стрезова е избрана да учествува во радиоемисии на BBC во кои еминентни британски и светски стручњаци, професори, критичари и познавачи на британското прозно творештвото одговараат на прашања од избрани слушатели за еден роман од реномиран британски писател. На 1.2.2012 во 15,00 часот (по наше време), д-р Витанова-Стрезова учествувала во радиоемисијата за романот *Големите очекувања* од Чарлс Дикенс, и на 3.12.2012

6

учествува со прашање во радиоемисијата за романот *Гордост и предрасуда* од Џејн Остин.

Како дел од меѓународниот проект "Dickens 2012", д-р Витанова-Стрезова е раководител на националниот проект "Dickens Bicentenary Event", кој таа го реализира заедно со студентите од втора година на Катедрата за англиски јазик и книжевност при Филолошкиот факултет „Блаже Конески", во соработка со Британскиот совет во Скопје. Во рамките на глобалната прослава на Британскиот совет, на 7.2.2012 година таа го организира настанот за обележување на денот на двестегодишнината од раѓањето на Ч. Дикенс, кој се одржа во Конференциската сала на Британскиот совет. По прикажувањето на култниот филм „Големите очекувања", во режија на Д. Лин, кој е снимен според истоимениот роман од Дикенс, д-р Витанова-Стрезова отворила дискусија со студентите кои го споредувала филмот со романот од Дикенс. Во вториот дел од програмата таа организирала миниконференција која ја реализираат студентите од втора година преку презентации со аудиовизуелна поддршка на теми од романот *Големите очекувања.* На крајот од конференцијата, д-р Витанова-Стрезова отворила дискусија за романот од Дикенс во која биле вклучени студентите-презентери и публиката.

Како учесник во проектот „Ѕвездите на светската книжевност", во организација на Министерството за култура на РМ, таа е автор на поговорот кон преводот на македонски јазик на романот *Lord Jim* од Џ. Конрад и тековно го пишува и поговорот кон преводот на македонски јазик на романот *Middlemarch* од Џ. Елиот. Поговорите ќе бидат објавени заедно со преводите на романите во издание на *Магор* во 2013 година.

Значајни учества со реферати на меѓународни конференции и семинари

Од 29.9 до 4.10.2003 година, Витанова-Стрезова учествувала со реферат насловен „The Discourse of the Other: Ian McEwan, Dragi Mihajlovski" на книжевниот семинар „Post-Graduate Work-in-Progress Seminar" во Дубровник, организиран за младите научни работници од факултетите во Југоисточна Европа кои ја пишуваат својата магистерска теза или докторска дисертација. Во рефератот таа го презентирала генералниот нацрт на нејзината докторска дисертација.

На 26.11.2004 година, во рамките на својот студиски престој во Берген, Витанова-Стрезова учествувала со рефератот насловен "The Discourse of the Other in Ian McEwan's Fiction" на книжевниот семинар „Post-Graduate Work-in-Progress Seminar", одржан на Катедрата за англиски јазик и книжевност при Универзитетот во Берген. Во излагањето таа презентирала дел од нејзиниот докторат на кој во тој момент работела.

Во учебната 2007/2008 година таа презентирала говори и активно учествувала на семинарите за обука на наставниот кадар по конференциско толкување на Филолошкиот факултет „Блаже Конески", во реализација на педагошките асистенти од Генералниот директорат за толкување на Европската комисија.

Учества со реферати на меѓународни конференции и семинари по изборот во звањето доцент

За периодот од 5-6.9.2008 година, д-р Витанова-Стрезова учествувала на меѓународната конференција "English Studies in the European / Global Context: Current Issues, Future Trends", организирана од Катедрата за англиски јазик и книжевност, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје, по повод педесетгодишнината од нејзиното

7

постоење. На конференцијата го презентирала рефератот "Analysis of Ian McEwan's Art of Inhabiting Other Minds in His Fiction with a Special Focus on the Novel *Atonement*". Преработената верзија на рефератот е објавена во Зборникот на трудови од конференцијата под наслов "The Art of Inhabiting Other Minds", во издание на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје, 2011 година.

Од 26 до 28 април 2012 година учествувала со рефератот насловен "Subversion of the Victorian Values: The Female Characters in Dickens's Novel *Great Expectations*" на интердисциплинарната меѓународна конференција "Language , Literature, Values" во Ниш, организирана од Филозофскиот факултет при Универзитетот во Ниш, Република Србија. Преработената верзија на рефератот е во печат и ќе биде објавена во Зборникот на трудови од конференцијата во издание на Филозофскиот факултет во Ниш.

Од 4 до 8 септември 2012 година учествувала со реферати на два семинара во рамките на меѓународната конференција "11th Conference of the European Society for the Study of English, одржана во Богазичи-универзитетот во Истанбул (Турција). Во склоп на Семинарот 71, насловен *Charles Dickens: The Other Voice of Victorian England*, таа го презентирала рефератот: "Subversion of the Victorian Female Stereotypes: Dickens's Unique Female Characters in *Great Expectations*". На Семинарот 23, *Narrating Being VS. Narrative Being*, д-р Витанова-Стрезова го презентирала својот втор реферат на Конференцијата во Истанбул, насловен "Briony's Polylogue". Преработената верзија на рефератот од Семинарот 23 ќе биде објавена во монографската збирка на трудови од областа на англо-американската книжевност во издание на *Cambridge Scholars Publishing*.

Научноистражувачка дејност: список на објавени научни и стручни трудови по изборот во звањето доцент и трудови во печат

Во рамките на научноистражувачката дејност, д-р Витанова-Стрезова има објавено и објавува повеќе стручни и научни трудови од областа на англиската книжевност:

- „Семанализа на значимоста", во: *Синтези,* Македонски книжевен гласник, Скопје: *Здружение за уметност и култура на живеење „Дијалог"*, 2008, стр. 75-78.

- „Иан Мекјуан: да се биде некој друг", во: *Синтези,* Македонски книжевен гласник, *Здружение за уметност и култура на живеење „Дијалог"*, 2008-10, стр. 70-73.

- „Интертекстуална преобразба", во: *Синтези,* Македонски книжевен гласник, Скопје: *Здружение за уметност и култура на живеење „Дијалог"*, 2008-10, стр. 21-23.

- „Метафицијата и прашањето за референтноста во романот *Искупување* од Иан Мекјуан", во: Годишен зборник на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје, Скопје: *Филолошки факултет „Блаже Конески"*, книга 34, 2008, стр. 113-119.

- „Заклучок" (од докторската дисетација „Дискурсот на Другиот: Иан Мекјуан, Драги Михајловски", одбранета на 28 јануари, 2008 година), во: Годишен зборник на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје, Скопје: *Филолошки факултет „Блаже Конески"*, книга 34, 2008, стр. 357-367.

- „Метафората на месечарството во расказот ‚Месечари' од Драги Михајловски" во Годишен зборник на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје, Скопје: *Филолошкиот факултет „Блаже Конески"*, книга 35 (2009), 239-243.

- „Деконструкција на идентитет: Другиот во расказите ‚Антологичар' и ‚Куќа во

8

Солун' од Драги Михајловски", во: Годишен зборник на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" – Скопје. *Скопје: Филолошки факултет „Блаже Конески"*, книга 35 (2009), 231-239.

- „Креативната искра на метафората", во: Зборник во чест на проф. д-р Лилјана Минова-Ѓуркова по повод 70 години од раѓањето, Скопје: *Филолошки факултет „,Блаже Конески"*, 2009, стр. 107-115.

- „Полилошкиот дискурс во расказот ‚Размислувањата на еден чуван мајмун' од Иан Мекјуан", во: Годишен зборник на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје. *Скопје: Филолошки факултет „Блаже Конески"*, книга 36 (2010), стр. 355-361.

- „Колонијалниот дискурс во романот *Робинзон Крусо* од Даниел Дефо: идентитетот како идеолшки конструкт", во: Годишен зборник на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје, Скопје: *Филолошкиот факултет „Блаже Конески"*, книга 37 (2011), стр. 421-428.

- "The Art of Inhabiting Other Minds", во: Зборник од меѓународната конференција "English Studies in the European / Global Context: Current Issues, Future Trends", одржана по повод 50-годишнината на Катедрата за англиски јазик и книжевност, Филолошки факултет „Блаже Конески", Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје, Република Македонија, Скопје: *Филолошки факултет „Блаже Конески"*, 2011, стр. 203-212.

- „Уникатниот јазичен израз и наративните техники во романот *Лордот Џим* од Џозеф Конрад", во: Годишен зборник на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" – Скопје. *Скопје: Филолошки факултет „Блаже Конески"*, книга 38 (2012), стр. 60-71.

- *Дискурсот на Другиот: Иан Мекјуан, Драги Михајловски* (докторска дисертација одбранета на 28 јануари, 2008 година), Скопје: *Филолошкиот факултет „Блаже Конески"*, 2013.

- Поговор кон преводот на македонски јазик на романот *Lord Jim* од Џ. Конрад, Скопје: *Магор* (во печат).

- Поговор кон преводот на македонски јазик на романот *Middlemarch* од Џ. Елиот, Скопје: *Магор* (во печат).

- „Полилошкиот дискурс на неантропоморфните раскажувачи во расказите од Драги Михајловски ", во: зборникот *Славистички студии*, Скопје: *Филолошкиот факултет „,Блаже Конески"*, бр. 15 (во печат).

- "Subversion of the Victorian Values: The Female Characters in Dickens's Novel *Great Expectations*" in Proceedings of the international conference "Language, Literature, Values", Nish: *Faculty of Philology in Nish* (во печат).

- "Conrad's Unique Language in His Novel *Lord Jim*" in *ESSE: English Studies in Albania*, 3 (1), 2012 (во печат).

- "Briony's Polylogue" in *Monographic Collection of Articles on Anglo-American Literature* (во печат).

- "Not the Fundamental Why, but the Superficial How" in Proceedings of the

9

international conference "English Language and Literature Studies: Embracing Edges", Belgrade: *Faculty of Philology of the University of Belgrade* (во печат).

- *Искупување*, (прев.) на романот *Atonement* од Иан Мекјуан, Скопје: *Винсент Графика* (во печат).

Списокот на научни и стручни трудови, со исклучок на еден превод, главно опфаќа книжевни теоретско-критички анализи на романи и раскази од англиската и македонската книжевност. Така, трудот „Семанализа на значимоста" е минуциозна постструктуралистичка анализа на расказот „Скок со стап" од Драги Михајловски врз основа на семанализата на Кристева. Во „Иан Мекјуан: да се биде некој друг", авторката дава преглед на главните карактеристики на прозниот опус на современиот британски автор Мекјуан, односно на неговите збирки раскази и романи објавени до 2001 година. „Интертекстуална преобразба" е анализа на расказот „Милтон" од Драги Михајловски врз основа на теоретските согледби за интертекстуалноста на Кристева. Трудот „Метафицијата и пращањето за референтноста во романот *Искупување*" од Иан Мекјуан" го проучува романот на Мекјуан врз основа на матафикцијата на Патриша Во и семиотиката. „Заклучок" се заклучните согледби од докторската дисертација на авторката, објавени како посебен труд. „Метафората на месечарството во расказот ‚Месечари' од Драги Михајловски" е семиотичко книжевно проучување на расказот од Михајловски врз основа на постструктуралистичкото видување на Лакан за метафората. Во „Деконструкција на идентитет: Другиот во расказите ‚Антологичар' и ‚Куќа во Солун' од Драги Михајловски", д-р Витанова-Стрезова е преокупирана со отсуството на стабилна антропонимија што упатува на дестабилизираниот идентитет на ликовите. „Креативната искра на метафората" е теоретско-критичка анализа на расказите „Граница" и „Скова" од Драги Михајловски врз основа на првенството на означителот во постструктуралистичката семиотика на Лакан. Трудот „Полилошкиот дискурс во расказот ‚Размислувањата на еден чуван мајмун' од Иан Мекјуан" се занимава со повеќезначниот говорен субјект во расказот од Мекјуан, кој е предмет на деконструкција. „Колонијалниот дискурс во романот *Робинзон Крусо* од Даниел Дефо: идентитетот како идеолшки конструкт" е интересна анализа на романот на Дефо, врз основа на постколонијалната теорија и критика и повеќе современи и други критички согледби за романот. Трудот "The Art of Inhabiting Other Minds" се занимава со умешноста на авторот Мекјуан секогаш да биде различен и оригинален во својата проза во која тој со психолошка прецизност прикажува широка плејада на ликови. Во трудот „Уникатниот јазичен израз и наративните техники во романот *Лордот Џим* од Џозеф Конрад", авторката се занимава со јазикот и наративните техники на Конрад, кои се генератори на многузначноста на делото. Книжевната студија *Дискурсот на Другиот: Иан Мекјуан, Драги Михајловски*, во издание на Филолошкиот факултет „Блаже Конески", е всушност докторската дисертација на Витанова-Стрезова, објавена во форма на книга. Поговорите, што ќе бидат објавени во издание на *Магор*, се книжевни теоретско-критички анализи на романите *Lord Jim* од Џ. Конрад и *Middlemarch* од Џ. Елиот, преведени на македонски јазик. Предмет на трудот „Полилошкиот дискурс на неантропоморфните раскажувачи во расказите од Драги Михајловски" е дискурсот на деконструираниот повеќезначен говорен субјект во расказите на Михајловски што д-р Витанова-Стрезова го проучува врз основа на концептот „полилошки дискурс" на Кристева. Трудот "Subversion of the Victorian Values: The Female Characters in Dickens's Novel *Great Expectations*", се занимава со женските ликови во романот од Дикенс кои ги подриваат викторијанските стереотипи за жената. Предмет на трудот "Conrad's Unique Language in His Novel *Lord Jim*" е уникатниот јазичен израз на Конрад кој е генератор на многузначноста во неговиот роман *Лордот Џим*. Во

трудот "Briony's Polylogue", авторката повторно се навраќа на теоријата на Кристева за да го анализира дискурсот на повеќезначниот говорен субјект во романот *Atonement* на Мекјуан. "Not the Fundamental Why, but the Superficial How" е книжевна анализа во која авторката, наместо со содржината, е приоритетно преокупирана со формата - јазикот и наративните техники - во романот *Лордот Џим* од Џ. Конрад.

Овој долг список на трудови, кои се објавени по изборот на д-р Витанова-Стрезова во звањето доцент, или кои се во печат, го потенцира афинитетот на авторката за теоретско-критичко проучување на книжевниот текст.

Значајни меѓународни функции за промовирање на научноистражувачката дејност во полето на англистиката

Од март 2010 година д-р Витанова-Стрезова е избрана за потпретседател на ЗАМ (Здружение на англистите на Македонија) - македонската асоцијација во ESSE (European Society for the Study of English).

Од март 2011 година станува дописен член на "The English Association", кое е престижно здружение кадешто членуваат истакнати научни работници од областа на англистиката.

Од август 2012 година, д-р Витанова-Стрезова е избрана за претседател на ЗАМ во рамките на ESSE.

Функциите потпретседател и тековен претседател на ЗАМ, како и функцијата дописен член на Здружението на англисти, ѝ овозможуваат да оствари голем број меѓународни контакти со колеги и научни работници во полето на англистиката, да ја информира својата Катедра за конференциите и собирите на англистите, да ја промовира англистиката во РМ и пошироко, и друго.

ЗАКЛУЧОК

Врз основа на изнесените согледби, можеме да заклучиме дека опсежниот ангажман на д-р Соња Витанова-Стрезова во полето на англистиката пред сè ја опфаќа областа на англиската книжевност и областа на толкувањето.

Во рамките на нејзиниот ангажман во областа на англиската книжевност, д-р Витанова-Стрезова предава два задолжителни предмета по англиска книжевност на додипломските студии, и еден изборен предмет на постдипломските студии по британска книжевност на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје. Покрај наставната дејност, активно учествува и со реферати на повеќе меѓународни конференции, собири и семинари во странство и реализира активности како учесник во разни меѓународни и национални проекти. Освен тоа, таа ја промовира научноистражувачката и друга дејност во областа на англиската книжевност и преку својот меѓународен ангажман во полето на англистиката како дописен член на престижното меѓународно здружение на англисти и претседател на Македонската асоцијација во рамките на европското здружение на англисти ESSE. Ваквиот сеопфатен ангажман на национално и меѓународно ниво укажува на континуираниот придонес на д-р Витанова-Стрезова во областа на англиската книжевност. Нејзината докторска дисертација и научноистражувачка дејност сведочат, не само за интересот и преокупираноста на д-р Витанова-Стрезова со англистичките

11

книжевни студии, туку и за нејзиниот постојан ангажман и придонес и кон полето на македонистиката и компаративистиката, бидејќи таа, напоредно со англиската, ја анализира и ја проучува и македонската книжевност. Објавените стручни и научни трудови на д-р Витанова-Стрезова, покрај тоа што укажуваат на нејзиниот суптилен аналитички пристап кон книжевните појави и вредности, исто така ги потврдуваат и афинитетите на авторката за современите теориско-критички проучувања на книжевните текстови, како и нејзиниот придонес кон ваквите книжевни истражувања. Таа, исто така, придонесува кон научноистражувачката дејност во оваа област и како ментор тековно на две магистерски тези и една докторска дисертација на постдипломци чиј главен предмет на истражување е англиската книжевност.

Напоредно со својот ангажман во полето на англиската книжевност, д-р Витанова-Стрезова има повеќегодишно професионално искуство и ангажман и во областа на толкувањето, и тоа не само како практичар на оваа дејност, туку исто така и како наставник по толкување. Нејзиниот придонес кон основањето на толкувачките студии на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, како и наставниот ангажман во ова поле, е логичен резултат од долгогодишното искуство на д-р Витанова-Стрезова како толкувач вработен во Собранието на Република Македонија, а денес и како хонорарен толкувач. Покрај конференциското толкување, таа досега има држено и повеќе други специјални курсеви по толкување на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, како и два интензивни курса по толкување што ги има изведувано за две меѓународни организации. Постојаниот процес на надградба во областа на толкувањето, што д-р Соња Витанова-Стрезова го започнува со усвојувањето на современата методологија во наставата по толкување во текот на нејзините студиските престои, и понатаму продолжува како преку нејзината наставна и толкувачката практика, така и преку постојаното следење на литературата во оваа област и менторствата на магистерски тези на постдипломци по конференциско толкување на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје.

Земајќи ги предвид изнесените согледувања, можеме да констатираме дека во личноста на д-р Соња Витанова-Стрезова имаме сериозен научен работник што со својот научен ангажман во земјата и во странство континуирано дава придонес во полето на англистиката. Врз основа на изложените заклучоци, ни претставува особено задоволство да му препорачаме на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје да го прифати нашиот извештај и да ја избере д-р Соња Витанова-Стрезова во звањето вонреден професор од областа англиска книжевност и областа толкување при Катедрата за англиски јазик и книжевност.

Рецензентска комисија

1. Д-р Александрина Илиева, редовен професор, с.р.
2. Д-р Љубица Јанашлиева, редовен професор, с.р.
3. Д-р Драги Михајловски, редовен професор, с.р.

Образец
кон извештајот за избор во звање вонреден професор

Кандидат: **доц. д-р Соња Витанова-Стрезова**
Институција: Филолошки факултет „Блаже Конески“ - Скопје
Научна област: англиска книжевност и научна област толкување

1. Наставно-образовна дејност

	Одржување настава (прв циклус)	Поени
	Консекутивно толкување 1 (0+4), зимски семестар 2008/2009	4×15×0,04 = 2,4
	Консекутивно толкување 3 (0+8) (2 групи), зимски семестар 2008/2009	8×15×0,04 = 4.8
	Англиска книжевност 6 (2+6) (3 групи), летен семестар 2008/2009	8×15×0,04 = 4,8
	Консекутивно толкување 4 (0+4), летен семестар 2008/2009	4×15×0,04 = 2,4
	Англиска книжевност 3 (2+4) (2 групи), зимски семестар 2009/2010	6×15×0,04 = 3,6
	Консекутивно толкување 3 (0+4), зимски семестар 2009/2010	4×15×0,04 = 2,4
	Англиска книжевност 6 (2+6) (3 групи), летен семестар 2009/2010	8×15×0,04=4,8
	Консекутивно толкување 4 (0+4), летен семестар 2009/2010	4×15×0,04=2,4
	Англиска книжевност 3 (4+2) (2 гр. пред), зимски семестар 2010/2011	6×7×0,04=3,6
	Консекутивно толкување 3 (0+4), зимски семестар 2010/2011	4×15×0,04=2,4
	Англиска книжевност 6 (2+6) (3 гр. вежби), летен семестар 20010/2011	8×15×0,04=4,8
	Консекутивно толкување 4 (0+4), зимски семестар 2010/2011	4×15×0,04=2,4
	Англиска книжевност 3 (4+2) (2 гр. пред), зимски семестар 2011/2012	6×7×0,04=3,6
	Консекутивно толкување 3 (0+4), зимски семестар 2011/2012	4×15×0,04=2,4
	Англиска книжевност 6 (4+8) (2 гр. пред. и 4 гр. вежби)	12×15×0,04=7,2

	летен семестар 20011/2012	
	Англиска книжевност 3 (4+2) (2 гр. пред), зимски семестар 2012/2013	6×15×0,04 = 3,6
	Консекутивно толкување 3 (0+4), зимски семестар 2012/2013	4×15×0,04=2,4
	Одржување настава (втор циклус)	Поени
	Модерна/постмодерна британска проза 20 часа, зимски семестар 2010/2011	4×5×0,05=1
	Модерна/постмодерна британска проза 20 часа, зимски семестар 2011/2012	4×5×0,05=1
	Настава во школи и работилници	Поени
	Раководител на работилницата насловена „Дали викторијанските стереотипи за жената се сè уште дел од светогледот на жената од современото општество?“, одржана на 17.12.2010 со студентите од втора година и поетесата Елена Пренцова во рамките на наставата по англиска книжевност. Во текот на книжевната работилница студентите ги поврзуваат двата жанра (поезијата и прозата) преку дискусија за женските стереотипи во контекст на викторијанскиот роман и поезијата на Пренцова.	1.5
	Раководител на работилницата „Парламентарната стручна терминологија на англиски и македонски јазик со фокус на називите на работните тела во Собранието на Република Македонија“, одржана на 23.12.2010, во рамките на наставата по консекутивно толкување со студентите од насоката преведување и толкување при Катедрата за англиски јазик и книжевност и м-р Марија Стефанова, советник за меѓународна соработка и поранешен толкувач во Собранието на Република Македонија	1.5
	Изработка на семинарски труд	Поени
	Семинарски трудови 2008/2009, Зимски и летен семестар	20×0.003=0.6
	Семинарски трудови 2009/2010	20×0.003=0,6
	Семинарски трудови 2010/2011	20×0.003=0,6
	Серминарски трудови 2011/2012 зимски семестар	10×0.003=0,3
	Подготовка на нов предмет:	
	Модерна и постмодерна британска проза втор циклус на студии	1
	Конференциско толкување 3 (модуларни студии, прв циклус)	1
	Конференциско толкување 4 (модуларни студии, прв циклус)	1
	Консултации со студенти	Поени
	зимски семестар 2008/2009	100×0.002=0,2

	летен семестар 2008/2009	100×0.002=0,2
	зимски семестар 2009/2010	100×0.002=0,2
	летен семестар 2009/2010	100×0.002=0,2
	зимски семестар 2010/2011	100×0.002=0,2
	летен семестар 2010/2011	100×0.002=0,2
	зимски семестар 2011/2012	100×0.002=0,2
	летен семестар 2011/2012	100×0.002=0,2
	зимски семестар 2012/2013	100×0.002=0,2
	Ментор на индивидуален истражувачки проект	20×0,2=4
	Ментор на дипломска работа	6×0,2=1,2
	Пакет материјали за консекутивно толкување 1	1
	Пакет материјали за консекутивно толкување 3	1
	Пакет материјали за консекутивно толкување 4	1
	Вкупно бодови од наставно-образовна дејност	**80.1**

2. Научноистражувачка дејност

	Назив на активност	Поени
	Ментор на одобрената докторска дисертација на м-р Јасмина Ивановска: „Книжевно филозофскиот дискурс во творештвото на Ајрис Мардок и Кица Барџиоска-Колбе“, 2010.	3
	Ментор на одобрените магистерски тези на Стефанија Маџоска: „Конференцискиот толкувач наспрема двојазичниот практичар во јавните институции на Република Македонија“, 2011 и Трајанка Кортова: „Постколонијалниот дискурс и прашањето за идентитетот: Салман Ружди, Мајкл Ондатје, Џин Рис, Габриел Г. Маркес и Алехо Карпентиер, 2012.	2
	Раководител на национален научен проект: “Dickens Bicentenary Event” - дел од меѓународниот проект “Dickens 2012” – организиран од доц. д-р Витанова-Стрезова во соработка со Британскиот совет. Во рамките на проектот, по повод двестегодишнината од раѓањето на Чарлс Дикенс, д-р Витанова-Стрезова организира миниконференција со студентите од втора година од Катедрата за англиски јазик и книжевност, кои одржале презентации на теми од романот *Големите очекувања* на Дикенс во Конференциската на сала на Британскиот совет на 7.2.2012.	6
	Учесник во националиот научен проект: „Ѕвездите на светската книжевност“, во организација на Министерството за култура на Република Македонија, 2012/2013.	3

	Како дел од проектот д-р Витанова-Стрезова е автор на поговорот кон преводот на македонски јазик на романот *Lord Jim* од Џозеф Конрад, кој е во печат, и го пишува поговорот кон преводот на македонски јазик на романот *Middlemarch* од Џорџ Елиот; поговорите ќе бидат објавени во издание на *Магор.*	
	Учесник во меѓународен проект: "WorldBook Literary Project" – проект во организација на Британскиот јавен радиодифузен сервис ВВС (Би-би-си). Во рамките на проектот, Витанова-Стрезова е избрана да учествува во радиоемисии на ВВС во кои еминентни британски и светски стручњаци, професори, критичари и познавачи на британското прозно творештвото одговараат на прашања од избрани слушатели за еден роман од реномиран британски писател. На 7.2.2012 Витанова-Стрезова учествува во радиоемисијата за романот *Големите очекувања* од Чарлс Дикенс и на 3.12.2012 учествува со прашање во радиоемисијата за романот *Гордост и предрасуда* од Џејн Остин која ќе биде емитувана во јануари 2013 година.	5
	Дел од монографија:	
	"Briony's Polylogue", *Monographic Collection of Articles on Anglo-American Literature* (во печат)	4
	Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно стручно списание	
	„Семанализа на значимоста", во: *Синтези,* Македонски книжевен гласник, Скопје: *Здружение за уметност и култура на живеење „Дијалог"*, 2008, стр. 75-78.	4
	„Интертекстуална преобразба", во: *Синтези,* Македонски книжевен гласник, Скопје: *Здружение за уметност и култура на живеење „Дијалог", 2008-10*, стр. 21-23.	4
	„Иан Мекјуан: да се биде некој друг", во: *Синтези,* Македонски книжевен гласник, *Здружение за уметност и култура на живеење „Дијалог"*, 2008-10, стр. 70-73.	4
	Conrad's Unique Language in His Novel *Lord Jim* in *ESSE: English Studies in Albania*, 3 (1), 2012 (во печат).	4
	Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир	
	"The Art of Inhabiting Other Minds" Proceedings of the international conference "English Studies in the European / Global Context: Current Issues, Future Trends" held on the occasion of the 50th anniversary of the Department of English Language and Literature, Skopje: *"Blaze Koneski" Faculty of Philology - Skopje*, 2011, pp. 203-212.	2
	"Subversion of the Victorian Values: The Female Characters in Dickens's Novel *Great Expectations*" Proceedings of the international conference "Language, Literature, Values", Nish:	2

	Faculty of Philology in Nish (во печат).	
	Трудови објавени во зборник на трудови во в.о. институција	
	„Метафицијата и прашањето за референтноста во романот *Искупување* од Иан Мекјуан", во: Годишен зборник на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје, Скопје: *Филолошки факултет „„Блаже Конески"*, книга 34, 2008, стр. 113-119.	2
	„Заклучок" (од докторската дисетација „Дискурсот на Другиот: Иан Мекјуан, Драги Михајловски", одбранета на 28 јануари 2008 година), во: Годишен зборник на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје, Скопје: *Филолошки факултет „„Блаже Конески"*, книга 34, 2008, стр. 357-367.	2
	„Деконструкција на идентитет: Другиот во расказите ‚Антологичар' и ‚Куќа во Солун' од Драги Михајловски" во Годишен зборник на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје, *Скопје: Филолошки факултет „Блаже Конески"*, книга 35, 2009, 231-239.	2
	„Метафората на месечарството во расказот ‚Месечари' од Драги Михајловски", во: Годишен зборник на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје, *Скопје: Филолошки факултет „Блаже Конески"*, книга 35, 2009, 239-243.	2
	„Креативната искра на метафората", во: Зборник во чест на проф. д-р Лилјана Минова-Ѓуркова по повод 70 години од раѓањето, Скопје: *Филолошки факултет „„Блаже Конески"*, 2009, стр. 107-115.	2
	„Полилошкиот дискурс во расказот, Размислувањата на еден чуван мајмун' од Иан Мекјуан", во: Годишен зборник на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје, Скопје: *Филолошки факултет „Блаже Конески"*, книга 36, 2010, стр. 355-361.	2
	„Колонијалниот дискурс во романот *Робинзон Крусо* од Даниел Дефо: идентитетот како идеолшки конструкт", во: Годишен зборник на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје, Скопје: *Филолошки факултет „„Блаже Конески"*, книга 37, 2011, стр. 421-428.	2
	„Уникатниот јазичен израз и наративните техники во романот *Лордот Џим* од Џозеф Конрад", во: Годишен зборник на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје, Скопје: *Филолошки факултет „„Блаже Конески"*, книга 38, 2012, 60-71.	2
	„Полилошкиот дискурс на неантропоморфните раскажувачи во расказите од Драги Михајловски", во зборникот *Славистички студии*, Скопје: *Филолошки факултет „„Блаже Конески"*, бр. 15 (во печат).	2
	Секциски предавања на научен/стручен собир со меѓународно учество	

	"Analysis of Ian McEwan's Art of Inhabiting Other Minds in His Fiction with a Special Focus on the Novel *Atonement*", International Conference "English Studies in the European / Global Context: Current Issues, Future Trends" organized by the Department of English Language and Literature and held on the occasion of the 50th Anniversary of the Department of English Language and Literature, Ss. Cyril and Methodius University, 06.09.2008	2
	"Subversion of the Victorian Values: The Female Characters in Dickens's Novel *Great Expectations*", Multidisciplinary Conference "Language, Literature, Values" organized by the English Department of the Faculty of Philosophy in Nish, 26-28.04. 2012 at the Faculty of Philosophy, Nish / Republic of Serbia	2
	"Briony's Polylogue", "11th Conference of the European Society for the Study of English" held 4-8.09. 20112 at Bogazici University, Istanbul / Turkey	2
	"Subversion of the Victorian Female Stereotypes: Dickens's Unique Female Characters in *Great Expectations*", "11th Conference of the European Society for the Study of English" held 4-8.09. 20112 at Bogazici University, Istanbul / Turkey	2
	Апстракти објавен во зборници од конференции	
	4 апстракти: "Briony's Polylogue" и "Subversion of the Victorian Female Stereotypes: Dickens's Unique Female Characters in *Great Expectations*" ("11th Conference of the European Society for the Study of English", 4-8.09. 20112, Bogazici University, Istanbul / Turkey), "Not the Fundamental Why, but the Superficial How" ("English Language and Literature Studies: Embracing Edges", 7-9.12.2012, University of Belgrade, Belgrade / Republic of Serbia) and "Discourses of Terror and Horror – *Great Expectations*, *Jane Eyre* and *Wuthering Heights*", ("Lodge Fantastic Literature Conference"), 21-23.10.2012, University of Lodge, Lodge, Poland)	4
	Вкупно бодови од научноистражувачка дејност	**73**

Стручно-апликативна дејност

	Назив на активноста	Поени
	Книга од стручна област	
	Автор	
	Дискурсот на Другиот: Иан Мекјуан, Драги Михајловски.	8

	Скопје: *Филолошки факултет „Блаже Конески“*, 2013.	
	Експертски активности: евалуација, стручна ревизија	
	Рецензија на трудот „Палимпсестноста и дијалогичноста на драмата *Гардеробер* од Роналд Харвуд“ од м-р Милан Дамјановски, објавен во *Годишен зборник* на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, Скопје: *Филолошки факултет „Блаже Конески“*, книга 36, 2010.	1
	Рецензија на трудот „Македонската жена во делата на Мајлс Франклин“ од д-р Татјана Панова-Игњатовиќ, објавен во *Годишен зборник* на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, Скопје: *Филолошки факултет „„Блаже Конески“*, книга 37, 2011.	1
	Рецензија на трудот „Реалноста на Борхесовата фантастика, нереалноста на Кортасаровиот реализам“ од д-р Калина Малеска, објавен во *Годишниот зборник* на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, Скопје: *Филолошки факултет „„Блаже Конески“*, книга 37, 2011.	1
	Рецензија на трудот "Coordination as a Constituency Diagnostic: A Different View“ од м-р Соња Китановска Кимовска, објавен во *Годишниот зборник* на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, Скопје: *Филолошки факултет „„Блаже Конески“*, книга 38, 2012.	1
	Рецензија на трудот „Мотивот на блудниот син во *Робинзон Крусо* на Џ. Свифт и „Силјан Штркот“ на М. Цепенков“, од м-р Милан Дамјановски, објавен во *Годишниот зборник* на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, Скопје: *Филолошки факултет „„Блаже Конески“*, книга 38, 2012.	1
	Превод	
	Atonement, роман на Иан Мекјуан, Скопје: *Винсент Графика* (во печат)	3
	Дејности од поширок интерес	
	Член на уредувачки одбор на научно/стручно списание	
	Член на Редакцискиот одбор на *Годишниот зборник* на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, Скопје: *Филолошки факултет „„Блаже Конески“*, книга 37, 2011.	0,5
	Член на Редакцискиот одбор на *Годишниот зборник* на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, Скопје: *Филолошки факултет „„Блаже Конески“*, книга 38, 2012.	0,5
	Членство во извршно тело во меѓународна организација која поддржува/организира научноистражувачка дејност	
	Потпретседател на ЗАМ (Здружение на англисти на Македонија) – Македонското здружение во ESSE (European Society for the Study of English), 2010-2012	2

	Дописен член на The English Society, март 2011 -	2
	Претседател на ЗАМ во ESSE, јули 2012 -	4
	Координатор на студиска група	
	ЕКТС-координатор за студиската група англиски јазик и книжевност (III година) во 2008/09	1
	ЕКТС-координатор за студиската група англиски јазик и книжевност (III година) во 2009/10,	1
	ЕКТС-координатор за студиската група англиски јазик (III година) во 2010/2011	1
	Член на факултетска комисија	
	Член на Комисија за евалуација на ниво на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје (студиската програма по англиски јазик и книжевност), јули 2009	0, 5
	Член на Комисија за евалуација на транскриптот за положените испити на кандидатот Еркул Амедов при Одделот за англиски јазик – наставна насока (ELT) – на Источномедитеранскиот универзитет, септември 2009	0,5
	Член на Комисија за попис на библиотечниот фонд, ноември 2009	0, 5
	Член на Комисија за одбрана на дипломска работа (кандидат: Тамара Тозија, декември 2010)	0,1
	Член на Комисија за изведување на испит по приговор од студент (предмет: англиска книжевност 4, кандидат: Трајчевска Лиљана), јануари 2011	0, 5
	Член на Рецензентската комисија за утврдување на подобноста на кандидатот м-р Милан Дамјановски за научна работа и за одобрување на тема за изработка на докторска дисертација под наслов „Гласот и идентитетот во книжевните дела на Роберт Браунинг, Блаже Конески, Џемс Џојс и Славко Јаневски", јуни 2011.	0,5
	Член на Рецензентската комисија за утврдување на подобноста на кандидатката м-р Елена Китановска-Ристовска за научна работа и за одобрување на тема за изработка на докторска дисертација под наслов „Дискурсот на мајчинството и односите мајка/ќерка и обратно во дела на Тони Морисон, Џејн Хамилтон, Дороти Алисон, Ана Кливленд, Лилјана Пандева и Кица Колбе", септември 2011.	0,5
	Член на Комисија за изведување на испит по приговор од студент (предмет: специјален курс по Шекспир, кандидат: Благица Алкушовска) септември 2011	0,5
	Член на Комисија за попис на библиотечниот фонд, декември 2011	0,5
	Член на Рецензентската комисија за утврдување на подобноста	0,5

	на кандидатката м-р Марија Гиревска за научна работа и за одобрување на тема за изработка на докторска дисертација под наслов „Наследството на готскиот роман во англо-американскиот фантастичен роман“, јануари 2012.	
	Член на Рецензентската комисија за утврдување на подобноста на кандидатката м-р Татјана Срцева за научна работа и за одобрување на тема за изработка на докторска дисертација под наслов „Субверзивноста на женското лудило во англо-американската проза наспроти конформизмот на женската патријалхална матрица на македонскиот роман“, јануари 2012.	0,5
	Член на Рецензентската комисија за утврдување на подобноста на кандидатката м-р Милица Матоска за научна работа и за одобрување на тема за изработка на докторска дисертација под наслов „Анализа на развојот на женскиот лик во Викторијанскиот сентиментален роман“, февруари 2012.	0,5
	Член на Комисија за изведување на испит по приговор од студент (предмет: англиска книжевност 8, кандидат: Јовановска Анита) , февруари 2012	0,5
	Член на Рецензентска комисија во врска со пријавите на м-р Соња Китановска-Кимовска и м-р Огнен Чемерски на конкурсот за избор во звањето асистент по предметите теорија и практика на преведувањето и толкувањето, септември, 2012 година	0, 5
	Член на Централната комисија, декември 2012	0,5
	Член на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“	0,5
	Вкупно бодови од стручно-апликативна дејност	**35,6**

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	**ПОЕНИ**
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	**80,1**
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	**73**
СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ	**35,6**
Вкупно:	**188, 7**

Рецензентска комисија

1. Д-р Александрина Илиева, редовен професор, с.р.
2. Д-р Љубица Јанашлиева, редовен професор, с.р.
3. Д-р Драги Михајловски, редовен професор, с.р.

РЕЦЕНЗИЈА

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ **ВЛИЈАНИЕ НА ГЕСТАЦИСКАТА ВОЗРАСТ И ТЕЛЕСНАТА МАСА ВРЗ ГЛИКОЗНИОТ И ЛИПИДНИОТ МЕТАБОЛИЗАМ ВО НЕОНАТАЛНАТА ВОЗРАСТ** " од д-р СНЕЖАНА ПАЛЧЕВСКА КОЦЕВСКА, ПРИЈАВЕНА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ,

Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, на својата својата редовна XV седница одржана на 20.12.2012 година, а по предлог на Научниот одбор на Медицинскиот факултет, во согласност со Законот за високото образование на Република Македонија, за оцена на докторскиот труд на д-р Снежана Палчевска Коцевска, специјалист- педијатар, под наслов: **„Влијание на гестацискатa возраст и телесната маса врз гликозниот и липидниот метаболизам во неонаталната возраст"**, определи рецензентска комисија во состав:

1. проф. д-р Стефанка Грујовска
2. проф. д-р Стојка Нацева Фуштиќ
3. виш научен соработник д-р Елизабета Зисовска.

По деталната анализа на поднесената докторска дисертација, Комисијата го поднесува следниов

Извештај

Докторската дисертација под наслов: **Влијание на гестацискатa возраст и телесната маса врз гликозниот и липидниот метаболизам во неонаталната возраст** е екстензивна анализа на метаболичките аспекти кај новородени со различен гестациски и антропометриски индекси при раѓањето изнесена на 150 страници и ги содржи сите поглавја на една научно-истражувачка студија: вовед, цели, материјал и методи, резултати, дискусија, заклучок, литература, кратенки и апстракт (на македонски и англиски јазик). Цитирани се 232 референци.

Во **воведниот дел** докторантката ги дискутира досегашните сознанија од литературата во врска со потхранетоста in utero која се почесто се поврзува со низа метаболички и кардиоваскуларни компликациии. Еден цел спектар на мајчини, фетални и плацентарни фактори се одговорни за правилно формирање и раст на фетусот. Алтерација на кој било од нив, или комбинации на повеќе, може да доведе до нарушен фетален раст, што пак, може да резултира со раѓање на новородено со несоодветна родила тежина, односно прекумерна родилна тежина или, што е уште позначајно, со мала родилна тежина (МРТ). Дадени се дефиниции на малата родилна тежина. Детално е опишан енергетскиот метаболизам интраутерино, феталниот раст, карактеристиките на енергетскиот метаболизмот во текот на бременоста, постигнувањето на енергетската рамнотежа, хормонските промени, енергетските супстрати, нивниот транспорт, како и факторите од кои зависи феталниот раст. Во овој дел кандидатката дава екстензивен опис на најновите сознанија за развојното потекло на болеста, чии почетоци се содржат во хипотезата на Baker и соработниците за "in-utero програмирање на метаболизмот". Според неа, изменетата интраутерина средина во критични периоди на развојот поттикнува метаболички одговор за преживување како

резултат на регулаторна адаптација на хипоталамо-хипофизно-адреналната оска, што резултира со зголемен ризик за развој на метаболички синдром подоцна во животот. Метаболичкиот синдром претставува група на метаболички ризик фактори кај една индивидуа: абдоминална дебелина, дислипидемија, покачен крвен притисок, инсулинска резистенција и доцни кардиоваскуларни ризици поврзани со нивото на адипоцитокините.
Во докторската дисертација јасно се дефинирани **целите** на научното истражување, и тоа:

1. Да се анализира влијанието на родилната тежина и останатите антропометриски параметри (родилна должина, однос родилна тежина со должина, пондерален индекс, индекс на телесна маса) врз гликозниот и липиден метаболизам во раниот неонатален период.

2. Да се анализира влијанието на должината на гестација врз гликозниот и липиден метаболизам во раниот неонатален период.

3. Да се одредат релациите помеѓу антропометриските параметри на мајката и антропометриските параметри на новороденото и неговиот метаболнички профил.

4. Да се анализираат параметрите на липидниот и гликозен метаболизам, како и на инсулинската сензитивност преку одредување на: гликемија, инсулинемија, ц-пептид, ХОМА индекс, гликемија/инсулинемија, триглицериди, вкупен холестерол, ХДЛ, ЛДЛ кај различни групи новородени, групирани според траењето на гестацијата и/или соодветноста на нивната родилна тежина во однос на гестациската возраст.
5. Да се анализира ефектот на ниската родилна тежина и прематурноста врз цитокините адипонектин и лептин и нивниот сооднос со останатите метаболички параметри.

Крајна цел:

Добивање на апликабилни и компарабилни резултати во однос на антропометриските и метаболички параметри врз основа на кои ќе можат да се детектираат ризични новородени за развој на метаболичен синдром подоцна во животот, заради што е потребно нивно следење.
Кандидатката дава детален опис на **материјалите** и **методите** користени во студијата, како и поделбата на испитаниците по групи. Студијата е проспективно контролирана студија. Анализирани се вкупно 196, здрави новородени машки (96) и женски (100) деца на возраст од 3 до 4 дена, родени во една од двете најголеми породилишта во Скопје, и тоа: Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство и Градска општа болница Чаир.
За секој пациент е пополнет стандардизиран прашалник и нотирани се и антропометриските параметри при раѓањето како што се: родилна тежина (РТ), родилна должина (РД), обем на глава (ОГ), обем на граден кош (ОГК), како комбинации од два антропометриски фактора, односно индекси: индекс на телесна маса (ИТМ), пондерален индекс (ПИ) и однос РТ/РД , и гестациската возраст.
Испитаниците се групирани во однос на два параметра: траење на бременост [(термински (ТН) и преттерминski (ПТН))] , и соодветност на РТ при раѓање за

дадената гестациска возраст [(соодветни за гестациската возраст (СГВ) или (AGA), мали за гестациската возраст (МГВ) или (SGA) и големи за гестациската возраст (ГГВ) или (LGA)].

Кандидатката дава јасен опис на протоколот на работа во студијата. Кај испитаниците се анализирани следниве лабораториски параметри со ЕЛИСА-техника: гликемија, инсулинемија, Ц-пептид, триглицериди, вкупен холестерол, ХДЛ-холесерол, ЛДЛ-холестерол, кортизол, лептин и адипонектин, а како мерка за инсулиската сензитивност испитувани се: гликемија/инсулинемија стапка и HOMA-IR (Homeostasis model assessment of insulin resistance)

За статистичка обработка на податоците користен е статистичката програма SPSS for Windows 13,0.

Од оваа комплексна студија генериран се голем сет на **резултати.**Сите подгрупи се компарабилни според бројот на иследувани новородени што овозможува реално отсликување на состојбите на анализираната популација по однос на параметрите на гликорегулацијата, липидниот и хормоналниот статус, како и релациите на овие биохемиски параметри со антропометриските параметри. Од презентираните табели може да се забележи дека застапеноста на машките и женските новородени во анализираната популација е скоро подеднаква за целата популација, но и внатре во самите групи, независно од поделбите.

Утврдени се статистички значајни разлики помеѓу сите анализирани групи. Додека за параметарот **гликоза** во крвта не се покажа сигнификантна разлика помеѓу групите, за останатите испитувани параметри на гликозниот метаболизам, како што се: инсулинемија, **HOMA-IR,С-пептид** и односот **гликоза / инсулин,** разликата беше сигнификантна

Резултатите од ANOVA-MANOVA- анализата за испитување на влијанието на соодветноста на родилната тежина за гестациската возраст и полот врз вредностите во крвта на триглицеридите, холестеролот и неговите фракции, како и лептинот, адипонектинот и кортизолот покажувааат дека двата главни ефекта, (соодветноста на родилната тежина за гестациската возраст и полот) имаат високо сигнификантно влијание на вредностите на овие параметари. додека тие немаат здружено, односно интеракциско дејство.

Попрецизно, AGA- новородените имаат пониски просечни вредности на **лептин** во однос на LGA, а пониски во однос на SGA, додека вредноста на **адипонектин** е сигнификантно повисока кај AGA во однос на SGA-новородените.

Главните резултати покажувааат дека постојат високо сигнификантни разлики во просечните вредности на гликемија, инсулинемија, HOMA-IR, Ц-пептид, како и однос гликоза-инсулин, меѓу децата од петте анализирани групи. Децата родени како СГВ имаат значајно повисоки просечни вредности за триглицериди во однос на новородените МГВ, без оглед дали се навреме или предвреме родени.Вредностите на холестерол зависат сигнификантно од групата на која припаѓа новороденото во однос на донесеност /недонесеност и соодветноста на родилната тежина со гестациската возраст. Како генерален заклучок од вака дизајнираните анализи може да се извлече фактот дека, во оваа анализирана популација на новородени, децата родени со мала родина тежина, без оглед дали се предвремено родени или се навреме родени, но со несоодветна РТ, не може да се поистоветуваат, односно да се сметаат за иста група, бидејќи тие покажуваат различни параметри како по однос на антропометриските, така и по однос на биохемиските параметри на

гликорегулацијата, липидниот метаболизам и во овие процеси инволвираните хормони (лептин, адипонектин и кортизол). Направените корелации покажаа позитивна корелација помеѓу лептин и адипонектин, инсулин и Ц-пептид, а негативно со односот гликоза/инсулин, слишни наоди се добиени и за адипонектинот. Гликозата позитивно корелира со инсулиот, HOMA-IR , Ц-пептид, а негативно со односот гликемија/инсулинемија.

Концентрацијата на триглицеридите во серумот високо сигнификантно позитивно корелира со концентрацијата на вкупен холестерол, а негативно корелира со концентрацијата на ХДЛ- холесерол и сигнификантно негативно корелира со вредноста на односот гликоза-инсулин.

Врз основа на добиените резултати донесени се следните **заклучоци :**

1. Антрополошките парметри на мајката, ИТМ и ТТ, позитивно корелираат со сите антропометриски параметри кај новороденото.
2. Постои висока, позитивна корелација на испитуваните антропометриски параметри, особено родилната тежина и родилната должина со лептин, адипонектин, инсулин, инсулин/гликоза и ц-пептид. Децата кои се раѓаат со поголема родилна тежина и должина имаат повисоки вредности на параметрите лептин, адипонектин, инсулин и ц-пептид, а пониска вредност на односот помеѓу гликемијата и инсулинемија.
3. Траењето на гестацијата во недели исто така има силна позитивна корелација лептин, адипонектин, инсулин, инсулин/гликоза и ц-пептид. Новородените со поголема гестациска возраст имаат поголеми вредности на овие параметри, а помала вредност на односот гликоза-инсулин.
4. Резултатите покажуваат дека родилната тежина и траењето на гестација имаат позитивно влијание врз параметрите на гликозниот, липидниот метаболизам како и врз адидипоцитокините, но родилната тежина има поголемо влијание во споредба со должината на гестацијата.
5. Ефектот соодветност на родилната тежина во однос на гестациската возраст покажа влијание врз сите анализирани биохемиски параметри, односно големите за гестациската возраст новородени (LGA) и новородените мали за гестациската возраст имаа значително понеповолни параметри на интермедиерниот метаболизам во правец кон инсулинска резистенција и неповолен липиден профил, во однос на децата од група СГВ (AGA).
6. Ефектот несоодветна мала родилна тежина има најсилно влијание врз сите анализирани параметри.
7. И лептинот и адипонектинот позитивно корелираат и со родилната тежина, и со траењето на гестацијата.
8. Сите новородени кои се под десеттиот (SGA) и над деведесеттиот (LGA) перцентил носат зголемен ризик за развој на дебелина и метаболичен синдром подоцна во животот, заради што потребно е нивно следење. Најризична група се новородените родени како МГВ (SGA), а притоа имаат високи вредности на инсулинемија, HOMA-IR, високи триглицериди и холестерол, особено LDL- фракцијата и лептин, а ниски вредности на адипонектин.

ЗАКЛУЧОК

Докторската дисертација под наслов **Влијание на гестациската возраст и телесната маса врз гликозниот и липидниот метаболизам во**

неонаталната возраст претставува сеопфатна анализа на гликозниот, липидниот и адипокинскиот механизам кај новородени со различна гестациска старост и различна големина при раѓање. Темата е актуелна, пристапот мултифасетен преку поединечна и комплексна анализа на секој поединечен параметар и нивното меѓусебно влијание. Солидната статистичка анализа и компарација меѓу групите новородени со различна родилна тежина и различна гестациска старост покажува значајна разлика во ризик- факторите за метаболички синдром подоцна во животот, особено во групите СГА и ЛГА. Студијата е богато илустрирана со табели и графикони, од кои јасно се гледаат статистичките разлики меѓу испитуваните групи. Посебен придонес на оваа докторска дисертација претставува потврдата дека метаболичките параметри кај новородените зависат на еден начин од гестациската возраст, а на друг од тежината при раѓање, па пристапот кон нив треба да биде различен заради различните метаболички ризици. Резултатите имаат и практично значење во превенцијата на метаболичкиот синдром во ризичните групи преку рани нутриционни и други интервенции.

Имајќи го предвид наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет да ја прифати оваа докторска дисертација и да ја продолжи процедурата за нејзина одбрана.

Рецензентска комисија

1. проф. д-р. Стефанка Грујовска с.р.

2. проф. д-р. Стојка Нацева Фуштиќ с.р.

3. виш научен соработник д-р. Елизабета Зисовска с.р.

ПРЕГЛЕД НА ПРИФАТЕНИ ТЕМИ ЗА ИЗРАБОТКА НА МАГИСТЕРСКИ ТРУДОВИ ВО ЕКОНОМСКИОТ ИНСТИТУТ

Ред. бр.	*Име на кандидатот*	*Наслов на темата*	*Ментор*
1.	Игор Јовановски	"Претприемничкиот потенцијал како клучен фактор за развој на малите и средни претпријатија во Република Македонија"	д-р Васил Поповски
2.	Горан Лазаревски	"Механизми за унапредување на корпоративната општествена одговорност во Република Македонија"	д-р Васил Поповски
3.	Соња Николовска	"Подобрување на менаџерските компетенции со примена на емоционалната интелегенција"	д-р Васил Поповски
4.	Мирјана Сеизова	"Ризиците во банкарското работење со посебен осврт на управувањето со кредитниот ризик"	д-р Биљана Ангелова
5.	Анита Пешова	"Брендови и нивна злоупотреба во Република Македонија"	д-р Марија Ацковска
6.	Ивана Ивановска	"Управување со ризикот на девизните курсеви во меѓународните плаќања кај извозно и увозно ориентираните компании во Република Македонија"	д-р Биљана Ангелова
7.	Николче Трајчески	"Странските директни инвестиции во банкарскиот сектор во Република Македонија во периодот 1990-2011 година"	д-р Биљана Ангелова
8.	Станко Коруновски	"Перењето пари како современ облик на економски криминал и неговото влијание врз економскиот развој"	д-р Биљана Ангелова

07-1509/2
31.12.2012

РЕЦЕНЗИЈА

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА
„КОЛАБОРАТИВЕН МОДЕЛ НА ИНФОРМАЦИСКИ СИСТЕМ ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА“,
ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р ЕЛЕНА ВЛАХУ-ЃОРГИЕВСКА, ПРИЈАВЕНА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И КОМПЈУТЕРСКО ИНЖЕНЕРСТВО ВО СКОПЈЕ

Со одлука на Наставно-научниот совет на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје, на седницата одржана на 22. XI 2012 година, определени сме за членови на Комисијата за оцена на докторската дисертација на кандидатката м-р Елена Влаху-Ѓоргиевска, со наслов „Колаборативен модел на информациски систем за здравствена заштита”. Во тоа својство, по извршениот преглед на доставената докторска дисертација, до Наставно-научниот совет на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје го поднесуваме следниов

ИЗВЕШТАЈ

1. Општи податоци

Докторската дисертација со наслов „Колаборативен модел на информациски систем за здравствена заштита”, изработена од м-р Елена Влаху-Ѓоргиевска, е изложена на 129 страници организирани во 8 поглавја. Докторската дисертација содржи 19 слики и 7 табели. Приложен е преглед на користената литература од областа на истражувањето со 112 референци, а дополнително кандидатката е автор на 4 референци објавени на меѓународни и национални конференции и 6 во списанија.

2. Предмет и цел на докторската дисертација

Примената на иновативните технологии, како мобилни уреди и апликации и веб-сервиси, во здравствената заштита е од особено значење за пациентите кај кои оваа технологија ќе овозможи континуиран надзор на нивните здравствени параметри надвор од медицинските центри. Дизајнот, развојот и евалвацијата на иновативните технологии во системите за превентивна здравствена заштита, од една страна им помагаат на граѓаните да бидат што повеќе инволвирани во својата здравствена нега и заштита, а од друга страна, обезбедуваат флексибилност во животот на пациентот кој активно го живее своето секојдневие со својата работа, фамилија и пријателите. Последните трендови во системите за поддршка на здравствената заштита се развој на кориснички околини кои би биле замена за медицинските центри. Ваквите системи им овозможуваат на медицинскиот персонал навремена реакција при итни случаи, преглед, ажурирање и праќање на информации кон пациентите во кое било време од кое било место.

Иако главната карактеристика на мобилните и веб-сервисите е комуникацијата, која ја олеснува колаборацијата, многу од овие системи не ја земаат предвид колаборативната вредност што може да ја обезбедат со собирање на исти податоци од други корисници. За разлика од претходно спроведените испитувања за влијанието на иновативната технологија врз подобрување на здравствената состојба, кои не даваа некои многу позитивни резултати, во денешно време таа состојба е значително изменета. Имено, резултатите кај скоро сите актуелни студии се доста позитивни во однос на подобрувањето на здравствената состојба на пациентите кои користат здравствени информациски системи за мониторинг и менацирање на својата болест.

Креирањето на комплексен здравствен информациски систем кој во себе интегрира: телесна сензорска мрежа (биомрежа), мобилна апликација, социјална мрежа, медицински системи, складишта на медицински податоци и дополнителни сервиси дава нова димензија во користењето на модерната технологија во здравството и здравствената

заштита. Тој користи мобилни уреди и апликации и социјални мрежи со цел да обезбеди комуникација меѓу самите корисници, корисниците и здравствените работници и меѓу здравствените работници. Оваа комуникација е овозможена преку размената на искуства на корисниците во смисла на физички активности, терапија и рехабилитација, преку користење на искуствата од активностите кои ги преземале други корисници.

Главната цел на оваа докторска дисертација е креирање на колаборативен модел на информациски систем за здравствена заштита, кој, покрај комуникација меѓу корисниците, ќе овозможи и директно вклучување на корисникот во грижата за своето здравје. Вклучувањето на корисникот во грижата за своето здравје се остварува преку генерирање на персонализирани препораки базирани врз основа на моменталната и претходната здравствена состојба на корисникот, како и знаење (кое го поседува системот) за корисните физички активности на корисниците со слична здравствена состојба. Препораките се генерираат од алгоритамот за препораки, кој е дел од колаборативниот модел, чија цел е да ја најде зависноста на здравствената состојба на корисниците од извршените физичките активности. Добивајќи препораки, корисникот има можност да извршува активности кои директно ќе влијаат врз неговото здравје. Дополнително, предложениот модел треба да овозможи градење на комплексни структури на здравствени податоци кои понатаму би се користеле во дијагностицирање, лекување и превенција од разни заболувања. Со овие придобивки моделот нуди можност за зголемена здравствена заштита на корисниците во нивните домови, а со тоа и зголемен медицински капацитет на здравствените институции. Тоа резултира со намалување на севкупните трошоци и на пациентите и на болниците, како и подобрување на квалитетот на животот на корисниците.

3. Анализа на докторската дисертација

Целокупниот процес на истражување кој беше предмет на оваа докторска дисертација е прикажан во текстот, кој е организиран во осум поглавја на следниот начин.

Во **првото** или воведното поглавје од оваа докторска дисертација е даден осврт на значењето и придобивките од користењето на иновативните технологии, како мобилни уреди и апликации и веб-сервиси, во здравствената заштита. Земајќи ја предвид оваа анализа, се согледуваат и идентификуваат потенцијалните предизвици, мотивацијата, како и иницијалните идеи за реализација на целите на оваа дисертација.

Во **второто** поглавје се зборува за влијанието и примената на информатичко-комуникациските технологии (ИКТ) во здравството. Направен е осврт на разните дефиниции на поимот „е-здравство“, како еден од најкористените термини кога станува збор за поврзување на информатиката со здравството. Опфатени се главните принципи и цели на е-здравството кои, всушност, се и основната мотивација за креирање на предложениот модел на колаборативен систем за здравствена заштита.

Во **третото** поглавје е даден преглед на досегашните истражувања во областа на здравствените информациски системи (ЗИС), потенцирајќи ги нивните карактеристики и примена. Разгледана е класификацијата на информациските системи кои се користат во здравството и здравствената заштита, почнувајќи од сензорски мрежи, до комплексни системи во кои се инкорпорирани различни здравствени услужни сервиси. Дополнително направена е компаративна анализа меѓу некои примери на здравствени информациски системи и моделот на колаборативен систем за здравствена заштита предложен во докторската дисертација.

Во **четвртото** поглавје се опфатени основните карактеристики на предложениот колаборативен модел на информациски систем за здравствена заштита. Објаснета е неговата организација и архитектура и дадени се неколку пример сценарија со цел подобро да се претстави функционалноста на предложениот модел. Прикажани се дијаграмот на проток на податоци во системот, како и дијаграмот за нивна валидност. Во ова поглавје е направен и осврт на сигурноста и приватноста на податоците во предложениот модел.

Во **петтото** поглавје се разгледани системите за препораки и нивната примена. Анализирани се техниките за филтрирање, нивната поделба и предизвиците со кои се

справуваат. Разгледани се алгоритмите за класификација, потенцирајќи ги нивните предности и недостатоци. Дополнително се објаснати и придобивките од примената на фази-дискретизацијата во предложениот модел. Во ова поглавје е обработен и претставен алгоритамот за препораки, имплементиран како веб-сервис во предложениот модел.

Во **шестото** поглавје е опфатена валидацијата на предложениот модел. Опишан е предлог експеримент преку кој ќе може да се оцени ефективноста на предложениот модел. Потоа се разгледани и анализирани резултатите добиени преку симулации на алгоритамот врз генерички податоци.

Во **седмото поглавје** се презентирани заклучоците кои произлегоа од поставените цели на истражувањата, нивната реализација преку развивање на колаборативен модел на информациски систем за здравствена заштита и извршената евалвација користејќи генерички податоци. Во ова поглавје се презентирани и насоките за понатамошните истражувања кои произлегуваат од сознанијата и резултатите добиени при изработката на овој докторски труд.

Во **осмото поглавје** е даден преглед на користената литература која е од интерес на областа на истражување. Во прегледот на користената литература се опфатени вкупно 112 референци.

4. Верификација на докторската дисертација

Резултатите од истражувањата на проблематиката на докторската дисертација, кандидатката м-р Елена Влаху-Ѓоргиевска успешно ги презентирал и ги публикувал во меѓународни и национални конференции и меѓународни списанија. Кандидатот е автор или коавтор на следниве трудови:

Трудови во меѓународни списанија:

[1] Vlahu-Gjorgievska E., Trajkovik V. Personal Healthcare System Model using Collaborative filtering techniques. International Journal of Research and Innovation - Advances in Information Sciences and Service Sciences, vol 3, no 3, pp:64 – 74. 2011.

[2] Trajkovik V, Vlahu-Gjorgievska E, Kulev I. Use of collaboration techniques and classification algorithms in personal healthcare. Health and Technology, Springer Berlin/Heidelberg, vol 2, no 1, pp:43-55. 2012.

[3] Trajkovik V., Vlahu-Gjorgievska E., Kulev I., Koceski S. Providing collaborative algorithms support for personal health care. American Journal of Bioinformatics, vol 1, no 1, pp: 41-49. 2012.

[4] Kotevska O., Vlahu-Gjorgievska E., Trajkovic V., Koceski S. Towards a Patient-Centered Collaborative Health Care System Model. International Journal of Computer Theory and Engineering – IJCTE (in process of publishing)

[5] Trajkovik V., Vlahu-Gjorgievska E., Kulev I. Use of fuzzy-discretization in COHESY recommendation algorithm. Journal of ambient intelligence and smart environments – JAISE (In review)

[6] Kulev I., Vlahu-Gjorgievska E, Trajkovik V., Kocev S. Development of a novel recommendation algorithm for collaborative health–care system model. Computer Science and Information Systems (In review)

Трудови на конференции:

[7] Vlahu-Gjorgievska E., Trajkovik V. Towards Collaborative Health Care System Model – COHESY. In Proceedings of the 2011 IEEE International Symposium on a World of Wireless, Mobile and Multimedia Networks, IEEE Computer Society, Washington, DC, USA, pp:1-6. 2011.

[8] Vlahu-Gjorgievska E., Kotevska O., Trajkovik V. Collaboration Model within Personal Healthcare System. In Proceedings of the 5th International Conference of Information systems and Grid technologies, Dimitrov V., Georgiev V. (eds), pp:133-141. 2011.

[9] Kotevska O., Vlahu-Gjorgievska E., Trajkovik V. Cohesy – Collaborative Health Care System Model. In proceedings of the 8th International Conference for Informatics and Information Technology, Bitola, Macedonia. 2011.
[10] Kulev I., Vlahu-Gjorgievska E, Kocev S., Trajkovik V. Collaborative system for prevention of increased blood sugar level. In proceedings of the 9th International Conference for Informatics and Information Technology, Bitola, Macedonia. 2012.

5. Оригинални придонеси на докторската дисертација

Главните придонеси на докторската дисертација, кои се потврдени во публикуваните трудови на кандидатката м-р Елена Влаху-Ѓоргиевска, може да се групираат во следните три сегменти.

1. Развој на колаборативен модел на информациски систем за здравствена заштита:
   - дефиниран колаборативен модел на информациски систем за здравствена заштита;
   - дефиниран проток на податоци меѓу различните компоненти на предложениот модел;
   - дефинирана категоризација на информациите во предложениот модел;
   - дефинирани безбедносни критеруими значајни за приватноста и сигурноста на податоците во предложениот модел.

2. Развој на алгоритам за препораки, како дел од дефинираниот колаборативен модел на информациски систем за здравствена заштита:
   - селекција и опис на колаборативни техники и алгоритми за класификација кои може да се користат во предложениот модел;
   - дефиниран алгоритам за препораки.

3. Начини за оценка на ефективноста на предложениот колаборативен модел на информациски систем за здравствена заштита:
   - дефиниран експеримент за оцена на ефективноста на предложениот модел;
   - квалитативна анализа на симулациските резултати и заклучок за ефективноста на предложениот модел.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на претходно изнесеното, Комисијата заклучи дека со дисертацијата „Колаборативен модел на информациски систем за здравствена заштита", на кандидатката м-р Елена Влаху-Ѓоргиевска, е даден оригинален научен придонес во областа на развојот на информациските системи. Изнесена е обемна анализа на тековната состојба во ова исклучително значајно научно подрачје. Предложен е колаборативен модел на информациски систем за здравствена заштита, дефиниран е алгоритам за препораки (како дел од предложениот модел), предложен е експеримент за евалвација на моделот и извршена е евалвација на моделот преку анализа на податоци добиени од симулации извршени врз генерички податоци. Исто така, дадени се и насоки за понатамошни истражувања и подобрувања.

Од претходно изложените резултати, може да се заклучи дека кандидатката м-р Елена Влаху-Ѓоргиевска покажува длабоко познавање на темата и проблематиката која е третирана во докторската дисертација, што резултира со нејзин научен придонес во областа на развојот на информациските системи, со посебен осврт кон колаборативните информациските системи и алгоритмите за препораки. Како потврда на придонесите, дел од резултатите добиени од докторската дисертација се публикувани во четири научни труда на меѓународни и национални конференции и шест во списанија.

Врз основа на изложената анализа, Комисијата има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје да го прифати извештајот и на кандидатката м-р Елена Влаху-

Ѓоргиевска да и одобри јавна одбрана на докторската дисертација „Колаборативен модел на информациски систем за здравствена заштита".

Скопје, 20. 12. 2012 година

Комисија за одбрана на докторската дисертација

1. Акад. проф. д-р Љупчо Коцарев, претседател, с. р.
2. Вонр. проф. д-р Владимир Трајковиќ, ментор, с. р.
3. Вонр. проф. д-р Никола Јанкуловски, член, с. р.
4. Проф. д-р Сузана Лошковска, член, с. р.
5. Доц. д-р Сашо Коцески, член, с. р.

РЕЦЕНЗИЈА

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА ПОД НАСЛОВ: **КОРЕЛАЦИЈА ПОМЕЃУ ГЕНОТИПСКИТЕ, ФЕНОТИПСКИТЕ И ИМУНОЛОШКИТЕ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ИНФЛАМАТОРНАТА БОЛЕСТ НА ЦРЕВАТА ВО ДЕТСКАТА ВОЗРАСТ**, ОД М-Р СОЊА БОЈАЦИЕВА, ПРИЈАВЕНА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, на својата XV редовна седница одржана на 20.12.2012 година, а по предлог на Научниот одбор во согласност со Законот за високото образование на Република Македонија, за оцена на докторскиот труд на д-р Соња Бојациева под наслов **Корелација помеѓу генотипските, фенотипските и имунолошките карактеристики на инфламаторната болест на цревата во детската возраст** определи Рецензентска комисија во состав:

1. проф д-р Мирко Крстевски
2. проф д-р Стефанка Грујовска
3. проф д-р Мирко Спироски.

Рецензентската комисијата го разгледа изработениот докторски труд и врз основа на направените согледувања и консултации го поднесува следниов

Извештај

Докторската дисертација под наслов: **Корелација помеѓу генотипските, фенотипските и имунолошките карактеристики на инфламаторната болест на цревата во детската возраст** се состои од вообичаените делови, и тоа: вовед, мотив, цели, материјал и методи, резултати, дискусија и литература.

Во воведниот дел, докторската студија вклучува повеќе аспекти и сознанија од досегашната литература во врска со инфлматорната болест на цревата (ИБЦ), со посебен осврт на болеста кај педијатриската популација. Воведот содржи повеќе поглавја, започнувајќи со актуелните дефиниции на болеста, инциденцата на болеста во светот и кај нас и трендот на зголемување на инциденцата во разни земји, како и половата дистрибуција на болеста. Прикажана е и географската дистрибуција на болеста во светот. Во посебно поглавје е даден посебен осврт на етиологијата и патогенезата на болеста. Детално се опишани повеќе можни причинители на болеста, вклучувајќи ги најчестите: надворешните фактори, имунолошките и генетските фактори. Бројни теории биле посочени за да ја објаснат надворешната експозиција која може да биде во интеракција со имунолошкиот систем и да резултира со абнормален инфламаторен одговор на интестиналната микрофлора. Повеќе надворешните фактори се прикажани во студијата како: стресот како фактор, надворешни еколошки фактори, исхраната, пушењето како фактор, инфекциите како фактор, влијанието на цревна флора во настанувањето на болеста. Од имунолошките фактори опишан е одбранбениот систем на гастроинтестиналниот тракт, одбранбениот систем на цревата, со детален опис на имунолошкиот систем со лимфоидното ткиво на цревата, хуморалниот

имунитет, мукозниот имунолошки систем и имунолошката толеранција на коменсалните микроорганизми. Сеопфатно е прикажана имунопатогенезата на болеста и улогата на цитокините во модулацијата на интестиналната имунолошка одбрана. Опишана е улогата на проинфламаторните и антиинфламаторните цитокини во имунопатогенезата на болеста. Експлицитно е прикажана улогата на денес познатите противтела: противтела кон Saccharomyces cerevisiae (ASCA) и перинуклеарни неутрофилни цитоплазматски противтела (p-ANCA), односно противтела кон миелопероксидаза (MPO) и противтела кон протеиназа 3 (PR3).
Генетскиот фактор е опишан во посебно поглавје како фактор кој има поголемо значење за манифестирање на болеста во детската возраст во споредба со возрасните. Посебен акцент се дава на фамилијарната поврзаност и на најдобро проучениот ген NOD2/CARD15 и неговите мутации/полиморфизми. Во воведот се опишани карактеристиките на болеста во детската возраст, патологијата на мукозното воспаление на Кроновата болест и улцерозниот колит и клиничките облици на болеста, вклучувајќи ги и екстраинтестиналните манифестации како и компликациите на болеста. Прикажани се фенотипските класификации и посебните фенотипски карактеристики на Кроновата болест (КБ) и улцерозниот колит (УК) во детската возраст.

Главниот мотив за изработка на докторска дисертација под наслов „Корелација помеѓу генотипските, фенотипските и имунолошките карактеристики на болеста во детската возраст" претставува зголемениот пораст на пациенти со Кронова болест и улцерозен колит во последните години, особено на деца со фенотипски манифестации на стриктури и фистули.

Цели

Генетски аспекти

1.Да се одредат мутациите/полиморфизмот на NOD2/CARD15 (Apr702Trp, Ley1007fsinsC) генот кај групата на испитуваните пациенти, здравите членови од нивните фамилии и контролната група.

2.Да се утврди корелацијата меѓу гените на преосетливост NOD2/CARD15 и фенотипските карактеристики на инфламаторната болест на цревата.

3.Да се утврди корелацијата меѓу гените на преосетливост NOD2/CARD15 кај пациентите со Кронова болест и улцерозен колит.

Имунолошки аспекти

1. Да се испита присуството на ASCA (Anti Saccharomyces cerevisiae autobodies)- противтелата кон Saccharomyces cerevisiae од класите ИгГ и ИгА во крвта на пациентите и да се утврди врската со појавата на заболувањето.

2. Да се испита p-ANCA (perinuclear Anti neutrophile citoplasmatic autobodies) противтела кон перинуклеарните цитоплазматски антитела, прикажани со MPO-противтела кон миелопероксидазата и c-ANCA (citoplasmatic Anti neutrophile citoplasmatic autobodies) прикажани со PR3, во крвта на испитуваните пациенти, и да се утврди врската со појавата и еволуцијата на заболувањето.

3. Да се утврди корелацијата помеѓу ASCA, MPO, и PR3 и фенотипските карактеристики на инфламаторната болест на цревата.

4. Да се испитаат проинфламаторните цитокини (IL-1, IL-6 и TNF-α кај испитуваните пациенти, здравите членови од нивните фамилии, контролната група и нивната корелација со фенотипските и генотипските карактеристики.

5. Да се испита имунолошкиот статус со ИгГ, ИгА и ИгМ и нивната корелација со фенотипските карактеристики

Клинички аспекти

1. Да се утврди застапеноста на децата заболени од инфламаторна болест на цревата во клиничката студија.

2. Да се одредат најчестите клинички манифестации и текот на инфламаторната болест на цревата во детската возраст.

3. Да се утврдат фенотипските карактеристики на Кроновата болест и улцерозниот колит.

4. Да се утврди застапеноста на екстраинтестиналните манифестации на инфламаторната болест на цревата во детската возраст и нејзината асоцијација со фенотипот на болеста.

5. Да се согледа корелацијата помеѓу генотипските и фенотипските карактеристики на болеста.

6. Да се утврди корелацијата помеѓу имунолошките, фенотипските и генотипските карактеристики.

Материјал и методи

Студијата е дизајнирана како ретроспективно-проспективна анализа. Во неа се вклучени пациенти кај кои е дијагностицирана инфламаторна болест на цревата (Кронова болест и улцерозен колит) во периодот од 2001 до 2008 година на Клиниката за детски болести во Скопје, на Одделот за гастроентерохепатологија. Проспективно и лонгитудинално се следени и новодијагностицираните и суспектните пациенти за инфламаторна болест на цревата, како и нивните фамилии во периодот од 2008 до крајот на 2012 година. Студијата се заврши во период од 4,5 години.

Испитувана група со инфламаторна болест на цревата

Вкупно се испитани 40 деца со инфламаторна болест на цревата, од кои 19 деца со Кронова болест и 21 дете со улцерозен колит, лекувани во периодот од 2001 до крајот на 2012 година. Возрасната дистрибуција се движела од 4 до 19 години. Во однос на половата дистрибуција, 19 деца биле женски, а 21 машки.

Група на здрави лица со ризик за појава на болеста

Во студијата се вклучени вкупно 65 лица, од кои 19 деца (браќа и сестри) на веќе заболени деца и група од 46 родители.

Контролна група

Контролната група ја сочинувале 40 клинички здрави лица кои биле вклучени во студијата без симптоми како што се: абдоминална болка, дијареа, крвави столици и губење на телесна тежина со перзистентна манифестација > од 4 недели, или рекурентни > 2 епизоди во период од 6 месеци (IBD Working group-ESPGHAN, 2005), кои би укажувале на постоење на инфламаторна болест на цревата. Возрасната дистрибуција се движела од 10 до 19 години. Од вкупно 40 лица, 16 биле машки, а 24 женски.

Дијагнозата е поставена по спроведениот дијагностички протокол на Европското здружение за педијатриска гастроентерохепатологија и нутриција (IBD Working group-ESPGHAN, 2005), вклучувајќи клинички и лабораториски иследувања, ендоскопија на горен гастроинтестинален тракт која е реализирана на Универзитетската клиника за детски болести, и флексибилна колоноскопска процедура, која е реализирана на Универзитетската клиника за гастроентерохепатологија во Скопје. Дијагнозата е потврдена со хистопатолошка анализа на биопсираниот материјал од цревата, на Институтот за онкологија и радиотерапија во Скопје.

Серолошки и имунолошки иследувања

Лабораториската дијагностика ги опфати следниве иследувања: анализа на крвна слика (хемоглобин, еритроцити, леукоцити, среден корпускуларен волумен (MCV), среден клеточен хемоглобин (MCH), тромбоцити, седиментација на еритроцитите, феритин, Ц-реактивен протеин-CRP, имуноелектрофореза, тестови за хепатална функција, серумско Fe, и протеинограм во биохемиската лабораторија на Универзитетската клиника за детски болести.

Имунолошкиот статус беше одредуван со испитување на ИгГ, ИгМ и ИгА во серумот со нефелометриска метода на Институтот за имунобиологија и хумана генетика.

Од групата на проинфламаторните цитокини биле одредувани (IL-1, IL-6 и тумор-некротизирачкиот фактор алфа (TNF-α) со ELISA (enzyme-linked immunosorbent assay) методата на Институтот за имунобиологија и хумана генетика. За серолошките и имунолошките испитувања се користеше 5 мл периферна крв, земена со венепункција од пациентите, како и од другите членови од нивните семејства и од контролната група.

Saccharomyces cerevisiae-противтелата (ASCA), односно (ASCA ИгГ и ASCA ИгАГ) се одредувани со помош на автоматизирана ELISA-метода.

Противтела кон миелопероксидаза (MPO) и противтела кон протеиназа 3 (PR3) се одредувани со помош на автоматизирана ELISA метода

Флексибилната ендоскопска процедура на горен гастроинтестинален тракт е реализирана на Одделот за гастроентерохепатологија при Универзитетската клиника за детски болести во Скопје.

Флексибилната колоноскопска процедура на пациентите е реализирана на Универзитетската клиника за гастроентерохепатологија во Скопје. Дијагнозата е потврдена со хистолошка анализа од биопсираниот материјал на Институтот за онкологија и радиотерапија во Скопје.

Генетските анализи на децата со инфламаторна болест на цревата се реализирани на Институтот за имунобиологија и хумана генетика на Медицинскиот факултет во Скопје. За амплификација на специфичните алели се користени два специфични прајмера.

Во статистичката обработка на добиените реазултати од истражувањето се користени дескриптивни и аналитички статистички методи.

Резултати и дискусија

Во студијата се иследени вкупно 40 деца со ИБЦ, од кои 19 деца со Кронова болест и 21 дете со улцерозен колит чии демографски и клинички карактеристики се опишани во одделни целини. Во дисертацијата е вклучена и контролната група од здрави лица, како и група од роднини на заболените пациенти како група на здрави лица со ризик за појава на болест.

Прикажани се демографските карактеристики на пациентите, фреквенцијата на пациентите по дијагноза од вкупно 40 деца, 19 деца се со Кронова болест и 21 дете со улцерозен колит. Прикажана е дистрибуцијата на пациентите по пол, место на живеење (град/село) што се совпаѓа со податоците од литературата. Позитивна фамилна анамнеза во студијата била утврдена кај 10 (25%) деца, а од прво колено кај само 3 деца со Кронова болест (КБ).

Клинички аспекти

Од клинички аспект, во студијата доминира интестиналната симптоматологија кај 26 (65%) деца од вкупно испитаните 40 деца. Додека, пак, 14 (35%) деца манифестирале барем еден екстраинтестинален симптом со или без интестинална симптоматологија. Стомачната болка е најчестиот клинички симптом којшто го манифестирале децата со Кронова болест. Абдоминалната болка и пролонгираната дијареа биле најчестите клинички манифестации кај пациентите со ИБЦ. Пролонгираната дијареа, како и крвавиот испразнок биле значително позастапени кај пациентите со УК.

Екстраинтестинална симптоматологија

Дијагностицирана била инфламаторна болест на цревата со екстраинтестинална симптоматологија кај 14 (35%) од вкупно 40 деца со ИБЦ, лекувани на Клиниката за детски болести во текот на период.

Фенотипски карактеристики

Во дисертацијата, 19 пациенти со КБ, фенотипски ја манифестирале болеста со: зафатеност на терминален илеум кај шест пациенти, кај пет пациенти со болест на илеум и колон, со терминален илеум и стеноза, кај еден пациент со терминален илеум со стеноза на валвула и фистула, кај еден пациент со терминален илеум и фистула на ниво на цекум, кај два пациента со зафатеност на илеум, колон и стеноза, потоа кај еден пациент илеум, колон и фистула и еден пациент со стеноза на колон и фистула. Стенози и фистули биле дијагностицирани кај 8 (20%) деца, наспроти податокот од литературата дека тој процент се движи до 9% за време на дијагностиката и 24% кај децата кои развиле стриктурни или пенетрирачки компликации во рок од 4 години по дијагностицирањето на болеста.

Во студијата, од вкупно 21 дете со улцерозен колит, 18 (86%) деца ја манифестирале болеста со панколит, а останатите три деца со зафатеност на ректум и сигма, што се совпаѓа со податоците од литературата.

Серолошки аспекти

Во студијата, кај 28% од случаите е утврдено отстапување на биолошкиот синдром, забрзана седиментација на еритроцити, високи вредности на Ц-реактивен протеин, хипер гамаглобулинемија, хипоалбуминемија, анемија од феринривен тип и зголемен број на тромбоцити, што е сугестивно за ИБЦ.

Имунолошки аспекти

Просечните вредности на ИгГ, ИгА и ИгМ, кај испитуваните пациенти по дијагнози, покажуваат дека вредностите на ИгГ лесно отстапуваат од нормалните. Направениот ANOVA Post Hoc тест на мултипна компарација на примероци е значаен $p<0,05$ за КБ и УК во однос на контролната група. Направен е ANOVA Post Hoc тест на мултипна компарација на примероци за ИгА, и тој е значаен $p<0,05$. Највисоки вредности на ИгГ имале случаите со зафатен терминален илеум и колон со стеноза, фистула и перианален апсцес.

Направен е ANOVA Post Hoc тест на мултипна компарација, за просечните вредности на IL-6, која е статистички значајна за Кроновата болест во однос на групата на пациенти со УК p <0,01.

Просечните вредности за IL-1 се покачени кај пациентите со КБ. Постои значајна разлика помеѓу групите на пациенти со КБ и УК. Концентрациите на IL-6 и IL-1 се покачени само кај 6 лица, кои се во најблиска фамилијарна врска (родител, брат/сестра).

Покачени вредности на ASCA ИгА и ASCA ИгГ имале пациентите со Кронова болест. Направен е ANOVA Post Hoc тест на мултипна компарација на примероци и тој е статистички значаен p<0,01. Тестот ASCA ИгА за КБ е со висока сензитивност 89,4%, односно од вкупно 19 пациенти со КБ, 17 пациенти имале покачени ASCA ИгА вредности. Највисоки вредности за ASCA ИгГ се добиени кај пациенти со болест на терминален илеум, колон со стеноза на валвула Баухини, анален апсцес и перианална фистула. Највисоки вредности на ASCA ИгА биле добиени кај пациентите со болест на илеум и колон со стеноза.

ASCA ИгГ за УК не е статистички значајна p>0,05 (0% сензитивност), нема ниту еден пациент со покачени вредности од нормалните. ASCA ИгГ за КБ е статистички значајна p<0,01 (сензитивност 73,6%).

Направен е Spearman-ов rho тест, кој покажал корелација помеѓу појавата на зглобните промени и вредностите на ASCA ИгА. Просечните вредности на PR3 се сигнификантно зголемени кај пациентите со УК.

Прикажани се мутации/полиморфизми на NOD2/CARD15 генот. Отстапувањата се видливи само во групата на пациенти со КБ и за двете мутации/полиморфизми.

Заклучоци

Врз основа на добиените резултати донесени се следниве заклучоци:

Контролна група

Серолошките, имунолошките и генетските иследувања кај контролната група биле со уредни вредности.

Група на роднини на пациентите

1. Само просечните вредности на ASCA ИгА отстапуваат од нормалните, како резултат на значително покачените вредности кај одделни роднини (родители).
2. Покачени вредности на проинфламаторни цитокини IL-1 и IL-6 имале шест лица (9,2%) кои се во најблиска фамилијарна врска (родител, брат и сестра) на заболени пациенти со ИБЦ.
3. Оформена е група на лица кои имаат ризик за појава на ИБЦ исто како и кај заболениот член од нивното семејство.
4. Во однос на генетската анализа, фамилијарна поврзаност била докажана само кај еден родител на пациент со Кронова болест со Arg702Trp мутација/полиморфизам.

Пациенти со инфламаторна болест на црева

5. Застапеноста на инфламаторната болест на цревата во детската возраст на дванаесетгодишниот материјал изнесувал 0,5%.
6. Заклучено е дека постои тенденција кон зголемување на инциденцата во Р.Македонија.

7. Пациентите кои се дијагностицираа во последниве дванаесет години и се предмет на разгледување во оваа студија се на возраст од 4,8 до 19 години. Мал е бројот на пациенти, (6 деца) помали од десет години и уште помал бројот (три) на деца помали од осум години кои имаат ИБЦ.
8. Зголемена е дистрибуцијата на пациентите чиешто место на живеење е во урбаната средина.
9. Од клинички аспект, во студијата доминира интестиналната манифестација на болеста. Стомачната болка е најчест клинички симптом кај пациентите со Кронова болест. Класичниот тријас на симптоми за КБ (абдоминална болка, дијареа и губење на телесна тежина) манифестирале 30% од пациентите. Пролонгираната дијареа е најчестата клиничка манифестација кај пациентите со УК.
10. Екстраинтестиналната манифестација на болеста, била застапена кај 35% од децата.
11.Терминалниот илеитис е најзастапена фенотипска манифестација на Кроновата болест во детската возраст.
12. Стенози и фистули биле дијагностицирани кај 20% од децата со КБ.
13. Панколитис е најчестата фенотипска карактеристика на УК.
14. Во студијата, кај 75% од децата било утврдено отстапување на биолошкиот синдром со забрзана седиментација на еритроцити, високи вредности на Ц-реактивен протеин, ИгГ и тромбоцити, намалени вредности на хемоглобин и албумин, што е сугестивно за ИБЦ.
15. Во студијата, концентрациите на серумските ИгГ биле значајно покачени кај КБ и кај УК во однос на контролната група.
16. Тестовите на ASCA (ИгГ и ИгА) се високо сензитивни за Кроновата болест.
17. Заклучено е дека тестовите на MPO и PR3 не се сензитивни тестови за улцерозен колит.
18. Цитокинските параметри, особено клучниот цитокин TNF-α, се важни за утврдувањето на активноста на болеста, но исто така и при одлуката за употреба на биолошка терапија.
19. Концентрациите на IL-1, IL-6 и TNF-α биле покачени кај пациентите со КБ.
20. Утврдена е корелација помеѓу фенотипските карактеристики и цитокинскиот профил преку покачени вредности на TNF-α кај пациентите со КБ, со болест на терминален илеум.
21. Позитивна фамилна анамнеза во нашата студија била утврдена кај 10 (25%) деца, а од прво колено кај само 3 деца со КБ.
22.Утврдени се NOD2/CARD15 хетерозиготни мутации на ниво на нуклеотидите Apr702Trp и Ley1007fsinsC кај пациентите со КБ и во фамилиите на заболените. Фамилијарна поврзаност е докажана само кај еден пациент со Кронова болест со мутација на Apr702Trp и кај неговиот родител (татко).
23. Корелацијата помеѓу фенотипските и генотипските карактеристики, покажува дека пациентите со Кронова болест со фенотипска манифестација на болеста со зафатеност на илеум и стриктури имаат мутација Ley1007fsinsC.
24. Apr702Trp мутација имаа две деца, и тоа: дете со КБ со зафатеност на терминален илеум, колон со стеноза на валвула Баухини, анален апсцес и перианална фистула и едно дете со болест на терминален илеум. Мутацијата Ley1007fsinsC на NOD2/CARD15 е најдена кај само еден пациент со КБ.
25. Корелациите на овие аспекти се од круцијално значење и можат да ни помогнат во дијагностиката на болеста, во диференцирањето на Кроновата болест од улцерозниот колит, можноста од оформување на ризични подгрупи

во семјството, раното откривање на деца кои се во можен ризик за развој на ИБЦ и генетската поврзаност при различни клинички/фенотипски манифестации.

Литература
Цитирана е современа и релевантна литература од преку 300 референци од областа на инфламаторната болест на цревата во детската возраст.

ЗАКЛУЧОК

Докторската дисертација под наслов **Корелација помеѓу генотипските, фенотипските и имунолошките карактеристики на инфламаторната болест на цревата во детската возраст** претставува сеопфатен преглед на направената корелација помеѓу клиничко/фенотипските, имунолошките и генетските особини на ретроспективната и проспективната кохорта на пациентите со ИБЦ.

Темата е актуелна и е во контекст на светските трендови. Во целост, фенотипските, генотипските и имунолошките карактеристики претставуваат клучни параметри и имаат важна улога во дијагностичкото, клиничкото и терапевтското следење на пациентите со ИБЦ.
Студијата е богато илустрирана со табели и графикони од кои јасно се гледаат статистичките разлики меѓу испитуваните групи.
Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје да ја прифати оваа докторска дисертација и да ја продолжи процедурата за нејзина одбрана.

Рецензентска комисија:

1. проф д-р Мирко Крстевски с.р.
2. проф д-р Стефанка Грујовска с.р.
3. проф д-р Мирко Спироски с.р.

РЕЦЕНЗИЈА
НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „КОМИЧКИОТ ЕФЕКТ ВО ХЕЛЕНСКАТА КОМЕДИЈА“, ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р ДАНИЕЛА ТОШЕВА НИКОЛОВСКА, ПРИЈАВЕНА НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на Одлуката што е донесена на 31. редовна седница на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, одржана на 16.11.2012 година за формирање Комисија за оцена на докторската дисертација под наслов **Комичкиот ефект во хеленската комедија**, поднесен од **м-р Даниела Тошева Николовска**, Комисијата во состав: проф. д-р Весна Томовска, академик проф. д-р Витомир Митевски, проф. д-р Маргарита Бузалковска Алексова, проф. д-р Валериј Софрониевски и доц. д-р Ратко Дуев, го поднесува следниов

ИЗВЕШТАЈ

Докторската дисертација *Комичкиот ефект во хеленската комедија* од м-р Даниела Тошева Николовска има 340 страници компјутерски обработен текст. Основниот текст на дисертацијата (9-286) се состои од *Увод* (9-25) и три тематски целини: *Географски и временски рамки на хеленската комедија* (26-60), *Смешното и комичкото* (61-78) и *Комички ефект* (79-270) вклучително *Заклучок* (271-285). Овој текст е придружен со *Додатоци* (286-330), *Библиографија* (331-340), како и *Список на илустрации* (5) и *Список на скратеници* (6-8).

Уводот има три дела. Во првиот дел (*1. Предмет, цели и методологија на истражување*) се образложува изборот на предметот, целите и методолошката постапка на истражувањето. Изборот на темата, како што објаснува м-р Даниела Тошева Николовска, е насочен од потребата да се состави целосна слика за хеленската комедија која во времето на својата автентична продукција опфаќа широки временски и просторни рамки. За ваквиот сеопфатен приказ одбран е комичкиот ефект како интегрирачка појава која едновремено ја одредува генеричката суштина на комедијата. Иако во основа книжевен облик, хеленската драма е производ на театарот како специфичен простор за остварување на животот на градот. Оттаму, комичкиот ефект не е само книжевна, туку и сценска појава. Ова ја наметнува потребата од проширување на полето на истражување, па покрај книжевните податоци во обработката се вклучени и податоци од античкиот театар и како институција и како архитектонски простор. Ваквиот пристап го обединува разгледувањето на сите автентични и документирани можности за остварување на комичкиот ефект, и оние на драмскиот текст и оние на драмската претстава.

Севкупноста како основна цел што си ја поставува авторката на оваа дисертација се остварува на повеќе, парцијални рамништа. Меѓу другите, таков е и обидот во вториот дел (*2. Традицијата на текстовите*) од *Уводот* да се даде сумарен преглед на традицијата на текстовите на хеленската комедија. Овој преглед кој покажува извонредно висок степен на информираност на авторката, ги бележи најважните моменти од историјата на фиксирање и на чување на текстовите и има задача да ја констатира состојбата на изворниот материјал кој е предмет на класично-филолошка анализа и книжевно-теориско толкување во оваа дисертација.

Настојувањето да се прикаже една интелектуална практика во својата севкупност е одлика и на третиот дел (*3. Досегашните изучувања на хеленската комедија*) од *Уводот*. Во прегледот на досегашните обиди на истражувачите да состават релевантна експликација на хеленската комедија, се воочува отсуството од здружено и споредбено истражување на бројните трансформации на овој драмски облик кој би ја почитувал динамичноста во променливоста на состојбата на изворниот матерјал кој е цел на обработка, односно на текстот на оригиналот. Во таквото отсуство авторката на оваа дисертација ја препознава потребата и можноста за ново и сеопфатно препрочитување на зачуваните сведоштва на хеленската комедија.

Првиот дел на дисертацијата (*1. Геоѓрафски и временски рамки на хеленската комедија*) на некој начин го надоградува Уводот, односно внимателно ја подготвува расправата со мапирање на појавата која е предмет на ова истражување. Оваа постапка на мапирање на хеленската комедија не се однесува само на прецизното одредување на позицијата на нејзината автентична продукција во конкретен простор и време, туку и на дефинирање и сместување на различните драмски облици обединети со поимот хеленска комедија на мапата на хеленската книжевност. Авторката на дисертацијата ја воочува проблематичноста и непрецизноста на терминот *хеленска комедија* и одговара на потребата да се разгледа хетерогеноста на појавните облици именувани со овој збирен назив. Оваа терминолошка полемика започнува (*1.1. Аттичка и дорска комедија*) со одредување на дистинкцијата помеѓу атичката и дорската комедија како нужно разликување на две сценски и книжевни појави евидентно различни според своите особености, условени од автентичниот контекст во кои се појавуваат. Натаму (*1.2. Меѓарската комедија и потеклото на комедијата*), со особено внимание и деликатност на истражувачката постапка се разгледува можноста една сценска практика посведочена во трансформирани облици на повеќе локации во Хелада и нејзините колонии во Јужна Италија да се означи со називот *меѓарска комедија*. Аргументативната постапка на оваа терминолошка расправа се темели, меѓу другото, и на критички коментар на сведоштвата (Аристофан, Аристотел, Сосибиј, посредувани сведоштва за Сусарион и Епихарм, како и ликовни претстави на керамички садови и вази) кои ги бележат корените на хеленската комедија и нејзината трансформација од првично сценска појава до книжевен облик. Дијахронискиот преглед на хеленската комедија се заокружува со поглавјето посветено на атичката комедија (*1.3. Преѓлед на аттичките комедиоѓрафи*) како една нејзина најдобро документирана манифестација, што нуди можност за идентификација на неколку развојни етапи во еден долг период (повеќе од две столетија) од нејзината автентична продукција.

Терминолошката расправа, како потреба, се јавува и во вториот дел од дисертацијата (*2. Смешното и комичкото*). Од една страна, за да се дефинираат навидум синонимните означувачи: *смешно, комично, хумор* и за да се објасни семантичката различност на термините: *комично* и *комичко*, а од друга страна, за да се најде соодветен означувач за некои термини од хеленската теориска практика непознати во други вербални системи, како што се: αἰσχρολογία, σκατολογία, ἰαμβίζειν, χλευάζειν, λοιδορεῖν, ψέγειν. Настојувањето попрецизно да се определи содржината на оние означувачи кои го сочинуваат семантичкото поле на смешното е појдовна точка во обидот да се дефинира генеричкиот маркер на хеленската комедија. Во исполнувањето на оваа задача, авторката на дисертацијата се задржува на поетиките на Платон и на Аристотел и на еден подоцнежен извор за кој се смета дека може да биде многу точно сведоштво за реконструкција на претпоставената Аристотелова дефиниција на комедијата, познат како Коислинијански трактат. Во теориската расправа за одредувањето на суштината на комедијата вклучени се и сродните сценски и книжевни појави, како што се сатирската драма и јампската поезија, а преку овие, и соодветните референци на ритуалната практика и на митолошката традиција.

Основната тема на дисертацијата – комичкиот ефект во хеленската комедија, е обработена во пет тематски целини: 3.1. *Фабулата на комедијата*, 3.2. *Карактерите во комедијата*, 3.3. *Комички израз*, 3.4 *Комички мисли* и 3.5. *(Вон)текстуалните елементи во комедијата*. Поделбата е направена според Аристотеловата систематизација на квантитативните делови на драмата, а произлегува од сознанието дека комичкиот ефект како суштина и цел на комедијата може да се препознае во сите слоеви на нејзината книжевна и сценска појава. Овие генерички бази за исполнување на комичкиот ефект, како што ги именува м-р Даниела Тошева Николовска, покажуваат одредени хиерархиски релации во однос на предноста што секоја од нив ја има во исполнувањето на драматуршката задача. Во таа смисла, фабулата на комедијата ја има челната позиција како темелен одредувач и насочувач на остварувањето на комичкиот ефект и во останатите бази. Разгледувањето на појавните облици на комичкиот ефект во фабулата е организирано според типологизацијата на комичките фабули базирана на различните видови содржини, што значи митолошки травестии или комедии со содржини преземени од митологијата, комедии со фантастични содржини и комедии со содржини од секојдневниот живот. Анализата на поединечните видови фабули се остварува во две насоки, синхрониска и дијахрониска. Имено, во рамките на одредениот вид фабула според хронолошкиот редослед на комедиографите се нотираат, се толкуваат и се коментираат идентификуваните можности за постигнување комички ефект. Заклучокот од ваквото разгледување е дека во структурирањето на комичките фабули може да се препознае извесна матрица според која актуелниот проблем со различна провениенција (стари и дотраени структури, љубовници што не можат да бидат заедно) станува цел на зададениот проект за негово надминување, односно заменување со друго и ново. Остварувањето на проектот и испитувањето на новонастанатата состојба сама по себе е инспиративна ситуација за постигнување на комички ефект, а неговата типичност може да се опише како изнасилено и неприродно спојување на неконгруентни елементи, мешање на фантастично со реалистично, дислоцирање на богови и херои во несоодветни за нив простори и ситуации, или инсталирање на луѓе во божествен контекст.

Характерите во хеленската комедија се еднакво богата генеричка база за остварување на комички ефект. Разгранетата типизација на драмски лица укажува на бројните можности за нивна комичка експресија. На една страна се издвојуваат митолошките ликови кои поради прекумерноста на своите карактерни особености се соодветни за комичка обработка, или, како што вели м-р Даниела Тошева Николовска, инспиративни за да добијат комички идентитет. За ваков вид трансформации особено погодни се митолошките структури на: Херакле, Дионис, Одисеј, Зевс, Афродита, Хелена. На друга стана во систематизацијата на комичките карактери се типичните ликови што припаѓаат на карактерни групи (паразит, ласкавец, мизантроп, недоделкан, ситничар, љубовџија), потоа оние што имаат различни професии (готвач, војник, лекар, философ, подводација), или различна родова припадност, или возраст (младич, старец, девојка, жена). Комичкиот ефект кај овие комички ликови се темели на истакнувањето на одреден нивен недостаток поради кој драмското лице ја нарушува очекуваната состојба на драмските настани и ја испитува нивната оптативност.

За класично-филолошката анализа на остварувањето на комичкиот ефект најинтересна е генеричката база која се темели на комичкиот јазичен израз. И на ова поле комедиографската традиција сведочи за разновидност на појавните облици и можност за нивно систематизирање. Најприсутни облици на вербална експресија во хеленската комедија независно од развојниот статус или просторна детерминираност се шегите. Препознатливо средство на комичкиот израз е непристојниот говор, кој во традицијата на хеленската комедија се сретнува само кај Аристофан. Типично за јазичниот израз на овој комедиограф се и комичките имиња, кои претставуваат посебна лексичка категорија на таканаречени "имиња што зборуваат". Овој ономастички портрет е моќно и економично средство за декодирање на комичкиот ефект во одреден контекст на рамниште на цела комедија, или само на една епизода. Јазичната пародија како особеност на комичкиот израз се сретнува или како пародија на одреден книжевен дискурс и во таа смисла најчесто на трагедиографскиот, или како пародија на туѓи дијалекти во однос на атичкиот. Комичкиот јазичен израз се одликува со уште една особеност која се смета за генерички маркер, а тоа е разбивањето на сценската илузија преку упад во драмската вербална комуникација со содржини кои не се дел од драмското дејство. Во структурата на старата атичка комедија бил предвиден посебен простор за ваков вид вонсценска комуникација познат како парабаза, а во комедијата од 4 век ваквата комуникација се остварувала преку автореферентно обраќање.

Во дисертацијата е обработена уште една богата и разновидна генеричка база која ги обединува вонтекстуалните елементи на комедијата, оние што се однесуваат на драмската претстава. Токму преку невербалната комуникација комичкиот ефект е најнепосредно достапен, при што се ангажирани означувачките можности на маските и костимите, како и на реквизитите и на сценското уредување. Овие визуелни носители на комичката порака можат да фукционираат како самостојни сценски елементи, или како придружни кодови на драмскиот текст.

За заклучокот на дисертацијата м-р Даниела Тошева Николовска одбира еден нестандарден наслов – *(Не)типичност на хеленската комедија.*

Неопределеноста на формулацијата, всушност, сосема прецизно го дефинира сознанието до кое води критичката обработка на податоците кои се добиени со темелна анализа на сведоштвата за хеленската комедија, почнувајќи од достапното текстуално наследство, па сè до најоддалечените меморији на оваа појава. Проучувањето на комичкиот ефект како генерички маркер на комедијата и неговите бројни појавни облици укажува едновремено и на типични и на нетипични комички појави. Имено, истражувањето покажува дека хеленската комедија во долгиот период на својата автентична продукција се одликува со динамични промени на обликот условени од културната детерминираност на просторот (атичка и дорска комедија), но и од активната книжевна комуникација со други драмски (трагедија, сатирска драма) и лирски видови (јамбска поезија). Оттаму, во услови на изворен материјал со нагласена фрагментарност, прецизната идентификација на типично комичките елементи и особености нужно е дефинирана како неопределена.

Основниот текст на дисертацијата е придружен од корпус на дополнителни текстови кои во основа имаат функција да го асистираат читањето. Такви се: *Генерален индекс*, *Индекс на цитати од антички автори* и *Индекс на грчки зборови*. Помеѓу додатоците е и *Список на хеленските комедиографи и нивните дела*. Овој каталог претставува самостоен научноистражувачки проект чија содржина има изворедна информативна вредност. Собрани се детални податоци за секој комедиограф за кој постои каквобило сведоштво, нотиран е периодот на неговата драмска продукција, како и документираните наслови на неговите комедии. Авторите се организирани според општата поделба на хеленската комедија на атичка и дорска, а во рамките на првата, според хронологијата на видовите – стара, средна и нова атичка комедија. Личните имиња и називите на комедиите се наведени двојно, со транскрипција и во оригинал.

Докторската дисертација со наслов *Комичкиот ефект во хеленската комедија*, поднесена од м-р Даниела Тошева Николовска, претставува обемно научно дело кое по својата големина и содржина ги надминува рамките на предвидените академски стандарди за ваков вид научен труд. Според приложената библиографија, но и според експликаторните референци, дисертацијата се темели на обработка на богат изворен материјал. Во однос на ова, особена доблест на трудот е педантното евидентирање, анализирање и коментирање на сите достапни сведоштва, фрагменти и сочувани интегрални дела од хеленската комедија во нивниот изворен облик на старогрчки јазик. Оваа филолошка компетентност на м-р Даниела Тошева Николовска ѝ овозможува суверено и убедливо да ја гради аргументативната постапка во толкувањето на комичкиот ефект како генерички маркер на комедијата. Во настојувањето да ја преиспита оваа појава во сите нејзини облици авторката ја евидентира нејзината присутност во сите слоеви на комедијата и како драмски текст и како драмска претстава. Сознанијата и заклучоците до кои се доаѓа во оваа дисертација претставуваат сериозен прилог кон ревидирање на досегашните обиди за воспоставување на хронолошки релации помеѓу некои трансформации на хеленската комедија. Покрај основниот текст на дисертацијата, кој опфаќа 285 страници, приложени се и додатоци кон текстот од 44 страници. Еден од овие додатоци со наслов *Список на хеленските комедиографи и нивните дела* претставува самостојна целина со изворедно документарна вредност.

Согласно со изнесеното мислење, предлагаме Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје да ја допушти за одбрана докторската дисертација со наслов *Комичкиот ефект во хеленската комедија*, поднесена од м-р Даниела Тошева Николовска.

Скопје,
9.01.2013

Комисија
Проф. д-р Весна Томовска, с.р.
Академик проф. д-р Витомир Митевски, с.р.
Проф. д-р Маргарита Бузалковска Алексова, с.р.
Проф. д-р Валериј Софрониевски, с.р.
Доц. д-р Ратко Дуев, с.р.

РЕЦЕНЗИЈА

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ СО ПЛАНИРАЊЕ ДО РАЗВОЈ ВО МЕДИУМИТЕ-СОСТОЈБИ И ПЕРСПЕКТИВИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА “, ИЗРАБОТЕНА ОД КАНДИДАТКАТА М-Р ИВАНА БИЛБИЛОВСКА, ПРИЈАВЕНА НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 113, став 6 од Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 35/08), член 241 од Статутот на Универзитетот “Св. Кирил и Методиј” во Скопје и член 39 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Економскиот факултет во Скопје, во состав на Универзитетот “Св. Кирил и Методиј” во Скопје, а според одлуката на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, број 0202-4564/2, од 21.12.2012, донесена на седницата одржана на 19.12.2012 година, определени сме за членови на Комисијата за оцена и одбрана на докторската дисертација под наслов: **СО ПЛАНИРАЊЕ ДО РАЗВОЈ ВО МЕДИУМИТЕ-СОСТОЈБИ И ПЕРСПЕКТИВИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**, поднесена од кандидатката м-р Ивана Билбиловска. По прегледувањето на трудот, Комисијата пред Наставно-научниот совет го поднесува следниов

ИЗВЕШТАЈ

СОДРЖИНА И ОПФАТ НА ТРУДОТ

Докторската дисертација со наслов **СО ПЛАНИРАЊЕ ДО РАЗВОЈ ВО МЕДИУМИТЕ-СОСТОЈБИ И ПЕРСПЕКТИВИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**, поднесена од кандидатката м-р Ивана Билбиловска, е обработена на 267 страници компјутерски среден текст. Содржината на трудот освен: вовед, *апстракт* и *клучни зборови* на македонски и на англиски јазик, заклучок (стр.246-256) и литература (стр.256-267), е систематизирана во 5 (пет) глави, и тоа:

Глава 1. Планирање на програмата во медиумите (стр.17-75)

Глава 2. Видови истражувања на планирање во медиумите (75-117)

Глава 3. Пл анирање на медиумските кампањи и процес на изработка на медија планот

(стр.117-159)

Глава 4. Однесување на потрошувачите и планирање на медиумот и медиумските производи (159-190)

Глава 5. Медија-планирање во Република Македонија (190-246)

Првата глава од докторската дисертација со наслов ***Планирање на програмата во медиумите*** го разработува планирањето на програмата во медиумите, со која се одредуваат целите и стратегиите. Програмата во медиумот ја структурираат активни и прифатени проекти, временски определени. Од планираните програмски содржини, медиумот очекува да обезбеди интерес кај аудиториумот. Целта на планирањето е и контрола на неизвесноста во иднина, отстранување на непотребните ризици и шансите за успех, т.е. со исти ресурси да се оствари повеќе. Во програмската шема се планира и рекламирање, тоа е основа за финансиски успех во медиумот. Распоредот на емитувањето на програмата во медиумот се должи на планирање според шема која ќе обезбеди најголема гледаност, но и да се задржи аудиториумот на емисиите со ниска гледаност.

Истражувачките активности се групираат во зависност од тоа каде им е местото во процесот на планирањето. Во прилог на создавање клима за планирање е дизајнирањето на работата и тимската работа. Процесот на планирањето започнува со собирање информации и дијагноза на ситуацијата, па преку дефинирање на проблемот, формулирање на целите и задачите, целни сегменти, креирање на пораката, изработка на програмата, оценување на програмата, евентуални исправки во програмата, завршен извештај, буџет и спроведување на планот. Во оваа глава се елаборирани и целите на медиумот, кои се класифицирани според нивната намена и покажуваат каде се сака да се оди. Елементи на планот се цели, политики, постапки, методи, програма и буџет. Временскиот распоред на планот треба да ги презентира аспектите на временскиот распоред на програмските содржини и нивното траење изразено во часови. Важно е да се проценат трошоците од примената на планот. По пат на евалуација се мерат резултатите во однос на поставените цели на медиумот.

Во втората глава со наслов **Видови истражувања на планирање во медиумите,** систематски и објективно се истражува и се доаѓа до одредени информации, преку собирање, обработка и нивната анализа. Истражувањата служат да го поддржат и да го оправдаат концептот на структурираната медиумска програма. Се анализираат фактори кои влијаат врз позиционираноста и остварениото учество на медиумот, како и мерење на ефективноста на медиумските кампањи. Со анализа на ситуацијата треба да биде опфатено истражување на општата состојба, конкуренцијата и да се дознае мислењето на публиката.

Темелната анализа на внатрешните и на надворешните фактори дава информации за оцена на силата на медиумот. Во оваа глава се разработува и рејтингот на медиумот, кој се утврдува со процентот на семејствата или поединци кои се изложени на следењето одреден медиум. Третата глава е со наслов ***Планирање на медиумските кампањи и процес на изработка на медиа-план,*** и се однесува на суштината на планирањето на медиумите и медиумските кампањи. Најважно е колку р екламата во медиумот ј а зг олемила продажбата, обемот на производството, продуктивноста на трудот итн. Затоа, во кампањите треба да се сфатат ставовите и потребите на целната публика. Развојот на медија-стратегијата бара повторна анализа на пазарот на кој постои конкуренција која ја засилува борбата за потрошувачите и задоволување на нивните барања.

Проблемите го отежнуваат создавањето на планот и ја намалуваат неговата ефикасност. Без познавање на пазарот, планерите не можат да одлучуваат. Варијаблите к ои се п рименуваат з а сег ментирање на п азарот се дескриптивни, демографски и психографски. Најдобрите стратегии се засноваат врз претпоставките за идните економски движења на пазарот. За успешно работење на медиумот, планерот треба да направи тестирање на успешноста на одделни медиуми. Планерот треба да располага со знаење, да остварува добри контакти со коминтенти, медиуми и со агенции.

Во четвртата глава со наслов ***Однесување на потрошувачите и планирање на медиумот и медиумските производи*** се истражува однесувањето на потрошувачите, кое е мотивирано од економски, социолошки, психолошки и други фактори. Маркетинг-менаџерите се задолжени за истражување на можностите со кои ги согледуваат ставовите и однесувањето на потрошувачите. Ова истражување треба да биде правилно избалансирано и временски рационално поставено. Задача на менаџментот е да работи на подобрување на задоволување на потребите на потрошувачите, да презема мерки за следење на промените и да ги оценува резултатите за да утврди дали имплементираните промени имаат позитивно влијание.

Петтата глава од докторската дисертација, наслов ***Медиа-планирање во Република Македонија*** и во неа се елаборирани карактеристиките на медиумите, медија-планирањето и значењето на рекламите за успешно работење на медиумите во Република Македонија. Се прикажуваат, исто така, и приходите остварени од медиумите со рекламирањето во корелацијата со рејтингот на медиумот.

Иднината на медиумите тешко може да се предвидува затоа што публиката е пребирлива, а трендовите се менуваат. Потребно е да се креираат атрактивни содржини кои треба да бидат пласирани на сите можни начини, со цел публиката да се опфати целосно. Во овие услови медиумите треба да бидат прагматични, да донесуваат правовремени одлуки, да креираат програма која ќе им гарантира успех. Кризната состојба влијае врз медиумот да располага со добро планирање, со кое ќе биде надмината вистинската криза и ќе се задржи имиџот на медиумот.

ОЦЕНА НА ТРУДОТ

Медиумот е фактор на секој развиен медиумски систем. Од своето настанување тој бележи развој и зазема важно место во животот и работата на луѓето. Медиумите се извор на информации, забава, а понекогаш и лутина, индиректна врска со другите луѓе, создавачи и поддржувачи на културата и субкултурите кои се појавуваат во општеството. На политичко ниво, медиумите играат главна улога во демократизацијата.

Покрај улогата што медиумите ја имаат како врска меѓу општеството и субјектите кои го сочинуваат, тие се важен фактор во општеството. Медиумскиот бизнис е профитабилен, тоа е индустрија во која се наоѓаат најсилните компании. Моќта на медиумите не доаѓа само од заработката што ја имаат од рекламите, претплатата или продажбата на весниците, туку и од способноста да влијаат врз јавното мислење.

Во докторската дисертација станува збор за важноста на планирањето во медиумите, што треба да биде стратешко, т.е. да е од фундаментално значење за медиумот, кога се одредува целта на медиумот и стратегијата.

Планирањето во медиумот започнува со прибирање информации и дијагноза на состојбата во медиумот, а потоа се дефинира проблемот, се формираат целите и задачите, се дефинираат целните сегменти, се изработува програмата, се оценува истата и по потреба се модифицира. Со планирањето се утврдува насоката на дејствување на медиумот. Потребно е да се познава ситуацијата во која се делува уште од самиот почеток, како и да се утврдат односите на медиумот со надворешната околина.

Планирањето е прва и суштествена фаза во процесот кога се донесуваат планските задачи, т.е. се воведуваат активности кои треба да придонесат до саканата ситуација. Секој медиум ја планира својата програмска содржина, со која се интегрираат напорите, се одредуваат приоритетите, што поставуваат и се контролираат целите. Целите треба да бидат поставени така да може јасно да се

презентира саканата состојба или степенот на подобрување на сегашната состојба во медиумот, преку преземање акции или активности без конфликти. Целите треба да бидат јасни, а стратегијата соодветна за да ја овозможи нивната реализација. Конкретно, стратегијата ги покрива важните случувања и појави кои се пресвртници за медиумот, т.е. која позиција треба да биде остварена во временскиот период. Во стратегијата се содржани планските одлуки во кои се предвидуваат факторите во средината и врз тие основи се прави пат и начин за нивна реализација.

При планирање на програмата се одредува редоследот на содржините кои ќе се пласираат/пренесуваат преку медиумот. Во елетронските медиуми се планира минутажата, односно содржината изразена во минути, која ќе биде достапна во текот на денот. На медиумите им е потребна релевантна, временски добро испланирана и добро насочена програма, која е од интерес за аудиториумот/потрошувачите. Потребното време за планирање на програмата зависи од обемот и сложеноста на самата програма, искуството во планирање и расположливите средства. Оној што работи на програмско планирање во медиумот треба да размислува за ситуацијата, како и да анализира што може да се направи, креативно да ги обмисли соодветните стратегии и тактики и да одлучи како ќе ги измери остварените резултати. Кога во целост ќе се анализира ситуацијата во медиумот, можат да бидат поставени реални програмски цели со кои се дефинираат планските претпоставки. Доброто истражување на ситуацијата/состојбата служи како основа за одлучување во медиумот.

Планирањето е процес на развој и одржување на добра усогласеност помеѓу целите во медиумот, стручноста и изворите на можностите со кои треба да се обезбеди профитот и растот. Во денешни услови со систематско планирање се овозможува успешна комуникација со предвидените активности. Со планирањето се поставуваат стандарди за олеснување на контролата, со која се споредува остварувањето на целите, потоа се утврдуваат девијации и се преземаат корективни активности. Контролата е важно средство за одредување на идната стратегија и тактика и таа препорачува начини и средства за извлекување полза, т.е. создавање профит. Со контролата се испитуваат постапките и се размислува како тие можат да бидат подобрени. Ако се утврди пробивање на трошоците, треба да се размислува за несоодветно планирање, изменети услови или појавување непредвидени настани во медиумот. Покрај ex post- димензија, контролата има и eh ante- димензија. Контролата може да вклучи и димензија на планирање, кога ќе се утврдат отстапувања од планот и од начините за корекција. Ex ante- контролата преку планирање и потиснување на ex post- димензија на контролата овозможува добро управување со промените.

Медиумите треба да бидат во служба на својата публика, бидејќи редовните слушатели, гледачи или читатели се нивните потрошувачи. Довербата во програмата/содржините од страна на публиката не се освојува лесно. Во медиумите се вложува многу време и труд за да се сработи се\ како што треба и да се задоволат потребите на аудиториумот. Важно е во медиумот да се развијат стратешки акции и контролни акции кои треба да ја утврдат успешноста на програмата. В о медиумската програма треба да бидат вклучени теми кои одговараат на потребите на аудиториумот, со информации, наука, култура, екологија, општествени промени, образование, здравство, спортска програма, играна програма, музичка програма и др. Со конкретни видови програма се одредува структурата, големината и реакцијата на аудиториумот.

Карактерот на медиумот сепак е пазарно мотивиран и ориентиран кон потрошувачите, како и сите останати односи на размена на пазарот. Денес, во услови на нова информациска технологија, маркетингот е во функција на избор на стратегија за настап на пазарот, како и евалуација, буџет и спроведување на активностите.

Предмет на истражување на оваа докторска дисертација е улогата која ја има програмското планирање, медија-планирањето како екстерен елемент во планирањето на програмата во медиумите, како и медија-планирањето како извор на приходи во медиумот.

Во функција на исполнување на планираните цели, планерите ги извршуваат основните активности: истражување, планирање, буџет, реализација и оценување. За спроведување на сите овие активности се потребни знаења и дејствие.

Во дисертацијата најпрво се истакнува важноста на планирањето на програмата во медиумите, со кое се зголемува ефективноста на активностите насочени кон остварување на мерливите цели во комуникацијата за да се прифатат промените за надминување на тешкотиите во работењето. Програмата ги определува трошоците кои треба да бидат покриени со приходите и да обезбедат резултат во работата.

Планирањето треба да биде континуиран процес за одлуки во иднината, да биде водич за акции и намалување на неизвесноста и ризикот во иднина и да ја акцентира важноста на климата за спроведување на планот. Климата во која се одвива планирањето се однесува на свеста и однесувањето на вработените. За ефикасна комуникација во медиумот потребна е клима на доверба, т.е. да се има доверба меѓу сопственикот на медиумот и вработените; информациите да циркулираат вертикално и хоризонтално; да постои задоволство на вработениот

од неговата положба; работите да се одвиваат без несогласување, како и оптимизам за иднината.

Преку планирањето во медиумите се покриваат саканите целни групи со кои треба да биде воспоставена комуникација, нови трендови и друго, со цел свесно осмислување и поврзување на многубројни елементи на дејствување и зголемување на ефикасноста во медиумот во саканата насока. При планирање се јавува широка палета проблеми кои го отежнуваат креирањето и ја намалуваат ефикасноста во работењето. Како главна пречка при подготовка на планот е времето и временскиот теснец кој се јавува при реализацијата на планот. Кога постои несоодветно планирање се прават рутински реакции кои не одговараат на денешното време. Тука можат да бидат вклучени недоволни информации, несоодветна методологија и терминологија, временски притисоци, непредвидливост на настаните, административни пречки и тешкотии во мерењето на ефективноста.

Планерот може да користи низа податоци прибрани за потребите на планирањето, а своите одлуки да ги базира врз основа на потврдени факти кои се добиваат од истражувањето. Резултат на успешноста на планирањето е рејтингот на медиумот, кој се огледа преку големината на аудиториумот што го следи медиумот. Најгледан ќе биде каналот со најголем кредибилитет.

Комерцијализацијата на информациите им овозможува на медиумите да обезбедат потребни ресурси за финансирање на квалитетна програма. За пропагандистите пак, е важно да изберат силни но не „пренатрупани" медиуми во комерцијална смисла, како и да биде застапен интегриран пристап, со јасни комуникациски цели и подготвеност да ја измени пораката која ќе одговара на потребите на претпријатието.

Во дисертацијата се истакнува дека планирањето во Република Македонија поминало низ повеќе периоди. Во македонскиот медиумски простор постојат голем број медиуми, електронски и пишувани, локални и национални, кои функционираат врз основа на однапред составен деловен план.

Во услови на финансиска и должничка криза, ќе успеат само медиуми кои водат сметка за планирање на своите програмски содржини, т.е. медиуми кои нудат квалитетна програма, за генерирање приходи и повлекува поголем број комерцијални објави.

Трудот е напишан на литературен македонски јазик, со јасен и лесно разбирлив стил на изразување.

Придонесот во науката на оваа докторска дисертација може да се согледа од два аспекта. Првиот е дека овој труд на мошне едноставен начин ги поставува

врските и односите кои постојат интерно во медиумите како и со адвертајсинг-агенциите и ја разгледува поврзаноста на планирањето на програмската шема во однос на медија-планирањето. Вториот аспект за придонесот на оваа докторска дисертација е што се предлагаат модели во планирањето на програмската шема и медија-планирањето.

ПРЕДЛОГ

Врз основа на изнесената кратка содржина и оцената на докторската дисертација со наслов **СО ПЛАНИРАЊЕ ДО РАЗВОЈ ВО МЕДИУМИТЕ-СОСТОЈБИ И ПЕРСПЕКТИВИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**, поднесена од кандидатката м-р Ивана Билбиловска, а поаѓајки од тоа дека овој труд ги исполнува сите критериуми на ниво на докторска дисертација, Комисијата има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје:

- *прво:* да донесе одлука со која ќе го прифати извештајот на Комисијата за позитивната оцена на докторска дисертација;
- *второ:* да одобри закажување на ден за јавна одбрана на докторската дисертација.

Скопје, јануари 2013

КОМИСИЈА ЗА ОЦЕНА И ОДБРАНА
НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА

Проф. д-р Нада Секуловска с.р.
Проф. д-р Бобек Шуклев с.р.
Проф. д-р Љубомир Дракулевски с.р.
Проф. д-р Снежана Ристевска Јовановска с.р.
Проф. д-р Томе Груевски с.р.

РЕЦЕНЗИЈА

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ДИНАМИКА НА ОДНОСИТЕ ВО СТУДЕНТСКИТЕ ГРУПИ ВО НАСТАВАТА ПО АНГЛИСКИ КАКО СТРАНСКИ ЈАЗИК НА АКАДЕМСКО НИВО“ ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р ЕЛЕНА ОНЧЕВСКА АГЕР ПРИЈАВЕНА НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, на својата 32. редовна седница од 28.11.2012 година, избра Рецензентска комисија за оцена на докторската дисертација „Динамика на односите во студентските групи во наставата по англиски како странски јазик на академско ниво“ поднесена од м-р Елена Ончевска Агер.
Рецензентската комисија беше избрана во состав:

1. д-р Екатерина Бабамова, редовен професор
2. д-р Марија Јанева – Михајловска, редовен професор
3. д-р Рајна Кошка – Хот, редовен професор
4. д-р Анжела Николовска, вонреден професор
5. д-р Орхидеја Шурбановска, доцент.

По разгледувањето на поднесениот труд, Рецензентската комисија има чест да го поднесе следниов

ИЗВЕШТАЈ

Истражувањето на м-р Елена Ончевска Агер е изложено на 345 страници, проследени со осум додатоци кои покрај стандардната литература и инструментите за градење на базата на податоци, содржат и детален транскрипт на интервјуата со испитаниците. Последниот додаток (транскриптот) значително го зголемува обемот на трудот и може да се третира како посебен дел од кој дополнително би произлегле нови истражувања, како што заклучува и самата авторка во својата анализа.
Основниот текст на дисертацијата е распореден низ шест поглавја, во кои мошне методично, јасно и аргументирано се изложени тезите на овој труд.

1. Вовед. Во воведот м-р Ончевска Агер, поаѓајќи од своето искуство како лектор на Катедрата за англиски јазик и книжевност, ја анализира практиката на лекторската настава во Р. Македонија, обидувајќи се да посочи на алтернативни пристапи кон нејзина реализација. Понатаму, кандидатката ги дефинира предметот и целите на истражувањето, имено, да се испитаат перцепциите на наставниците (лекторите) и на студентите во врска со начините за создавање поволна афективна клима во наставата, при што неопходен елемент е градењето чувство за припадност на групата, како основа за поддршка и мотивација.
2. Преглед на литературата и релевантните истражувања од областите: професионален развој на наставниците, динамика на односите во група и мотивација во изучувањето странски јазик. Ова поглавје ги анализира досегашните истражувања и сознанија од областите релевантни за темата, кои понатаму ќе послужат како подлога за оригиналното остражување на м-р Ончевска. Накусо ќе ги споменеме основните елементи кои даваат поконкретно значење на клучните термини: когниција, динамика на односите во група и мотивација. М-р Ончевска поимот когниција го става во контекст на професионалниот развој на наставниците, притоа разгледувајќи ги когнитивните модели на Шулман, Малдерез/Ведел и на Џонсон, конфронтирајќи ги со

убедувањата на наставниците. Динамиката на односите во групата е дефинирана преку анализа на структурата на групата, развојните фази на групата, цели/односи на меѓусебна зависност/односи на моќ во групата; понатаму, анализирана е динамиката на односите во групата зависно од нејзината големина, како и интеракцијата на групата со околината. Значаен дел од ова поглавје е посветен и на влијанието на групата врз поединецот, теоријата на лидерство, како и менаџирањето на конфликти и конфликтни ситуации. На крајот, соодветно внимание е посветено на мотивацијата како фактор во рамките на динамиката на односите во групата, вклучувајќи го и фидбекот на наставникот.

3. Методологија на истражувањето на динамиката на односите во студентската група. Третото поглавје дава приказ на наставниот контекст во рамките на кој се спроведува истражувањето. Детално е опишана методологијата и инструментите користени за прибирање на податоците, по што следуваи анализа на податоците добиени од прашалниците, набљудуваните часови, наставните програми, интервјуата и ретроспекциите.
4. Клучни податоци од истражувањето на динамиката на односите во студентската група. Во ова поглавје се изложени значајни податоци прибрани од теренското истражување во осум универзитети (четири државни и четири приватни). Прашалниците за наставниците даваат информации за нивните перцепции во однос на местото и задачата на наставникот во училницата, како и за нивните декларирани практики во рамките на групата. Понатаму се дадени ставовите на студентите по истата проблематика, по што следува компаративен приказ на добиените податоци. Лекторите и нивните студенти сметаат дека динамиката на односите во студентската група има значително влијание врз резултатите, за што наведуваат бројни афективни и социјални причини. Сепак, при подлабока анализа на податоците, се забележува расчекор меѓу искажаните убедувања и реалните практики. Одредено разногласие се јавува и меѓу ставовите на студентите и лекторите во врска со ефектите од работата во групи.
5. Дискусија на клучните податоци. Во петтиот дел, м-р Ончевска Агер пристапува кон длабинска анализа на податоците од спроведеното истражување за убедувањата на наставниците и студентите во врска со динамиката на односите во студентската група, притоа давајќи одговор на поставените истражувачки прашања. За таа цел кандидатката ги користи теоретските алатки позајмени од литературата и од релевантните истражувања, и тоа од трите централни области обработени во второто поглавје: професионалната надградба на наставниците, динамиката на односите во група и мотивацијата за изучување на странски јазик. Исто така, таа укажува на педагошките импликации кои ова истражување ги има за целиот лекторски контекст и предлага можни решенија за посочените предизвици. Токму во овој раздел е даден одговор на следните истражувачки прашања дефинирани на самиот почеток на работата врз дисертацијата:

5.1 Кои се убедувањата на наставниците и на студентите во врска со динамиката на односите во јазичната група, т.е. дали (и какво) влијание сметаат дека таа динамика има врз квалитетот на изучувањето англиски јазик.

5.2 Колку често наставниците организираат работа во групи на час и што мислат студентите за застапеноста на групната форма на работа во лекторската настава.

5.3 Кои се убедувањата на наставниците и на студентите во врска со организирањето работа во групи на лекторските часови и кои се ефектите од таа форма на работа.

5.4 Кои стратегии ги наведуваат, односно користат наставниците за подобрување на динамиката на односите во студентските групи.

5.5 Каква е корелацијата меѓу убедувањата на наставниците за динамиката на односите во група и нивните наставни практики, односно нивните убедувања за наставата воопшто.
5.6 Кои се убедувањата на наставниците за нивниот професионален развој.
Во обемната аналитичка дискусија, м-р Ончевска Агер посочува на бројни фактори кои се значајни за успешна реализација на продуктивна динамика, како што е ентузијазмот на наставникот (покрај неговата стручна компетентност), неговиот интерес за студентите како личности, релевантноста на активностите, но и бројот на студентите во групата, нивната редовност во активностите, интровертноста на некои од нив, што бара посебни стратегии за развивање чувство на сигурност и припадност на групата. Еден од посочените проблеми е и користењето на англискиот јазик како средство за комуникација во групата, што дел од студентите го чувствуваат како неприродно во услови на постоење на заеднички (мајчин) јазик. Сепак, студентите во огромен процент ја преферираат работата во групи, бидејќи на тој начин се остварило зближување со останатите колеги и со наставниците, полесно се поправале грешките, се споделувале заедничките проблеми и слично. Студентите како значаен фактор за динамизирање на групата го истакнале и неформалното дружење со наставниците во воннаставни активности (забави, активности од натпреварувачки карактер), факт во многу помала мерка поткрепен од самите наставници. Од анализата на одговорите на лекторите, меѓу другото, произлегува дека голем дел од нив се демотивирани поради наводното отсуство на форми за професионална надградба. Во тој контекст, авторката ја анализира културата на недоволна кооперативност и отвореност за меѓусебно критичко набљудување, споделување на проблемите и предизвиците, размена на искуства и материјали и друг вид соработка на т.н. еснафски план, што би претставувало еден вид придонес во професионалната надградба на лекторите. Тука би додале дека аналогно на остварување динамика на студентските групи, би функционирала и динамика на лекторски групи, со сите когнитивни, афективни и социјални (позитивни) импликации.

6. Заклучни согледувања. Во ова поглавје, покрај веќе истакнатите согледувања од претходната глава, авторката се задржува и на одредени ограничувања во овој тип истражувања, давајќи насоки за нивно надминување преку дополнителни истражувања за причините на констатираните неотпорности. Имено, податоците добиени преку анкети, интервјуа и разговори се подложни на недостиг од објективност, што се покажува преку дискрепанцата на декларираното знаење и фактичкото однесување на час. Од друга страна, дури и опсервациите на часовите не гарантираат целосна објективност, бидејќи кога наставникот знае дека часот е набљудуван, веројатно се организира поинаку од вообичаеното. Можеби оттука произлегуваат разликите во одговорите на наставниците наспроти оние на студентите. Како поле за идни истражувања би биле причините кои ги создаваат тие разлики и создавање услови за намалување на делумната затвореност на наставниците за соработка, преиспитување на секојдневните наставни практики и лично надградување што би произлегло од таквата кооперативност.

Заклучок и предлог. М-р Елена Ончевска Агер создала пионерски труд во рамките на Република Македонија, ставајќи го фокусот на својот научен интерес врз изучувањето на англискиот како странски јазик на универзитетско ниво. Особен придонес претставува и нејзината фокусираност врз лекторската настава, која за студентите претставува можност функционално да ги надградат јазичните и комуникативните компетенции без да се оптоваруваат со теоретските дисциплини што неизбежно се

јавуваат во останатите предмети на академско ниво. Во таа смисла, лекторската настава е мошне податлива за внесување методички и дидактички иновации. Конкретно, темата „работа во групи“ е делумно елаборирана во функција на основното и средното образование. Студентите кои го студираат англискиот јазик како нивна идна професија (преведувачи или наставници) претставуваат сосема поинаков предизвик, како од аспект на возраста и когнитивната зрелост, така и од мотивациски аспект.

М-р Ончевска успеала во еден мошне обемен, но високо кохерентен труд, да ги отслика состојбите, проблемите и предизвиците кои стојат зад сите истражувачки прашања дефинирани во првата и елаборирани во петтата глава. Нејзината дисертација, покрај реализирањето на поставените цели, изобилува со материјал кој допрва отвора простор за понатамошни истражувања. Примената на сознанијата од овој труд несомнено ќе ја раздвижат наставната практика, а со тоа ќе придонесат за професионалната надградба на лекторите и на самите студенти. Врз основа на изнесеното, Рецензентската комисија има чест да му предложи на Наставно-научниот Совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ да го усвои овој извештај и да ја повика м-р Елена Ончевска Агер на усна одбрана на дисертацијата под наслов *Динамика на односите во студентските групи во наставата по англиски како странски јазик.*

Скопје,
8.1.2013година

Рецензентска комисија

Д-р Екатерина Бабамова, редовен професор, с.р.

Д-р Марија Јанева – Михајловска, редовен професор, с.р.

Д-р Рајна Кошка – Хот, редовен професор, с.р.

Д-р Анжела Николовска, вонреден професор, с.р.

Д-р Орхидеја Шурбановска, доцент, с.р.

РЕЦЕНЗИЈА

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА СО НАСЛОВ
„ОСНОВНИ ПРИЧИНИ ЗА ФИНАНСИСКАТА КРИЗА ВО САД, ПОСЛЕДИЦИТЕ И ИЗЛЕЗОТ“,
ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р НИКОЛА ЦАМБАЗОВСКИ, ПРИЈАВЕНА НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Со одлука на Наставно–научниот советот на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, донесена на седницата одржана на 19.12.2012 година, определени сме за Комисија за оцена и одбрана на докторската дисертација на тема: **„Основни причини за финансиската криза во САД, последиците и излезот“**, изработена од м-р Никола Цамбазовски.

Врз основа на извршениот преглед и деталната анализа на докторската дисертација, Комисијата во состав: проф. д-р Љубе Трпески, проф. д-р Михаил Петковски, проф. д-р Горан Петревски, акад. д-р Таки Фити и доц. д-р Ѓорѓи Гоцков го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Материјата елаборирана во докторската дисертација на кандидатот м-р Никола Цамбазовски на тема **„Основни причини за финансиската криза во САД, последиците и излезот“** е презентирана на вкупно 261 страница, во кои се содржани 244 страници основен текст со инкорпорирани бројни табели и слики, и 17 страници на кои се презентирани содржината, користената литература и додатокот.

Докторската дисертација на кандидатот Никола Цамбазовски претставува самостоен научен труд, која структурно, покрај воведот, заклучокот, додатокот и користената литература, содржи шест тематски целини, во кои се обработуваат одделни прашања поврзани со финансиската криза во САД, и тоа:

1. Историја на финансиските и економските кризи – теоретски осврт
2. Историски предуслови за финансиската криза од 2007 година
3. Основни причини и последици од кризата
4. Улогата на големите финансиски институции во кризата
5. Превземените мерки од страна на државата и влијанието на овие мерки врз билансот на ФЕД
6. Заштита на економскиот и финансискиот систем – лекции за иднината

Трудот започнува со *Вовед*, во кој се дадени воведни излагања во врска со финансиската криза во САД. Во него, авторот го разоткрива предметот на истражување и укажува на актуелноста на истражувањето.

Првиот дел од трудот е насловен како *Историја на финансиските и економските кризи – теоретски осврт.* Во него, авторот теоретски ја разработува проблемиката поврзана со финансиските и економските кризи, прецизно наведувајќи ги карактеристиките што треба да ги има некоја негативна појава на финансискиот пазар за таа да добие карактер на криза. Предмет на посебна обработка во овој дел се и двете спротивставени гледишта за поврзаноста на финансиските кризи и бизнис-циклусите. Тука, накратко се разработени различните сфаќања поврзани со теоретската анализа на бизнис-циклусите. Во овој дел, кандидатот м-р Никола Цамбазовски заклучува дека кризите се феномен со кои се соочуваат не само неразвиените земји и земјите во развој, туку и земјите со софистицирани и развиени економски и финансиски системи. Правејќи краток осврт на последната криза од 2007 година, кандидатот укажува на причините зошто оваа криза не прерасна во голема депресија како во 30-тите години. Овој дел е заокружан со кратко навраќање на кандидатот на некои кризи кои се појавиле во минатото со укажување на главните причини за нивна појава и лекциите научени од нив.

Во *вториот дел,* насловен како *Историски предуслови за финансиската криза од 2007 годона,* кандидатот бара и анализира широк спектар на причини кои придонеле до појава на последната финансиска криза. На почетокот причините за последната финансиска криза кандидатот ги бара во историските настани кои претходеле и создале услови кои во себе кријат потенцијална криза. Тука, најпрво ги наведува настаните и случувањата поврзани со падот на социјализмот и подемот на глобализацијата, со потенцирање на позитивните и негативните страни од ваквиот процес.

Динамичкиот развој на САД како водечка економија, покрај големиот број на позитивни аспекти, има и низа негативни екстерналии кои порано или подоцна испливуваат на површина. Последните две декади во оваа земја се карактеризираат со исклучително релаксирана монетарна политика и континуирано држење на ниски каматни стапки и стимулирање на раст. Длабоко беше втемелено верувањето во пазарните законитости и потребата за дерегулација, како начин за отстранување на сите пречки за лесно функционирање на пазарот. Несомнено е дека акумулирањето на долгот е основен мотор за економскиот напредок на развиените земји. Левериџот се појавува како основен елемент на принципите на либералната демократија и пазарната економија. Токму овие аспекти се едни од клучните во анализата на концептот на либерална економија како еден од причините за избувнувањето на последната финансиска криза. Ваквите аспекти заедно со концептот на ниски каматни стапки и евтини пари во себе кријат потенцијална опасност и ризик од појава на финансиска и економска криза. При анализата на овој концепт, кандидатот посебно место посветува на двете клучни гледишта поврзани со улогата на монетарната политика и можноста таа да предизвика (или да спречи) финансиска криза – гледиштето на Taylor и Greenspan. На крајот на овој дел, кандидатот ги анализира глобалната финансиска интеграција и финансиските иновации како причини за појавата на последната финансиска криза. Неоспорен е

фактот дека новите финансиски производи овозможија развој на пазарот, а со тоа подобра економска благосостојба, но нивниот развој се одвиваше побргу отколку што самиот систем тоа можеше да го апсорбира. Ова не значи дека развојот на финансискиот пазар и финансиските иновации треба да се ограничат или спречат, напротив тие треба да се охрабрат, но во исто време треба да се канализираат преку соодветна регулатива и правила на игра.

Во *третиот дел,* насловен *Основни причини и последици од кризата,* кандидатот дава преглед на основните директни причини за настанување на кризата. Овој дел започнува со анализа на можноста за предвидување на последната финансиската криза, при што предмет на посебна анализа се големиот број на предупредувачки сигнали кои требаа да го подигнат нивото на претпазливост на регулаторите, а кои не беа правилно прочитани од страна на носителите на политики. Тука кандидатот ги наведува цените на недвижности кои во годините пред колапсот континуирано се зголемуваа, ориентацијата кон производство на финансиски услуги и производи како исклучителна профитабилна дејност, технолошките иновации, дерегулацијата и процесот на институционални промени.

Во продолжение, кандидатот ја анализира еволуцијата на банкарството, од првично чување на пари и други средства, преку позајмување на средствата кои им се дадени на чување за определен надомест во вид на камата, па сé до позајмување и инвестирање на средства кои ги "немаат". Сето тоа доведе до појава на банкарство во сенка, чија главна погодност е што пазарните учесници од овој вид не потпаѓаат под стандардната банкарска регулатива. Големиот развој на алетрнативните финансиски институции ги создаде најголемите пет инвестициони банки во САД, кои беа и главните актери во финансиската криза од 2007 година.

При анализата на основните причини за избувнување на кризата, кандидатот централно место посветува на пазарот на недвижности (местото каде што започна кризата), фокусирајќи се на subprime хипотекарните кредити и неодржливиот надуван балон на пазарот на недвижнини (пред сé станбени куќи) кој почна да пропаѓа во текот на 2007 година. Крахот на пазарот на недвижности започна како реакција на големата побарувачка ба финансиски средства, при што не многу финансиски институции можеа да одговорат на ваков обем на побарувачка, со што се остава простор за шпекулативни активности кои ја надополнуваат страната на понудата на финансиски средства за да ја задоволат огромната побарувачка. Голем дел од расположливиот светски капитал се пласираше на пазарот на хипотекарни кредити во САД, благодарение на секјуритизацијата со која се покри огромен дел од овој пазар. А секјуритизацијата по самата своја природа креира информативна асиметрија. Еден од основните ризици што се превиде во сите овие комплексни финансиски производи е неспоредливоста на статистичките податоци што се користеа за рангирање на финансиските производи со фактичката состојба на настанувањето на кризата. Определен број на теоретичари една од основните причини за финансиската криза и особено нејзиното брзо ширење ја бараат во

сметководствените стандарди кои ги користат финансиските институции во вреднувањето на своите средства и обврски. На крајот на овој дел, кандидатот ја анализира улогата на финансиските институции Fannie Mae и Freddie Mac во настанувањето на кризата од 2007 година , како и на брзото ширење на кризата. Кризата прво изврши целосно парализирање на финансискиот пазар, а потоа се прелеа врз реалниот сектор од економијата, две области кои кандидатот детално ги анализира.

Четвртиот дел на трудот се однесува на *улогата на големите финансиски институции во кризата.* На почетокот се врши анализа на растот на финансиските институции и профитабилноста која во последните неколку декади значително го надминува просечниот раст на останатите индустрии. Олабавувањето на финансиската регулатива овозможи креирање на комплексни финансиски конгломерати кои нудат диферзифициран сет на услуги. Тоа создаде неколку огромни финансиски институции кои доминираа на пазарите и кои беа главниот мотор на кредитниот бум пред кризата. Во овој дел, кандидатот врши пооделна анализа на најголемите финансиски институции во САД (Bear Stearns, Lehman Brothers, Goldman Sachs, American International Group), анализирајќи ја нивната позиција во периодот пред самиот почеток на кризата и последиците од финансиската криза врз нив.

Во продолжение, кандидатот ги наведува и ги анализира менаџерските награди како ризик-фактор во финансиските компании и нив ги доведува во релација со финансиската криза. Тука кандидатот заклучува дека е потребно подобрување на системот на наградување и зајакнување на заштитата на долгорочните интереси на компаниите. Овој дел е заокружен со анализа на улогата на рејтинг-агенциите во финансиската криза, при што посебно е анализирано прашањето за потребата и големината на регулирањето на рејтинг-агенциите, кои тековно се едни од најмалку контролираните институции во глобалниот финансиски систем.

Петтиот дел на трудот е насловен како *Преземените мерки од страна на државата и влијанието на овие мерки врз билансот на ФЕД.* Во него кандидатот дава осврт на политиките на ФЕД и останатите владини тела во периодот на кризата. Обработката на овој дел започнува со анализа на прашањето дали се можни исти решенија на слични економски проблеми. Туак кандидатот заклучува дека мерките од доменот на макроекономските политики беа различни помеѓу земјите, но заедничко за сите е што беа исклучително "невообичаени" за модерниот капитализам и класичната економска теорија. Во врска со поставеноста на финансискиот систем во САД укажено е дека дека тој има низа специфичности и разлики во однос на системите во Европа или Јапонија. ФЕД, како водечка институција во монетарниот и воопшто економскиот систем на САД, покрај задачата за ценовна стабилност, има задача да се грижи за општиот економски развој и нивото на вработеност. Токму политиката на ФЕД пред кризата, особено за време на претседателството на Alan Greenspan, често се посочува како главно жариште во настанувањето на кризата. Оваа институција, заедно со Секретаријатот за финансии беа водечките субјекти во активните мерки за заштита од крахот на целокупниот финансиски

систем. Токму на одговорот на ФЕД и преземените мерки од негова страна кандидатот му дава централно место во овој дел. Притоа, мерките кандидатот ги систематизира во неколку подрачја: позајмувања во крајна инстанца на депозитните институции, позајмувања на примарните дилери, останати кредитни линии кон позајмувачите и инвеститорите, операции на отворен пазар и дополнителни мерки како одговор на финансиската криза.

Во продолжение е дадена динамичка анализа на трансформацијата на билансот на ФЕД, кадешто кандидатот ја анализира промената и зголемувањето на ризикот во билансните позиции на ФЕД. Зголемувањето на ризичноста произлегуваше од драстичното зголемување на активата на билансот на ФЕД како резултат на директното купување на т.н. токсични средства кои го држеа пазарот замрзнат. Во рамките на соработката на монетарната и фискалната власт во САД, кандидатот посебно внимание посветува на програмата TARP со која практично се отвори патот за директна интервенција на пазарот. Овој дел е заокружен со поврзаност и применливост на економските теории на случајот на последната економска криза. Тука кандидатот ги анализира гледиштата на Австријците наспроти Кејнзијанците, како и концептот на ликвидносна замка, за на крај да го покрене прашањето дали се потребни години на штедење или години на стимулативни мерки.

Во *шестиот дел*, насловен како *Заштита на економскиот и финансискиот систем – лекции за иднината,* кандидатот се обидува да извлече лекции за иднината и даде одговор за тоа како во иднина да се заштити финансискиот систем од вакви драматични дисторзии. Најпрво укажува на потребата од правична распределба на доходот, која треба да овозможи подобро функционирање на фундаментите на американската економија и подобрување на долгорочните можности за развој. Исто така, кандидатот укажува на потребата од порадикални реформи во глобалниот банкарски систем, имајќи предвид дека моменталната должничка криза е директно поврзана со стабилноста на банкарскиот систем. Поконкретно, потребна е поефикасна контрола на банките, односно подобрување и дополнување на регулативата со нови инструменти кои ќе овозможат следење на комплексните финансиски производи и ризиците поврзани со нив. Имајќи ја предвид тесната поврзаност и соработката на финансиската дејност на меѓународен план, кандидатот укажува на глобален пристап кон сите финансиски институции, односно на потребата од мултинационален одговор на глобалните кризи. Во делот на хипотекарното кредитирање и владиното спонзорирање на компании, кандидатот иднината ја гледа во комбинираниот систем на приватна иницијатива и владина помош, како модел којшто ветува стабилен, а воедно и ефикасен систем на хипотекарно кредитирање. На крајот на овој дел, кандидатот ја неведува и потребата од намалување на јавниот долг на среден рок како услов за долгорочна стабилност на американската економија.

Интегрален дел на докторската дисертација претставуваат и *заклучните согледувања,* во кои се синтетизирани согледувањата и сознанијата кои произлегуваат од теориското, методолошкото и

емпириското истражување на проблематиката поврзана со финансиската криза во САД.

Врз основа на горенаведеното образложение, Комисијата ги донесува следниве

Оцена и предлог

Докторската дисертација на кандидатот м-р Никола Џамбазовски, под наслов *Основни причини за финансиската криза во САД, последиците и излезот,* обработува една актуелна и значајна проблематика поврзана со последната финансиска криза. Секогаш кога ќе се појават настани со вакви глобални импакти, потрагата по аргументите и причините секогаш е интензивна, комплексна и најчесто контроверзна. И покрај големиот број на информации и анализи за последната финансиска криза, најверојатно сé уште е рано да се одредат и точно дијагностицираат сите причини, последици и мерки коишто треба да се превземат за да се заштити системот од вакви драматични дисторзиии. Потребни се уште многу истражувања на драматичните настани кои се случија во еден краток временски период пред да се добие целосна јасна слика за тоа што точно се случи. Давајќи свој поглед на настаните поврзани со различни аспекти на последната финансиска криза, кандидатот дава свој придонес во истражуваната проблематика, што ја прави оваа докторска дисертација многу значајна и актуална од денешен аспект. Актуелноста посебно доаѓа до израз имајќи го предвид индиректниот одраз што финансиската криза го имаше врз економската состојба во нашата земја.

Во Република Македонија, проблематиката поврзана со причините, последиците и одговорите на носителите на политики на финансиската криза е недоволно обработена и елаборирана. Посебно отсуствува литература кои ги систематизира резултатите од најразлични истражувања кои обработуваат определени аспекти поврзани со финансиската криза. Токму во ова се согледува главниот научен придонес и високата релевантност на овој труд во економската наука и практика во нашата земја.

Целта на овој труд е да утврди зошто се случи финансиската криза, кои беа реакциите на државата и што треба да се преземе за да се минимизира ризикот од идни вакви кризи. Имајќи ја предвид ваквата цел, кандидатот м-р Никола Џамбазовски изработил сеопфатна анализа на неколку значајни аспекти поврзани со финансиската криза од 2007 година. Посебна придобивка од докторската дисертација претставува деталното елаборирање на причините за избувнување на финансиската криза.

Комисијата за оцена и одбрана на докторската дисертација на кандидатот м-р Никола Џамбазовски посебно ги нагласува следните квалитети и придонеси на трудот во истражувањето на оваа проблематика: *прво,* трудот има солидна теоретска фундираност и методолошки е коректно обработен – кандидатот, проучувајќи современа и релевантна литература од анализираната област, дошол до одредени релевантни заклучоци и ставови поврзани со неколку значајни аспекти од последната

финансиска криза; *второ*, значаен акцент е ставен на анализата на предупредувачките сигнали пред кризата кои не беа правилно антиципирани, што е многу важно имајќи предвид дека кризата е резултат на интеракција на повеќе фактори кои можело и требало да се контролираат подобро од страна на регулаторите; *трето*, систематски се детектирани и анализирани основните причини за настанувањето на кризата, со посебна нагласка на улогата и позицијата на најголемите финансиски институции кои беа директни учесници во кризата; *четврто*, успешно се детектирани пошироките последици (директни и индиректни) од финансиската криза врз финансискиот и воопшто економскиот систем во целина; *петто*, детално се анализирани мерките и преземените акции од страна на носителите на политики, како и резултатите и ефектите од нив; и *шесто*, направен е обид и изведени се одредени лекции за иднината од аспект на поефикасна заштита на финансискиот систем од вакви драматични дисторзии.

Врз основа на погоре изнесените констатации и квалитативни особености на трудот, Комисијата за оцена и одбрана на докторската дисертација под наслов: „Основни причини за финансиската криза во САД, последиците и излезот", поднесена од кандидатот м-р Никола Џамбазовски, заклучува дека кандидатот адекватно владее со истражуваната материја и дека поднесениот труд ги задоволува критериумите за докторска дисертација. Со оглед на тоа, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје:

1. да го прифати и усвои извештајот за позитивна оцена на докторската дисертација под наслов: „Основни причини за финансиската криза во САД, последиците и излезот", и
2. да му дозволи на кандидатот м-р Никола Џамбазовски јавна одбрана на докторската дисертација.

Скопје, 16.1. 2013 год.

Членови на Комисијата

1. Проф. д-р Љубе Трпески, с.р.
2. Проф. д-р Михаил Петковски, с.р.
3. Проф. д-р Горан Петревски, с.р.
4. Акад. д-р Таки Фити, с.р.
5. Доц. д-р Ѓорѓи Гоцков, с.р.

Рецензија
На докторската дисертација "**ПРЕДРАСУДИТЕ КОН ЛИЦАТА СО ПСИХИЧКИ РАСТРОЈСТВА И НИВНАТА ВКЛУЧЕНОСТ НА ПАЗАРОТ НА ТРУДОТ** ", изработена од кандидатот м-р Владимир Илиевски, пријавена на Филозофскиот факултет во Скопје

Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, на својата 33. редовна седница, одржана на 19.12.2012 година, донесе одлука за формирање на Комисија за оцена на докторскиот труд на м-р Владимир Илиевски под наслов:**Предрасудите кон лицата со психички растројства и нивната вклученост на пазарот на трудот**, во состав: проф.д-р Верица Стаменкова Трајкова, проф.д-р Сунчица Димитријоска, проф.д-р Јован Пејковски, проф.д-р Дивна Лакинска и доц.д-р Наташа Богоевска.

Комисијата ја проучи структурата и содржината на докторскиот труд и има чест на Наставно-научниот совет на Филозофскиот Факултет во Скопје да му го поднесе следниов

Извештај

Докторскиот труд на м-р Владимир Илиевски: **Предрасудите кон лицата со психички растројства и нивната вклученост на пазарот на трудот,** е презентиран на 261 страници, од кои: основниот текст опфаќа 238 страници, 9 страници библиографија и 15 страници прилози.

Трудот е поделен во пет дела. Во првите четири дела се обработуваат теоретски прашања во врска со основниот проблем на истражувањето, а петтиот дел е посветен на истражувањето, методологијата на истражување, добиените резултати и дискусија на резултатите, заклучоци и предлози.

Трудот завршува со библиографија со повеќе од 115 библиографски единици, користени документи и закони.

Основни наслови, по воведот, кои ја чинат структурата на секое поглавје се: Поим за психички растројства; Поим и каректеристики на предрасудите; Ментално здравствената заштита на населението во заедницата; Понуда на работната сила; Истражување на предрасудите кон лицата со психички

растројства и нивната вклученост на пазарот на трудот; Заклучоци и Предлози.

Во **воведот,** кандидатот дава опис на содржината на трудот со краток осврт на содржината на секое поглавје. Истакнува дека психичките растројства можат да влијаат на сите фази на ангажманот на лицето со психички растројства на пазарот на трудот: пониски стапки на учество на пазарот на трудот, повисоки стапки на невработеност и вработување со слаби вештини и занимања, ниска заработка во однос на стекнатите квалификации. Притоа, оправдано, во истражувањето се фокусира на влијанието на стигмата и предрасудите кон лицата со психички растројства како причина за нивната недоволна вклученост на пазарот на трудот.

Во **првиот дел** под наслов: **Поим за психички растројства**, акцентот е ставен е на поимите ментално здравје и ментална болест, класификацијата на психичките растројства и нивната застапеност во светот и во Република Македонија, заштитата и унапредувањето на менталното здравје на населението. Елаборирајќи ги овие прашања, кандидатот истакнува дека поимите психичка болест и психички растројства, најчесто ги користат претставниците на медицинските сфаќања, каде што, според нив, психичките растројства се проценуваат како резултат на присуството на симптоми кои се карактеристични за одредени заболувања, додека, пак, многу психолози своите сфаќања ги базираат на претпоставката дека постои логичен континуитет на личноста и однесувањето, било тоа да се нормални или патолошки. Прашањето за класификацијата на психичките растројства го елаборира низ презентацијата на X- та ревизија на Меѓународната класификација на психијатриските растројства, која денес е во употреба. Превенцијата од психички заболувања е особено значајна, има за цел да се отстранат факторите кои се штетни за здравјето на човекот, да се обезбеди навремена и адекватна помош во вид на лекување и рехабилитација на заболените членови во општеството.

Посебно внимание во третиот дел, кандидатот посветува на улогата на социјалната работа во психијатрија. Оправдано се истакнува дека улогата на социјалниот работник во психијатриските установи е мошне значајна во третманот, особено во дијагностиката, терапијата и евалуацијата. Социјалниот работник мора да биде оспособен дијагностички да ја сфати, прогностички да ја одреди и терапевтски помогне на лицето со психичко растројство за да се олесни неговото функционирање во општеството.

Четвртиот дел, под наслов: **Понуда на работна сила,** се однесува на проблемот на невработеноста на лицата со психички растројства, меѓународната правна регулатива за вклучување на овие лица на пазарот на трудот, застапеноста на социјалните претпријатија, социјалните претпријатија каде што се вработуваат корисниците на психијатриски услуги, како дел од развојот на социјалното претприемнаштво и јакнење на социјалната економнија. Значајно внимание е посветено на меѓународната правна рамка за вклучување на овие лица на пазарот на трудот, во која се вклучени голем број на законски и подзаконски акти за заштита на правата на лицата со инвалидност, а кои се базирани преку забрана од секаков вид дискриминација, обезбедување на еднакви можности за учество на овие лица на пазарот на трудот и јакнење на социјалните претпријатија и социјалното претприемаштво.

Како посебни поглавја во четвртиот дел направен е осврт кон состојбата на пазарот на трудот во Република Македонија и високата стапка на невработеност. Акцентирајќи го проблемот со недоволната законска регулатива во врска со вработувањето на лицата со психички растројства, кандидатот прави критички осврт кон ова прашање, истакнувајќи една многу важен проблем, а тоа е дека постојната правна регулатива за вработување на лицата со инвалидност не ги вклучува лицата со психички растројства, со што и понатаму лицата со психози се соочуваат со голем социјален проблем, а тоа е остварувањето на нивното социјално право - правото на вработување.

Во последното поглавје на овој дел елаборирано е прашањето за квалитетот на живот на лицата со психијатриски растројства. Се истакнува дека корисниците кои биле долготрајно хоспитализирани во психијатриските

Во ***вториот дел*** од дисертацијата насловен како: **Поим и карактеристики на предрасудите**, разработени се содржини кои се однесуваат на предрасудите кон лицата со психички растројства, намалување на предрасудите и стереотипите кон овие лица. Како најголем проблем, кандидатот го истакнува дискриминаторскиот однос кон овие лица, потенцирајќи дека дел од пречките се резултат на незнаењето како да се одговори на потребите на овие лица и соодветно да се способат условите за нивно непречено дејствување во општеството. Како моќни средства кои се употребуваат во борбата против предрасудите се спомнува систематското информирање од страна на електронските и печатените медиуми за неоправданоста за предрасудите преку конкретни примери за нивната општествена неоправданост, потоа непосредните средини и контакти спрема кои постојат предрасудите.

Во ***третиот дел*** насловен како **Менталноздравствената заштита на населението во заедницата,** разработени се поглавјата кои се однесуваат на системот на ментално здравствената заштита на населението во заедницата, задачите на психијатриските установи во заедницата, принципите на менталноздравствената заштита, ментално здравствената грижа на населението во Република Македонија преку институционалните и вониституционалните форми на здравствена заштита.

Посебно поглавје од третиот дел се однесува на рехабилитација на лицата со психички растројства каде што се обработени психосоцијалната рехабилитација, професионалната рехабилитација и улогата на социјалниот работник во рехабилитацијата на лицата со психички растројства и примената на управување на случај (Case menadment) во психијатриските установи. Рехабилитацијата се состои од психофармакотерапија, психотерапија и социотерапија и окупациона терапија, кои се применуваат во психијатриските установи. Посебен акцент е ставен на психосоцијалната рехабилитација, дефинирана од страна на Светската здравствена организација како процес кој дава можности на лицата кои се со некое психичко заболување или хендикеп за да постигне оптимално ниво на независно функционирање во заедницата.

болници имаат послаб квалитет на живот во однос на останатите. За да се подобри квалитетот на животот на лицата со психички растројства во Република Македонија, потребно е да се преземат активни мерки од сите релевантни субјекти кои се задолжени во креирањето на здравствената заштита и социјалната политика во државата.

По широкото и квалитетно структурирање и обработка на теоретските прашања релевантни за предметот на истражување, следува ***истражувањето*** на **предрасудите кон лицата со психички растројства и нивната вклученост на пазарот на трудот.**

Значајно е да се потенцира успешниот избор и квалитетниот приказ на релевантни истражувања за влијанието на стигмата и предрасудите на недоволната вклученост на лицата со психички растројства на пазарот на трудот, спроведени од различни автори и во различни земји. Кандидатот истакнува дека досега во Република Македонија не се извршени научни истражувања за влијанието на предрасудите кон лицата со психички растројства на нивната вклученост на пазарот на трудот, што во голема мера е и причина за истражувањето на овој проблем, како основен проблем на овој докторски труд.

Предмет на истражувањето е прашањето: Дали лицата со психички растројства се вклучени на пазарот на работна сила и кои се причините за нивната недоволна вклученост? Клучните прашања кои треба да се решат, истакнува кандидатот, се токму обидите да им се овозможи поголема вклученост на лицата со психички растројства на пазарот на работна сила во Република Македонија, а во согласност со меѓународните стандарди за човекови права како што се Европската конвенција за човекови права, Европската социјална повелба и Конвенцијата против деградирачкиот третман.

Цел на истражувањето е да се добијат сознанија за причините на недоволната ангажираност на лицата со психички растројства на пазарот на трудот.

По предметот и целите, кандидатот ја презентира применетата методологија, истакнувајќи дека истражувањето има апликативен карактер

бидејќи неговите резултати треба да укажат и понудат предлози на релеватните субјекти од доменот на социјалната заштита и социјалното право, за тоа кои предуслови се потребни во насока на успешно развивање на социјални програми за работно ангажирање на лицата со психички растројства на пазарот на трудот и намалување на стигматизацијата кон овие лица. Истражувањето дава можност за подлабока анализа на она што е потребно да се направи во иднина за да се одговори на проблемите и на потребите на лицата со психички растројства. За таа цел се користи техниката анализа на содржина на официјални документи.

За проучувањето на вклученоста на лицата со психички растројства на пазарот на трудот се користи анкетен прашалник.

Примерокот на истражување го чинат 126 корисници на психијатриски услуги од седумте центри за ментално здравје во Република Македонија, како и 10 работодаваци од заштитните друштва кои вработуваат инвалидизирани лица.

Резултатите од истражувањето се прикажани табеларно и со слики. Тргнувајќи од целта на истражувањето, кандидатот поставува една општа и шест посебни хипотези. Општата хипотеза на истражувањето го содржи тврдењето дека : *Недостаток на правна рамка за вработување на лицата со психички растројства во Република Македонија влијае негативно на нивната вклученост на пазарот на трудот и нивниот квалитет на живеење.*

Посебните хипотези ги проверуваат следниве тврдења:

1. Недоволната работна ангажираност на лицата со психички растројства влијае негативно на нивната материјална состојба.
2. Непознавањето на правната рамка на лицата со психички растројства влијае негативно на нивната вклученост на пазарот на трудот.
3. Нискиот степен на образование на лицата со психички растројства влијае негативно на нивната вклученост на пазарот на труд.
5. Дискриминацијата на лицата со психички растројства влијае на нивната недоволна вклученост на пазарот на трудот.

6. Недоволното познавање на природата на психичките болести и несоодветното почитување на законската регулатива од страна на работодавците влијаат на недоволната вклученост на лицата со психички растројства во заштитните друштва.

Резултатите од квалитативната и квантитативната анализа на податоците од посебните хипотези ја потврдија основната хипотеза.

Во истражувањето се дојде до сознанија за причините за социјалната исклученост на корисниците во психијатриските установи на пазарот на трудот во Република Македонија. Односно, се потврди претпоставката дека стигмата, предрасудите, недоволното образование на лицата со психички растројства и непостоењето на соодветна правна рамка за нивно вработување, се основни причини за нивната дискриминација на пазарот на трудот. Добиените податоци од истражувањето ја потврдија претпоставката дека најдобар начин за социјално вклучување на овие лица е нивна интеграција на пазарот на трудот, преку обезбедување на еднакви можности за нивно учество на пазарот на трудот. Нивното целосно и ефикасно учество на пазарот на трудот ќе значи можност за користење на правото на вработување, нивна социјална вклученост, намалување на сиромаштијата и поголем статус во општеството.

Врз основа на овие сознанија, кандидатот дава практични препораки до релевантните актери кои ја спроведуваат здравствената и социјалната политика во државата, а кои се однесуваат на заштита и унапредување на правата на лицата со психички растројства за нивно вклучување на пазарот трудот и можноста да ги користат останатите оперативни програми за вработување на инвалидни лица од страна на Владата на Република Македонија.

ЗАКЛУЧОК

Докторскиот труд **Предрасудите кон лицата со психички растројства и нивната вклученост на пазарот на трудот,** од м-р Владимир Илиевски, претставува е сериозен да се добијат релевантни сознанија за проблемот на невработеност на лицата со психички растројства во Република Македонија. Значајно е да истакнеме дека кандидатот подолго

време се занимава со овој проблем истражувајќи го за потербите на различни други истражувања од области на психијатриската социјална работа. Неговото претходно искуство и добрата теоретска подготвеност за разработка на релевантните прашања, користењето на богата литература, му овозможи успешна реализација на истражувањето кое беше специјално дизајнирано за овој труд. Недоволниот број на истражувања на проблемот на поврзаноста на предрасудите кон лицата со психички растројства и нивното невклучување на пазарот на трудот, а особено фактот дека ова истражување е прво и единствено во нашата земја, му дава посебна вредност на докторскиот труд.

Резултатите добиени во трудот имаат теоретска, како и практична примена.

Истражувачите на ова подрачје ќе можат да ги користат како основа на која ќе ги базираат своите истражувања, а практичарите за подобрување на третманот на лицата со психички растројства и за нивно полесно вклучување на пазарот на трудот и нивна интеграција во заедницата. Проверката на посебните хипотези овозможи проверка на општата хипотеза. Најзначајно, сепак, е тоа што резултатите од овој труд ќе се користат за унапредување на реформите во оваа област.

Имајќи го предвид претходното, Комисијата позитивно го оцени докторскиот труд на м-р Владимир Илиевски, под наслов: **Предрасудите кон лицата со психички растројства и нивната вклученост на пазарот на трудот,** и на Наставно научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, со особено задоволство му предлага да го прифати овој извештај и да определи термин за одбрана.

Дата:
14.1.2013 год.

Комисија
Проф.д-р Верица Стаменкова Трајкова с.р.
Проф.д-р Сунчица Димитријоска с.р.
Проф.д-р Јован Пејковски с.р.
Проф.д-р Дивна Лакинска с.р.
Доц.д-р Наташа Богоевска с.р.

РЕЦЕНЗИЈА

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА
„ОСОБЕНОСТИ НА КАПАЦИТЕТНИТЕ КАРАКТЕРИСТИКИ
НА ДИЕЛЕКТРИЦИ СО ВИСОКА ПЕРМИТИВНОСТ“,
ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р ЛИНХИДА СТОЈАНОВСКА-ГЕОРГИЕВСКА,
ПРИЈАВЕНА НА ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје, на седницата одржана на 29.11.2012 година, именува Рецензентска комисија за оцена на докторската дисертација под наслов **Особености на капацитетните карактеристики на диелектрици со висока пермитивност**, изработена од м-р Линхида Стојановска-Георгиевска, во состав: проф. д-р Ненад Новковски, проф. д-р сци. Елена Атанасова, проф. д-р Станоја Стоименов, вонр. проф. д-р Атанас Танушевски и доц. д-р Александар Скепаровски. По извршениот преглед на содржините опфатени во дисертацијата, Комисијата на Наставно-научниот совет му го поднесува следниов

ИЗВЕШТАЈ

Содржината на дисертацијата е презентирана на 146 страници и е поделена на вовед, 5 глави, заклучок, список на користена литература и список на објавени трудови. Во дисертацијата се дадени 2 слики, 11 шеми, односно дијаграми, 26 таблици и 97 графици. Цитирана е литература од 82 библиографски единици за периодот од 1965 до 2012 година.

Дополнително, заради поголема прегледност, на почетокот на дисертацијата се дадени целосни листи на сликите и на табелите.

Проблематиката опфатена во дисертацијата спаѓа во научното подрачје 1 (природно-математички науки), во полето 103 (физика), областите 10308 (физика на цврста состојба), 10310 (физичка инструментација) и 10312 (експериментална физика).

Поставените цели на дисертацијата беа:

Со користење на широките можности на капацитетните мерења, да се определат електричните карактеристики на различни диелектрици со висока пермитивност (high-*к* диелектрици), кои се од интерес за дефинирање на нивната применливост во микроелектронската индустрија. Од посебен интерес е определувањето на густината на оксидните полнежи во диелектрикот, како и на полнежите од интерфејсните состојби. Од тие испитувања се очекуваше да се утврдат особеностите на карактеристиките за случајот на диелектик со висока пермитивност во споредба со стандардно употребуваните диелектрици од силициум диоксид, како од аспект на нивната карактеризиација, така и од аспект на примената во микроелектрониката.

Посебно внимание требаше да му биде посветено на случајот на електрода од метал со висока вредност на излезната работа, во конкретниов случај платина, каде што се очекуваше дека ќе се манифестира ефектот на зафаќање на полнеж во диелектрикот во близина на разделната површина на метал со висока излезна работа во однос на диелектрик со висока пермитивност, со цел да се надополнат претходните сознанија за овој ефект со употреба на различни метални електроди и диелектрици со различен состав.

Материјалот во дисертацијата е изложен во следниве седум глави:

1. Вовед: Во оваа глава се опишани главните тенденции на развиток на микроелектрониката и значењето на ултратенките филмови од диелектрици со висока пермитивност, барањата за обезбедување на соодветен квалитет и стратегиите за понтамошни истражувања.

2. Капацитетни мерења: Во оваа глава детално се опишани методите на мерење на напонско-капацитетните (*C-U*) криви и определувањето на густините на фиксните полнежи и на меѓуповршинските состојби со различни времиња на одзив.

3. Преглед на дисертацијата: Во оваа глава се опишани технолошките параметри за добивање на обрасците, методите на карактеризација (елипсометриски испитувања, снимање на *C-t* криви, снимање на *C-U* криви, снимање на криви на стрес при постојан напон, хистерезис на *C-U* криви, фреквентна зависност на *C-U* и *G-U* криви, снимање на криви на стрес при постојана густина на струјата и волт-амперски карактеристики за струите на протекување) и употребената апаратура.

Во главите 4, 5 и 6 одделно се прикажани резултатите за групите на обрасци со различен состав на диелектрикот. Тоа се главите:

4. Резултати од испитувањата на слоеви од чист Ta_2O_5;
5. Резултати од испитувањата на слоеви од Ta_2O_5 допингуван со Hf и
6. Резултати од испитувањата на слоеви од Ta_2O_5 допингуван со Ti.

Во тие три глави детално се изложени и анализирани резултатите од карактеризирањето на структурите метал-диелектрик-силициум со погоре наведените методи.

7. Заклучок: Во оваа глава, врз основа на презентираните резултати од истражувањето, изведени се повеќе заклучоци, од кои посебно ги издвојуваме следниве:

1. При мерењето на *C-U* кривите од режим на акумулација кон инверзија, не се достигнува целосна акумулација кај најголем дел од примероците. Причина е екстремно малата дебелина на диелектрикот, којашто ги ограничува вредностите на приложениот напон од аспект на елиминирање на можноста за евентуален пробив, поради создавањето на силно електрично поле низ оксидот. Поради тоа, за капацитетот во акумулација неопходно е секаде да се земаат вредностите добиени од *C-U* кривите со екстраполација, за што како најпогодна се покажува постапката на Самарес Кар, која е употребувана во дисертацијата.

2. Со примена на суштински различните методи за определување на вредноста на напонот на рамни зони, кај едниот од напонските зависности на капацитетот а кај другиот на адмитансата, се добиваат резултати што се согласуваат помеѓу себе. Оттука произлегува дека и определените вредности на оксидните полнежи, присутни во диелектричниот слој преку напонот на рамни зони, исто така се согласуваат помеѓу себе.

3. Присутна е фреквентна дисперзија на капацитетно-напонските криви, која е последица на присуството и одговорот на меѓуповршинските состојби со густина D_{it}, коишто се наоѓаат на граничната површина на подлогата од силициум со оксидниот слој. Поради влијанието на меѓуповршинските состојби врз вкупниот капацитет на примерокот, измерениот капацитет е секогаш повисок при пониски мерни фреквенции. Фреквентната дисперзија е емпириски утврдена кај сите примероци, а кај примероците од серијата Hf29 и квантитативно е определена нивната густина D_{it}, која е од ред на $5 \cdot 10^{11}\ cm^{-2}\ eV^{-1}$. По-

тврдена е фреквентната зависност и на вредноста на напонот на рамни зони. Ова е во доволно добра согласност со теориската интерпретација за распределбата на носителите при различни фреквенции.

4. Густината на бавните стапици, која се определува од големината на хистерезисот на *C-U* кривата, за сите примероци е од редот на 10^{10} cm^{-2}, што како параметар укажува на високиот квалитет на слоевите кои се добиени под оптималните технолошки услови за висококвалитетни филмови.

5. Со користење на стандардна теорија за капацитетно-напонските карактеристики на metal-SiO_2-Si структури, добиени се вредностите на концентрацијата на акцепторите во силициумската подлога. Овие вредности, генерално, добро се согласуваат со определените од дадениот од производителот специфичен отпор на подлогата. Тоа покажува дека истата теорија може да биде применета и за определување на концентрацијата на акцепторите во силициумската подлога и во случајот на структури коишто содржат диелектрик со висока пермитивност наместо силициум диоксид.

Резултати од докторската работа се изнесени во трудови објавени во:

а) меѓународно научно списание индексирано во Thomson-Reuters SCI

1. L. Stojanovska-Georgievska, N. Novkovski and E. Atanassova, Charge trapping at Pt/high-*k* dielectric (Ta_2O_5) interface, Physica B: Condensed Matter **406**, 3348-3353 (2011) (фактор на влијание 0,916 за 2011 година).

б) зборници на трудови од меѓународни научни собири:

2. L.S. Georgievska, N. Novkovski, E. Atanassova, Charge Trapping at Low Injection Currents in (TiN, Mo, Pt)/Ta_2O_5:Hf/SiO_2/Si Structures, 2012 28th International Conference on Microelectronics, Proceedings, MIEL 2012, pp. 331-334.
3. L.S. Georgievska, N. Novkovski, E. Atanassova, Capacitance-voltage characterization of Ta_2O_5-HfO_2 mixed stacks, Proceedings of 10th International Conference ETAI 2011, Ohrid, Republic of Macedonia, 16-20 September 2011, E4-4.

в) поглавје во научна книга од меѓународен издавач на англиски јазик

4. L. Stojanovska-Georgievska, N. Novkovski, "Computer-Added *C-V* Measurement and Analysis of Metal/High-κ/Si Structures" in L. Kocarev (ed.): ICT Innovations 2011, Advances in Intelligent and Soft Computing **150**, pp. 301-310, Springer 2012.

г) домашни научни списанија на англиски јазик

5. L. Stojanovska-Georgievska, E. Atanassova and N. Novkovski, Alteration of C-V characteristics of metal-Ta_2O_5-Si capacitors by constant voltage stress, *Physica Macedonica* **58**, 107-112 (2008).
6. L. S. Georgievska, N. Novkovski and E. Atanassova, Frequency dependence of *C-V* characteristics of unstressed HfO_2-Ta_2O_5 stacks, *Physica Macedonica* **59**, 23 (2011).

Дополнително, еден труд кој веќе беше соопштен на конференција до поднесувањето на докторската дисертација е во печат во домашно научно списание на англиски јазик. Тоа е:

7. L. Stojanovska-Georgievska, N. Novkovski, E. Atanassova, *C-V* analysis at variable frequency of MOS structures with different gates, containing Hf doped Ta_2O_5, *Physica Macedonica* (во печат).

МИСЛЕЊЕ НА РЕЦЕНЗЕНТСКАТА КОМИСИЈА И ПРЕДЛОГ

Од изложената материја во дисертацијата се гледа дека кандидатката многу добро ја владее материјата од областа на карактеризирањето на тенките изолаторски филмови, како и пошироко, експерименталната физика. Кандидатката владее поголем број современи експериментални техники, релевантни за проблематиката, и вешто ги обработува и ги објаснува резултатите.

Поставените цели на дисертацијата се целосно остварени, а направени се и дополнителни истражувања за кои се покажало дека во текот на работата ќе придонесат за дополнително потврдување на изведените заклучоци.

Научниот придонес на дисертацијата, во основа, се состои во опишувањето на поголем број значајни особености на капацитетните карактеристики на диелектрици со висока пермитивност на база на Ta_2O_5, од кои посебно значење има утврдувањето на постоењето и појавувањето на ефектот на зафаќање на полнеж во диелектрикот во близина на разделната површина на метал со висока излезна работа во однос на диелектрик со висока пермитивност за случајот на платинска електрода. Значајноста на научниот придонес се потврдува и со објавените научни трудови во кои се прикажани резултати од докторското истражување. Еден труд, на кој кандидатката е прв автор, е објавен во меѓународно научно списание индексирано во Thomson-Reuters SCI, а еден друг труд на кандидатката како прв автор е објавен во зборник на реномираната меѓународна конференција *International Conference on Microelectronics MIEL*.

Според мислењето на рецензентите, дисертацијата **Особености на капацитетните карактеристики на диелектрици со висока пермитивност**, изработена од м-р Линхида Стојановска-Георгиевска, претставува видлив научен придонес во областа на физичките проблеми на микроелектрониката. Затоа, на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет со задоволство му предлагаат да ја прифати предложената дисертација и да ја поведе постапката за нејзина јавна одбрана.

КОМИСИЈА

Д-р Ненад Новковски, ред. проф. на ПМФ, Скопје, с.р.

Д-р Елена Атанасова, проф. д-р сци. на Институт за ФТТ на БАН,
Софија, Р. Бугарија, с.р.

Д-р Станоја Стоименов, ред. проф. на ПМФ, Скопје, с.р.

Д-р Атанас Танушевски, вонр. проф. на ПМФ, Скопје, с.р.

Д-р Александар Скепаровски, доц. на ПМФ, Скопје, с.р.

РЕФЕРАТ

ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕТО РЕДОВЕН ПРОФЕСОР ПО ПРЕДМЕТОТ ПЕДИЈАТРИЈА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 132 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 35/2008, 103/2008, 26/2009, 83/2009, 99/2009, 115/10, 17/11, и 51/11), а во врска со членовите 42,46 и 48 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр.173/2011), Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св Кирил и Методиј" во Скопје, на својата XV редовна седница одржана на 20.12.2012 година, формираше Рецензентска комисија за избор на еден наставник во сите звања по предметот педијатрија во состав: проф д-р Мирјана Кочова, проф д-р Стефанка Грујовска, проф д-р Дафина Кузмановска, проф д-р Катица Пиперкова и проф д-р Зоран Гучев.
По разгледувањето на документите доставени од вонр. Проф. д-р Стојка Фуштиќ, Комисијата го подготви следниов

ИЗВЕШТАЈ

Биографски податоци

Проф. д-р Стојка Нацева-Фуштиќ е родена на 6.12.1956 година во Штип. Медицински факултет завршила во Скопје во 1981 година, со просечна оценка 9,65. Во 1982 година се вработила на Клиниката за детски болести при Медицинскиот факултет во Скопје. Специјализацијата по предметот педијатрија ја завршила во 1986 година и од тогаш работи на Одделот за метаболизам, при Клиниката за детски болести. Во 1993 година е назначена за раководител на Отсекот за цистична фиброза, а во 2001 година за раководител на Одделот/Центарот за цистична фиброза.

Наставна дејност

Во 1988 година, д-р Стојка Нацева-Фуштиќ е избрана за асистент по предметот педијатрија и е вклучена во практичната настава по педијатрија за студентите по медицина. Во 1992 и 1997 година е реизбрана во истото звање. Во 1998 година е избрана во звањето научен соработник, а во 2003 за виш научен соработник. Во 2008 е избрана за вонреден професор на Медицинскиот факултет во Скопје. Учествува во теоретската настава по педијатрија за студентите по медицина стоматологија, физикална терапија, логопедија и за сестри од високата школа. Одговорен наставник е по предметите педијатрија за физиотерапевти и физикална терапија во педијатријата. Преку теоретски часови, презентации, работилници и семинари учествува во наставата што ја организира Катедрата за педијатрија за специјализантите по педијатрија и семејна медицина. Во последните 2 години

раководела 16 работилници за цистична фиброза во повеќе медицински центри низ Македонија.

Стручно-научна дејност

Има остварено кратки стручни престои во повеќе центри (Белград, Љубљана, Сплит, Салзбург), а подоцна и подолготрајни престои во центрите за цистична фиброза во Берн (1994/95), Грац (1999), Копенхаген (2003) и Милано (2007), како стипендист на интернационални фондации.

Стручно-научната активност на д-р Стојка Нацева-Фуштиќ во последната деценија главно е насочена на полето на цистичната фиброза. Работи активно на организирање на современ центар за цистична фиброза, преку воведување на нови методи во третманот на болеста, залагање за достапност на современа терапија, формирање на стручен тим, како и воведување на современи протоколи за регуларно следење и проценка на болните.

Во 1991 година, д-р Стојка Нацева-Фуштиќ почна со работа на својата докторска дисертација со наслов „Влијанието на генотипот врз клиничката експресија на цистичната фиброза", при што 6 месеци работела во Истражувачкиот центар за генетско инжнерство и биотехнологии при МАНУ, под раководство на академик проф. Ѓорѓи Ефремов и се стекнала со диплома од завршен едукативен-тренинг курс за „Примена на рекомбинантната ДНК - технологија во хуманата медицина", Во 1995 година ја одбранила докторската дисертација и се стекнала со звањето доктор на медицински науки.

Д-р Стојка Нацева-Фуштиќ учествувала како раководител или соработник во следните домашни и интернационални научноистражувачки проекти и студии:

1. „Истражување на цистичната фиброза во Македонија", раководител: академик проф. Ѓорѓи Ефремов (меѓународно финансиран научно-истражувачки проект).
2. „Евалуација на нутритивниот статус и утврдување на протоколи за нутритивно водење на пациентите со цистична фиброза", раководител д-р Стојка Нацева-Фуштиќ (научноистражувачки проект финансиран од Министерството за наука и образование на Република Македонија).
3. „Cystic Fibrosis European Network" , раководител Prof. Jean-Jacques Cassiman, Leuven – Belgium (научноистражувачки проект финансиран од Европската унија).
4. „EuroCareCF (European Coordination Action for Research in Cystic Fibrosis) – WP1: Optimising of patient care and CF team work", раководител Prof. Carla Colombo (научноистражувачки проект финансиран од Европската унија).
5. „Genetic Modifiers in Cystic Fibrosis Liver Disease", меѓународен научно-истражувачки проект (Principal Investigator for Macedonia – главен истражувач за Македонија: д-р Стојка Нацева-Фуштиќ).
6. „Multidose Safety and Tolerability Study of Dose Escalation of Liposomal Amikacin for Inhalation (Arikace™), in Cystic Fibrosis Patients with Chronic Infections due to *Pseudomonas Aeruginosa*", - main study, интернационална мултицентрична клиничка студија (Principal Investigator for Macedonia – главен истражувач за Македонија: д-р Стојка Нацева-Фуштиќ).

7. „Safety and Tolerability Study of Single Dose Liposomal Amikacin for Inhalation (ARIKACE™) in Cystic Fibrosis Patients with Chronic Infections of *Pseudomonas Aeruginosa*", - open-label extension sdudy, интернационална мултицентрична клиничка студија (Principal Investigator for Macedonia – главен истражувач за Македонија: д-р Стојка Нацева-Фуштиќ).

Д-р Стојка Нацева-Фуштиќ била ментор на два магистерски труда, ментор е на еден докторски труд кој е во тек на изработка и на три докторски труда кои се во фаза на пријавување.

Член е на European Cystic Fibrosis Society, European Resriratory Society, Македонското респираторно друштво и на Здружението на педијатри на Македонија.

Автор е на книгата-учебник „Цистична фиброза: од базичен дефект до болест". Има издадено информативна брошура за родителите и пациентите со цистична фиброза, под наслов „Живеење со цистична фиброза".

Со свои стручно-научни трудови д-р Стојка Нацева-Фуштиќ учествувала на повеќе конгреси и симпозиуми во земјата и во странство, често и како поканет предавач.

Д-р Стојка Нацева-Фуштиќ има објавено 170 стручно-научни трудови во меѓународни и домашни списанија, како и во зборници од конгреси и симпозиуми.

Иницијатор е за формирање на Македонското здружение за цистична фиброза.

За значаен придонес во работата, добитник е на Плакета на Македонското лекарско друштво.

ОБРАЗЕЦ
КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат:
Стојка Блажо Нацева-Фуштиќ
(име, татково име и презиме)

Институција:
Медицински факултет – Скопје
(naziv na fakultetot/institutot)

Научна област: медицина

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	**Назив на активноста**	Број на часови	Поени од формулар	Вкупни поени за една година	Вкупно поени
1.	**Одржување на настава од прв циклус студии**				

	2008/2009	30	30 x 0.04	1.2	
	2009/2010	30	30 x 0.04	1.2	
	2010/2011	282	282 x 0.04	11.28	
	2011/2012	282	282x 0.04	11.28	
	2012/2013	121	121 x 0.04	4.84	
					29.8
2.	**Одржување на настава од втор циклус студии**				
	2008/2009	4	4 x 0.05	0.15	0.2
					30
3.	**Настава во школи и работилници:** **-раководител** **-учесник**				
1.	Цистична фиброза: Рано препознавање и дијагноза на болеста; Организирано водење и третман на болеста (раководител)	8 (2011) 8 (2012)	8 x 1.5 8 x 1.5	12 12	
2.	Современи стандарди во згрижувањето и третманот на пациентите со цистична фиброза (Конгрес на педијатри на Македонија, 2011, раководител)	1	1 x 1.5	1.5	
					25.5
4.	**Консултации со студенти во рамките на здравствената клиничка практика**	15	15 x 0.2		**3**
5.	**Член на комисија за оцена или одбрана на докторат**	2	2 x 0.5		**1**
6.	**Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа**	2	2 x 0.1		**0.2**
7.	**Член на комисија за оценка или одбрана на специјалистичка работа**	10	10 x 0.2		**2**
8.	**Позитивна рецензија на универзитетски учебник** - **автор**				
	Цистична фиброза: од базичен дефект до болест	1	1 x 8		**8**
9.	**Пакет материјали за одреден предмет**	1			**1**

	Педијатрија – нарушувања во метаболизмот				
вкупно					**70.7**

НАУЧНО ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	**Назив на активноста**	Број на актив-ности	Поени од формулар	Вкупно поени
1.	**Ментор на докторска дисертација**			
1.	Откривање на коскената болест кај пациентите со цистична фиброза: влијанието на генетските и клиничките фактори во редукцијата на коскената маса (д-р Татјана Јаќовска-Марети)	1	1 x 3	3
2.	Ментор на триојца кандидати на докторски студии и на дисертации: д-р Елизабета Петковска, д-р Катерина Бошковска и д-р Синоличка Џамбазова-Здравковска	3	3 x 3	9
				12
2	**Учесник во меѓународен научен проект**			
	Genetic Modifiers in Cystic Fibrosis Liver Disease (Principal Investigator Michael Knowles, M.D., University of North Carolina) - Principal Investigator for Macedonia Stojka Fustik, MD, PhD	5		**5**
3	**Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно/стручно списание**			
1.	Pop-Jordanova N, **Fustik S,** Zorcec T. Chronic disease in children and adolescents - some psychological characteristics. Pediatr Croat 2008; 52:71-76.	4	4 x 80/ 100	3.2
2.	Спиревска Л, **Фуштиќ С.** Нутритивен статус на пациентите со цистична фиброза во Република Македонија. Архив на јавно здравство 2010; 2:61-64.	4	4 x 90/ 100	3.6
				6.8
4	**Трудови со оригинални научни резултати, објавени во референтни научно стручни списанија со меѓународен уреднички одбор**			
1.	**Fustik S,** Trajkovska M, Jakovska T, Spirevska L, Josifovska T. Screening for liver disease in cystic fibrosis: analysis of clinical	6 + 0.44	6.44x60/100	3.86

	and genetic risk factors for its development The Turkish Journal of Pediatrics 2008; 50: 526-532.			
2.	Pop-Jordanova N, Slavevska N, **Fustik S.** Osteoskeletal Manifestation of Scurvy in a Male Infant (Case Report). Maced J Med Sci. 2008; 1(1):64-67.	6	6 x 80/ 100	4.8
3.	**Fustik S,** Jakovska T, Spirevska L, Koceva S. Protein-energy malnutrition as first manifestation of cystic fibrosis in infancy. Pediatric International 2009; 51: 678-83.	6 + 0.63	6.63 x 60/ 100	3.98
4.	J.P. Clancy[1], *L. Dupont[2]. M. Konstan[3], J. Billings[4], **S. Fustik[5]**, C. Goss[6], J. Lymp[7], P. Minic[8], A. Quittner[9], R. Rubenstein[10], L. Saiman[11], and R. Gupta[12] for the Arikace® Study Group. Phase II study of nebulized Arikace® in CF patients with Pseudomonas aeruginosa infection. Thorax 2012.	6 + 6.84	12.84 x 60/ 100	7.7
5.	Kostovski A, Zdraveska N, **Fustik S**, Bojadzieva S. Massive hepatomegaly with jaundice as a main presenting feature of cystic fibrosis. Journal of Pediatric Sciences, 2012; 4:3141.	6	6 x 60/ 100	3.6
				23.94
5.	**Трудови со оригинални научни резултати, објавени во стручно/научно популарно списание**			
1.	**С. Фуштиќ**. Цистична фиброза – живеење со болест. Народен лекар бр. 74, 2009.		2	
2.	**С. Фуштиќ**. Инхалациони антибиотици за третман на белодробните инфекции кај цистична фиброза. Фармацевтски информатор бр. 31, 2012.		2	
				4
6.	**Трудови со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови од научен/стручен собир**			
1.	**Фуштиќ С.** Цистична фиброза: хронична инфламација и антиинфламаторен третман /Cystic fibrosis: chronic inflammation and anti-inflammatory treatment. Македонски медицински преглед – Зборник на апстракти и трудови од V конгрес на педијатри на Македонија со интернационално учество 2011; 430-435.		2	
2.	**Фуштиќ С.** Современи стандарди во згрижувањето и третманот на пациентите со цистична фиброза/ Modern standards in		2	

	caring for and treating patients with cystic fibrosis. Македонски медицински преглед – Зборник на апстракти и трудови од V конгрес на педијатри на Македонија со интернационално учество 2011;377-379.			
				4
7.	**Труд објавен во зборник од трудови на в.о. институција**			
1.	**Фуштиќ С.** Организирана и планирана транзиција кај цистична фиброза од педијатриски во адултен систем на здравствена заштита. Педијатрија (Годишна ревија), 2008; 10:86-92.		2	**2**
8.	**Пленарни предавања на научен/ стручен собир со меѓународно учество**			
1.	**Фуштиќ С.** Ефект од инхалираната рекомбинантна ДН-аса на пулмоналната функција кај пациенти со цистична фиброза. Пленарно предавање на 4. Конгрес на Македонското респираторно здружение со меѓународно учество, 2008.		3	
2.	**Fustik S.** Liver disease in cystic fibrosis: a prevalence, risk factors, and outcome. First Eastern European Conference on "What's new in diagnosis, treatment and prevention of cystic fibrosis?" - Plenary Session on the First Eastern European CF Conferencs, Zagreb, 2008.		3	
3.	**Fustik S.** Cystic Fibrosis: Current situation in Macedonia. The 2nd Regional Meeting on Cystic Fibrosis, Beograd, 2009.		3	
4.	**Fustik S.** Efremov DG, Koceva S. Cystic Fibrosis in Macedonia. First Balcans Regional Cystic Fibrosis Conference, Skopje 2009.		3	
5.	**Fustik S.** Третман на цистичната фиброза/ Treatment of cystic fibrosis. First Balcans Regional Cystic Fibrosis Conference, Skopje 2009.		3	
6.	**Fustik S.** Eradication therapy of initial or intermittent Pseudomonas aeruginosa lung infection in cystic fibrosis. 6th Balcan Congress of Microbiology, Ohrid, 2009.		3	
7.	**Фуштиќ С.** Цистична фиброза: хронична инфламација и анти-инфламаторен третман /Cystic fibrosis: chronic inflammation and anti-inflammatory treatment. Пленарно предавање на 5. Конгрес на педијатрите на Македонското со интернационално учество, Охрид, 2011.		3	
8.	**Фуштиќ С.** Цистична фиброза:		3	

	инхалациона терапија со антибиотици и муколитици. Пленарно предавање на 5. Конгрес на Македонското респираторно здружение со меѓународно учество, Охрид, 2012.			
				24
9.	**Апстракти објавени во зборник на конференција** - **меѓународен** - **национален**			
1.	**Fustik S,** Jakovska T, Spirevska L. Hypoproteinemia and anemia in infants with cystic fibrosis. Journal of Cystic Fibrosis 2008; 7 (Suppl 2): S97/388 – 31st European Cystic Fibrosis Conference, Prague, Chech Republic		1	
2.	Dupont L, Minic P, **Fustik S**, Mazurek H, Solyom E, Feketova A, Csiszer E, Gupta R. A randomized placebo-controlled study of nebulized liposomal amikacin (Arikace) in treatment of cystic fibrosis patients with chronic Pseudomonas aeruginosa infection. Journal of Cystic Fibrosis 2008; 7 (Suppl 2): S26/102 – 31st European Cystic Fibrosis Conference, Prague, Chech Republic		1	
3.	Spirevska L, **Fustik S,** Jakovska T. Comparison of nutritional status and lung function in cystic fibrosis patients in R.Macedonia. Journal of Cystic Fibrosis 2008; 7 (Suppl 2): S91/367 – 31st European Cystic Fibrosis Conference, Prague, Chech Republic		1	
4.	Jakovska-Mareti T, **Fustik S,** Spirevska L. Evaluation of cystic fibrosis database in Republic of Macedonia. Journal of Cystic Fibrosis 2008; 7 (Suppl 2): S116/462 – 31st European Cystic Fibrosis Conference, Prague, Chech Republic		1	
5.	**Фуштиќ С,** Јаќовска Т. Меконијален илеус како прва манифестација на цистична фиброза кај доенчињата. Први национални денови по неонатологија на Република Македонија, 2008 (Книга на апстракти)		0.5	
6.	**Фуштиќ С**, Јаќовска Т, Спиревска Л. Ефект од инхалираната рекомбинантна ДН-аса на пулмоналната функција кај пациенти со цистична фиброза. Македонски медицински преглед 2008; 62 (Супл. 72):90-91 – Книга на апстракти на 4. Конгрес на Македонското респираторно здружение со меѓународно учество.		0.5	
7.	**Фуштиќ С**, Јаќовска Т, Спиревска Л.		0.5	

	Демографска транзиција на популацијата со цистична фиброза во Македонија. Македонски медицински преглед 2008; 62 (Супл. 72):186-187 – Книга на апстракти на 4. Конгрес на Македонското респираторно здружение со меѓународно учество.			
8.	Јаќовска Т, **Фуштиќ С**, Спиревска Л. Остеопороза кај деца и возрасни со цистична фиброза во Р. Македонија. Македонски медицински преглед 2008; 62 (Супл. 72):45-46 – Книга на апстракти на 4. Конгрес на Македонското респираторно здружение со меѓународно учество.		0.5	
9.	**Фуштиќ С**, Трајковска М, Јаќовска Т, Кочева С, Ефремов Ѓ. Следење на хепаталната болест асоцирана со цистична фиброза: ехографски промени и предиспонирачки фактори. / Surveillance for cystic fibrosis- associated liver disease: ultrasound changes and predisposing factors. Книга на апстракти на VIII македонски конгрес на гастроентерологија и хепатологија со меѓународно учество 2008 - 70/84.		0.5	
10.	Gjoneska B, Georgiev D, **Fustik S**, Pop-Jordanova N. Characteristics of electroencephalographic alpha rhythm parameters in cystic fibrosis patients: Perspectives of neurofeedback. Clinical Neurophysiology 2008;119 (Issue3):72.		1	
11.	**Fustik S,** Jakovska T, Spirevska L. Antibiotic treatment of initial and intermitent Pseudomonas aeruginosa lung infection in cystic fibrosis. 2nd Congress of the European Academy of Paediatrics – EAP 2008, Nice, France.		1	
12.	Jakovska-Mareti T, **Fustik S,** Spirevska L. Osteoporosis in children and adolescents with cystic fibrosis in R. Macedonia. . 2nd Congress of the European Academy of Paediatrics – EAP 2008, Nice, France.		1	
13.	**Fustik S,** Jakovska T, Spirevska L. Liver disease in cystic fibrosis: a prevalence, risk factors, and outcome. First Eastern European Conference on "What's new in diagnosis, treatment and prevention of cystic fibrosis?"; Zagreb, 2008 - Abstract book.		1	
14.	Jakovska-Mareti T, **Fustik S,** Spirevska L. Hypomagnesaemia in patients with cystic		1	

	fibrosis in R.Macedonia. First Eastern European Conference on "What's new in diagnosis, treatment and prevention of cystic fibrosis?"; Zagreb, 2008 - Abstract book.			
15.	Minik P, **Fustik S,** Mazurek H, Solyom E, Feketova A, Csiszer E, Okusany O, Quittner A, Dupont L, Gupta R. A randomized placebo-controlled study of nebulized Liposomal Amikacin (Arikace™), in the treatment of cystic fibrosis patients with chronic *Pseudomonas aeruginosa* lung infection. First Eastern European Conference on "What's new in diagnosis, treatment and prevention of cystic fibrosis?"; Zagreb, 2008 - Abstract book.		1	
16.	Gjoneska B, Pop-Jordanova N, **Fustik S.** Computer-assisted evaluation and treatment of depression in cystic fibrosis patients. NeuroMath – Advanced Methods for the Estimation of Human Brain Activity and Connectivity, Luven 2009 - Abstract book.		1	
17.	**Fustik,** Jakovska T, Koceva S, Efremov G. Molecular basis of cystic fibrosis in Republic of Macedonia: An update. Journal of Cystic Fibrosis 2009; 8 (Suppl 2): S7/28 – 32nd European Cystic Fibrosis Conference, Brest, France.		1	
18.	**Fustik S,** Jakovska T, Kotevska V, Mircevska G. Eradication therapy of initial or intermittent Pseudomonas aeruginosa lung infection in cystic fibrosis. 6th Balcan Congress of Microbiology 2009 (Book of abstracts), Mak Med Pregled 63 (Supl 78):110.		1	
19.	Jakovska T, **Fustik S,** Spirevska L. Frequency of Pseudomonas aeruginosa in patients with cystic fibrosis. 4. Конгрес на микробиолозите на Македонија (Зборник на трудови), Македонски медицински преглед 2009; 63 (Супл. 77):38.		0.5	
20.	**Fustik S,** Jakovska T, Spirevska L. The prevalence of liver disease in cystic fibrosis patients in Macedonia. 4th Europaediztrics Moscow 2009. Abstracts : 154 (G440).		1	
21.	**Fustik S,** Jakovska T, Spirevska L Clinical and genetic characteristics of cystic fibrosis patients with liver cirrhosis. Journal of Cystic Fibrosis 20010; 9 (Suppl1): S79/307 - Abstracts of the 33rd European Cystic Fibrosis Conference, Valencia, Spain.		1	
22.	Minic P, **Fustik S**, Solyom E, Mazurek H Feketova A, et al. A multi-cycle open label		1	

	study of nebulized liposomal amikacin (Arikace) in treatment of cystic fibrosis patients with chronic Pseudomonas aeruginosa infection. Journal of Cystic Fibrosis 2010; 9 (Suppl): S61/236 - Abstracts of the 33rd European Cystic Fibrosis Conference, Valencia, Spain.			
23.	Spirevska L, **Fustik S,** Jakovska T. Is there any difference in nutritional status between CF patients with and without liver disease. Journal of Cystic Fibrosis 2010; 9 (Suppl): S87/336 - Abstracts of the 33rd European Cystic Fibrosis Conference, Valencia, Spain.		1	
24.	Jakovska T, **Fustik S,** Spirevska L. Prevalence of MRSA in patients with cystic fibrosis in R.Macedonia. Journal of Cystic Fibrosis 2010; 9 (Suppl): S32/123 - Abstracts of the 33rd European Cystic Fibrosis Conference, Valencia, Spain		1	
25.	**Fustik S**, Jakovska T, Spirevska L. Respiratory and nutritional effects of long-term treatment with Azithromycin in patients with cystic fibrosis. Journal of Cystic Fibrosis 2011; 10 (Suppl1): S56/220 - Abstracts of the 34th European Cystic Fibrosis Conference, Hamburg, Germany.		1	
26.	Minic P, **Fustik S**, Solyom E, Mazurek H, et al. A multi-cycle open label study of nebulized liposomal amikacin (Arikace) in treatment of cystic fibrosis patients with chronic Pseudomonas aeruginosa lung infection. Journal of Cystic Fibrosis 2011; 10 (Suppl): S55/217 - Abstracts of the 34th European Cystic Fibrosis Conference, Hamburg, Germany.		1	
27.	Jakovska-Mareti T, **Fustik S**, Spirevska L. Imunoglobulin levels in cystic fibrosis patients: influence of age and disease severity. Journal of Cystic Fibrosis 2011; 10 (Suppl1): S47/187 - Abstracts of the 34th European Cystic Fibrosis Conference, Hamburg, Germany.		1	
28.	Спиревска Л, **Фуштиќ С.** Проценка на нутритивниот стату преку антропометриски параметри кај деца и адолесценти/ Assessment of nutritional status by anthropometric parameters in children and adolescents. Македонски медицински преглед – Зборник на апстракти и трудови од V конгрес на педијатри на Македонија со		1	

	интернационално учество 2011; 126-7.			
29.	Јаќовска Т, **Фуштиќ С**, Спиревска Л. Епидемиолошки профил на патогена колонизација на респираторниот тракт кај пациенти со цистична фиброза/ Epidemiological profile of patogens colonizing the respiratory tract in patients with cystic fibrosis. Македонски медицински преглед – Зборник на апстракти и трудови од V конгрес на педијатри на Македонија со интернационално учество 2011; 43.		0.5	
30.	**Fustik S**, Jakovska T. The Role of CFTR Genetic Testing in Diagnosis of Cystic Fibrosis. Journal of Cystic Fibrosis 2012; 11 (Suppl.1): S55/1 - Abstracts of the 35th European Cystic Fibrosis Conference, Dublin, Ireland.		1	
31.	Jakovska-Mareti T, **Fustik S**, Spirevska L. Influence of calcium and vitamin D on bone mineral densioty in children with cystic fibrosis. Journal of Cystic Fibrosis 2012; 11 (Suppl.1): S120/249 - Abstracts of the 35th European Cystic Fibrosis Conference, Dublin, Ireland		1	
32.	**Фуштиќ С.** Цистична фиброза: инхалациона терапија со антибиотици и муколитици/ **Fustik S**. Cystic fibrosis: inhaled therapy with antibiotics and mucolytics. Книга на апстракти на на 5. Конгрес на Македонското респираторно здружение со меѓународно учество, Охрид, 2012.		0.5	
33.	**Fustik S**, Jakovska T, Spirevska L. . The prevalence of liver cirrhosis in cystic fibrosis: clinical and genetic characteristics of patients. Pediatric Pulmonology 2012; Suppl. 35:416/525.		1	
				29
вкупно				**110.74**

СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	**Назив на активноста**	Поени од формулар	Вкупно поени
1.	**Клиничка или научно-апликативна студија во областа на медицинските науки и здравство** **- раководител** **- учесник**		
1.	Multidose Safety and Tolerability Study of Dose	2	

	Escalation of Liposomal Amikacin for Inhalation (Arikace™), in Cystic Fibrosis Patients with Chronic Infections due to *Pseudomonas Aeruginosa* - **main study** International multi-center clinical study - Principal Investigator for Macedonia Prof. Stojka Fustik		
2	Safety and Tolerability Study of Single Dose Liposomal Amikacin for Inhalation (ARIKACE™) in Cystic Fibrosis Patients with Chronic Infections due to *Pseudomonas aeruginosa* - **the open-label extension study** Principal Investigator for Macedonia Prof. Stojka Fustik	2	
			4
2	**Член на организационен или програмски одбор на научен/стручен собир**		
1.	Педијатриски денови, 2008 (научен одбор)	0.5	
2.	Педијатриски денови, 2010 (научен одбор)	0.5	
	V конгрес на педијатри на Македонија со интернационално учество, Охрид, 2011 (научен одбор)	0.5	
			1.5
3.	**Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир**		
	First Balcans Regional Cystic Fibrosis Conference, Skopje, 2009	1	**1**
4.	**Раководител на внатрешна организациона единица**		
	Раководител на Центарот за цистична фиброза	3	**3**
5.	**Член на факултетска комисија**		
	Член на Одборот за јавно здравство	0.5	**0.5**
6.	**Национален координатор за одредена стручна област** - цистична фиброза	3	**3**
7.	**Координатор на студиска програма**		
	За физиотерапевти (педијатрија за физиотерапевти и физикална терапија во педијатријата)	1	**1**
8.	**Учесник во комисија и тела на државни и други органи**		
	Комисија за државен испит на медицинари	1	**1**
9.	**Учесник во изработка на национална програма за одредена стручна област**		
	- Национална стратегија за цистична Фиброза	3	**3**

	- Протокол за третман на пациентите со цистична фиброза		
вкупно			**18**

Професионални референци на кандидатот за избор во звање	поени
Наставно образовна дејност	70,7
Научно истражувачка дејност	110,74
Стручно уметничка дејност	
Стручно апликативна дејност	18
ВКУПНО	**199,44**

Рецензентска комисија

1. Проф. д-р Мирјана Кочова _____ с.р.
2. Проф. д-р Стефка Грујовска _____ с.р.
3. Проф. д-р Дафина Кузмановска _____ с.р.
4. Проф. д-р Катица Пиперкова _____ с.р.
5. Проф. д-р Зоран Гучев _____ с.р.

ЗАКЛУЧОК

Д-р Стојка Фуштиќ е препознатлив стручњак во областа на цистичната фиброза, докажан на национално и на интернационално рамниште. Нејзината богата научноистражувачка дејност се состои од раководење и/или учество во бројни национални и интернационални проекти и студии, менторирање на магистерски и докторски тези и богата публицистичка активност од над 170 трудови објавени во интернационални и национални медицински списанија. Едукативнта дејност е, исто така, за одбележување заради постојаното учество во наставата за студентите по медицина, стоматологија и високите школи, одржувањето на бројни работилници и семинари, како и издавањето на учебник.

Врз основа на горенаведеното, Комисијата има чест да му предложи на Научно-наставниот совет да ја избере д-р Стојка Фуштиќ за редовен професор по предметот педијатрија.

Рецензентска комисија

1. Проф. д-р Мирјана Кочова _____ с.р
2. Проф. д-р Стефка Грујовска _____ с.р.
3. Проф. д-р Дафина Кузмановска _____ с.р.
4. Проф. д-р Катица Пиперкова _____ с.р.
5. Проф. д-р Зоран Гучев _____ с.р.

Р Е Ц Е Н З И Ј А
НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ОСТВАРУВАЊЕТО НА ВОСПИТНООБРАЗОВНАТА ФУНКЦИЈА ВО АЛБАНСКОТО СЕМЕЈСТВО ВО ТРАНЗИЦИЈА ВО ПОЛОГ" од м-р Ардита Цека , пријавена на ИСППИ во Скопје

Со решение на Институтот за социолошки и политичко – правни истражувања во Скопје бр.02-1942/3 од 27.12.2012 година , формирана е Комисија за оцена и одбрана на докторската дисертација изготвена од м-р Ардита Цека со наслов „Остварувањето на воспитно-образовната функција во албанското семејство во транзиција во Полог", во состав: проф. д-р Љубица Чонева-ментор, проф. д-р Ружица Цацаноска, проф. д-р Јорде Јакимовски, проф. д-р Мирјана Сланинка-Динева и доц.д-р Марјана Марковиќ. По разгледувањето на приложениот текст на дисертацијата и усогласувањето на мислењата, Комисијата има чест и задоволство да го поднесе следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Приказ на содржината на трудот

Прегледаната докторска дисертација од кандидатката м-р Ардита Цека има 218 страници основен текст пишуван на персонален сметач, 49 табели и графички прикази,7 страници заклучоци и 8 страници библиографија, кои заедно сочинуваат една целина.

Во воведот се изнесуваат значајни специфичности на албанското семејство кое има свои карактеристики, развоен пат и современа физиономија, сообразно со новите цивилизациски потреби на неговите членови. Промените во семејните функции, семејните односи и вредносниот систем според авторката, секогаш биле нов испит на семејното приспособување кон новото, особено за децата, што имало и значајно влијание во воспитно- образовниот процес на децата и младите.Со цел

поконкретно да се претстави и објасни воспитно - образовниот процес на децата во албанското семејство, што претставува и научна димензија на трудот, во овој дел се наведува потребата ова семејство да се разгледа низ призмата на историската дистанца, економско-социјалните услови во транзицијата, видовите воспитни модели кај семејствата, родителската улога во помошта на децата во учењето, соработката и учеството во активностите на училиштето и долготрајната социјализаторска функција.

Во теоретскиот дел од дисертацијата кој се однесува на поимањето на воспитно- образовниот процес на децата и значењето на семејството во неговото извршување, се разработуваат следниве подрачја: положбата на децата во семејството,функционалноста на семејството од аспект на воспитниот процес, родителството како столб на семејното воспитување, видови воспитни стилови,воспитувањето во структурно нецелосни и дисфункционални семејства, образованието на децата и улогата на семејството, партнерството меѓу училиштето и родителите, албанското семејство и новите влијанија на воспитно-образовниот модел.Во тој контекст , м-р Цека нагласува дека денес децата заземаат значајно место во рамките на семејството и начинот на нивното воспитување зависи од организацијата на семејниот живот.

Во позначајните специфичности на воспитувањето и образованието на децата од аспект на влијанието на родителите и блиските членови на семејството, авторката забележува дека во некои од селските средини се уште се карактеристични послушноста во семејството, особено на женските деца кои не учат, што особено се однесува на традиционалното албанско семејство. Старите генерации во овие средини тешко го прифаќаат новото кое го сакаат младите, но се повеќе и кај нив се јавува постепено излегување кон современото.

Актуелноста и значењето на истражувањето од научен и општествен аспект добива поголема димензија, особено кога станува збор за влијанието на поважните социјално-економски фактори како што се материјалните

можности на семејството за образование и воспитното влијание врз нивните деца. Покрај тоа, овие значајни процеси се почесто влегуваат во центарот на општествените случувања и не можат да се гледаат изолирано од интересот на целото општество. Новите пристапи кон ова прашање покажуваат дека улогата на семејството во социјализацијата на децата и младите, покрај другото налага создавање на здрав подмладок и воспитно-едуцирани генерации.Интересот за проучувањето и примената на родителските воспитни стилови , како што се авторитарен, попустлив и демократски, се наведува во дисертацијата е многу важен за семејното воспитување.Со нужен и доволен коментар во трудот , кандидатката м-р Ардита Цека дава елаборација на одделните параметри на секој од овие воспитни стилови.Аргументирано го елаборира демократското како најпозитивно воспитување, кое секогаш резултира со создавање на заемна доверба и здрави односи меѓу родителите и децата, па дури и помеѓу браќата и сестрите.

Денес, во услови на рапиден развој на науката, културата, техниката, технологијата и посебно големото влијание на печатот и другите масмедиуми, не можеме да веруваме дека високообразуваните родители користат подемократски воспитен стил, отколку оние родители со понизок образовен статус, кога целта на сите е да израснат воспитани, образувани и среќни деца.

Во продолжение на теоретскиот дел од дисертацијата, кандидатката м-р Цека доволно опфатно ги има изложено теоретските гледишта за придонесот на семејството во образованието на децата, исто така важен сегмент за проучување на ова прашање. Имено, со вклучувањето на децата во училиште, едукативното дејство на родителите освојува дел од содржината и од квалитетот на образовната дејност.Таа подвлекува дека голем број истражувања покажуваат дека помошта на родителите во учењето на децата денес станува секојдневна практика, како и партиципацијата на родителите во активностите на училиштето. Соработката меѓу овие два субјекта е воведена во сите земји како општествена и педагошка потреба, бидејќи дефинитивно се дошло до

сознанието дека ученикот и детето се една иста личност, која ќе се обликува и во училиштето и во семејството.

Во продолжение на овој дел, низ една динамична корелација се претставени и искуствата за успешно постигнување на овие цели кај децата, при што треба да бидат земени предвид различните услови во семејството од кое тие доаѓаат, потоа индивидуалните животни стилови, разликите во културолошките фактори и социјалната средина со различните ставови на поединците кон нив.

Комуникациските односи денес бараат и поинаква поставеност како од училиштето, така и од семејството.Од наставниците се очекува да ги прифаќаат ставовите на родителите, да ги почитуваат нивните знаења за сопствените деца и нивните воспитни постапки, како и прифаќање на советите на наставниците од страна на родителите.

Во истражувачкиот дел е претставена проектната рамка на докторската дисертација. Тука, како што е вообичаено , авторката го дефинира предметот на научното истражување, ги разработува целите и хипотезите и ја определува методолошката постапка. Поради сложеноста на предметот на истражувањето, кандидатката м-р Ардита Цека наведува дека на оваа појава треба да и се даде повеќедимензионалност во однос на научните дисциплини и субјектите кои учествуваат во проучувањето на факторите за унапредување на воспитно-образовниот процес кај децата од албанското семејство во Полог. Во вака определените теоретски рамки на докторскиот труд, конкретно се формулирани и целите од научен и апликативен карактер, како и применетите методи, техники,инструменти и примерок за реализација на истражувањето.

И на крај, истражувачкиот дел од трудот е централниот интерес на докторската дисертација, во кој се претставени резултатите од анкетата за димензиите на воспитните облици, влијанија и условите на некои соцолошко-општествени фактори врз денешното семејство и неговата воспитно - образовна функција во албанското семејство во Полог.

Оцена на докторската дисертација

Докторската дисертација под наслов „Остварувањето на воспитно-образовната функција во албанското семејство во транзиција во Полог", од м-р Ардита Цека, претставува систематична студија за едно актуелно прашање од сферата на вредносниот систем на современото семејство, што поконкретно се однесува на албанското семејство во Полог.

Во теориската и методолошката обработка, дисертацијата е во согласност со научните стандарди и ги следи критериумите определени за докторска теза. И теориските сознанија, како и општествените импликации содржани во оваа студија се многубројни и со несомнена практична вредност.

Заклучок

Со оглед на важноста на испитуваното прашање, неговата актуелност, општествените импликации, како и начинот на обработка и применетите методолошки стандарди, Комисијата со особено задоволство му предлага на Советот на ИСППИ во Скопје, да ја прифати оваа позитивна оцена и да ја закаже јавната одбрана на докторската дисертација.

Комисија

1. Проф. д-р Љубица Чонева с.р.
2. Проф. д-р Ружица Цацаноска с.р.
3. Проф. д-р Јорде Јакимовски с.р.
4. Проф. д-р Мирјана Сланинка-Динева с.р.
5. Доц. д-р Маријана Марковиќ с.р.

РЕЦЕНЗИЈА
на докторската дисертација

ЕВАЛУАЦИЈА НА ТРАНСПЛАНТАЦИОНИТЕ ТЕХНИКИ НА ХИРУРШКО ЛЕКУВАЊЕ НА ПТЕРИГИУМ И ХИСТОМОРФОЛОШКА ПРОЦЕНКА НА РИЗИК ОД РЕЦИДИВ, ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р. СЦИ. Д-Р ВЕСНА ЧЕЛЕВА МАРКОВСКА, ПРИЈАВЕНА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет при Универзитетот "Свети Кирил и Методиј" во Скопје, на својата редовна седница одржана на 9.10.2012 година, по предлог на Научниот одбор на Медицинскиот факултет во Скопје, а во согласност со член 63 од Законот за високото образование и член 53 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Медицинскиот факултет во Скопје, определи Рецензентска комисија за оцена на поднесената докторска дисертација од м-р. сци. д-р Весна Челева Марковска под наслов: *ЕВАЛУАЦИЈА НА ТРАНСПЛАНТАЦИОНИТЕ ТЕХНИКИ НА ХИРУРШКО ЛЕКУВАЊЕ НА ПТЕРИГИУМ И ХИСТОМОРФОЛОШКА ПРОЦЕНКА НА РИЗИК ОД РЕЦИДИВ*, во следниов состав:

- проф. Д-р. сци. Милица Ивановска
- проф. Д-р. сци. Весна Јорданова Димовска
- проф. Д-р. сци. Лилјана Спасевска.

По анализата на доставениот материјал, Рецензентската комисија го поднесува следниов

ИЗВЕШТАЈ

Докторската дисертација претставува самостоен труд презентиран на 167 страници напишан текст, кој е изработен на Клиниката за очни болести и Институтот за патологија, Лабораторија за хистохемиско и имунохистохемиско иследување при Медицинскиот факултет во Скопје, и ги содржи сите поглавја на еден научноистражувачки проект: вовед, мотив и цели, материјал и метод, резултати, дискусија, заклучоци и податоци за користената литература. Содржината е документирана и дополнета со 38 табели и 37 графикони, 33 фотографии, 2 сликовити прикази на хируршките техники, 2 шематски приказа на оперативните техники и фотоприказ, документирани фотографии од оперираните пациенти, 1 прашалник, оперативен и постоперативен протокол, како и библиографија со цитирани наслови. Начинот на презентација на проблемите и научната мисла на докторантката е концизен, јасен и лесно разбирлив, така што едноставно и лесно се следи приложениот материјал.

Докторската дисертација е конципирана на следниов начин:

Вовед

Во воведот е дадена дефиниција на птеригиумот и епидемиолошките сознанија за неговата честота во поодделни региони во светот и во соседството. Во воведниот дел, накратко се објаснува патогенезата на птеригиумот преку широко прифатената улога на ултравиолетовата светлина, но се објаснува улогата и на имунолошката теорија, наследноста, ангиогенезата, надворешните влијанија на прашината, ветрот, загаденоста итн. Истакната е улогата на стем-клетките во патогенезата на птеригиумот. Притоа, користена е современа медицинска литература во која се опишани досегашните истражувања изведени со цел да се разјасни патогенетскиот механизам за настанување на птеригиумот. Понатаму, во текстот се прикажани можностите за превенирање на птеригиумот и досегашните обиди за негово лекување.

Во мотивот за изработка на трудот се истакнува актуелноста на ова заболување, честотата и појавата кај работоспособното население, професионалниот карактер, трајното намалување на видот и естетскиот недостаток.

Цели на трудот

Целите на трудот се јасно и концизно дефинирани:

1. да се процени ефикасноста на хируршката ексцизија на птеригиум со модификација на реконструктивната метода на слободна конјунктивална автотрансплантација со примена на графт од долната темпорална конјунктива, и да се одредат нејзините предности и недостатоци (рани и доцни постоперативни компликации) во однос на методата на слободна конјунктивална автотрансплантација со примена на графт од горната темпорална булбарна конјунктива;

2. да се испита корелацијата помеѓу прогресивноста и рецидивантноста на птеригиумот преку евалуација на интензитетот на: фибробластичната пролиферација, дегенеративните промени на субепителното сврзно ткиво, односно еластозата, ангиогенезата, хроничната воспалителна клеточна инфилтрација и метаплазија на конјунктивалниот епител;

3. да се изведе хистоморфолошко иследување на примарен птеригиум во стациониран и прогресивен стадиум, кај рецидивантен птеригиум и кај здрава булбарна конјунктива, и да се утврди можната разлика во нивната градба;

4. да се испита поврзаноста на состојбата на солзниот филм со примарниот и рецидивантниот птеригиум.

Материјал и метод

Даден е детален преглед на материјалот и методите со кои кандидатката се служи во својата работа. Студијата е проспективно-ретроспективна и работена на Клиниката за очни болести и Институтот за патологија, лабораторија за хистохемиски и имунохистохемиски испитувања при Медицинскиот факултет во Скопје. Во студијата се вклучени 180 пациенти, поделени во 2 групи по 60 пациенти и 1 група од 30 пациенти. Првата група од 60 пациенти е поделениа во 2 подгрупи, на примарен стациониран (30 пациенти) и прогресивен птеригиум (30 пациенти), работени со модифицираната рефрактивна хируршка метода со графт од долнотемпоралната булбарна конјунктива. Втората група на примарен стациониран (30 пациенти) и прогресивен птеригиум (30 пациенти) се оперирани со рефрактивната хируршка метода со графт од горнотемпоралната булбарна конјунктива. Останатите 30 пациенти ја претставуваат групата на рецидивантен птеригиум која е хируршки лекувана со модифицираната метода со графт од долнотемпоралната булбарна конјунктива.

Пациентите биле испитувани со Haag-Streit 900 шпалт лампа, пред и постоперативно, првиот ден, седмиот ден, првиот месец, третиот месец, шестиот месец, деветтиот, дванаесеттиот сé до 28-миот, односно 30-тиот месец. Некорегираната видна острина била иследувана со Snellen-ови оптотипи пред и постоперативно по третиот месец во корелација со поставените цели. Корнеалниот астигматизам бил испитуван со помош на Javal-кератометар и рефрактометар пред и постоперативно по третиот месец. Пациентите пред и постоперативно се документирани и фотографирани со Topcon TRC 50IX Retinal Camera во Кабинетот за FFA при Клиниката за очни болести. Хируршките интервенции се евидентирани во оперативниот протокол на Клиниката за очни болести.

Понатаму, детално се опишани хируршките методи на ексцизија на птеригиум со слободна автотрансплантација на конјунктива со графт од горнотемпоралната булбарна конјунктива и модифицираната слободна автотрансплантација на конјунктива со графт од долнотемпоралната булбарна конјунктива.

Репрезентативни примероци од птеригиум и здрава конјунктива биле хистопатолошки, хистохемиски и имунохистохемиско испитувани на Институтот за патологија, Лабораторија за хистохемиско и имуно хистохемиско иследување, при Медицинскиот факултет во Скопје, при што се направени бројни фотографии. Заради објективни потешкотии при набавувањето на антителата предложени во поднесокот, тие биле заменети со соодветни антитела кои биле и се во употреба на Институтот за патологија, а се користат во рутинската и научноистражувачката работа за визуелизација и анализа на морфолошките елементи кои се предвидени во целите на докторската теза. За визуелизација на ендотелот на крвните садови и анализирање на васкуларизацијата на птеригиумот биле користени антителата CD 34 и CD 31 (во замена на VEGE). Промените на сврзното ткиво биле визуелизирани со антителото Vimentin (FGF) и дополнително со хистохемиските боења Van Gieson, Van Gieson-elastica и PAS. Промените на епителот биле анализирани со антителото CK и Ki-67 (во замена за EGF). Употребените антитела се

еквивалентни на претходно предложените и нивната примена не влијае врз релевантноста на добиените резултати.

Со стандардни тестови за испитување на солзниот филм се иследувани пациентите пред и постоперативно (90 пациенти) по изведената модифицирана конјунктивална трансплантација со графт од долнотемпоралната булбарна конјунктива.

Резултати и дискусија

Во делот на резултатите, опишани се детално методите на статистичка обработка и прикажани се: табеларно (38 табели) и графички (37 графикони). Прикажани се и фотографии од поголем број на пациенти пред и постоперативно, како и повеќе фотографии од имунохистохемиското иследување на птеригиумот.

Во дискусијата се опфатени сите аспекти на темата, и преку цитираната литература се коментираат и компарираат добиените резултати. Птеригиумот, како заболување, поради својата честота, упорност и рецидивирање, внимателно бил набљудуван и иследуван, а одредени истражувачи посочиле и најразлични начини на лекување. Со откривањето на имунопатогенезата на птеригиумот и на голем број релевантни молекуларни збиднувања кои учествуваат при настанувањето на ова заболување се дефинираат нови протоколи на лекување. Најприфатен начин на лекување е хируршката екцизија на птеригиумот, но поради честите рецидиви (30-70%), при современото лекување на птеригиумот се предлага ефикасна и сигурна хируршка метода со мала повторувачка честота и ретки постоперативни компликации.

Модифицираната реконструктивна конјунктивална автотрансплантација со графт од долната булбарна конјунктива овозможува подобра анатомска реконструкција на предниот сегмент на окото и зачувување на интегритетот на горната булбарна конјунктива. Од друга страна, со примена на оваа хируршка метода се изведува реконструкција на лимбусот, со што улогата и значењето на матичните лимбални клетки добиваат и клиничка примена. Модифицираната реконструктивна хируршка метода со конјунктивална автотрансплантација со графт од долната булбарна конјунктива е сигурна и ефикасна хируршка метода поради малата честота на повторување, постоперативното подобрување на видната острина, незначителните субјективни и објективни постоперативни компликации, постоперативното подобрување на функцијата на солзите и солзниот филм и добрите естетски резултати.

Заклучоци

Врз база на резултатите, кои се обработени со примена на соодветни статистички методи, како и дискусијата, се добиваат релевантни заклучоци, кои ги потврдуваат целите на трудот. Се фаворизира модифицираната хируршка техника на слободна конјунктивална автотрансплантација со графт

од долнотемпоралната булбарна конјунктива за трајно решавање на птеригиумот кај примарни и рецидивантни птеригиуми независно од нивната големина.

Со изведеното хистоморфолошко и имунохистохемиско иследување на птеригиумот делумно се разоткрива патогениот механизам на птеригиумот, со цел да се постигне негово поефективно лекување. Интензитетот на воспалителниот инфилтрат, ангиогенезата и дегенеративните промени се значително поизразени кај примарните прогресивни и рецидивантни птеригиуми, и се во корелација со клиничката слика на птеригиумот со што може да се предвиди неговото постоперативно рецидивирање и еволутивен стадиум.

Од резултатите добиени од иследување на солзите, јасно се докажа поврзаноста на птеригиумот и ниската стабилност на преткорнеалниот солзен филм. Успешноста и ефикасноста на модифицираната хируршка метода со графт од долнотемпоралната булбарна конјунктива е потврдена и со постоперативното подобрување и нормализација на секрецијата и функционалноста на солзниот филм.

Модифицираната хируршка метода со графт од долната булбарна конјунктива, се наметнува како хируршка метода за примарни стационирани и прогресивни птеригиуми, и за рецидивантни птеригиуми, поради следниве предности:

- незначителни субјективни и објективни постоперативни компликации;
- подобрување на постоперативната видна острина;
- мала честота на рецидивирање;
- постоперативно подобрување на функцијата на солзите и преткорнеалниот солзен филм;
- сигурна, ефикасна и евтина хируршка метода;
- одлични естетски резултати;
- зачувување на горната булбарна конјунктива - особено се препорачува кај пациенти со глауком.

Библиографијата содржи 193 наслови, кои се современи и релевантни референци, коректно цитирани во текстот на трудот.

ЗАКЛУЧОК

Докторската дисертација со наслов "Евалуација на трансплантационите техники на хируршко лекување на птеригиум и хистоморфолошка проценка на ризик од рецидив" од кандидатката д-р Весна Челева Марковска, м-р. сци, претставува самостоен и оригинален научноистражувачки труд изработен според современите критериуми за научноистражувачка работа.

Темата на докторската дисертација е актуелна, со поголем број на испитувани параметри кои овозможуваат добивање на објективни и релевантни заклучоци на поставените цели.

Добиените резултати се соодветно статистички обработени и фотодокументирани во предвидените периоди на иследување. Покрај тоа, резултатите се јасно прикажани во табеларна и графичка форма.

Докторската дисертација претставува стручно-научен придонес во хируршкото решавање на птеригиумот, што особено се однесува на проблемот на рецидивантните птеригиуми.

По разгледувањето и анализата на поднесената докторска дисертација, Рецензентската комисија ја оцени позитивно и му предлага на Наставно-научниот совет да ја усвои.

Рецензентска комисија

Проф. д-р Милица Ивановска, с.р. _____

Проф. д-р Весна Димовска Јорданова, с.р. _____

Проф. д-р Лилјана Спасевска, с.р. _____

Р Е Ц Е Н З И Ј А

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ВНАТРЕШНА ФИНАНСИСКА РЕВИЗИЈА И КОНТРОЛА ВО ЈАВНИОТ СЕКТОР ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА" ОД М-Р ТАТЈАНА НЕСТОРОВСКА,

ПРИЈАВЕНА НА ЕКОНОМСКИОТ ИНСТИТУТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 241 од Статутот на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, а во врска со поднесената докторска дисертација од кандидатката м-р Татјана Несторовска со наслов „Внатрешна финансиска ревизија и контрола во јавниот сектор во Република Македонија", Советот на Економскиот институт во Скопје, на седницата одржана на 16 ноември 2012 година, донесе Одлука (бр. 02-2422/1 од 22.11.2012) за формирање на Комисија за оцена и одбрана на докторската дисертација во состав:

1. д-р Биљана Ангелова
2. д-р Снежана Костадиноска-Милошеска
3. д-р Татјана Петковска
4. д-р Татјана Петковска-Мирчевска
5. д-р Наташа Данилоска.

Членовите на Комисијата со потребното внимание ја прочитаа и ја проучија поднесената докторска дисертација и по усогласувањето на мислењата до Советот на Економскиот институт го доставуваат следниов

И З В Е Ш Т А Ј

I. Општи согледувања

Докторската дисертација на кандидатката м-р Татјана Несторовска со наслов "Внатрешна финансиска ревизија и контрола во јавниот сектор во Република Македонија" третира актуелна, комплексна проблематика од областа на финансискиот менаџмент во јавниот сектор каде што во фокусот на вниманието е внатрешната финансиска контрола и ревизија на јавниот сектор во Република Македонија.

Општо очекување на јавноста е лицата кои се надлежни за вршење на работите и услугите од јавен интерес средствата да ги користат економично, ефикасно и ефективно и да бидат одговорни и отчетни за извршување на доверените задачи во согласност со законот и соодветните стандарди. Една од општите цели на државната политика се однесува на давањето јавни услуги кои се прифатливи и квалитетни за корисниците, ориентирани спрема корисниците и насочени кон резултатите. Поради тоа, државата усвои законски решенија за системски пристап за мерење на ефикасноста, што може да вклучи соработка со други институции во јавниот или приватниот сектор, со цел ефективно и ефикасно извршување на програмите и проектите од јавен интерес и подобрување на управувањето со јавните средства. За да може оваа одговорност да се спроведе во практика, субјектите треба да воспостават и одржуваат соодветни решенија и начин за управување со средствата кои им се ставени на располагање, преку респектирање на контролното опкружување во кое дејствуваат, со идентификација на ризиците на работењето и нивната амортизација. Концептот на јавната внатрешна финансиска контрола (Public Internal Financial Control - PIFC) е развиен од Европската комисија со цел да обезбеди структуриран и оперативен модел кој ќе им помогне на националните влади во редизајнирањето на нивната внатрешна контролна средина и особено да се унапреди нивниот контролен систем во јавниот сектор во согласност со меѓународните стандарди и најдобрите практики на ЕУ.

Процесот на зајакнување на системот на јавна внатрешна финансиска контрола, согласно со барањата на acquis за изградба на модерни системи за внатрешна контрола во јавниот сектор, во Република Македонија се спроведува преку развој и примена на принципите на децентрализирана одговорност на раководството (менаџерската одговорност) и воспоставување функционално независна внатрешна ревизија, па оттука произлегува и актуелноста на проблематиката на оваа докторска дисертација. Целта на овој процес е изградба на систем кој ќе гарантира разумно користење на јавните средства, како и спречување на неправилности, сомнежи за измама и корупција. Во оваа докторска дисертација, предмет на анализа на кандидатката е спроведувањето на внатрешната финансиска контрола во јавниот сектор на Република Македонија. Спроведувањето на внатрешната финансиска контрола и управувањето со ризиците на работењето не претставува само законска обврска за јавниот сектор, туку и спроведување на практики кои придонесуваат за подобра идентификација и управување со ризиците во јавниот сектор. Стратегијата за управување на ризици треба да ги усвои и имплементира најдобрите практики за идентификување, процена и контрола со најниски трошоци на ризиците со цел да се осигура дека се елиминирани или намалени на прифатливо ниво. Целта на ова истражување е идентификација и воспоставување систем за управување со постојните и можните појавни облици на ризици во работењето на јавниот сектор и нејзината примена да му овозможи на раководството во јавниот сектор подобар поглед кон иднината и способност за соодветно конципирање на сопствена деловна политика.

2. Содржина на дисертацијата

Докторската дисертација на кандидатката м-р Татјана Несторовска со наслов „Внатрешна финансиска ревизија и контрола во јавниот сектор во Република Македонија" е конципирана од воведен дел, четири тематски поглавја, заклучок и користена литература. Генерално, трудот има опфатено дел посветен на теоретските изучувања за јавниот сектор и јавната одговорност, како и улогата и значењето на лицата кои ја вршат ревизијата и внатрешната контрола, ризиците кои се преземаат, а воедно и успешно управување со нив и што поефикасно остварување на поставените цели во самите работни единици, во јавниот сектор во Република Македонија.

Воведниот дел се однесува на предметот и целите на истражувањето, методолошкиот приод во истражувањето, значењето на акцентирањето на оваа проблематика во науката, како и во практичното работење на ревизорските куќи од една страна и имплементацијата на финансиското управување и внатрешна контрола во јавниот сектор од друга страна.

Во првата глава на дисертацијата со наслов "Финанасиско управување и контрола во јавниот сектор" се дефинира поимот и се разработува концептот за јавна внатрешна финансиска контрола (ЈВФК), кој има за цел да го унапреди контролниот систем во јавниот сектор. Во овој дел исто така елабориран процесот на зајакнување на системот, а се спроведува преку развој и примена на принципите децентрализирана одговорност на раководството, односно манаџерската одговорност и воспоставување на функционално независна внатрешна ревизија. Менаџерската одговорност претставува делегирање во насока на исполнување на целите и не само ефикасно и разумно трошење на финансиските средства, туку и спречување на неправилности, измама и корупција при работењето. Појаснети се и ограничувачките фактори кои влијаат врз спроведувањето на внатрешната контрола, зашто колку и да е успешно осмислен и оперативно спроведен системот за внатрешна контрола, тој може да обезбеди само разумно, но не и целосно уверување на раководството, поврзано со остварувањето на целите на субјектот. Поради тоа неопходно е да се направи проверка и да се оцени ефективноста на внатрешната контрола.

Во втората глава која носи наслов "Процедури и учесници во процесот на финансиско управување и контрола во јавниот сектор" се опфатени одредени процедури и постапки во

процесот на финансиското управување, како и учесниците кои вршат контрола во јавниот сектор.

Субјектите треба да располагаат со пишани процедури кои треба да бидат сеопфатни, комплетни и јасни, класифицирани за внатрешни активности, а воедно да бидат достапни. Исто така, во ова поглавје се разработени и ризиците од различни аспекти, кои настануваат при работењето.Се извршува и нивна проценка, рангирање и е понудено можно решение за што поуспешно управување со нив. Исто така, е извршена и анализа на постојните и потребните контроли, нивните слабости и корективните мерки кои би требало да се преземат по разгледувањето и проценката на извештаите за внатрешна контрола.

Посебен акцент во овој дел се става на учесниците во финансиското управување и контрола и на нивните улоги. Постојат повеќе учесници во целиот систем на јавниот сектор со различен обем на одговорности, но раководителот на субјектот во овој сектор има крајна одговорност над финансиското управување и контрола. Исто така, раководителот е тој што дава отчет за постигнување на целите на субјектот преку управување со јавните средства на законски, економски, ефикасен и ефективен начин. Раководителот на финансовиот сектор го контролира спроведувањето на финансиското управување преку следење на целосното и навремено прибирање на приходите и плаќање на расходите, понатаму го подготвува предлог-буџетот на субјектот за наредната година, како и повеќегодишните проекции.Одредени должности и надлежности му се определени на координаторот на финансиско управување и контрола и тој дејствува во насоките кои се назначени од раководителот на финансискиот сектор.

Во овој дел проследена и EX-ANTE и EX-POST финансиската контрола која ја извршува финансискиот контролор.Сите видови на контроли (од постојниот широк спектар на начини и стратегии на контроли) се спроведуваат за што поуспешно остварување на целите и намалување на ризиците при работењето.

Третата глава од трудот насловена како "Улогата на внатрешната ревизија во развојот на системот на финансиско управување и контрола" ја анализира и ја разработува улогата на ревизорот во однос на контролата на контролната средина, како и делегирање на одговорностите и овластувањата при што да се земе предвид важноста на одлуката и ризиците поврзани со неа. Определување на ревизорски контролни точки за проценка на ризикот и за контролни активности, првентивна и детективна контрола, управувачка и контрола врз информациите (квантитетот, природата и достапноста), како и на искористувањето на информациите за зајакнување на етичките вредности, политиките, моќта, целите на субјектот, плановите и друго. Внатрешната ревизија треба да обезбеди и независна и објективна оцена на системот на внатрешна контрола во субјектот од јавниот сектор. Оваа ревизија треба да ја вршат компетентни ревизори.

Четвртата глава се фокусира на примената на принципите на финансиското управување и контрола во јавниот сектор на Република Македонија, преку разработка на студија на случај (репрезентативен примерок) за анализа на примена на принципите, и тоа примерок од јавните претпријатија, фондови и буџетски корисници. Во оваа глава дисертацијата продолжува со изработка на една компаративна анализа на податоците за сите студии на случаи, со цел изнаоѓање на одредени развојни можности кои би било добро да се применуваат во иднина доколку би сакале да се постигнат подобри ефекти при работењето.

Во заклучните согледувања, кандидатката м-р Татјана Несторовска ги сублимира и ги презентира клучните наоди, заклучоци и препораки од теоретските и апликативни истражувања на докторската дисертација.

3. Оцена и предлог

Врз основа на внимателното проучување на изнесената содржина на докторската дисертација на кандидатката м-р Татјана Несторовска со наслов „Внатрешна финансиска ревизија и контрола во јавниот сектор во Република Македонија", Комисијата оцени дека докторската дисертација е поставена на современ и оригинален приод и е исклучително содржаен и комплексен труд. Докторската дисертација обработува современа и актуелна проблематика од областа на финансискиот менаџмент во јавниот сектор.

Дисертацијата се одликува со оригинален пристап кон дефинираниот проблем на истражување и мошне успешно ги претставува ризиците и комплексното контролно опкружување во кое дејствува јавниот сектор, како и потребата за менаџирање со нив, со цел постигнување поефикасна јавна администрација. Трудот заслужува посебно внимание пред се и поради неговата актуелност и методолошкиот пристап во истражувањето кој може да се оцени како интегрален, целисходен и исцрпен според обемноста на обработениот материјал користен во истражувањето. Концептуски, дисертацијата претставува заокружен систематски приказ на теоретските и практичните искуства од сферата на финансискиот менаџмент во јавниот сектор.

Имајќи ги предвид изнесените ставови, Комисијата беше едногласна во заклучокот дека кандидатката м-р Татјана Несторовска во својата докторската дисертација под наслов „Внатрешна финансиска ревизија и контрола во јавниот сектор во Република Македонија" целосно успеала да одговори на предизвикот што го поставила при дефинирањето на предметот на истражување. Појдовните тези успева мошне успешно да ги развие со аргументирани заклучоци, со свои оригинални ставови, јасни препораки и насоки за функционирањето на системот на управување со ризици во јавниот сектор на Република Македонија.

Врз основа на претходното, Комисија му предлага на Советот на Економскиот институт во Скопје:

1. да го прифати извештајот со позитивна оцена за поднесената докторска дисертација „Внатрешна финансиска ревизија и контрола во јавниот сектор во Република Македонија" и
2. на кандидатката м-р Татјана Несторовска да ѝ се дозволи јавна одбрана на докторскиот труд.

Скопје, 8 јануари 2013 година

Комисијата за оцена и одбрана на докторската дисертација

1._____с.р.
/д-р Биљана Ангелова/

2._____с.р.
/ д-р Снежана Костадиноска Милошеска /

3._____с.р.
/ д-р Татјана Петковска /

4._____с.р.
/ д-р Татјана Петковска-Мирчевска /

5._____с.р.
/д-р Наташа Данилоска /

Р Е Ц Е Н З И Ј А

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „РАЗВОЈ НА ПАЗАРОТ НА КАПИТАЛ ВО ФУНКЦИЈА НА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА СРЕДСТВА ЗА ДОЛГОРОЧНИ ВЛОЖУВАЊА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА" ОД М-Р НАСЕР АМЕТИ, ПРИЈАВЕНА ВО ЕКОНОМСКИОТ ИНСТИТУТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 241 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, а во врска со поднесената докторска дисертација од кандидатот м-р Насер Амети со наслов „Развој на пазарот на капитал во функција на обезбедување на средства за долгорочни вложувања во Република Македонија", Советот на Економскиот институт во Скопје, на седницата одржана на 4 септември 2012 година, донесе Одлука (бр. 02-1857/2 од 10.10.2009) за формирање на Комисија за оцена и одбрана на докторската дисертација во состав:

1. д-р Биљана Ангелова
2. д-р Диана Бошковска
3. д-р Климентина Попоска
4. д-р Снежана Костадиноска-Милошеска
5. д-р Наташа Данилоска.

Членовите на Комисијата со потребното внимание ја прочитаа и ја проучија поднесената докторска дисертација и по усогласувањето на мислењата, на Советот на Економскиот институт му го доставуваат следниов

И З В Е Ш Т А Ј

1. Општи согледувања

Докторската дисертација на кандидатот м-р Насер Амети со наслов „Развој на пазарот на капитал во функција на обезбедување на средства за долгорочни вложувања во Република Македонија" третира актуелна, комплексна проблематика од областа на финансискиот менаџмент каде што фокусот на вниманието е насочен кон обезбедување на средства за долгорочни вложувања во Република Македонија.

Докторската дисертација претставува студија за значењето, основните карактеристики, структурата и функционирањето на пазарот на капитал како главен извор на средства за долгорочно вложување. Во овој труд е направен напор за одредување на препораките за развој на пазарот на капитал во Република Македонија, преку следење и анализирање на движењата на тој пазар во светот. Акцентот се става на следење на правците на развој во наредниот период кои во развиените земји се поставени како стандарди, а потоа се дефинираат домашните околности и правци на развој на пазарот на капитал. Во овој труд се укажува на начинот на кој трговските друштва преку пазарот на капитал можат да обезбедат средства за долгорочни вложувања, т.е. долгорочно финансирање. Предметот на истражување на оваа докторска дисертација се однесува на анализата на начините на обезбедување на средства за долгорочни вложувања преку пазарот на капитал - берзите на капитал. Берзанските пазари претставуваат многу важен сегмент на финансискиот систем на секоја економија, па затоа се зголемува важноста на деталната анализа на факторите кои го условуваат однесувањето на учесниците на берзанските пазари.

Работна хипотеза во овој труд претставува користењето на пазарот на капитал и инструментите на тој пазар во функција на поттикнување на развојот, со цел да се ублажат исклучително неповолните состојби во македонската економија.

Актуелноста на самата проблематика произлегува од потребата за изградба на современ и ефикасен пазар на капитал кој ќе претставува катализатор на стопанскиот развој во земјата. Капиталот се јавува како еден од факторите за развој на националната економија, но со оглед на неговата лимитираност, перманентни се напорите во теоријата и практиката за изнаоѓање нови начини (инструменти) за обезбедување на потребниот капитал за реализација на развојните цели на трговските друштва и на националната економија. Во таа насока, настанаа и различни типови на хартии од вредност, кои од една страна се јавуваат како извор на капитал, додека од друга страна, како инструменти во кои може да се вложат слободните средства и на тој начин субјектите да го оплодуваат својот капитал преку вложување во овие инструменти.

2. Содржина на дисертацијата

Докторската дисертација на кандидатот м-р Насер Амети со наслов „Развој на пазарот на капитал во функција на обезбедување на средства за долгорочни вложувања во Република Македонија" е конципирана во: воведен дел, седум тематски поглавја, заклучок и користена литература. Генерално, трудот има опфатено дел посветен на теоретските изучувања за пазарот на капитал, финансиските институции и финансиските инструменти со посебен осврт на пазарот на капитал во Република Македонија.

Воведниот дел ги содржи основните хипотези и целите на истражувањето, методолошкиот пристап во истражувањето, како и причините за поставувањето на оваа проблематика и значењето на оваа проблематика во науката. Во воведниот дел е дефиниран и приодот за анализа на функционирањето на пазарите на капитал во развиените земји од една страна и имплементација на искуствата на пазарот на капитал во Република Македонија од друга страна.

Во првото поглавје со наслов „Долгорочни финансиски вложувања", посебен акцент се дава на значењето на долгорочните финансиски вложувања за стопанството во целина и за трговските друштва посебно. Ризикот на овој вид вложувања произлегува од долгиот рок на вложувањата, како и неизвесноста на настаните што можат да се случат во текот на еден подолг период. Кај долгорочните вложувања со ризик се опфатени: главнината на вложувањата, но и приносот што се очекува од нивното користење. Во ова поглавје се зборува и за изворите на средствата за долгорочни вложувања и за тековите на капиталот од суфицитарните субјекти кон дефицитарните субјекти.

Втора глава носи наслов „Финансиски пазари" . Во оваа глава се посветува внимание на дефинирање на поимот на финансискиот пазар, на видовите финансиски пазари, нивната структура и организација, согледување на нивните развојни тенденции, принципите на кои тие се базираат, како и согледување на односите помеѓу учесниците во финансиските пазари. Се објаснува поимот финансиски пазар како специфичен пазар, бидејќи на него се тргува специфична стока (пари, капитал, хартии од вредност – краткорочни и долгорочни, валути и девизи), на специфичен начин и според специфични услови. Кандидатот го аназлира финансискиот пазар во втората глава преку трите негови сегменти: пазар на пари, пазар на капитал и пазар на девизи.

Третата глава, „Глобализација на пазарот на капитал", го елаборира процесот на интернационализација и глобализација на финансиските пазари, со посебен осврт на пазарот на капитал. Оваа глава е посветена на прикажување на значењето на

спроведената анализа за професионалните учесници на финансиските пазари и за креаторите на економската политика на земјите во регионот, кои треба да работат на тоа нивните финансиски пазари да станат поатрактивни за вложување на домашните и странските инвеститори. Меѓународната мобилност на капиталот секако ја претставува основната карактеристика на модерната глобализација на пазарот на капитал, како во развиените, така и во случајот на земјите во развој.

Во четвртата глава, „Пазарите на капитал во транзиционите земји", се анализира какво влијание предизвикал пазарот на капитал во земјите во транзиција. Исто така, се објаснува појавата и функционирањето на пазарот на капитал во транзиционите економии и потенцијалните придобивки од функционирањето на пазарот на капитал. Посебно се анализира степенот на развој на пазарите на капитал во земјите во транзиција за да можат во целост да одговараат на многубројните барања кои се поставуваат пред нив. Во оваа глава се врши анализа на развојот на учесниците на пазарот на капитал, т.е. субјектите на пазарот на капитал, посебно на институционалните инвеститори, корисниците на капитал, посредниците и државата како учесник во пазарот на капитал.

Кандидатот во петтото поглавје, „Форми на финансирање преку пазарот на капитал", ги елаборира формите на финансирање преку пазарот на капитал, т.е. финансиските инструменти преку кои се остварува функционирањето на пазарот на капитал. Финансирањето на трговските друштва се остварува преку долгорочни обврски (преку термински кредити и долгорочни обврски), но голем број на трговски друштва потребите од дополнителен капитал ги обезбедуваат преку продажба на хартии од вредност. Во оваа глава исто така се обрнува внимание и на: лизингот, државните хартии од вредност и финансиските деривати.

Шестата глава, „Пазарот на капитал во Република Македонија", се однесува на развојот на пазарот на капитал во Република Македонија, со посебен осврт на: макроекономските детерминанти, организацијата на пазарот на долгорочни хартии од вредност, учесниците на пазарот на капитал и тоа групирани на институции на пазарот на капитал (Македонска берза на долгорочни хартии од вредност, Комисијата за хартии од вредност, Централниот депозитар за хартии од вредност), посредниците (банките и брокерските друштва), институционалните инвеститори (инвестициони фондови, осигурителни компании и пензиските фондови) и др. Се објаснува функционирањето на пазарот на капитал и активностите на учесниците на пазарот на капитал. Посебен осврт во шестата глава се дава и на електронското тргување со хартии од вредност.

Седмата, а воедно и последната глава од трудот, „Пазарот на долгорочни хартии од вредност во Република Македонија како инвестиционен потенцијал", се однесува на регулативата на пазарот на капитал во Република Македонија, Македонската берза на долгорочни хартии од вредност (почнувајќи од историјатот на Македонската берза на долгорочни хартии од вредност нејзината организација и нејзиното функционирање). Се анализира начинот на функционирање на Македонска берза на хартии од вредност: пазарните сегменти, можностите за котација и берзанските индекси. Во ова тематско поглавје се врши истражување кое треба да даде информации за факторите кои го детерминираат развојот на пазарот на капитал во Република Македонија, условите во кои функционира и се даваат препораки за надминување на ограничувањата за анимирање на развојот во функција на позначајна поддршка на долгорочните финансиски вложувања во реалниот сектор. Воедно, во последното поглавје се сумирани и препораките за креирање на современ пазар на капитал во Република Македонија.

Во заклучните согледувања кандидатот м-р Насер Амети ги сублимира и ги презентира клучните наоди, заклучоци и препораки од теоретските и апликативни истражувања на докторската дисертација.

3. Оцена и предлог

Врз основа на внимателното проучување на изнесената содржина на докторската дисертација на кандидатот м-р Насер Амети со наслов "Развој на пазарот на капитал во функција на обезбедување на средства за долгорочни вложувања во Република Македонија", Комисијата оцени дека докторската дисертација е поставена на современ и оригинален приод и е исклучително содржаен и комплексен труд. Докторската дисертација обработува современа и актуелна проблематика од областа на банкарскиот менаџмент.

Дисертацијата се одликува со оригинален пристап кон дефинираниот проблем на истражување и мошне успешно ги инкорпорира научниот и стручниот третман на корпоративното управување во банките. Трудот заслужува посебно внимание пред се и поради неговата актуелност и методолошкиот пристап во истражувањето кој може да се оцени како интегрален, целисходен и исцрпен според обемноста на обработениот материјал користен во истражувањето. Концепциски, дисертацијата претставува заокружен систематски приказ на теоретските и практичните искуства од сферата на пазарот на капитал во Република Македонија и можностите кои ги нуди за обезбедување на средства за долгорочно вложување.

Имајќи ги предвид изнесените ставови, Комисијата беше едногласна во заклучокот дека кандидатот м-р Насер Амети во својата докторската дисертација под наслов „Развој на пазарот на капитал во функција на обезбедување на средства за долгорочни вложувања во Република Македонија" целосно успеал да одговори на предизвикот што го поставил при дефинирањето на предметот на истражување. Појдовните тези успева мошне успешно да ги развие со аргументирани заклучоци, со свои оригинални ставови и со јасни препораки за развојот на корпоративното управување во банките во Република Македонија.

Врз основа на претходното, Комисијата му предлага на Советот на Економскиот институт во Скопје:

1. да го прифати извештајот со позитивна оцена за поднесената докторска дисертација „Развој на пазарот на капитал во функција на обезбедување на средства за долгорочни вложувања во Република Македонија", и
2. на кандидатот м-р Насер Амети да му се дозволи јавна одбрана на докторскиот труд.

Скопје, 8 јануари 2013 година

Комисија за оцена и одбрана на докторската дисертација

1._____с.р.
/д-р Биљана Ангелова/

2._____с.р.
/д-р Диана Бошковска/

3._____с.р.
/д-р Климентина Попоска/

4._____с.р.
/ д-р Снежана Костадиноска Милошеска /

5._____с.р.
/д-р Наташа Данилоска /

Р Е Ц Е Н З И Ј А

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА

"ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ НА ТЕРМОЕНЕРГЕТИКАТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА"

изработена од м-р Огнен Димитров, дипл. маш. инж., пријавена на Машински факултет во Скопје.

Со одлука бр.02-3304/2 на Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет во Скопје, донесена на 27.12.2012 година, формирана е Комисија за одбрана на докторската дисертација со наслов: **"Одржлив развој на термоенергетиката во Република Македонија"**, изработена од м-р Огнен Димитров, дипл. маш. инж. во состав:

проф. д-р. Славе Арменски, Машински факултет-Скопје;
академик проф. д-р Глигор Каневче, МАНУ;
проф. д-р Миле Димитровски, Машински факултет – Скопје;
вонр. проф.д-р Доне Ташевски, Машински факултет – Скопје;
д-р Александар Мојсовски проф.во пензија, Машински факултет-Скопје.

По прегледувањето на дисертацијата, Комисијата го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Докторската дисертација изработена од м-р Огнен Димитров е од областа на термоенергетиката и е насочена кон истражувањето на одржливиот развој на термоенергетиката во Република Македонија и тоа во насока на препораки за инвестирање во изградба на нови термоенергетски објекти, или во мерки за енергетска ефикасност со еднакви енергетски ефекти. Во дисертацијата се опфатени следниве поглавија:

Вовед

I. Потреби за енергија
II. Снабдување со енергија – енергетски ресурси
III. Енергетска ефикасност
IV. Заштита на животната средина
V. Критериуми за одржлив развој на енергетиката во Македонија
VI. Споредбена анализа на технички и енергетски карактеристики заради инвестирање
VII. Анализа и констатации
VIII. Заклучоци и насоки за натамошна работа

Прилози

Ознаки

Литература

Дисертацијата е обработена на 139 страници, во кои се вклучени 15 слики и дијаграми, 33 табели, 33 фусноти, 25 прилози и 79 библиографски единици.

Во воведот, на три страници се дефинирани предметот и целите на истражувањето, а прикажан е и пристапот кон анализата на проблематиката- потреба и производство на електрична енергија во термоенергетски постројки, како и потреба и производство на топлинска енергија. Посочена е потребата од истражување во овој сектор особено кога континуирано се зголемува потребата за енергија, а Македонија е со ограничени сопствени ресурси.

Во *првото поглавје* се обработени потребите за енергија во Македонија до 2020 година во согласност со стратегиските документи. Прикажани се специфични индикатори за потрошувачката на енергија, како и споредба со земјите на ЕУ. Утврдена е големата зависност од увоз (над 45 %), како и високиот интензитет на потрошувачка на енергија и лошиот однос на трансформација на примарната во финалната форма на енергија. Утврдени се основните сектори каде што се троши енергијата и носечките енергенти, кон кои е насочено истражувањето.

Второто поглавје кое се однесува на енергетските ресурси, т.е. можностите за снабдување со енергија е организирано во три посебни целини, и тоа: сопствено производство на енергија, увоз на енергија и обновливи извори на енергија. Сопственото производство на енергија е анализирано во две посебни групи, и тоа: производство на електрична енергија во термоцентрали и производство на топлинска енергија. Во овие два дела се опфатени методолошки: ресурсите, капацитетите за трансформација на енергија и потенцијалните можности за идно производство на електрична или топлинска енергија. Приоритет е даден на максималното искористување на сопствените ресурси. Врз основа на анализата на предностите и недостатоците во однос на увозот на трансформирани форми на енергија или увозот на примарна енергија, заклучокот е дека приоритет е во снабдување со примарни форми на енергија, а при тоа природниот гас има компаративни предности во однос на течните горива (нафтата). При производство на електрична енергија во термоцентралите, апсолутен приоритет е даден на високоефикасните бинарни (гасно-парни) когенеративни постројки. Нивната примена во енергетиката на Македонија, како и примената на гасните мотори е можна единствено со користење на природен гас. Се потцртува големата улога на можноста за примена на микро и мали когенеративни постројки во индустриските системи и комерцијалните објекти (болници, хотели).

Анализата на потрошувачката на енергија укажува дека од обновливите извори на енергија, најголемо внимание треба да се посвети на биомасата, особено користење на отпадната биомаса од земјоделството и шумарството, како и на сончевите колектори, иако нивното учество во формирање на енергетскиот биланс на Македонија е релативно мало. Особено затоа што дрвото како енергент за снабдување со топлинска енергија за греење се користи во 75% од домаќинствата во Македонија.

Третото поглавје ја обработува можноста за интелигентно користење на енергијата кај крајните корисници преку примена на мерките за енергетска ефикасност, кој е економски и еколошки оправдан енергетски ресурс. Преку анализите се докажани придобивките од инвестиции во енергетската ефикасност, примената на мерки за енергетска ефикасност, во споредба со инвестициите во нови капацитети за производство на енергија и изградба на нови преносни и дистрибутивни врски. Анализирани се 3 сектори за примена на мерките, и тоа: резиденцијалниот, административно-комерцијалниот и индустрискиот. Суштината на дисертацијата е споредбата на инвестирањето во нови енергетски извори или во мерки за енергетска ефикасност. Од мерките за енергетска ефикасност детално се анализирани (енергетски и економски) реконструкцијата на згради заради големиот фонд на објекти како во резиденцијалниот, така и во комерцијалниот сектор, мерките во секторот на уличното осветлување и мерките во индустриските процеси – примена на когенеративни системи. Направен е пресек на можни извори на финасиски средства за реализација на овие проекти.

Заштитата на животната средина е обработена во *четвртото поглавје*. Врз основа на потрошувачката на енергија, дефинирани се количините на стакленички гасо-

ви кои се производ на согорување на фосилни горива при производство на електрична енергија, при производство на топлинска енергија, како и локалното загадување при користење на биомасата (огревното дрво).

Како критериуми за одржлив развој на термоенергетиката во Македонија, кои се анализирани во *петтото поглавје,* усвоени се два од повеќето можни: минималната цена на производот - електрична и топлинска енергија, која го опфаќа во себе и критериумот за максимална ефикасност и висината на инвестицијата и експлоатационите трошоци, и дополнително, заштитата на човековата околина. Преку овие здружени критериуми дефинирани се насоките за развој на термоенергетиката при изградба на нови производни постројки и спроведување на мерките за енергетска ефикасност со еднаков енергетски потенцијал.

Во *шестото поглавје* е прикажана методата за спроведување на споредбената анализа на техничките и енергетските карактеристики заради одржливо инвестирање во термоенергетиката. Подготвен е алгоритам за спроведување на контролна пресметка кој се состои од енергетски и економски дел. Во енергетскиот дел се спроведува комплетна топлинска, енергетска пресметка како и определување на емисијата на стаклени гасови. Во економскиот дел се дефинирани големините на специфичните инвестиции за термоенергетските постројки и за предвидените мерки за енергетска ефикасност. Споредбената анализа е извршена во согласност со современиот пристап кој не се засновува врз простиот период на повраток на средства (Simple Payback Period), туку врз основа на животниот век (Life Cycles) на разгледуваната постројка. Трошоците се стандардно групирани како фиксни и променливи, за да се добие реалната цена на производот, која е усвоена како примарен критериум за оптимирање. Контролната пресметка за бинарна производна постројка се повторува, при идентични услови за когенеративна бинарна постројка и дефинирање на емисијата на стаклени гасови. При негативни резултати се пристапува кон менување на концепцијата на постројката. Резултатите на дефинираниот оптимален систем за производство на енергија се споредуваат со резултатите од пресметката (техно-економска) на мерките за енергетска ефикасност.

Анализата од спроведените пресметки во однос на сегашната состојба во термоенергетиката во Македонија, како и очекуваните развојни насоки, прикажани се во *седмото поглавје*. Спроведена е анализа на чувствителност на влијателните фактори, и тоа: цената на производот и цената на енергентот. Констатирано е дека цената на енергентот во периодот на експлоатација има доминантно влијание врз економичноста на инвестицијата.

Заклучоците и насоките за натамошна истражувачка работа се прикажани во *седмото поглавје*. Тие се усогласени со очекуваните резултати од пријавата кон оваа докторска дисертација и тоа дефинирани се потребните количини на енергија до 2020 година, нивото на емисија на стаклени гасови, дефинирани се основните мерки за енергетска ефикасност кои се економски поприфатливи во споредба со инвестирањето во производни постројки, а во исто време влијаат на намалување на емисијата на штетни гасови. Дефиниран е предлог за одржлив развој на термоенергетиката во Македонија, со максимално користење на домашните ресурси, подинамичен пристап кон примена на обновливите извори на енергија и со максимално почитување на ограничувањата од еколошки аспект.

ЗАКЛУЧОК

Кандидатот м-р Огнен Димитров, дипл.маш.инж., подготвил квалитетен оригинален научноистражувачки труд од областа на: *одржливиот развој на термоенергетиката* со истражување на влијанијата на мерките за енергетска ефикасност на овој развој.

Докторската дисертација "Одржлив развој на термоенергетиката во Република Македонија" претставува значаен придонес заради дефинирање на математичкиот модел за анализа на влијанието на енергетските и економските карактеристики врз цената на производот и емисијата на штетни материи во околината. Моделот е "отворен" и за натамошно надоградување и експериментирање

Пристапот кон решавањето на истражувачката проблематика, преку анализа на битните влијателни фактори, реалната состојба во Македонија, статистичките податоци од институциите на ЕУ, како и почитувањето на препораките на ЕУ директивите, со примена на соодветни критериуми за оптимизација и синтеза на заклучоците, го претставуваат м-р. Огнен Димитров, дипл.маш.инж., како истражувач со широки познавања, кој ги следи современите достигнувања во подрачјето на термоенергетиката, способен да решава сложени проблеми од подрачјето на техничките науки.

Особен оригинален придонес претставува доказот дека инвестирањето во мерките за енергетска ефикасност, покрај смалувањето на емисијата на штетни гасови, и покрај значително повисоките почетни инвестициски вложувања, за време на животниот век има подобри економски резултати од 1.7 до 2.6 пати, во споредба со различните типови на постројки за производство на електрична или топлинска енергија.

Од овие причини, Комисијата со задоволство заклучува дека неговата докторска дисертација претставува успешен, оригинален научен труд и му предлага на Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет во Скопје, да го прифати овој извештај и да закаже јавна усна одбрана на дисертацијата.

Комисија

1. Проф.д-р Славе Арменски, с.р.
   Машински факултет – Скопје

2. Академик проф. д-р Глигор Каневче, с.р.
   МАНУ

3. Проф. д-р Миле Димитровски, с.р.
   Машински факултет - Скопје

4. Вонр. проф.д-р Доне Ташевски, с.р.
   Машински факултет - Скопје

5. Д-р Александар Мојсовски проф.во пензија., с.р.
   Машински факултет - Скопје

Р Е Ц Е Н З И Ј А
НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „РЕГИОНАЛНАТА ПОЛИТИКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО КОНТЕКСТ НА ЕВРОИНТЕГРАЦИОНИТЕ ПРОЦЕСИ" ОД М-Р МАРИЈА КАРАЕВА, ПРИЈАВЕНА НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Со одлука на Наставно-научниот совет број 0202-475/1 од 19.12.2012 година, определени сме за членови на Комисијата за оцена и одбрана на докторската дисертација поднесена од кандидатката м-р Марија Караева под наслов "Регионалната политика на Република Македонија во контекст на евроинтеграционите процеси".

По проучувањето на текстот на докторската дисертција, Комисијата го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

I. СОДРЖИНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА

Докторската дисертација под наслов "Регионалната политика на Република Македонија во контекст на евроинтеграционите процеси", изработена од кандидатката м-р Марија Караева, претставува научен труд презентиран на 292 страници – 272 страници основен текст, 20 страници користена литература како и 71 табела и 20 графикони. Основниот текст, покрај воведот и заклучните согледувања, е систематизиран во четири глави според следниов редослед:

ПРВА ГЛАВА: Регионалната политика на Европската унија

ВТОРА ГЛАВА: ЕУ - регионалната политика како платформа за конвергенција на економскиот развој и вработеноста

ТРЕТА ГЛАВА: Регионален развој и регионална политика на Република Македонија

ЧЕТВРТА ГЛАВА: Претприемаштвото и малите и средните претпријатија како основен метод за поттикнување на регионалниот развој

Во **воведот** кандидатката го поентира значењето на регионалната политика на Европската унија како приоритет на стратегија во етаблирањето на проактивен однос кон интеграционите процеси. Круцијалниот аспект на европската регионална политика е во зајакнувањето на економската, социјалната и територијалната кохезија во Европската унија во која постојат големи развојни диспаритети помеѓу државите и регионите. Платформата околу која се консолидираат позитивните аспирации за интеграционите процеси се мобилизираат приоритетно преку европскиот концепт на регионалната политика која е оската за приспособување на сите држави - членки и кандидати за членство, респективно Република Македонија.

Во **првата глава** со наслов "Регионалната политика на Европската унија", кандидатката ги анализира теоретските сознанија за потребата на водењето на регионалната политика во рамките на ЕУ. Презентирањето на сознанијата се експлицира низ полемични дискусии околу улогата на регионалната политика во зголемувањето на економската и социјалната кохезија и намалувањето на регионалните диспаритети. Кандидатката ги конфронтира различните стојалишта со нивните вредносни "котви" и настојува својот став да го фундира на аналитичките наоди за позитивниот инпакт на регионалната политика која европската конструкција ја "држи заедно" преку порамномерна дистрибуција на развојните придобивки од заедничкиот пазар. Во продолжение се анализира еволуцијата на регионалната политика како процесс на формулирање на цели и алокација на финансиските ресурси. На крајот на оваа глава се разгледуваат насоките за идниот развој на кохезионата политика (2014-2020) и се антиципираат најзначајните промени кои се фокусираат пред се на целите на Европа 2020 – инвестирањето во раст и работните места и европската територијална соработка.

Во **втората глава**, со наслов "ЕУ регионалната политика како платформа за конвергенција на економскиот развој и вработеноста", кандидатката го апострофира вистинскиот предизвик на регионалната политика да го промовира одржливиот развој преку редуцирање на просторните диспаритети и зголемувањето на конвергенцијата, респективно интеграцијата помеѓу државите и регионите со цел тие да бидат проактивни во реализирање на придобивките од единствениот пазар. Остварувањето на ваквата развојна платформа во ЕУ е тесно поврзана со процесот на инвестирање со цел мобилизирање на развојни ресурси во

регионите. Во продолжение кандидатката ги евалуира областите на влијанието на кохезионата политика кои се реален израз на огромниот диверзитет кој постои во европскиот простор. Може да се каже дека и во државоте на Европската унија иако постојат големи економски, социјални разлики. Токму затоа промените во економската средина во насока на подобрувањето на капацитетите на државите и регионите преку процесите на финансиската стимулација, техничката поддршка и соработка и размена на искуства меѓу земјите - членки стануваат есенцијална срж на стратегијата на регионалниот развој. Посебно валидни во трудот се вреднувањето на влијанието на политиката на поддршка на МСП, инвестирањето во луѓе, подобрувањето на територијалната кохезија преку развој на транспортна инфраструктура, заштитата на животната средина, создавањето на иновативни региони и поттикнувањето на соработката. Анализата во рамките на овој дел е документирана и илустрирана со примери на успешно реализирани проекти на земјите - членки на ЕУ.

Во **третата глава**, со наслов "Регионалниот развој и регионалната политика на Република Македонија", во почетокот се анализираат мотивите за реафирмација на регионалната политика во Република Македонија. Развојните диспаритети во државата како оригинален извор за анимирање на интересот кон регионалниот развој беа потурнати од нејзините европски аспирации и потребата за постигнување на приспособување на регионалната политика на Република Македонија кон регионалната политика на ЕУ. Кандидатката почетоците на новиот стадиум во развојот на регионалната политика го врзува со поставувањето на нормативната арматура, пред се донесување на Закон за рамномерен регионален развој (2007), во кој се дефинира како основа активност планирањето на регионалниот развој со следните документи: стратегија за регионален развој и програми за развој на плански региони. Кандидатката во продолжение критички го анализира и отценува значењето на овие плански документи. Во продолжение на трудот се разгледува територијалната поделба на Република Македонија на плански региони. Таквата поделба е основа за анализата на позначајните аспекти на регионалните диспаритети во Републиката кои се истражуваат преку анализа на учеството на регионите во БДП, инвестициите во основни средства како и состојбите на пазарот на работната сила (вработеност, невработеност). Како резултат на анализата се

диференцираат типови на региони со различни развојни проблеми на кои треба да им кореспондираат соодветни развојни програми. Заради подобра типологија на макроекономската позиција на регионите, во продолжение на трудот се анализираат економските карактеристики посебно за секој од планските региони, респективно се проектира визијата на развојот и во рамките на нејзината реализација се поентираат среднорочните плански цели. Во продолжение на анализата во трудот е прикажана институционалната рамка за реализирање на регионалната политика. Во трудот се дефинираат главните носители на политиката на регионалниот развој, а тоа се: Совет за рамномерен регионален развој на Република Македонија, Министерство за локална самоуправа, совети за развој на планските региони, како и следниве оперативни тела за спроведување на мерките и активностите за поддршка на рамномерниот регионален развој: Биро за регионален развој (поранешното Биро за стопански недоволно развиените подрачја), Центри за развој на планските региони и единици на локалната самоуправа, односно општините. Во продолжение следува анализата на работењето на овие институции, критичка оцена на проблемите со кои тие се конфронтираат, како и предлог-решенија за надминување на индентификуваните проблеми. Во продолжение кандидатката ја заокружува анализата со евалуација на националната финансиска рамка и алокацијата на финансиските ресурси за регионалните цели и приоритети. Анализата укажува на приближно исполнување на финансиските законски обврски за алокација на средства наменети за регионалниот развој, меѓутоа истовремено поентира дека алокацијата или распределбата на ресурсите не се случува според дефинираните критериуми (степен на развиеност на регионите).

Во **четвртата** глава со наслов "Претприемаштвото и малите и средните претпријатија како основен метод за поттикнување на регионалниот развој", коректно се констатира дека малите и средните претпријатија имаат круцијално значење во ревитализација на регионите кои назадуваат во својот развој и чии главни карактеристики се висока стапка на невработеност, ниско квалификуваната работна сила, ограниченият пристап до ресурси и недостигот на инфраструктура. Токму оттука успешната регионална политика се повеќе се фокусира на анимирањето на домашните регинални ресурси кои можат да придонесат за формирањето на претприемачки иницијативи посебно во МСП - секторот. Во

рамките на трудот, во анализата на значење на МСП - секторот се тргнува од фактот дека тој опфаќа 99,8% од вкупниот број на претпријатија, креира 43,7% од вкупната вработеност во земјата и учествува со 65,7% во создавањето на бруто-додадената вредност во РМ. Во трудот коректно се констатира дека стратешката ориентација на Р. Македонија да се етаблира како пазарна и отворена економија бара проактивно да се стимулира трендот на вработување и претприемаштвото. Поттикнувањето на самовработувањето преку поддршката на развојот на претприемаштвото и МСП може да биде еден од начините за надминување на регионалните развојни проблеми. По краткиот опис на МСП - секторот во Република Македонија, во последниот дел од оваа глава се разгледува поврзаноста на регионалната политика и локалното претприемаштво во Република Македонија, како и можностите за развој на малите бизниси во подрачјата со специфични развојни потреби.

Заклучните согледувања ги сублимираат посебните наоди од истражувачкиот труд, кои се оригинални по својот карактер, бидејќи се однесуваат на конкретните искуства во етаблирањето на регионалната политика во Р. Македонија. Кандидатката ги апострофира проблемите и решенијата за градење на институционални капацитети за креирање и спроведување на регионалната политика. Во тој контекст, значајни се и заклучоците во однос на посебната улога на претприемаштвото на малите и средните претпријатија во мобилизирањето на регионалните иницијативи, респективно предлозите и решенијата во насока на консолидирање на врските и односите во градењето на стратегии и политики на МСП во институционалната мрежа на регионалната политика.

Во изработката на докторската дисертација претежно е користена најнова литература и извори од интернет, или вкупно 188 библиографски единици. Од користената литература, најголем број се книги и публикации од областа на регионалниот развој и регионалната политика, како и бројни официјални документи стратегии, развојни програми и извештаи и статистички бази на Европската комисија, Европската унија, Европскиот парламент, Евростат, исто така Владата на Р. Македонија, како и соодветни министерства.

II. ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА

Комисијата за оцена и одбрана на докторската дисертација под наслов "Регионалната политика на Република Македонија во контекст на евроинтеграционите процеси", изработена од кандидаката м-р Марија Караева, констатира дека се работи за научен труд кој што низ единство на теоретската нормативна и апликативна димензија доаѓа до валидни заклучоци релевантни за идниот регионален развој на Р. Македонија.

Научно-методолошката конзистентност на истражувањето е нагласена карактеристика на докторската дисертација. Таа се манифестира во сите аспекти на научното истражување. Изборот на предметот и целите на истражувањето е направен со сензибилитет за актуелност и дефицитарност на експлицираната проблематика во македонската научна јавност. Всушност, во проактивното искористување на придобивките на единствениот европски пазар, круцијална улога помеѓу ЕУ - политиките има регионалната политика. Ваквата позиција на регионалната политика произлегува од нејзината експлицитна насоченост кон намалувањето на економските и социјални разлики меѓу државите и регионите и егализирањето на можностите на членките да ги користат позитивните ефекти од интеграцијата. Помошната рака на регионалната политика во консолидирањето на економската, социјалната и територијалната кохезија ја става на педиесталот на политиките кои се оценуваат како успешни од секоја гледна точка. Мобилизиторската улога втемелена на принципот на солидарноста во европската регионална политика, всушност, се состои во аспирациите кон интеграционите процеси кои стануваат "цементот" којшто секоја земја - членка, како и кандидатка за членство го користи за да се најде под покривот на заедничката конструкција. "Токму ваквата позиција ја прави европската" регионална политика да биде во фокусот на истражувачкиот интерес на современата макроекономија. Кандидатката во својот научноистражувачки фундус ја доловила оваа релевантна димензија на европската регионална политика, како платформа од која треба да се тргнува во стаблирањето на системот на регионалната политика на Р. Македонија. Таквата интенца е нагласена во приодот во структурирањето на докторскиот труд.

Всушност, кандидатката се обиде да го фати на дело процесот на продлабочувањето на хоризонталната и вертикалната интеграција во ЕУ и новите придизвици кои тој ги постави пред регионалната политика. Суштествениот аспект на економските и политичките промени кои го донесоа создавањето на Европската монетарна унија, меѓутоа и процесот на проширувањето посебно во периодот 2004-2007, ја мултиплицира сложеноста на регионалните диспаритети и економскиот диверзитет во регионалниот пејзаж на Унијата. Еволуцијата на регионалната политика ја следеше динамиката на радикални промени со сосема одредена цел – можноста да партиципира во делотворно зголемување на економската, социјалната и територијалната кохезија. За да ја анализира стратешката ориентација на регионалната политика, кандидатката ја презентира преку конзистентен систем на цели, инструменти и извори за финансирање и стимулирање на економскиот раст и развој во процес на динамични промени.

Кандидатката во трудот пројавува способност за критички опсервации преку актуализирање на современиот кризен момент во развојните процеси на ЕУ коишто ја експлицираат конфликтноста на евроинтеграционите процеси и ја нагласуваат нивната двозначност и сложеност. Таквата состојба се манифестира и во доменот на различните оцени на ефикасноста на регионалната политика. Кандидатката преку теоретска анализа аргументите изнесени од конфронтираните табори ги користи за да ја изгради својата аргументација која е на позиција на позитивно вреднување на ефектите на регионалната политика во ЕУ. Позитивното вреднување на концептот на регионалната политика е всушност костурот на кој се темели истражувањето во трудот. Истражувањето на регионалната политика на ЕУ е во функција на фундаменталната истражувачка цел - конституирање на систем на регионална политика во Р. Македонија кој ќе биде компатибилен со регионалната политика на ЕУ.

Кандидатката ја потенцира изворната природа на регионалните проблеми во Р. Македонија: тргнува од регионалните диспаритети кои се третираат како сопирачка за поголема развојна интеграција на државата. Анализирањето на процесот на етаблирање на систем на регионална политика во државата (правна рамка, цели, институции, инструменти, финансии) се валоризира според европската методологија, меѓутоа и според можностите системот да биде

ефективен и ефикасен во наши услови. Истражувањето во дисертацијата носи конструктивен и креативен пристап бидејќи се поентираат предлози и решенија во насока на усовршувањето на стратегиите и политиките на регионалниот развој. Ваквиот аспект на дисертацијата е посебно нагласен во анализата на институционалната мрежа за водење на регионалната политика во Р. Македонија, каде што врз основа на селектираните проблеми се нудат решенија во насока на зголемувањето на институционалниот капацитет за водењето на регионалната политика како и надоградба на институционалната мрежа во пресрет на можностите за искористувањето на средствата на ИПА - фондовите. Кандидатката апострофира дека значаен аспект во консолидирањето на позицијата на регионалната политика е стабилниоста на финансиите. Некои актуелни проблеми во финансирањето на регионалната политика се документирани преку емпириски наоди и анализи како пледоаје за нудење на излезни решенија. Кандидатката во рамките на аналитичките сознанија за потребата регионалниот развој пред се да се темели на локални фактори, најголемата мобилизациска моќ ја препознава во развојот на претприемаштвото на малите и средните фирми. Во тој контекст, кандидатката ја разгледува можноста регионалната политика да ги анимира потенцијалите на овој динамичен извор на развојната енергија, давајќи корисни сугестии во однос на стратегијата и политиката на развојот на претприемаштвото, иновациите на малите и средните претпријатија како фактор на подигање на конкуретноста на регионално ниво.

Во крајната оцена на квалитетите на трудот ги резимираме следниве поенти:

1. Трудот има солидна теоретска, нормативно-аналитичка и емпириска база, втемелена на најсовремена и релевантна литература од областа на регионалниот развој и регионалната политика.

2. Во трудот се синтензирани и презентирани најзначајните аспекти од развојот на регионалната политика на ЕУ кои се релевантни за приспособувањето и градењето на системот на регионалната политика во Р. Македонија.

3. Трудот дава оригинална анализа на современиот аспект на развојот на регионалната политика на Р. Македонија, со што пополнува празен простор во овој научноистражувачки сегмент. Така, македонската научна и поширока јавност добива "производ" од систематизирани знаења, наоди и анализи кои даваат

можност за целосен увид на состојбите во доменот на регионалната политика на Р. Македонија.

4. Во трудот успешно се селекционирани акутните проблеми од доменот на регионалната политика кои се невралгични пунктови и од чие решавање зависи понатамошното консолидирање на системот на регионалата политика на државата. Во рамките на дисетацијата се понудени решенија како да се надминат "тесните грла" во институционалната мрежа и да се подобри нејзиното функционирање. Во делот на инструментите на регионалната политика и внатрешните решенија за мобилизирање на регионалните ресурси се поентираат и се даваат сугестии за подобрувањето на интеракциите во дијалектиката на односот меѓу регионалниот развој и развојот на претприемаштвото.

Комисијата е убедена дека докторската дисертација на кандидатката Марија Караева претставува солидно структурирано истражување кое теоретски е фундирано, емпириски документирано, користи современа методолошки постапки и се потпира на широка научна литература. Докторската дисертација има посебна актуелност во македонската научна јавност поради фактот што по долг период го пополнува вакуумот во истражувањето на регионалните проблеми и го фокусира вниманието на актуелната проблематика која е во процес на динамични промени. Токму затоа, предлозите и сугестии можат да помогнат за водење на политики на макро и микониво. Комисијата е убедена дека кандидатката ги реализирала поставените цели и задачи предвидени со тезите и пријавата на докторската дисертација.

Врз основа на изнесените карактеристики на содржината и на квалитативните особености на трудот, Комисијата со задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје:

- *прво,* да го усвои извештајот за докторската дисертација на тема: "Регионалната политика на Република Македонија во контекст на евроинтеграционите процеси", поднесена од кандидатката Марија Караева;

- *второ,* да дозволи јавна одбрана на докторската дисертација.

Скопје, јануари 2013 год.

Членови на Комисијата

1. Проф.д-р Наталија Николовска с.р
2. Проф.д-р Таки Фити с.р
3. Проф.д-р Љубица Костовска с.р
4. Проф.д-р Пеце Недановски с.р
5. Проф.д-р Олга Теменугова Градишка с.р

До
Правниот факултет "Јустинијан Први"
при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје
- Декан
- Рецензентска комисија
- Наставно - научен совет

ПРИГОВОР

од доц. д-р Искра Аќимовска Малетиќ, кандидат за избор на наставник во сите наставно-научни звања на научната област административно право и јавна администрација (административно право) на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје

Предмет на приговорот: Рефератот објавен во Билтен бр. 1046 од 15 јануари 2013 за избор на наставник во сите наставно-научни звања на научната област административно право и јавна администрација (административно право) на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје

Рефератот на Рецензентската комисија во состав: д-р Симеон Гелевски, редовен професор, д-р Борче Давитковски, редовен професор и д-р Ана Павловска-Данева, вонреден професор, е спротивен на:

- член 96 и член 132 од Законот за високото образование (во натамошниот текст: ЗВО);

-членовите: 11, 33, 48, од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, научно-стручни и соработнички звања на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" (Универзитетски гласник број 173 од 1.8.2011 година и 194 од 30 декември 2011 година, во натамошниот текст: Правилник од 2011), како и членовите 1, 2, 3 и 5 од Анекс 1 на Правилникот.

Со тоа е направена материјална повреда на законската и подзаконската регулатива согласно со која треба да се спроведе постапката за горенаведениот избор.

***

1. Предложената кандидатка **д-р Ивана Шумановска Спасовска НЕ ГИ ИСПОЛНУВА УСЛОВИТЕ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ ДОЦЕНТ**, бидејќи, согласно со чл. 11 од Правилникот, **НЕ го исполнува минималниот број поени предвидени за стручно-апликативна дејност**.

Комисијата погрешно ги валоризирала активностите на кандидатката д-р Ивана Шумановска Спасовска, односно впишала повеќе бодови отколку што за овие активности предвидува Правилникот од 2011 и утврдила бодови за погрешни категории на активности, и тоа:

1. **На д-р Шумановскв Спасовска** во делот на научноистражувачката дејност **погрешно и се вреднувани 5 труда во нејзиниот образец,** односно:
-Трудовите (вкупно 5 - 1. Управно судство во Франција, Годишник на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје, во чест на проф. д-р Тодорка Оровчанец, Скопје, 2006; 2 - Трансферот на надлежности на единиците на локална самоуправа, Годишник на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје, во чест на проф. д-р Борислав Благоев, Скопје, 2007 - 3. Децентрализација државне управе у Републици Македонији, Правни живот, часопис за правну теорију и праксу, Удружење правника Србије, бр. 10, Београд, 2007, том П, 4 .. Децентрализација и промене у јединицама локалне самоуправе у Републици Македонији, Правни живот, Београд, 2009, 5. Механизми за партиципативно учество на граѓаните во политичкиот процес, Годишник на Правниот факултет „Јустинијан Први„ во Скопје, посветен на 35 години студии по новинарство, **погрешно се вреднувани** како трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно/стручно списание, односно за нив **неправилно се впишани по 4 бода (вкупно 20). Овие трудови не се објавени во научно-стручно списание. Тие најмногу би можело да се вреднуваат како трудови објавени во зборници на високообразовна институција.** Зборниците не се научни списанија (чл. 96 од ЗВО и чл. 3 од Анекс 1 од Правилникот 1). Претходното е **ПРИФАТЕНО од Рецензентската комисија во ист состав** во Одговор по приговор бр. 03-376/2 од 7.3.2012 година (објавен во Биилтен бр. 1029 од 17 април 2012 год.), која произнесувајќи се по наводите **за истите трудови** во поднесениот приговор на рефератот за избор на наставник во сите наставно-научни звања на научната област административно право и јавна администрација, објавен во Билтен бр. 1026 од 1 март 2012, констатирала дека постојат "Формални повреди" кои можат да доведат до судски спор во кој тие би биле отстранети.

-Повеќето **трудови** на кандидатката се вреднувани од Комисијата како трудови со оригинални научни резултати. **Согласно со член 33, став 2 од Правилникот од 2011**, трудовите треба да бидат рецензирани и класифицирани во публикациите како изворни научни и стручни трудови. Повеќето **не се класифицирани и рецензирани како оригинални во зборниците.**

Врз основа на претходно изнесено во овој дел **кај кандидатката д-р Ивана Шумановска Спасовска неправилно се утврдени** поените и наместо утврдените **20 поени, согласно со ЗВО и Правилникот од 2011, треба да се утврдат 10 поени**.

-Исто така, кај кандидатката Шумановска - Спасовска во делот на научноистражувачката дејност **погрешно се вреднувани по 2 бода** за учества на **3 пленарни предавања** на научен-стручен собир (вкупно 6 поени):

- се работи за учества на семинари организирани од Јуридика, единствено како предавач, за што **согласно со Правилникот** се предвидени само **по 1 поен**.

- Ова особено бидејќи истите учества на семинар и претходно од Рецензионтската **комисија во ист состав** во рефератот за избор на наставник во сите наставно-научни звања на научната област административно право и јавна администрација објавен во Билтен бр. 1026 од 01 март 2012, биле **вреднувани**

по 1 **поен** во делот на наставно-образовната дејност како учества во работилници.

Кај кандидатката Шумановска - Спасовска погрешно е вреднувано со 2 поена учеството на Копаоничка школа природног права 2009 година, имајќи предвид дека истото учество од **Рецензентската комисија во ист состав** во рефератот за избор на наставник во сите наставно-научни звања на научната област административно право и јавна администрација, објавен во Билтен бр. 1026 од 1 март 2012, било **вреднувано по 1 поен, (во истиот реферат и кај кандидатката Аќимовска Малетиќ, учеството на истиот собир било вреднувано со 1 поен),**

Од погоре изнесеното, **кај кандидатката** д-р **Ивана Шумановска Спасовска** за активности од **научноистражувачката дејност, наместо утврдените 40 поена, треба да се утврдат 23 поени** за научноистражувачка дејност.

2. Комисијата **погрешно ја вреднувала стручно - апликативната дејност на д-р Шумановска Спасовска**:

- **Неправилно се утврдени 2,5 поена** за учество во **промотивни активности** на Факултетот бидејќи од **Рецензентската комисија во ист состав**, во рефератот за избор на наставник во сите наставно-научни звања на научната област административно право и јавна администрација, објавен во Билтен бр. 1026 од 1 март 2012 година, биле утврдени единствено промотивните активности за 2007 и 2008 година. Оттаму, поените за оваа активност **треба да бидат 1 поен**.

- Неправилно **е утврден 1 поен за експертски активности: Евалуација, стручна ревизија, супервизија, проценка на капитал, систематизација и методологија**, за нејзиното **учество во панелот** во рамки на проектот ЦИМАП Воспоставување на компаративен мониторинг базиран на индикатори за следење на прогресот во борба против корупција во земјите - кандидати за членство во ЕУ, потенцијалните земји - кандидати и Косово, финансиран од Европската комисија, 21.3.2011. **Согласно со член 5 од Правилникот**, а имајќи предвид дека станува збор за учество на панел - расправа во рамки на проект, оваа активност треба да биде вреднувана во наставно-образовна дејност во делот на работилници и семинари. **Нејасно е зошто во овој Реферат се вреднува оваа активност иако Рецензентската комисија во ист состав** во рефератот за избор на наставник во сите наставно-научни звања на научната област административно право и јавна администрација, објавен во Билтен бр. 1026 од 1 март 2012 година, **оваа активност не ја земала предвид** и не ја вреднувала иако во тој временски период таа веќе **била завршена**.

- **Неправилно се утврдени 6,5 поени** кај кандидатката Шумановска Спасовска **за член во следниве факултетски комисии** (секретар на Институтот за правно-политички науки, мандат 2012-2016; член на Комсиија за јавни набавки, 20122014; член на Дисциплинска комисија за студенти на Факултетот, мандат 20122014; член на Комисија за попис на основни средства, ситен инвентар, потрошен материјал и изданија од издавачка дејност, 2012 год; член на Комисија за попис и утврдување на парични и други форми на побарувања и обврски, 2012 год,) **бидејќи согласно со членот 5 од Анекс 1 на Правилникот**

од 2011 се утврдува дека **поените се однесуваат за еден мандатен период, што овде не е случај.**

- **Нејасно е зошто во овој реферат се вреднуваат активности** (член на Дисциплинска комисија за студенти на Факултетот, мандат 2010-2012; член на Комисија за подготовка на промотивен материјал и организирање на Отворениот ден на Правниот факултет од 5.6.2008 година), **со оглед што Рецензентската комисија во ист состав** во рефератот за избор на наставник во сите наставно научни звања на научната област административно право и јавна администрација објавен во Билтен бр. 1026 од 01 март 2012 година, нив не ги **земала предвид.**

Според горенаведеното, **на кандидатката д-р Ивана Шумановска Спасовска во делот на стручно-апликативната дејност неправилно и се утврдени 11 поени, односно согласно со Правилникот од 2011, треба да и бидат утврдени 4 поени**.

3. Во делот за наставно - образовната дејност, **неточно се утврдени 47,237 поени за одржана настава** во прв, втор циклус, теренска настава и консултации и кои **треба да изнесуваат 46,125 поени**, согласно со веќе **вреднуваното од Рецензентската комисија во ист состав** во рефератот за избор на наставник во сите наставнонаучни звања на научната област административно право и јавна администрација, објавен во Билтен бр. 1026 од 1 март 2012 година, **а зголемено за извршените активности во 2012 година.**

Според погоре наведеното во делот наставно-образовна дејност, **на д-р Шумановска Спасовска неправилно и се утврдени 57,237 поени,** односно согласно со Правилникот од 2011 и Фактичката состојба, **треба да и бидат утврдени 60,125 поени.**

Врз основа на претходно изнесеното произлегува дека согласно со вреднувањата на професионалните референци на кандидатката д-р Ивана Шумановска Спасовска, согласно со Правилникот од 2011, наместо утврдените вкупно 108,237 поени (57,237 од НОД, 40 за НИД и 11 за САД), треба да и се утврдат 60,125 за НОД, 23 поени за НИД и 4 поени за САД, или вкупно 87,125 поени.

Врз основа на погоре изнесеното произлегува дека кандидатката д-р Ивана Шумановска Спасовска НЕ ГИ ИСПОЛНУВА УСЛОВИТЕ, СОГЛАСНО СО ЧЛЕН 11 ОД ПРАВИЛНИКОТ ОД 2011.

П. **Комисијата не вреднувала одредени активности, утврдила помалку бодови за активностите или неправилно утврдила бодови за кандидатката д-р Искра Аќимовска Малетиќ.**

1. На д-р Аќимовска Малетиќ **неправилно и се вреднувани со 4 поени како трудови со оригиналини научни резултати објавени во научно/стручно списание** и тие согласно со, веќе **вреднуваното од Рецензентската комисија во ист состав** во рефератот за избор на наставник во сите наставно-научни звања на научната област административно право и јавна администрација,

објавен во Билтен бр. 1026 од 1 март 2012 година, **треба да бидат вреднувани** како трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир **со по 2 поена**.

2. На д-р Аќимовска Малетиќ **неправилно и се вреднувани 54,75 поени во делот на одржување на настава** со оглед на тоа дека **во претходниот** реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања на научната област административно право и јавна администрација, објавен во Билтен бр. 1026 од 1 март 2012 година, **Рецензентската комисија во ист состав** (без да биде земена предвид во меѓувреме одржаната настава од 2012 година) вреднувала за настава 75,6 поени. Изненадува фактот како врз **основа на потполно ист фонд на одржани часови утврдени во доставената документација, а од друга страна и дополнително одржаната настава за 2012 година, поените се намалиле за над 20 наместо да се зголемат.**

III. Рефератот е **спротивен на Законот** за високото образование и **Правилникот** од 2011, има **селективен пристап и необјективно вреднува активности** кои ги имале двете кандидатки:

-Имено, **спротивно на член 132 од Законот** за високото образование, **членот 48 од Правилникот** од 2011 год., **рефератот не ги** содржи податоците за сите објавени 47 стручни и научни трудови на кандидатката Д-р Аќимовска Малетиќ и особено **не содржи оценка на тие трудови**.

- **Не е почитуван принципот на еднаквост** меѓу двете кандидатки при ценењето **на евалуациите на студентите како "исклучително важен податок" во случајот на кандидатката Шумановска-Спасовска, бидејќи позитивната оценка од самоевалуацијата не се применува како услов до 1 јануари 2014 (чл, 125 од Законот за високото образование), не е предвиден во конкурсот, а истото не било ценето и во случајот кај кандидатката д-р Аќимовска Малетиќ иако доставила соодветна документација за познтивна евалуација. На тој начин, покрај непочитувањето на принципот на еднаквост, не се почитува и принципот на непристрасност и недискриминација.**

-Рецензентската комисија, **спротивно на ЗВО и Правилникот од 2011, селективно и спротивно на принципот на еднаквост** ги вреднува и несоодветно **не ги зема предвид при одлучувањето за предлогот сите наведени професионални ангажмани и достигнувања** наведени во пријавата и биографијата на кандидатката Аќимовска Малетиќ - книги, монографии, како и **47 научни и стручни трудови** во земјата и во странство, од кои одредени трудови се трудови објавени во меѓународни научни списанија/меѓународни научни публикации во смисла на член 96, ст. 10 и 11 и чл. 125, ст. 2 од Законот за високо образование, и индексирани во: Social Science Citation Index (Thomson Reuteurs), Sociological Abstracts, Worldwide Political Science Abstracts, The Central Eцгореап Joumal of Social Sciences and Humanities, Research Papers in Economics. Понатаму, при одлучувањето, Комисијата **не ги зема предвид нејзините учества во повеќе меѓународни и национални проекти, предвидувањето на објавената литература во предметни програми од областа на административното право на правни факултети во странство,**

цитираноста на нејзини публикувани трудови во учебници и други публикации во странство, учество како рецензент на повеќе трудови од областа на администтративното право објавени во списанија во странство индексирани во меѓународни бази на податоци. Наместо коректно и непристрасно заклучување за предлогот за избор на кандидат врз основа на доставената документација за професионалните ангажмани на Аќимовска Малетиќ, во заклучната оцена, Комисијата оценува дека Малетиќ постигнала "солидни резултати" и единствено што го истакнува во континуитет е повеќегодишното практично работење и во други државни органи, што не може да се земе за негативност, особено во случај на евидентно постигнатите резултати.

Ова особено доаѓа до израз поради фактот дека **Комисијата и дава предност на кандидатката Шумановска Спасовска** врз основа тоа што цитирам: "при нејзините настапи се оценува дека говори (излага) со јасност, разговетност и разбирање" и дека "преку ангажманите во семинари и обуки и самата учи и се надградува". Со ваквата констатација, имајќи го предвид научноистражувачки опус на кандидатката Шуманоска Спасовска за период од 12 години (2001-2013) во кои била единствено ангажирана на Правниот факултет во Скопје и имала единствени можности за научно и стручно усовршување кои се наметнуваат како императив за квалитетни наставно научни кадри на високообразовните установи во Република Македонија, Рецензентската комисија не осврнувајќи се воопшто на Фактот дека другата **кандидатка Аќимовска Малетиќ има огромен број поени повеќе (НЕКОЛКУКРАТНО ПОВЕЌЕ ПОЕНИ) од предложената кандидатка Шумановска, сепак без издржани аргументи дава предлог за кандидатката Шумановска Спасовска.**

Дополнително немајќи намера да ги анализирам субјективните аспекти од рефератот, сепак, мотивирана од начелото на законитост, еднаквост и правичност укажувам на невообичаената констатација на Рецензентската комисија дека ја следи кадровската политика на ННС на Правниот факултет во Скопје и оценува дека и е потребен наставник во звањето доцент. Со тоа, **спротивно на начелата на законитост, еднаквост и недискриминација** се кршат уставните и законските права на другиот кандидат Аќимовска Малетиќ, кој е учесник на **конкурс за избор во СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА на научната област административно право и јавна администрација, вклучително и на доцент.** При тоа, наместо Рецензентската комсиија да ги вреднува и да го донесе предлогот за избор на кандидат врз основа на постигнати резултати базирани на квантификувани податоци и приложени документи, оценува дека објективно и докажано појакиот кандидат треба да биде вреднуван и избран во повисоко звање на друга високообразовна установа, со што Комисијата креира кадровска политика на друга високообразовна установа, со тоа задоволувајќи се со евидентно и квантификувано послабиот кандидат за Правниот факултет „Јустинијан Први„ во Скопје. Неспорно е дека **поседувањето на повеќе наставни, научни, стручни и апликативни достигнувања и компетенции во ниту една област, па ниту во областа на високото образовние не смее да биде основ за нееднаков третман во негативна смисла, туку напротив и единствено во насока на давање предност, пред се, на квалитетот.**

***

Врз основа на начелата на законитост, објективност, еднаквост и правичност, го вложувам овој приговор со изнесување на аргументи кои се базираат на Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје бр. 173 од 1 август 2011 и бр. 194 од 30 декември 2011.

Имајќи ги предвид наведените аргументи, неопходно е Рецензентската комисија најмалку да постапи како по одговорот по приговорот објавен во Билтен 1029 од 17 април 2012 година, кој се однесува на постапка за избор во истата научна област во која учествуваат истите кандидати и како што се наведува во него, цитирам: "за да се избегнат понатамошни приговори и евеитуално судски спор кој поради формални повреди би завршил со поништување на конкурсот", повторно да му предложи на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје повлекување на истиот предлог (кандидатката д-р Шумановска Спосовска да биде избрана во наставно-научно звање), кој и во претходниот конкурс беше повлечен и врз основа на тоа беше распишан нов конкурс.

Датум
23.1.2013

Со почит,
Д-р Искра Аќимовска Малетиќ

До
Наставно-научниот совет на
Правниот факултет "Јустинијан Први"
во Скопје

Предмет: Одговор по приговорот поднесен од д-р Искра Малетиќ-Аќимовска заведен под бр. 03-106/1 од 23.1.2013 год.

По разгледувањето на наводите во приговорот од кандидатката д-р Искра Малетиќ-Аќимовска, Рецензентската комисија во состав: проф. д-р Симеон Гелевски, проф. д-р Борче Давитковски и проф. д-р Ана Павловска-Данева (наоѓајќи дека е беспредметно да одговара поединечно за секој дел од приговорот), констатира:

Во наводите на поднесениот приговор, Рецензентската комисија не наоѓа релевантна правна поврзаност со наведените чл. 96 и 132 од Законот за високото образование на кои се повикува подносителот на приговорот.

Рецензентската комисија го има подготвено објавениот реферат, врз основа на чл. 11, 33, 48 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, научно-стручни и соработнички звања на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" (Универзитетски гласник бр. 173 од 1.8.2011 и 194 од 30.12.2011 во продолжение Правиникот), како и членовите 1, 2, 3 и 5 од Анекс 1 на Правилникот и целосно земајќи ги предвид наведените подзаконски одредби.

Оттука, **во рефератот за избор на наставник во сите наставно-научни звања на научната област административно право и јавна администрација (административно право) на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје, Рецензентската комисија нема направено ниту една материјална или формална повреда на законската и подзаконската регулатива согласно со која се спроведува постапката за горенаведениот избор.**

*
* *

I

1. **-Неосновани се наводите изнесени во точка 1** од приговорот, каде што подносителот на приговорот наведува дека трудовите објавени во годишниците **НЕ ТРЕБА** да се вреднуваат како трудови со оригинални научни резултати и да се бодираат со по 4 поени. Подносителот на приговорот смета дека наведените трудови треба да се бодираат со по 2 поена, но всушност станува збор за трудови кои се објавени во **годишниците** на Правниот

факултет "Јустинијан Први" во Скопје, како и во **стручни списанија за правна теорија и практика,** а не во зборници издадени од високообразовна установа, туку како трудови со оригинални научни резултати објавени во научно/стручно списание (чл. 3 од Анекс 1, од Правилникот). Поради овие причини, Рецензентската комисија ги има вреднувано овие трудови кај **двете** кандидатки со по 4 поени.

-Во однос на приговорот за **вреднувањето на учеството на кандидатката д-р Ивана Шумановска-Спасовска на пленарни предавања.** Рецензентската комисија останува на ставот дека станува збор за учество на кандидатката на **стручен собир** со свое **пленарно предавање**, кое согласно со чл. 3 од Анекс 1 од Правилникот се вреднува со по 2 поена.

-Рефератот за избор на наставник во сите наставно-научни звања на научната област административно право и јавна администрација објавен во Билтен бр. 1026 од 1.3.2012 е **ПОНИШТЕН,** што значи **не произведува никакви правни дејствија, па оттука не може да биде предмет на анализа на Рецензентската комисија.**

Рецензентската комисија во понатамошниот текст на овој одговор нема да се осврнува на наводите од приговорот кои однесуваат на овој основ.

*
* *

Кај кандидатката д-р Ивана Шумановска-Спасовска за активностите од научноистражувачката дејност правилно се утврдени 40 поени.

2. -Рецензентската комисија правилно го вреднувала учеството на кандидатката д-р Ивана Шумановска-Спасовска во проектот: "ЦИМАП- воспоставување на компаративен мониторинг базиран на индикатори за следење на прогресот во борбата против корупцијата во земјите - кандидати за членство во ЕУ, потенцијалните земји кандидати и Косово, финансиран од Европската комисија", како **експертска активност** со која кандидатката извршила **стручна ревизија** на индикаторите за следење на процесот за борба против корупцијата во јавната администрација. Согласно со чл. 5 од Анекс 1 од Правилникот, за оваа активност следува 1 поен како што впрочем Рецензентската комисија утврдила во својот реферат.

- Правилно се утврдени 6,5 поени кај кандидатката д-р Ивана Шумановска-Спасовска за членување во наведените факултетски

комисии и точно и прецизно се наведени мандатните периоди на нејзиното членување во овие комисии.

*
* *

Според горенаведеното, Рецензентската комисија правилно утврдила 11 поени за стручноапликативната дејност на кандидатката д-р Ивана Шумановска-Спасовска.

3. По однос на приговорот за одржана настава во прв, втор циклус, теренска настава и консултации, Рецензентската комисија, поените ги пресметала врз основа на ангажманот на д-р Ивана Шумановска-Спасовска согласно со одлуките за распоред на работни задачи за учебните години во кои кандидатката била ангажирана како соработник и оттука **утврдените 57,237 поени се правилно утврдени.**

*
* *

Врз основа на погоре изнесеното, произлегува дека на кандидатката д-р Ивана Шумановска-Спасовска, Рецензентската комисија правилни и проверила стручните и образовни референци и правилно го утврдила вкупниот износ од 108,237 поени, и ГИ ИСПОЛНУВА УСЛОВИТЕ СОГЛАСНО СО ЧЛ.11 ОД 2011 ГОДИНА.

II

1. Во однос на приговорот на д-р Искра Аќимовска-Малетиќ дека неправилно се бодувани со по 4 поени, нејзините оригинални и научни трудови, Комисијата **принципиелно и со единствена методологија применува исти критериуми кај двете кандидатки** за вреднување на трудови објавени во научно/стручни списанија. Затоа, Рецензентската комисија останува на ставот дека согласно со чл. 3 од Анекс 1 од Правилникот, овие трудови се вреднуваат со по 4 поени кај двете кандидатки.

2. За наводите изнесени во точка 2 од Приговорот, Комисијата се произнесе во I, точка 1, ст. 2 од овој одговор.

III

1. Рецензентската комисија, спротивно на наводите во Приговорот, **ги има вреднувано сите доставени трудови** од кандидатката д-р Искра Аќимовска-Малетиќ, **вклучително и двата наведени во**

приговорот ("Personal data protection in the police sector in the Republic of Macedonia", "Policing in Central and Eastern Europe, Social Control of Unconventional Deviance", Conference Proceedings, Faculty of Criminal Justice and Security, University of Maribor, Slovenia, Ljubljana 2011, p. 417 – 433 (коавтор со Bogdancho Gogov); "The Macedonian ombudsman as an informal conflict resolution mechanism between the citizens and the public administration", NISPAcee Journal of Public Administration and Policy (Volume IV, Number 2, winter 2011/2012, Special Issue: Law and Public Management Revisited, Индексирано во: Sociological Abstracts, World Wide Political Science Abstracts, The Central European Journal of Social Science and Humanities, Research Papers in Economics), наведени во Образецот кон Извештајот за избор во наставно-научно, научно, наставно-стручно и соработничко звање во графата за трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор под бр. 1 и 3.

-Комисијата единствено не го вреднуваше и не го зема предвид доставениот материјал од кандидатката доставен во електронска форма, назначен како "интерна скрипта од авторизирани предавања" по управно право, од следниве причини: станува збор за преземени делови (вклучително и графикони, табели и шеми) од учебникот "Административно право" од авторите Н. Гризо, С. Гелевски, Б. Давитковски, А. Павловска-Данева објавен во 2011 год., издавач: Правен факултет "Јустинијан Први" – Скопје, како и преведени делови од учебници по управно право од неколку автори од соседна Република Србија, без наведување на цитати и изворите од кои се преземени. Поради овие причини, Рецензентската комисија смета дека доставеното ЦД од кандидатката д-р Искра Малетиќ-Аќимовска не ги исполнува критериумите за вреднување како „интерна скрипта од авторизирани предавања".

-Рецензентската комисија не можела да ја вреднува цитираноста на публикуваните трудови на кандидатката д-р Искра Малетиќ-Аќимовска во учебници и други публикации во странство бидејќи **во Правилникот не е предвидено вреднување со посебни поени за таква активност**.

- Рецензентската комисија ги побива наводите на кандидатката д-р Искра Аќимовска-Малетиќ дека не биле земени предвид нејзините активности како рецензент на трудови од областа на административното право бидејќи **во Правилникот не е предвидено вреднување со посебни поени на активности како рецензент на трудови објавени во списанија во земјата или во странство**.

- Рецензентската комисија останува на констатацијата наведена во објавениот реферат, како и во приговорот на кандидатката д-р Искра Аќимовска-Малетиќ дека кандидатката д-р Ивана Шумановска-Спасовска 12 години била ангажирана на Правниот

факултет "Јустинијан Први" во Скопје и логично е да смета дека токму овој факт претставува предност за кандидатката д-р Ивана Шумановска-Спасовска, бидејќи токму преку нејзините активности на Правниот факултет, дава доволна основа дека и понатаму ќе се гради и надоградува како солиден наставен и научен кадар за потребите на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје. Сето ова говори во прилог на принципот на континуитет на кадровската политика на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје.

Рецензентската комисија се согласува со неспорниот факт дека кандидатката д-р Искра Аќимовска-Малетиќ има неколкукратно повеќе поени од кандидатката д-р Ивана Шумановска-Спасовска, но покрај нејзиниот континуиран придонес и работа на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје, Рецензентската комисија има предвид и дека станува збор за кандидатка која е родена на 19.1.1979 година според што нејзините активности, ангажман и достигнувања соответствуваат на нејзината возраст, а особено ги има предвид одредбите од чл. 11, ст.2, табела 1 од Правилникот, според кој кандидатката д-р Ивана Шумановска-Спасовска го има постигнато и надминато утврдениот минимум поени за избор во наставнонаучно звање - доцент.

- Водејќи се од кадровската политика и потребите за реализација на наставно-образовниот процес на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје, каде што веќе постојат наставници избрани во повисоки наставно-научни звања на оваа научна област, Рецензентската комисија останува на своите ставови изнесени во објавениот реферат и предлага **Наставно-научниот совет да го одбие приговорот како неоснован и да го усвои предлогот на Рецензентската комисија и предложениот кандидат д-р Ивана Шумановска-Спасовска да биде избрана во наставно-научното звање доцент на научната област административно право и јавна администрација (административно право).**

24.1.2013, Скопје

Рецензентска комисија

Проф. д-р Симеон Гелевски,с.р.
Проф. д-р Борче Давитковски,с.р.
Проф. д-р Ана Павловска-Данева,с.р.

РЕЦЕНЗИЈА
НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ТУРЦИЈА: НАЦИОНАЛНИОТ ИДЕНТИТЕТ И ЕВРОИНТЕГРАЦИЈАТА", ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р ИРЕНА РАЈЧИНОВСКА ПАНДЕВА, ПРИЈАВЕНА НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ" ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, на својата седница одржана на 21 декември 2012 година, по предлог на Институтот за меѓународно право и меѓународни односи, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатката **м-р Ирена Рајчиновска Пандева** под наслов „**Турција: националниот идентитет и евроинтеграцијата**", во состав: проф. д-р Љубомир Д. Фрчкоски, проф. д-р Сашо Георгиевски (ментор), проф. д-р Татјана Петрушевска, доц. д-р Зоран Илиевски, доц. д-р Каролина Ристова Астеруд.

Комисијата во наведениот состав со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје со задоволство му го поднесува следниов

ИЗВЕШТАЈ

I. Приказ на трудот

Докторската дисертација на кандидатката м-р Ирена Рајчиновска Пандева под наслов „Турција: националниот идентитет и евроинтеграцијата" содржи 290 страници компјутерски отчукан текст со нормален проред и големина на букви со библиографија, 749 фусноти, 309 монографски библиографски единици, статии во академски списанија, новинарски извештаи и интернет - извори од кои најголемиот дел се на англиски јазик, а 18 монографии, трудови и статии се на македонски јазик. Трудот е составен од воведни белешки, три дела, заклучни согледувања и 2 графички приказа. Деловите на текстот се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови со што се обезбедува полесно следење на материјата која се обработува во истражувањето.

Во делот **Воведни белешки** (1-12 стр.), кандидатката ги изложува предметот, основната хипотеза на истражувањето, тезите и целите на дисертацијата, теоретската рамка и методите на истражувањето.

Предизвикот за истражување на темата: „Турција - националниот идентитет и евроинтеграцијата", произлегува од потребата за анализа, објаснување и предвидување на процесот на модернизација, вестернизација и европеизација на Турција преку детерминирање на причините за застојот во процесот на турската интеграција во Европската унија и опонирањето на оправданоста на овој чекор врз основа на тврдењето за посебноста и особеноста на турскиот национален идентитет. Генерално, расправата за Турција, нејзиниот национален идентитет и евроинтеграцијата, кои се предмет на истражување во оваа дисертација, преку примена на селектирани методи и парадигми, има намера да одговори на прашањето

какво е и колкаво е меѓусебното влијание на турскиот национален идентитет и турската евроинтеграција?

Концептуално и методолошки дисертацијата се базира на овој имплицитен лајт - мотив кој ги поврзува и премостува нејзините делови во намера да продуцира веродостојна претстава за природата на турскиот национален идентитет и евентуалниот потенцијал да ја попречи евроинтеграцијата на Турција. Ослободен од идејата да даде севкупен и детален приказ на турската политичка историја и политиката на интеграција на Европската унија, предметот на истражување во дисертацијата е фокусиран на истражување на турскиот национален идентитет и интеграцијата на Турција во ЕУ.

Дилемите кои се наметнуваат од расправата за Турција, нејзиниот национален идентитет и евроинтеграцијата, според кандидатката, се засноваат на тврдењето дека турскиот национален идентитет е нестабилен – идентитет во криза како резултат на конкурентски концепти и практика (корпус на прашања поврзани со т.н криза на идентитетот), поларизиран, односно раскинат меѓу исламската традиција и модернизмот (раскинатост меѓу цивилизациите на Истокот и Западот) и некомпатибилен со европскиот идентитет (определен низ призмата на високо развиен национализам, со сомнителна секуларна природа).

Првиот дел (стр. 13-77) е насловен „Теоретска рамка" и ја содржи мапата на теоретскиот и методолошки терен на истражувањето. Во овој дел кандидатката ги изложува главните теоретски дискурси кои се поврзуваат со темата и целите на истражувањето: теориите за судир на цивилизации, модернизација, вестернизација и европеизација, евроинтеграција, национален и европски идентитет, либерална демократија и секуларизам.

Теоријата за судирот на цивилизации чиј главен пропонент е Хантингтон има големо влијание и е од исклучително значење не само во теоретска смисла, туку и како одек на реалниот начин на согледување на Турција од страна на Западот. Согласно со парадигмата за судир на цивилизации, политичкото лидерство на Турција тежнее да ја зачлени државата во крилото на Западот иако турската историја, култура и традиции се не-западни. Турција, според оваа теорија, е најочигледниот и прототипски модел за раскината/поделена земја.

Постигнувањето на деликатен баланс меѓу модернизмот и традицијата, западниот материјализам и источната спиритуалност, меѓу цивилизацијата (базирана на премисите на просветителството) и културата (базирана на премисите на романтизмот) е тема која доминира во дебатата за модернизацијата во Турција. Во оваа смисла, модернизацијата (процес на преминување од традиционално во модерно општество), вестернизацијата (процес на имитирање на западната цивилизација-обид за достигнување и евентуално станување дел од западната цивилизација) и европеизацијата (вообичаено поистоветена со ЕУ-изација која како процес се случува во контекст на евроинтеграцијата или е поттикнат од неа) кандидатката ги определува како нужни делови на теоретската рамка за разбирање на начинот, опсегот и длабочината на реформите од империјалниот и

републиканскиот период на Турција и особено за европеизацијата на Турција во современ контекст.

Теориите за евроинтеграција се надоврзуваат на прашањето за европеизација на земја - кандидат за членство бидејќи двата процеса вообичаено се постоветуваат иако постои разлика меѓу европеизација како процес и евроинтеграција како околина/амбиент/контекст на која влијае европеизацијата или од која произлегува. Привлечноста на перспективата за членство може да го поттикне процесот на евроинтеграција а нејзиното отсуство може сериозно да го наруши, па дури и да го прекине процесот на евроинтеграција, односно европеизација на земјата кандидат.

Теориите за националниот идентитет, нација, етницитет и национализам, според кандидатката, се неопходни алатки за утврдување на природата и содржината на турскиот национален идентитет и разбирање на начинот на неговата конструкција и заднината на неговата суштина. Имено, во случајот на Турција, „другиот" во модерната политичка историја е тристепено определен: 1. диференцијација во религиозна смисла (сунитски ислам vs. сите други религиозни групи, атеисти и агностици), 2. диференцијација во етничка смисла (Турци vs. сите други етнички заедници) и 3. диференцијација во културна, односно цивилизациска смисла (турскиот национален vs. европскиот идентитет).

Теориите за европски идентитет, според кандидатката, се неопходни во контекст на утврдување на односот европски-национален идентитет како однос на конфликт или заемно признавање. Според кандидатката, приемот на Турција во ЕУ ги амплифицира тензиите во врска со креирањето на заеднички европски идентитет бидејќи изискува инкорпорирање на предоминантната муслиманска држава во културната рамка на Европа, и уште позначајно, ја присилува Европа да се справи со прашањето за културниот плурализам како интегрален сегмент на креацијата на Европа како пост - национална. За Турција тоа значи двојство на аргументи: „за" – предизвикување на културната ексклузивност на европскиот проект и „против" – одбивање врз основа на културна различност со јадрото на европскиот проект.

Теориите за либерална демократија и секуларизам (лаицизам) се третираат во контекст на демократизацијата и особено на европеизацијата на Турција. Имено, можеме да зборуваме за демократска Турција во смисла на политички плурализам, избори и институции, но расправата за вредностите и суштината на либералните основи на системот, според кандидатката, е спорна. Често именуван како alla turca демократија, овој модел е sui generis во историјата на политичката теорија. Турција е единствената секуларна демократија во муслиманскиот свет чиј примарен атрибут е секуларизмот, бидејќи тој е уставна категорија, односно принцип конституционално загарантиран скоро еден век, тој го претставува јадрото на демократскиот режим и е база на плурализмот, и е главен утилизатор на модернизацијата и прогресот во општество во кое се тврди дека 99% од населението припаѓа на муслиманската вероисповед.

Вториот дел (стр. 78-143) е насловен „Турски национален идентитет". Овој дел претставува сеопфатно претставување, анализа и

образложување на развојот, конструкцијата и содржината на националниот идентитет на Турција во историски и политички контекст. Предмет на истражување во овој дел е интерната димензија на преиспитување на турскиот национален идентитет преку проследувањето на историскиот развој на идеите и концептите на турскиот национализам од времето на Отоманската Империја до денес, а во насока на добивање историска перспектива за неговиот развој и влијанието на разните интерни и ектерни фактори во неговото дефинирање (расправите за отоманизам - империјален национализам, турцизам–заживување на турскиот национализам, кемализам–модернистички национализам, западно-исламската синтеза–происламски и прозападен национализам, популарен национализам). Истовремено, скицирањето на турскиот национализам во овој дел има намера да ги дескрибира капиталните маркери на содржината на турскиот национален идентитет.

Национализмот претставува тема која најдолготрајно ја окупира турската политичка историја. Неговата форма била често подложна на алтерации, па содржината неминовно била адаптирана и редефинирана. Во оваа смисла, според кандидатката, турскиот национализам е далеку од статичен концепт. Напротив, тој е идеологија во движење. Во својата суштина ги опфаќа и често ги обединува концептите на етницитет, граѓанство, религија, модернизација, вестернизација. Сите засебно и/или заедно биле маркери на турскиот национален идентитет во одреден момент од турската историја. Го детерминирале неговото значење, но и насоката на турската политика. Во таа смисла, турскиот национализам не е хомоген дискурс, туку серија на дискурси (етнички, граѓански, модернизирачки/реформирачки, религиозен, популистички национализам). Тоа се должи на фактот што турскиот национализам скоро учебникарски ги инкорпорирал сите значајни теоретски модели и ги поминал сите фази на развој. Неговата идеологија била формулирана како традиционалистичка и модерна, исламистичка и секуларна (лаицистичка), популистичка и елитистичка, етатистичка и либерална. Во оваа смисла, реално е да се тврди дека турскиот национализам е контестирана зона на три различни концепции на национален идентитет: етно - религиозна (исламот го дефинира идентитетот), етнички национализам (етницитетот и јазикот се потенцирани) и граѓански национализам на кемализмот (лојалноста кон државата и прогесивната секуларистичка агенда се потенцирани). Согледувајќи ја историската еволуција на турската идентитетска политика, постоењето на повеќе и контроверзни одговори за што, всушност, претставува турскиот национален идентитет не треба да изненадува бидејќи секоја фаза на оваа еволуција предлага различен одговор. Сепак, во неговата современа верзија, конститутивен елемент на турскиот национален идентитет претставува секуларизмот.

Поновата турска политичка историја, според кандидатката е обележана со (на)враќање на идејата за исламот како деноминатор на турскиот национален идентитет, како капитален белег на турскиот бренд како интерно така и екстерно. Растежот на политичкиот ислам во поновата турска историја индицира дека иако кемализмот ја постигнал својата

генерална цел, секуларизацијата, како неодминлив принцип на демократијата и модернизацијата сè уште не го направила тоа. Во оваа смисла, секуларизмот сè уште претставува императив за турското општество меѓу другото, и заради потентноста да ја трасира иднината на турската демократија и да го приближи турското општество кон европскиот реалм. Обидите радикално и одново да се испише турската култура, историја и идентитет во времето на основањето на Република Турција довеле до состојба на постојана kulturkampf против старото општество, што, пак, за возврат продуцирала небулозни декади на континурана опструкција, специфична интерна динамика и помалку или повеќе амбивалентен начин на дожувување на Турција од страна на надворешниот свет.

Третиот дел (стр. 144-238) е насловен „Евроинтеграција и европеизација на Турција". Овој дел од дисертацијата е поделен на две теми: 1. анализа и истражување на процесот на интеграција на Турција во Европската унија и 2. анализа и истражување на европеизацијата на Турција. Во делот посветен на евроинтеграцијата на Турција, кандидатката го согледува историјатот на односите Турција-ЕУ кандидатката, ги нотира клучните аргументи „за" и „против" евроинтеграцијата на земјата преку анализа на интерните и екстерните ставови, трендовите во идниот развој и предвидувањата за идниот развој. Во делот посветен на европеизацијата на Турција е содржано истражување за состојбата со европеизација и предизвиците со кои се соочува како земја - кандидат за членство во Европската унија.

Историјата на односите Турција-ЕУ, според кандидатката, потврдува циклична динамика на подем и пад во релацијата: кога одлуките на ЕУ биле позитивни, опаѓал кредибилитетот на конзервативните сили, а реформскиот налет бил забрзан преку зајакнување на реформските сегменти на естаблишментот. Кога трендовите ја оттргнувале ЕУ од Турција, сомневањето и стравот го хранеле турскиот национализам, па конзервативизмот се будел и ги забавувал или пренасочувал реформите.

Анализата на аргументите „за" и „против", според кандидатката, открива дека проблематизирањето на турската евроинтеграција се должи на неадекватната презентација на турскиот бренд, недоволната комуникација меѓу турското општество и Европа, како и на стереотипите кои се изедначуваат со „туркофобија" и кои се историското наследство на нивните односи.

Согласно со теоретската и методолошка рамка на истражувањето предложена во првиот дел од дисертацијата, кандидатката ги детерминира клучните проблеми со кои Турција се соочува во процесот на европеизација како врв на напорите за модернизација и вестернизација на земјата. Водечки критериуми за оценување и анализа на постојната состојба, според кандидатката, се востановените европски стандарди и институции и, особено, политичките критериуми за членство во ЕУ. Во овој дел, кандидатката ги нотира: курдското прашање, Алевите и алевизмот, социополитичката улога на исламот, цивилно-воените односи и улогата на војската, лимитот на демократијата и политичкиот либерализам, и турската надворешна политика и судирот на идентитети (неоотоманизам) како

главни проблеми на европеизацијата и примарни пречки за евроинтеграцијата на Турција.

Маркирањето на корпусот проблеми врзани со турскиот национален идентитет и индикацијата дека национализмот е кардинална пречка за помирување на концептите турски национален идентитет-европски идентитет, според кандидатката, е и највредниот сегмент од истражувањето понудено во овој дел.

Заклучните согледувања (стр. 239-259) претставуваат последниот дел од дисертацијата во кој кандидатката нуди сумарна анализа на резултатите од истражувањето. Турскиот национален идентитет (впрочем како и сите други) е идентитет во развој. Тој не е имун на влијанија, притисоци и судири од други идентитети и, пред сè, на глобализацијата.

Истражувањето покажа дека во однос на првата димензија на преиспитување на турскиот национален идентитет-некомпатибилност на турскиот со европскиот идентитет, на крајот на секоја етапа од еволуцијата на турскиот национален идентитет, тој добивал форма и содржина, кои иако не целосно, но сепак супстанцијално биле европски. Од друга страна, ни европскиот идентитет нема сингуларна форма и содржина и претставува идентитет во развој. Следствено, според кандидатката, не можеме да зборуваме за некомпатибилност во услови на историски докази за напори за негова адаптација и корекција, па дури и имитирање на европскиот идентитет од страна на Турција.

Во однос на втората димензија на преиспитувањето на турскиот национален идентитет-поларизираност/раскинатост, истражувањето покажа сериозни забелешки за неговата природа и припаѓање кон Истокот или Западот, односно определување на аргументациите во линија на туркофобија или туркоманија. Од друга страна, анализата понуди доволно аргументи за негирање на оваа димензија особено од аспект на историјатот на односите Турција-Европа (ЕУ) и напорите за евроинтеграција и европеизација.

Истражувањето во однос на третата димензија на преиспитување на турскиот национален идентитет-нестабилност, односно како идентитет во криза покажа дека мобилизацијата за домашна промена, сфатена како конформација во европските стандарди, институции и политики, е лимитирана од интерните конкурентски концепти на различност кои по неколку основи му конкурираат на јадрото на турскиот национален идентитет. Но и покрај фактот што турската идентитетска политика може да биде сериозно тестирана, особено од аспект на посочениот корпус прашања именувани како „криза на идентитетот", сепак досегашната историја покажува исклучителна детерминираност на политичките елити кон модернизацијата, вестернизацијата и европеизацијата на турското општество дури и во услови на происламска политичка власт како онаа на Партијата за правдата и развојот.

Предвидувањата за иднината на односите меѓу Турција и ЕУ меѓу другото, се во насока на пронаоѓање начини на кои би се избегнала евентуалната замка за понатамошно влошување на нивната заемна перцепција и релации. Краткиот преглед на најдебатираните сценарија за

иден развој е во насока на определување на нивната веројатност и неверојатност за остварување. Според кандидатката, најоптималното сценарио за односите Турција – ЕУ е она кое ќе ги помири сите три димензии од преиспитувањето на турскиот национален идентитет и истовремено ќе придонесе за негова прифатливост од страна на ЕУ. На овој начин не само што ЕУ ќе го добие идентитетот кој го пропишува со Копенхашките критериуми, туку и Турција ќе ги надмине внатрешните и надворешните проблеми во врска со идентитетот, односно кризата во идентитетот. Остварувањето на оваа цел, според кандидатката, бара исполнување на неколку услови: 1. продолжување на преговорите во реално и предвидливо темпо; 2. постигнување на заемно прифатливо решение во врска со кипарското прашање; 3. интензивирана и динамизирана демократизација и европеизација на Турција; 4. донесување на одлука за прием на Турција во полноправно членство врз основа на предвидените критериуми.

Заклучно согледување е оптимистичката проценка за иднината на процесот на евроинтеграција на Турција. Последното, според кандидатката, е своевиден природен крај на процесот на приближување и адаптација на Турција кон Европа, кој реално би можел да се оствари во текот на наредната декада.

II. Оцена на трудот

Врз основа на текстот на докторската дисертација „Турција: националниот идентитет и евроинтеграцијата", изработен од кандидатката м-р Ирена Рајчиновска Пандева, Комисијата го констатира следново:

Докторската дисертација се занимава со една релативно нова истражувачка тема во рамките на политичките науки, особено од аспект на политолошката димензија на процесот на евроинтеграција. Истражувањето на проблематиката на компатибилноста, трансформацијата и адаптацијата на националниот со европскиот идентитет, како и европеизацијата на земјата во контекст на евроинтеграцијата придонесуваат за нови квалитативни сознанија кои ја збогатуваат теоретската мисла за овие комплексни концепти и за кристализација на аргументите во дебатата за иднината на Турција, односно остварувањето на целта – Турција - земја - членка на ЕУ. Дополнително, дисертацијата содржи значајни емпириски согледувања кои го збогатуваат истражувањето и неговото вреднување.

Употребата, систематизацијата и анализата на сериозен број консултирани извори при изработката на дисертацијата, како и конзистентна структура и високиот степен на научна прегледност, придонесуваат за високата вредност на дисертацијата во рамките на политичките науки. Истовремено, трудот претставува прва докторска дисертација во Република Македонија која за свој предмет на истражување ја има идентитетската политика и европеизацијата на Турција и како таква ќе претставува значајна научна референца за идни научноистражувачки напори во оваа област.

Употребениот јазик, иако често вклучува термини од други јазици (латински, англиски и турски), овозможува јасно следење на мислата и

ставовите на кандидатката во однос на предметот на истражување и неговото елборирање.

Изборот на проблемот, кој е предмет на научна опсервација во докторатот, е во рамките на научната област политички науки, особено на подрачјето на истражување – меѓународни односи. Исто така, тој е во непосредна и директна врска со научните дисциплини со кои кандидатот се занимава и работните задачи кои ги извршува.

Докторската дисертација „Турција: националниот идентитет и евроинтеграцијата“ ги има сите карактеристики на изворен и сериозен научен труд и ја потврдува оспособеноста на кандидатката за самостојна научна и теоретска работа за проучување на комплексни научно-истражувачки проблеми.

III. Заклучок со предлог

Врз основа на изложениот приказ и оцена, Комисијата констатира дека се работи за солидно подготвена докторска дисертација што ги задоволува сите критериуми за изготвување на научни трудови од ваков вид, предвидени со соодветната законска регулатива и актите на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Од тие причини, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, трудот „**Турција: националниот идентитет и евроинтеграцијата**“ **на кандидатката м-р Ирена Рајчиновска Пандева** да го прифати како успешна докторска дисертација и да овозможи нејзина јавна одбрана.

Членови на Комисијата

Проф. д-р Љубомир Д. Фрчкоски, с.р.

Проф. д-р Сашо Георгиевски, ментор, с.р.

Проф. д-р Татјана Петрушевска, с.р.

Доц. д-р Зоран Илиевски, с.р.

Доц. д-р Каролина Ристова Астеруд, с.р.

Реферат

ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ПО ПРЕДМЕТОТ СЕМЕЈНА МЕДИЦИНА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 132 од Законот за високото образование (Службен Весник на РМ бр 35/2008, 103/2008. 26/2009, 83/2009, 115/10, 17/11 и 51/11), а во врска со членовите 42, 46 и 48 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно- научни, научни, наставно-научни и соработнички звања на Универзитетот „Св Кирил и Методиј" во Скопје, на својата XV редовна седница одржана на 20.12.2012 година, Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје донесе решение за избор на 1 наставник во сите звања по предметот семејна медицина и формираше Рецензентска комисија во состав:

1. проф.д-р Никола Јанкуловски
2. проф.д-р Марина Давчева Чакар
3. доц.д-р Горан Петровски
4. доц.д-р Сузана Николовска
5. доц. Д-р Гордана Китева Тренчевска.

На конкурсот објавен во дневниот весник „Утрински Весник" на 24.11.2012 година се пријави еден кандидат, д-р Катарина Ставриќ. По разгледувањето на приложената документација на кандидатот, Рецензентската комисија на Наставно-научниот совет на Факултетот го доставува следниов

ИЗВЕШТАЈ

Д-Р КАТАРИНА СТАВРИЌ

Биографски податоци

Д-р Катарина Ставриќ е родена 1962 година во Скопје, каде што завршила основно и средно образование. Медицински факултет завршила во Скопје во 1987 година, а специјализација по педијатрија во 1997 година. Постдипломски студии завршила на Медицинскиот факултет во Скопје и со звањето магистер на медицински науки се стекнала, во 2002 година, со тема од областа на имунологијата. Специјализација по семејна медицина заврши во 2011 година. Звањето доктор на медицински науки го стекнала на Медицинскиот факултет во Скопје во 2011 година.

Активно се служи со англискиот и францускиот јазик.

Таа е вработена на Клиниката за детски болести од 1990 година, а од 1997 година работи на Одделот за имунологија при Детскаат клиника во Скопје, како специјалист-педијатар.

Во периодот од 1999 до 2006 година работела како асистент по педијатрија при Медицинскиот факултет во Скопје, а во учебната 1999/2000 година како професор по педијатрија во средното медицинско училиште „Панче Караѓозов" во Скопје.

Во периодот 2000-2001 година е член на работната група за специјализација по семејна медицина. Од 2009 година е избрана за координатор на Едукативниот одбор за семејна медицина при Медицинскиот факултет во Скопје, а од 2010 година е координатор на Центарот за семејна медицина.

Стручно-научна активност

Катарина Ставриќ како асистент беше активно вклучена во водење на вежби по педијатрија за студенти по медицина и стоматологија, клиничко испитување и клиничка практика за шеста година.

Од 2010 година, како координатор на Центарот за семејна медицина, Катарина Ставриќ е организатор на специјализација и доедукација по семејна медицина, и е ментор на избрани лекари. Од 2010 година, Катарина Ставриќ е активно вклучена во водењето на вежби по семејна медицина во Центарот за семејна медицина за студенти од 5. и 6. година, едукатор на специјализанти и доктори на доедукација по семејна медицина. Активно учествува и во теоретската настава на општи лекари од областа на семејната медицина и педијатријата.

Присуствувала на многу семинари и конгреси на локално, регионално и на интернационално ниво, со свои трудови и предавања од областа на педијатријата и семејната медицина. Катарина Ставриќ има учествувано во национални и меѓународни научни проекти како соработник на темите Астма и алергиски заболувања кај деца, Хередитарен ангиоедем, Преваленца на астма, алергиски ринитис и егзем и ризик-фактори асоцирани со овие заболувања, преваленца, клинички и генетски карактеристики на пациенти со периодични фебрилни синдроми, во Словенија и во Македонија.

Таа е автор на две книги од стручна област како што се „ Вашето дете, центар на универзумот“ (2000) и „Пробиотици“ (2006).

Катарина Ставриќ е вклучена во неколку проекти за транзиција на здравствениот сектор со акцент на развој на семејната медицина во Македонија. Во 200 година учествувала во подготвување на курикулум за специјализација по семејна медицина. Во периодот 2009-2011 година координатор е на Едукативниот одбор за семејна медицина при Медицинскиот факултет и е одговорна за имплементација на семејната медицина. Од 2011 година е координатор на Центарот за семејна медицина и е одговорна за постдипломската настава по семејна медицина. Во периодот 2011-2012 година, организатор е на бројни едукативни работилници за избрани лекари, како и едукација на едукатори и ментори.

Катарина Ставриќ е активна во Здружението на педијатрите на Република Македонија и во периодот од 2008 до 2010 година била секретар на Здружението. Во период 2012 година активно учествувала во ажурирањето на клиничките упатства за практикување медицина заснована на докази. Во 2012 година е претставник на Македонија во Европската академија на наставници по општа/семејна медицина, каде што од номеври 2012 година е избрана за претседател на работната група за специјализација по семејна медицина. Во 2012 година беше член на Стратешкиот тим на Клиниката за детски болести.

Катарина Ставриќ има објавено 28 оригинални трудови и 153 трудови кои се презентирани на национални и интернационални конгреси. Активно била вклучена во организација на конгресите на лекари на Македонија (2011, 2007), Новини во педијатријата (2008, 2009), како и во меѓународни работилници по семејна медицина (2012).

Катарина Ставриќ е член на повеќе стручни здруженија меѓу кои позначајни се: Македонско лекарско друштво, Здружение на педијатри на Македонија, Европско здружение за алергологија и клиничка имунологија и Европско респираторно здружение.

ЗАКЛУЧОК

Врз основа на извршениот увид во доставената документација и бодирањето согласно со образецот кон извештајот за избор, а според член 11 од Правилникот за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Рецензентската комисија има чест и задоволство на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје да му предложи д-р сци Катарина Ставриќ да биде избрана во звање ДОЦЕНТ по предметот семејна медицина.

Рецензентска комисија

1. Проф.д-р Никола Јанкуловски, с.р.

2. Проф.д-р Марина Давчева Чакар, с.р.

3. Доц.д-р Горан Петровски, с.р.

4. Доц.д-р Сузана Николовска, с.р.

5. Доц. д-р Гордана Китева Тренчевска, с.р.

ОБРАЗЕЦ
КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат **Катарина Ставрић**
(име, татково име и презиме)
Институција: **Клиника за детски болести, Медицински факултет-Скопје**
(назив на факултетот/институтот)
Научна област: семејна медицина

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ред.бр.	Назив на активности			Вк.поени
	Одржување на настава			
	- од втор циклус студии	0,050	112	5,6
	Педијатрија и семејна медицина			
	Одржување на вежби	0,030	1532	45,96
	Педијатрија и семејна медицина			
	Летни школи			
	- учесник	1	2	2,0
	Превод на учебник	3,000	1	3,0
	Вкупно			**56,56**

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. бр.	Назив на активности			Вк. поени
	Учесник во национален научен проект	3	6	18,0
	Македонско учевсто во интернационала студија за астма и алергии во детството, 2001-2004			
	Хередитарен ангиоедем, македонска работна група, 2005-2007			
	Преваленца на астма, алергиски ринит, егзема и ризик-фактори асоцирани со овие заболувања			
	Преваленца, клинички и генетски карактеристики на пациенти со периодични фебрилни синдорми, 2010-2011			
	Труд со оригинални научни резултати,објавен во стручно/научно популарно списание	1,200	16	19,2
	Труд со оригинални научни резултати, објавен во стручно/научно	1,800	13	23,4
	популарно списание со меѓународен уредувачки одбор			
	Апстракт објавен во зборник на конференција			
	домашен	0,500	49	24,5
	меѓународен	1,000	73	73,0
	Пленарно предавање на научен/стручен собир мегународен	2,000	4	8,0
	2004 J проект, Скопје-Украина			
	2007 J проект, Скопје			
	2011 J проект, Скопје			
	2012 II Конгрес Друштва наставника опќе/обителске медицине			
	Секциско предавање на научен/стручен собир	1,000	12	12,0
	Работилница: демострација на специјалистички испит по семејна медицина			
	Медицински семинар Салцбург, Принципи и новости			
	Работилници, медикализација			
	Едукација на едукатори			
	Пробиотици во детска возраст			
	Имуномодулатори на витамин ц			
	Стручен состанок на Здружението на педијатри			
	Педијатриска секција- Тетово			
	Новини во педијатријата			
	Реплек пробиотици			
	Скопје, Витаминска и менерална суплементација во детска возраст			
	Вкупно			**178,1**

1. З.Гучев, В.Донева, К.Ставриќ, М.Мирчевски, С.Јанчевска, О.Лековска: Краниофацијална дисостоза - Syndrome Crouzon, Год. Збор,Мед.фак,Ск 1990; 36 (1-2) 56.	1,2
2. З.Гучев, К.Ставриќ, А.Христовски, С.Јанчевска, О.Лековска, Г.Убовиќ; Акроцефалосиндактилија - Syndrome Apert со отсаство на фаланга. Год. Збор,Мед.фак,Ск 1992; 38 (1-2) 70.	1,2
3. З.Гучев, К.Ставриќ, О.Лековска, А.Христовски; Висок раст. Год. Збор,Мед.фак,Ск 1993; 39 (1-2) 55-67.	1,2
4. З.Гучев, М.Кочова, К.Ставриќ, А.Христовски, В.Лукарева, М.Пасху; ГЛИКОРЕГУЛАЦИЈА И ИНСУЛИНЕМИЈА КОД ОБЕЗНЕ ДЕЦЕ. Гласник, год III бр1-2, Супл.1 1992: 70-71.	0,5
5. З.Гучев, М.Кочова, К.Ставриќ, А.Христовски, А.Костовски; Гликокортикоиди код обезне деце. Педијатриски дани , Ниш 1992: 51.	0,5
6. З.Гучев, М.Кочова, К.Ставриќ, А.Христовски, В.Лукарева, М.Пасху; ГЛИКОРЕГУЛАЦИЈА И ИНСУЛИНЕМИЈА КОД ОБЕЗНЕ ДЕЦЕ. Педијатриски денови, 1992: 70-71.	0,5
7. З.Гучев, М.Кочова, К.Ставриќ, А.Христовски, В.Лукарева, М.Пасху; ЛИПИДНИ СТАТУС КОД ОБЕЗНЕ ДЕЦЕ. Педијатриски денови, Ниш 1992 :50.	0,5
8. З.Гучев, М.Кочова, В. Донева, К.Ставриќ: THE INCIDENCE OF NEUROSECRETORY DYSFUNCTION (NSD) AMONG CHILDREN WITH NORMAL VARIANT SHORT STATURE (NVSS). VII Balkan Congress of endokrinology, Pleven 1992.	1
9. К.Ставриќ, З.Гучев, М.Кочова, В.Донева; FREQUENCE OF DIABETES AMONG THE RELATIVES OF INSULIN DEPENDANT DIABETES MELLITUS (IDDM) CHILDREN. VII Balkan Congress of Endokrinology, Pleven 1992..	1
10. К.Ставриќ, З.Гучев, М.Кочова, В.Донева; Frequence of diabetes among the relatives of insulin dependant diabetes mellitus (IDDM) children. VII Balkan Congress of Endokrinology, Pleven 1992.	1
11. Н.Зисовски, З.Гучев, К.Ставриќ, А.Христовски; Linear growth in children treated for Hodgin's disease. VII Balkan Congress of endokrinology, Pleven 1992.	1
12. В.Тасиќ, З.Гучев, М.Кочова, В.Донева, Д.Кузмановска, К.Ставриќ; Association of insulin dependent diabetes mellitus (IDDM), minimal change nephrotic syndrome (MCNS) and viteligo. VII Balkan Congress of endokrinology Pleven 1992.	1
13. З.Гучев, Н.Зисовски, К.Ставриќ, А.Христовски; Growth in children treated for acute lymphoblastic leukemia (ALL). VII Balkan Congress of endokrinology , Pleven 1992.	1
14. З.Гучев, К.Ставриќ, О.Лековска, А.Христовски; Syndrome of limited joint	1

mobility (LJM) in children with diabetes mellitus type I (DMI). 7 th Congress of bulgarian pediatrics ,Pleven 1993.	
15. К.Ставриќ, И.Бојациев, С.Пеова, К.Миронска, Л.Карева, М.Константиновиќ; Хиповитаминоза А во детската возраст. Македонски мед. преглед, супл: 15, Зборник на резимеа на 7. Конгрес на педијатрите на Македонија со меѓународно учество, Струга, 1994: 59.	0,5
16. Сајковски А, Милев В, Фидановски Д., Христовски А., Ставриќ К; Active nutritional support in septic patients with multiple organ failure syndrome (MOFS). First Alps Adria symposium on intensive care of children, Ljubljana 1995: 94.	1
17. С.Пеова, К.Ставриќ, И.Бојациев, К.Миронска, Л.Карева; Витамин А статус у респираторне инфекције. Зборник на трудови на Југословенски педијатриски денови, Ниш, 1997: 92-93.	0,5
18. К.Ставриќ, Г.Кондов, С.Пеова, К.Миронска, Л.Карева: ГОРЕН РАСЦЕП НА СТЕРНУМ - ПРИКАЗ НА СЛУЧАЈ, XXVV интернационален конгрес на педијатрија, Амстердам, 1998.	1
19. К.Ставриќ, С.Пеова, К.Миронска, Л.Карева: ВИТАМИН А СТАТУС КАЈ ДЕЦА СО РЕЦИДИВНИ РЕСПИРАТОРНИ ИНФЕКЦИИ. 2. Конгрес на педијатри на Македонија со интернационално учество, Охрид, 1998.	0,5
20. К.Миронска, С.Пеова, Л.Карева, К.Ставриќ: УПОТРЕБА НА ЛОКАЛНИ ИМУНОСТИМУЛАТОРИ ВО ТЕРАПИЈА НА РЕЦИДИВАНТЕН СИНУСИТ / ХРОНИЧЕН. 2. Конгрес на педијатри на Македонија со интернационално учество, Охрид, 1998.	0,5
21. Л.Карева, К.Ставриќ, С.Пеова, К.Миронска,С.Бојациева: ИМУНОЛОШКИ АСПЕКТИ НА АКУТНО ВОСПАЛЕНИЕ НА СРЕДНО УВО КАЈ ДОЕНЧЕ И МАЛО ДЕТЕ. 2. Конгрес на педијатри на Македонија со интернационално учество, Охрид, 1998.	0,5
22. С.Бојациева, С.Пеова, К.Миронска, Л.Карева, К.Ставриќ: КОНГЕНИТАЛНА РУБЕОЛА - ПРИКАЗ НА СЛУЧАЈ. 2. Конгрес на педијатри на Македонија со интернационално учество, Охрид, 1998.	0,5
23. К.Ставриќ, С.Пеова, К.Миронска, Л.Карева: ВИТАМИН А СУПЛЕМЕНТАЦИЈА КАЈ ДОЕНЧИЊА И МАЛИ ДЕЦА СО НАРУШЕН ВИТАМИН А ДЕФИЦИТ. 2. Конгрес на педијатри на Македонија со интернационално учество, Охрид, 1998.	0,5
24. Г.Кондов, К.Ставриќ, С.Пеова, Т.Трајковска, Д.Смилевски:ХИРУРШКИ ТРЕТМАН НА ГОРЕН РАСЦЕП НА СТЕРНАЛНА КОСКА. 2. Конгрес на педијатри на Македонија со интернационално учество, Охрид, 1998.	0,5
25. К.Ставриќ, С.Пеова, К.Миронска, Л.Карева: ВИТАМИН А ДЕФИЦИТ КАЈ ДЕЦА СО РЕЦИДИВНИ ГОРНОРЕСПИРАТОРНИ ИНФЕКЦИИ. Имунолошки денови, Охрид, 1998.	0,5
26. С.Пеова, К.Миронска, Л.Карева, К.Ставриќ: КЛИНИЧКА УПОТРЕБА НА ИНТРАВЕНСКИ ИМУНОГЛОБУЛИНИ ВО ПЕДИЈАТРИЈА. Имунолошки денови, Охрид, 1998.	0,5
27. К.Ставриќ, С.Пеова, К.Миронкса, Л.Карева, А.Костовски. Асоцијација	1

гастроезофагеалног реглукса (ГЕР) и ИгГ2 дефицит – приказ слуцаја, Југословенски педијатриски дани Нис 1999.	
28. К.Ставриќ, С.Пеова, К.Миронска, Л.Карева, А.Костовски, М.Јурхар, М.Спировски: ASSOCIATION OF GASTROESOFAGEAL REFLUX AND IGG2 DEFICIENCY. Дечја пулмологија Београд; 8(2000) 1-2: 69-72.	1
29. К.Миронска, К.Ставриќ, С.Пеова, Л.Карева: ХУМОРАЛЕН ИМУН ОДГОВОР КАЈ МАЛНУТРИТИВНИ ДЕЦА. Мак. Мед. Прегл. 2000;1-2: 41-44.	1,2
30. С.Пеова, К.Миронска, Л.Карева, К.Ставриќ: БОЛЕСТ НА КАВАСАКИ - ПРИКАЗ НА ДВА СЛУЧАИ. Втор имунолошки конгрес, Охрид, 2000.	0,5
31. К.Ставриќ: ВЛИЈАНИЕ НА ИСХРАНАТА ВРЗ ИМУНИОТ СИСТЕМ. Втор имунолошки конгрес, Охрид, 2000.	
32. К.Ставриќ, С.Пеова, К.Миронска, Л.Карева, М.Јурхар Павлова, А.Петличковски, М.Спироски: ИМУНОГЛОБУЛИН Г ПОДКЛАСИ КАЈ ДЕЦА СО РЕЦИДИВНИ РЕСПИРАТОРНИ ИНФЕКЦИИ. Втор имунолошки конгрес, Охрид, 2000.	0,5
33. Ставриќ К, Пеова С, Миронска К, Карева Л. Јурхар М, Спировски М Серумски вредности на витамин А и ретинол врзувачки протеин (РБП) кај деца со акутни респираторни инфекции. Прв семакедонски конгрес на докторите од Македонија за Македонија, Охрид, 27-30. 7.2000.	0,5
34. К.Ставриќ, С.Пеова, К.Миронска, Л.Карева, М.Јурхар-Павлова, М.Спироски: IMMUNOGLOBULIN G SUBCLASSES IN CHILDREN WITH RECURRENT RESPIRATORY TRACT INFECTIONS 3rd Balkan Congress of Immunology Athens, Greece, 2001;69.	1
35. С.Пеова, К.Миронска, Л.Карева, К.Ставриќ: CLINICAL SPECTRUM OF KAWASAKI DISEASE: OUR EXPERIANCE 3rd Balkan Congress of Immunology Athens, Greece, 2001;101.	1
36. К.Ставриќ, С.Пеова, К.Миронска, Л.Карева, М.Јурхар-Павлова, М.Спироски: СТАТУС ВИТАМИНА А КОД ДЕЦЕ СА АКУТНИМ РЕСПИРАТОРНИМ ИНФЕКЦИЈАМА. Југословенски педијатриски дани Ниш, 2001.	1
37. С.Николовска, Љ.Павлова, Г.Гоцев, К.Ставриќ, М.Ивановски, З.Стојановски Медикаментозен третман на венски улкуси. Мак.мед.преглед 2001;55(1-2):9-13.	1,2
38. Л.Карева, С.Пеова, К.Пиперкова, К.Миронска, К.Ставриќ: АЛФА 1 АНТИТРИПСИН ДЕФИТ У ДЕТЕТА. Дечја пулмологија Београд; 9(2001) 1-2: 83-85.	1,2
39. К.Ставриќ, С.Пеова, К.Миронска, Л.Карева, М.Јурхар-Павлова, М.Спироски: SERUM VITAMIN A AND RETINOL BINDING PROTEIN IN CHILDREN WITH ACUTE RESPIRATORY INFECTIONS. Clinical Application of Immunological Investigations, vol.1, 2001: 107-111.	1,8
40. К.Ставриќ, С.Пеова, К.Миронска, Л.Карева: БОЛЕСТ НА КАВАСАКИ Мак спи мед 2002: 48(1-2):107-114.	1,2
41. К.Ставриќ. НУТРИТИВНО ЗГРИЖУВАЊЕ КАЈ ИМУНОДЕФИЦИТНИ СОСТОЈБИ Педијатрија - годишна ревија број 7, 2002:71-82.	1,2
42. Ставриќ К, Исјановска Р, Власки Е, Сечкова Л, Кимовска М. Asthma symptoms and diet in children. Југословенски педијатриски дани Ниш, 2003:113.	1
43. Е.Влашки, Р.Исјановска, К.Ставриќ, Л.Сечкова, М.Кимовска. АСТМА И ПУШЕЊЕ РОДИТЕЉА КОД ДЕЦЕ. Југословенски педијатриски дани Ниш, 2003:115.	1

44. Кимовска М, Власки Е, Сечкова Л, Исјановска Р, Ставриќ К Asthma and having sublings Југословенски педијатриски дани Ниш, 2003:117.	1
45. Л.Сечкова, Е.Влашки, Р.Исјановска, К.Ставриќ, М.Кимовска. РИНИТИС И ПАСИВНО ПУШЕЊЕ КОД ДЕЦЕ Југословенски педијатриски дани Ниш, 2003:130.	1
46. Р.Исјановска, Е.Влашки, Л.Сечкова, К.Ставриќ, М.Кимовска. CURRENT RHINITIS SYPTOMS IN RELATION TO TOTAL NUMBER OF YOUNGER AND OLDER SIBLINGS IN CHILDREN Југословенски педијатриски дани Ниш, 2003:143.	1
47. С.Пеова, К.Миронска, Л.Карева, К.Ставриќ. ПРИМАРНИ ИМУНОДЕФИЦИТИ КОД ДЕЦЕ, ДИЈАГНОСТИКОВАНИ НА КЛИНИЦИ ЗА ДЕЧЈЕ БОЛЕСТИ СКОПЈЕ У ПЕРИОДУ 1976-2003. Југословенски педијатриски дани Ниш, 2003:287.	1
48. К.Ставриќ, С.Пеова, К.Миронска, Л.Карева. УТИЦАЈ ВИТАМИН А СУПЛЕМЕНТАЦИЈЕ НА НИВО ИМУНОГЛОБУЛИНА КОД БОЛЕСНЕ ДЕЦЕ Југословенски педијатриски дани Ниш, 2003:287.	1
49. Е.Влашки, К.Ставриќ, Р.Исјановска, Л.Сечкова, М.Кимовска. ПРЕВАЛЕНЦА НА АСТМАТА КАЈ ШКОЛСКИ ДЕЦА ВО СКОПЈЕ III Конгрес на Македонското респираторно здружеие, Охрид 2003; Мак мед преглед 56:56; 37.	1,2
50. К.Ставриќ, Е.Влашки, Р.Исјановска, Л.Сечкова, М.Кимовска. ВЛИЈАНИЕ НА БРОЈОТ НА БРАЌА И СЕСТРИ ВРЗ АЛЕРГИСКИОТ РИНИТИС ВО ДЕТСКАТА ВОЗРАСТ. III конгрес на Македонското респираторно здружение, Охрид, 2003; Мак.мед.преглед 56:56; 39.	0,5
51. Л.Сечкова, Е.Влашки, К.Ставриќ, Р.Исјановска, М.Кимовска. ПРЕВАЛЕНЦА НА АСТМАТА КАЈ ДЕЦА РОДЕНИ ВО МАКЕДОНИЈА И НАДВОР ОД НЕА. III конгрес на Македонското респираторно здружеие, Охрид 2003; Мак мед преглед 56:56; 52.	0,5
52. Р.Исјановска, Е.Влашки, Л.Сечкова, К.Ставриќ, М.Кимовска. АСТМА ВО ДЕТСКАТА ВОЗРАСТ И СТЕПЕН НА ОБРАЗОВАНИЕ НА МАЈКАТА III конгрес на Македонското респираторно здружение, Охрид 2003; Мак мед преглед 56:56; 51.	0,5
53. N.Ristovska Bojkovska, K.Stavric, V.Tasic KAWASAKI DISEASE MISDIAGNOSED AS ACUTE PYELONEPHRITIS Pediatr Nephrol 2003;18:851-852.	1,8
54. M Kimovska, E.Vlaski, L.Seckova, R.Isjanovska, K.Stavric. Traffic hypothesis in allergic diseases and their current symptoms in school children XXII Congress of the european Academy of Allergology and Clinical Immunology Paris 2003.	1,8
55. L.Seckova, E.Vlaski, R.Isjanovska, K.Stavric, M.Kimovska. ASTHMA, HAY FEVER, ECZEMA AND THEIR CURRENT SYMPTOMS IN RELATION TO PET OWNERSHIP. 13 th ERS Congress, Vienna, Austria 2003: ERSJ 22 (suppl. 45)192s.	1
56. K.Stavric, R.Isjanovska, E.Vlaski, L.Seckova, M.Kimovska. Association between body mass index and atopic diseases in children 13 th ERS Congress, Vienna, Austria 2003: ERSJ 22 (suppl. 45)271s.	1
57. E.Vlaski, R.Isjanovska, K.Stavric, L.Seckova, M.Kimovska. Paracetamol consummation and atopic diseases in children. 13 th ERS Congress, Vienna, Austria 2003: ERSJ 22 (suppl. 45) 274-5.	1

58. M Kimovska, E.Vlaski, L.Seckova, K.Stavric, R.Isjanovska. Traffic hypothesis in allergic diseases in school children.13 th ERS Congress, Vienna, Austria 2003: ERSJ 22 (suppl. 45) 270.	1
59. E.Vlaski, L.Seckova, K.Stavric, R.Isjanovska Paracetamol use in relation to asthma, hayfever, eczema and their current symptoms. 15th European Immunology Congress EFIS 2003 Rhodes, Greece,313s.	1
60. K.Stavric, E.Vlaski, L.Seckova, M.Kimovska, R.Isjanovska Body mass Index in relation to asthma, high fever and eczema and their current symptoms 15th European Immunology Congress EFIS 2003 Rhodes, Greece,498s.	1
61. С.Пеова, К.Ставриќ, Л.Карева, К.Миронска: ДИЈАГНОЗА И ТЕРАПИЈА НА KAWASAKI DISEASE - НАШЕ ИСКУСТВО – 2. Конгрес на инфектолозите на Македонија, 2003:Мак.мед.прегл. 53:Супл.37;176.	0,5
62. С.Китаноска, К.Ставриќ. РЕЦИДИВЕН СТРЕПТОКОКЕН ТОНЗИЛИТИС - ПЕНИЦИЛИН РЕЗИСТЕНТЕН. III конгрес на педијатрите на Македонија со интернационално учество, Охрид, 2003:49.	0,5
63. Е.Влашки, К.Ставриќ, Л.Сечкова, Р.Исјановска, А.Костоски, М.Кимовска. МАКЕДОНСКО УЧЕСТВО ВО ИНТЕРНАЦИОНАЛНАТА СТУДИЈА ЗА АСТМА И АЛЕРГИИ ВО ДЕТСТВОТО (ISAAC) ФАЗА3 III конгрес на педијатрите на Македонија со интернационално учество, Охрид 2003:175.	0,5
64. К.Миронска, С.Пеова, Л.Карева, К.Ставриќ. ФАГОЦИТОЗА КАЈ МАЛНУТРИТИВНИТР ДЕЦА. III конгрес на педијатрите на Македонија со интернационално учество, Охрид, 2003:185.	0,5
65. К.Ставриќ, С.Пеова, К.Миронска, Л.Карева,. КОРЕЛАЦИЈА НА СЕРУМСКИ ВИТАМИН А СО ВРЕМЕТРАЕЊЕТО НА ДОЕЊЕТО. III конгрес на педијатрите на Македонија со интернационално учество, Охрид 2003:193.	0,5
66. М.Кимовска, Е.Влашки, Л.Сечкова, К.Ставриќ, Р.Исјановска. ПРЕВАЛЕНЦА НА АЛЕРГИСКИ РИНИТИС КАЈ ДЕЦА РОДЕНИ ВО МАКЕДОНИЈА И НАДВОР ОД НЕА. III конгрес на педијатрите на Македонија со интернационално учество, Охрид, 2003:211.	0,5
67. Р.Исјановска, Е.Влашки, К.Ставриќ, Л.Сечкова, М.Кимовска. ПРЕВАЛЕНЦА И ТЕЖИНА НА АСТМА ВО ОДНОС НА ЕКСПОЗИЦИЈАТА НА ПАСИВНО ПУШЕЊЕ ВО ДЕТСКАТА ВОЗРАСТ. III конгрес на педијатрите на Македонија со интернационално учество, Охрид, 2003:212.	0,5
68. Л.Сечкова, Е.Влашки, К.Ставриќ, Р.Исјановска, М.Кимовска. ВЛИЈАНИЕТО НА ВКУПНИОТ БРОЈ, БРОЈОТ НА ПОСТАРИ И ПОМЛАДИ БРАЌА И СЕСТРИ ВРЗ ПОЈАВАТА НА СИМПТОМИ НА ЕГЗЕМ КАЈ ДЕЦАТА III конгрес на педијатрите на Македонија со интернационално учество, Охрид, 2003:213.	0,5
69. К.Ставриќ, Е.Влашки, Р.Исјановска, Л.Сечкова, М.Кимовска. ВЛИЈАНИЕ НА БРОЈОТ НА БРАЌА И СЕСТРИ ВРЗ ЕГЗЕМОТ ВО ДЕТСКАТА ВОЗРАСТ. III конгрес на педијатрите на Македонија со интернационално учество, Охрид, 2003:214.	0,5
70. Е.Влашки, Л.Сечкова, Р.Исјановска, К.Ставриќ, М.Кимовска. АСТМА И ДОМАШНО АЕРОЗАГАДУВАЊЕ КАЈ ДЕЦА. III конгрес на педијатрите на Македонија со интернационално учество, Охрид, 2003:214.	0,5

71. С.Пеова, Л.Карева, К.Миронска, К.Ставриќ. РЕВАКЦИНАЦИЈА НА ДЕЦА СО ПРЕТХОДНА НЕСАКАНА ПОСТВАКЦИНАЛНА РЕАКЦИЈА. III конгрес на педијатрите на Македонија со интернационално учество, Охрид, 2003:267.	0,5
72. R.Isjanovska, E.Vlaski, L.Seckova, K.Stavric, M.Kimovska. Diet and hay fever. XXIII EAACI Congress June 2004, Amsterdam:70.	1
73. M.Kimovska, E.Vlaski, K.Stavric, L.Seckova, R.Isjanovska Diet in eczema and its current symptoms XXIII EAACI Congress June 2004, Amsterdam:120.	1
74. E. Vlaski, K.Stavric, R.Isjanovska, L.Seckova, M.Kimovska Oxidant/anti-oxidant balance in childhood asthma XXIII EAACI Congress June 2004, Amsterdam:276.	1
75. K.Stavric, E.Vlaski, L.Seckova, R.Isjanovska, M.Kimovska Asthma symptoms and food intake in children XXIII EAACI Congress June 2004, Amsterdam:279.	1
76. Р. Исјановска, Е. Влашки, К.Ставриќ, Л.Сечкова. Миграциона хипотеза кај астма, алергиски ринитис и егзема (интернационална студија за астма и алергии во детството - фаза 3). Мак Мед Преглед 58;2004:97-99.	1,2
77. К.Ставриќ, С.Пеова, К.Миронска, Л.Карева Анализа на факторите на ризик за дефицит на витаминот А кај болните деца на претшколска возраст МЦМ 2004;50(1-2):63-72.	1,2
78. E.Vlaski, K.Stavric, R.Isjanovska L.Seckova, M.Kimovska Sedantory regimen and asthma in children. 14th ERS Annual Congress Glasgow, 2004, 612s.	1
79. K.Stavric, E.Vlaski, L.Seckova, R.Isjanovska, M.Kimovska Air pollution and asthma in childhood 14th ERS Annual Congress Glasgow, 2004 389s.	1
80. R.Isjanovska, E.Vlaski, K.Stavric, L.Seckova, M.Kimovska Familiar socio-economic status and allergic rhinitis in children. 14th ERS Annual Congress Glasgow, 2004 390s.	1
81. L.Seckova, E.Vlaski, K.Stavric, R.Isjanovska, M.Kimovska Air pollution and eczema in childhood. 14th ERS Annual Congress Glasgow, 2004 390s.	1
82. M.Kimovska, E.Vlaski, K.Stavric, L.Seckova, R.Isjanovska. Asthma and having siblings. 14th ERS Annual Congress Glasgow, 2004 19s.	1
83. Ставриќ К, Власки Е, Исјановска Р, Сечкова Л, Кимовска М Sedantory regiment and allergic rhinitis in children Педијатриски дани Ниш 2004:286.	1
84. Власки Е, Ставриќ К, Сечкова Л, Исјановска Р, Кимовска М Familiar socio-economic status and eczema in children. Педијатриски дани Ниш 2004:287.	1
85. K.Stavric. CVID J Project – Teaching Pediatric Immunology in East-Central Europe Skopje, september 2004.	1
86. K.Stavric. Progress in activities of PID Working Group in Macedonia. J Project – Management of infections in children with Cellular immunodeficiencies, Ukraine, november 2004.	1
87. K.Stavric, Peova S, K. Mironska, L.Kareva. Diagnosis and treathment of hereditary angioedema in Maceodnia. 4th C1 Inhibitor Deficiency Workshop Budapest 29 April-1May 2005.	1
88. K.Stavric, E.Vlaski, L.Seckova, M.Kimovska, R.Isjanovska Influence of diet to asthma in childhood 15th ERS Annual Congress Copenhagen, Denmark 2005: 396s.	1

89. L.Seckova, E.Vlaski, K.Stavric, R.Isjanovska, M.Kimovska Air pollution and hay fever in childhood 15th ERS Annual Congress Copenhagen, Denmark 2005: 139s.	1
90. E.Vlaski, K.Stavric, R.Isjanovska, L.Seckova, M.Kimovska. Allergic rhinitis and oxidant/anti-oxidant balance. 15th ERS Annual Congress Copenhagen, Denmark 2005: 400s.	1
91. E.Vlaski, K.Stavric, R.Isjanovska, L.Seckova, M.Kimovska. Familliar socio-economic status and asthma in children. 15th ERS Annual Congress Copenhagen, Denmark 2005: 452s.	1
92. E.Vlaski, L.Seckova, K.Stavric, R.Isjanovska, D.Kacarski, M.Kimovska Paracetamol hypothesis and asthma. Turkish Thoracic Society 8th Annual Congress 2005:10.	1
93. E.Vlaski, L.Seckova, K.Stavric, R.Isjanovska, D.Kacarski, M.Kimovska Paracetamol use in relation to eczema and its symptoms. Turkish Thoracic Society 8th Annual Congress 2005:14.	1
94. Е.Влашки, К.Ставриќ, Л.Сечкова, Р.Исјановска, А.Костовски, М.Кимовска. Преваленца и тежина на астма, алергиски ринитис и егзема кај школски деца во Скопје (интернационална студија за астма и алергии во детството фаза3) Мак Спи Мед 2005;51(1-2)12-23.	1,2
95. К Ставриќ, Е Влашки, Р.Исјановска, Л.Сечкова, М.Кимовска. Влијание на исхраната врз астмата во детска возраст. Македонско Списание за медицина 2005;51(1-2)24-34.	1,2
96. К.Миронска, С.Пеова, Л.Карева, К.Ставриќ Апликација на ХиБ вакцина за превенција и редукција на горнореспираторните инфекции (ГРИ) предизвикани со Haemophilus influencae 1st Macedonian Congress of Oto-rhino-allergology Ohrid 2005:57.	0,5
97. З.Стојановски, К.Ставриќ, К.Станкова. Третман на горнореспираторни инфекции пред и после курсот за Континуирана Медицинска Едукација. 1 Конгрес на Асоцијација на лекарите по општа/фамилијарна медицина на Југоисточна Европа, јуни 2006:105.	0,5
98. Ставриќ К, Пеова С, Миронска К, Карева Л. Примарни имунодефицитни болести кај деца дијагностицирани на Клиника за детски болести – Скопје во период 1976-2005г. 1. Конгрес на Асоцијацијата на лекарите по општа/фамилијарна медицина на Југоисточна Европа, јуни 2006:131.	0,5
99. Ставриќ К, Пеова С, Карева Л, Миронска К. Инциденца на небактериски причинители на пневмонии кај деца во претшколска возраст. Трет конгрес на микробиолозите на Македонија, мај 2006:34	0,5
100. L.Seckova, E.Vlaski, K.Stavric, M.Kimovska, R.Isjanovska. Allergic rhinitis and exercise hypothesis in young adolescents. Europediatrics, Barcelona Spain 2006:295.	1
101.E.Vlaski, K.Stavric, L.Seckova, M.Kimovska, R.Isjanovska. Exercise hypothesis in asthma in young adolescents. 16th ERS Annual Congress Munich Germany, 2006:478s.	1
102. E.Vlaski, K.Stavric, M.Kimovska, L.Seckova, R.Isjanovska. Oxidant/anti-oxidant balance and allergic diseases in young adolescents. IV Kongres pedijatara Srbije i Crne Gore, Beograd oktobar 2006:398.	1

103. Vlaski E, Stavric K, Seckova L., Isjanovska R. Kimovska M. Does high body mass index influence hay fever in young adolescents? XXV EAACI Congress Vienna, Austria, 2006:210.	1
104. E.Vlaski, K.Stavric, R.Isjanovska, L.Seckova, M.Kimovska. Overweight hypothesis in asthma and eczema in young adolescents. Allergol et Immunopathol 2006:34(5):199-205.	1,8
105. К.Миронска, С.Пеова, Л.Карева, К.Ставриќ. Хиб вакцина за превенција на инфекции предизвикани со хаемопхилус инфлуенцае. ММП 2006бр.1-2. стр40-45.	1,2
106. S.Peova, K.Stavric, K.Mironska, L.Kareva. A retrospective clinical and immunological survey of children with X-linked agammaglobulinemia in R.Macedonia. XII th Meething of the ESID Budapest, Hungary 2006:102.	1
107. K.Stavric, S.Peova, K.Mironska, L.Kareva. Intravenous immunoglobulin treatment in primary and secondary immunodeficiency. XII th Meething of the ESID Budapest, Hungary 2006:206.	1
108. K.Mironska, S.Peova, L.Kareva, K.Stavric. Primary immunodeficiency diseases diagnosed in childhood in Macedonia 1976-2006. XII th Meething of the ESID Budapest, Hungary 2006:223.	1
109. E.Vlaski, K.Stavric, R.Isjanovska, L.Seckova, M.Kimovska. Overweight hypothesis in asthma and eczema. Allergol Immunopathol (Madr). 2006;34:199-205.	1,8
110. Emilija Vlaski, Katerina Stavric, Rozalinda Isjanovska, Lidija Seckova, and Milica Kimovska Acetaminophen Intake and Risk of Asthma, Hay Fever and Eczema in Early Adolescence Iranian Journal of Allergy, Asthma and Immunology, September 2007; Vol. 6, No. 3, p. 143-149.	1,8
111. Карева Л, Пеова С, Миронска К, Ставриќ К. Можни етиолошки фактори во развојот на еритема мултиформе. IV конгрес на педијатрите на Македонија со интернационално учество Охрид 2007:362.	0,5
112. Пеова С, Миронска К, Карева Л, Ставриќ К. Регистер на примарни имунодефицити кај деца во Р.Македонија. IV конгрес на педијатрите на Македонија со интернационално учество, Охрид, 2007:153.	0,5
113. К.Ставриќ, С.Пеова, К.Миронска, Л.Карева. Автоинфламаторни заболувања. IV конгрес на педијатрите на Македонија со интернационално учество, Охрид, 2007:154.	0,5
114. Карева Л, Пеова С, Миронска К, Ставриќ К. Зглобни проблеми кај пациенте со Х врзана агамаглобулинемија. IV конгрес на педијатрите на Македонија со интернационално учество, Охрид 2007:155.	0,5
115. К.Ставриќ, С.Пеова, К.Миронска, Л.Карева. Ревакцинација на деца од предходни несакани поствакцинални реакции. 17. Конгрес на лекарите на Република на Македонија со меѓународно учество октомври 2007:93.	0,5
116. E. Vlaski , K.Stavric, M.Kimovska, L.Seckova, I.Kirovski, L.Nikolovski. Time trend in asthma in Skopje, the Republic of Macedonia. 17th ERS Annual Congress Stocholm, Sweden 2007:379s.	1
117. A.Sazdovski, E.Vlaski, K.Stavric, I.Kirovski. The diet hypothesis in asthma in early adolescence. 17th ERS Annual Congress Stocholm, Sweden 2007:382s.	1

118. Iseni A, E.Vlaski, K.Stavric, L.Seckova, M.Kimovska, I.Kirovski Does body mass index really contribute to asthma? 17th ERS Annual Congress Stocholm, Sweden 2007:382s.	1
119. I.Kirovski, E.Vlaski, K.Stavric, R.Isjanovska, M.Kimovska, A.Iseni. Impact of familiar socio-economic status on hay fever in childhood. 17th ERS Annual Congress Stocholm, Sweden 2007:643s.	1
120. L.Seckova, E.Vlaski, K.Stavric, I.Kirovski, M.Kimovska, A.Iseni. Influence of diet on eczema in young adolescents 17th ERS Annual Congress Stocholm, Sweden 2007:635s.	1
121. E.Vlaski, K.Stavric, R.Isjanovska, I.Kirovski, A.Iseni Sedentory regiment increases the risk of asthma symptoms. World Asthma Meeting Istanbul 2007:100.	1
122. K.Stavric, E.Vlaski, L.Seckova, R.Isjanovska, Lj.Nikolovksi, I.Kirovski. Does body mass index influence hay fever? World Asthma Meeting Istanbul 2007:100.	1
123. E.Vlaski, K.Stavric, R.Isjanovska, L.Seckova, M.Kimovska Current cat compared to dog ownership and asthma in young adolescents. Turkish Thoracic Society 10 Annual Congress March 2007:137.	1
124. I.Kirovski, E.Vlaski, K.Stavric, L.Seckova, L.Nikolovski, M.Kimovska. Outdoor air pollution more than indoor air pollution has an impact on asthma. Turkish Thoracic Society 10 Annual Congress March 2007:137.	1
125. E.Vlaski, K.Stavric, L.Seckova, M.Kimovska, Lj.Nikolovski. Impact of body mass index on eczema in early adolescence. XXVI EAACI Congress Goteborg, Sweeden june 2007:411.	1
126. I.Kirovski E.Vlaski, K.Stavric, L.Seckova, M.Kimovska, A.Sazdovski. Are developing countries at higer or lower risk of eczema in childhood? XXVI EAACI Congress Goteborg, Sweeden june 2007:402.	1
127. K.Stavric, E.Vlaski, L.Seckova, R.Isjanovska, M.Kimovska. Is indoor and outdoor air pollution associated with the increased prevalence of hay fever? XXVI EAACI Congress Goteborg, Sweeden june 2007:408.	1
	2009;55(1-2):54-59 59. Pivkova A, **Stojanoski Z,** Genadieva Stavrik S, Trajkova S, Krstevska Balkanov S, Cevreska L, Karanfilski O, Milenkov V, Gerasimovska P, Dukovski R, Georgievski B. Krioprezervirani periferni maticni kletki kako izvor pri avtologna transplantacija za lekuvawe na bolni so maligni hematoloski zaboluvawa- 6 godisni iskustva. Zbornik na apstrakti 3-ti Kongres na Transfuziolozite na R. Makedonija, Ohrid, 2009. str153-154 60. **Stojanoski Z,** Georgievski B, Cevreska L, Pivkova A, Genadieva Stavrik S, Karanfilski O, Ivanovski M, Krstevska Balkanov S, Milenkov V, Damevska Todorovska O, Makarovska Bojaxieva T, Grubovik R, Dukovski R. Suportiven tretman so krvni derivati kaj recipienti na mati~ni hematopoetski kletki. Zbornik na abstrakti 3-ti Kongres na Transfuziolozite na R. Makedonija, Ohrid 2009. str 179-180 61. **Stojanoski Z,** Georgievski B, Cevreska L, Genadieva Stavrik S, Pivkova A, Krstevska Balkanov S. Cephtriaxon reduces febrile episodes in patients treated with stem cell transplantation during an aplastic period after transplantation. Bone Marrow Transplantation Journal 2010;45(2):393-394 62. Georgievski B, Pivkova A, **Stojanoski Z,** Genadieva Stavrik S, Krstevska Balkanov S, Cevreska L. Long term survival after stem cell transplantation for hematological malignancies: single center experience. Bone Marrow Transplantation Journal 2010;45(2):399-400 63. Pivkova Veljanovska A, Genadieva Stavrik S, **Stojanoski Z,** Cevreska L, Krstevska Balkanov S, Trajkova S, Panovska Stavridis I, Georgievski B. Adverse events related to PBPC collection and mobilization for autologous transplantation in 10 years experience: procedures, efficiency, variables related to collection and safety profile. Bone Marrow Transplantation Journal 2011;46(1):346			0,5 0,5 0,5 0,5 0,5

	64. Pivkova Veljanovska A, Genadieva Stavrik S, **Stojanoski Z,** Cevreska L, Krstevska Balkanov S, Georgievski B. Assessment of symptom burden in patients undergoing autologous stem cell transplantation. Bone Marrow Transplantation Journal 2011;46(1):180-181			0,5
	65. Krstevska Balkanov S, Genadieva Stavrik S, Pivkova A, **Stojanoski Z,** Georgievski B. can we recognize clinical parameters which are associated with occurrence and severity of graft-versus-host disease? Bone Marrow Transplantation Journal 2011;46(1):120			0,5
	66. Georgievski B, **Stojanoski Z,** Genadieva Stavrik S, Pivkova A, Ivanovski M, Karanfilski O, Cevreska L, Krstevska Balkanov S, Trajkova S. Stem cell transplantation: a 10 year single center experience. Bone Marrow Transplantation Journal 2011;46(1):192			0,5
	67. **Stojanoski Z,** Genadieva Stavrik S, Pivkova A, Cevreska L, Georgievski B. Bacterial infective complications during an early post-transplant period. Bone Marrow Transplantation Journal 2011; 46(1):231			0,5
	68. **Stojanoski Z,** Genadieva Stavrik S, Pivkova A, Ivanovski M, Karanfilski O, Krstevska Balkanov S, Trajkova S, Dukovski D, Cevreska L, Georgievski B. Bone Marrow Transplantation Journal 2011; 46(1):266			0,5
	69. Genadieva Stavrik S, **Stojanoski Z,** Pivkova A, Krstevska Balkanov S, Cevreska L, Karanfilski O, Georgievski B. Autologous hematopoietic stem cell transplantation as an intensive consolidation therapy for adult patients in remission from acute myeloid leukemia. Bone Marrow Transplantation Journal 2011;46(1):283			0,5
	70. Genadieva Stavrik S, Pivkova A, **Stojanoski Z,** Sotirova T, Dukovski D, Krstevska Balkanov S, Georgievski B. Flag-IDA regimen as salvage chemotherapy before hematopoietic stem cell transplantation in the treatment of refractory/relapsed acute myeloblastic leukaemia: single-centre experience. Bone Marrow Transplantation Journal			0,5

	2011;46(1):284			
	71. Genadieva Stavrik S,Pivkova-Veljanovska A, **Stojanoski Z,** Cadievski L, Karanfilski O, Amzai G, Krstevska-Balkanov S, Sotirova T. Validation of R-IPI in selecting patients with diffuse large B cell Lymphoma. P031 Prv Makedonski hematoloski kongres Skopje 2012			0,5
	72. Genadieva Stavrik S,Pivkova-Veljanovska A, **Stojanoski Z,** Cadievski L, Karanfilski O, Sotirova T, Georgievski B. Validation of R-IPI in selecting patiensts with diffuse large B cell Lymphoma. P034 Prv Makedonski hematoloski kongres Skopje 2012			0,5
	73. **Стојаноски З, Генадиева-Ставрик С, Пивкова А, Чевреска Л, Чадиевски Л, Георгиевски Б.** еВлијание на ХЕПА филтрација врз појавата на агресивна аспергилоза кај реципиенти на матични хематопоетски клетки П063 Прв македонски хематолошки конгрес Скопје 2012			0,5
	74. **Z.Stojanoski,** B.Georgievski S. Genadieva-Stavrik, A.Pivkova, L.Cevreska, L.cadievski, M.Ivanovski, O.Karanfilski. Early post transplant infections in AML patients conditioned with Bu-Cy regimen : a 10 years single-centre experience. Bone Marrow Transplantation 2012, Vol. 47 Supp 1:125, P476			0,5
	75. B.Georgievski, A.Pivkova-Veljanovska, **Z.Stojanoski,** S. Genadieva-Stavrik, L.Cadievski, Z.Trajkovska –Ancevska. Quality of life in patients with haematological malignancies before and after haematopoietic stem cell transplant in a single-centre experience. Bone Marrow Transplantation 2012, Vol. 47 Supp 1:195, P625			0,5
	76. A.Pivkova-Veljanovska, S. Genadieva-Stavrik, **Z.Stojanoski,** S.Trajkova, L.Cadievski, I.Panovska-StavridisL.Cevreska O.Karafilski, S.Krstevska –Balkanov, B.Georgievski. The incidence of DMSO side effects among autologous recipients with lymphoid malignancies: dose the conditioning matter? Bone Marrow Transplantation 2012, Vol. 47			0,5

	Supp 1:196, P627. 77. **З.Стојаноски**,Б.Георгиевски,Л.Чевреска,А. К.Стојаноска. Мултипен миелом кај пациенти со Сјогренов синдром Прв македонски конгрес со меѓународно учество-МААР 2009 п.71-72.			0,5
9.	**Апстракти објавени во зборник на конференција**			
	- меѓународна 1. Georgievski B., Cevreska L.,Arsova F.,**Stojanoski Z.**,Genadieva S.,Hadzi-Pecova L.,Todorovski S B-hronicna limfocitna leukemija-Kliniko-patoloska analiza u 105 bolesnika. I-vi Hrvatski kongres hematologa i transfuziologa, Zagreb,Hrvatska 7-9.11.1995, p.95,abs.F3 2. Cevreska L.,Genadieva S.,Siljanovski N.,Georgievski B.,**Stojanoski Z** I-vi Hrvatski kongres hematologa i transfuziologa, Zagreb,Hrvatska 7-9.11.1995, p.96,abs.N23 3. Georgievski B.,Cevreska.,l.,Arsova F.,Todorovski S.,**Stojanoski Z** B-chronic lymphocytic leukemia-clinicopathcological analysis of 192 patients II meeting of the European haematology assotiation, Paris, France,29.05-01.06.1996. British Journal of Haematology,1996,93,suppl.2,abstract 442,p.114 4. Cevreska L.,Genadieva-Stavric S.,**Stojanoski Z.**,Siljanovski N.,Georgievski B., Efremov D IV-th Seminar New Trends in the treatment of Acute Leucemia, Briuni Islands,Croatia 14-17.09.1996,p.68 5. Siljanovski N.,Karagozov A.,Arsova F.,Cevreska L.,Stojanovik A.,Georgievski B.,Todorovski S.,Genadieva S.,Smilevska T.,**Stojanoski Z** ITP treated with splenectomy X Jugoslovenski hematoloski dani, Nis,10-12.10.1996,Book of abstracts,p.143	**43**	**1**	**43**

	6. Cevrevska L.,Georgievska L.,Genadieva-Stavrik S., Panovska I.,**Stojanoski Z.**,pivkova A Acute myeloblastic leukemia in first remission-role of autologous transplantation 3 Hrvatski kongres hematologa I transfuziologa, 23-26 October Opatija R.Croatia Lijec Vjesn godiste 125:supplement 3:listopad 2003 str.118 7. **Stojanoski Z.**,Siljanovski N., Arsova F.,Efremov D.,Genadieva-Stavrik S.,Hadzi-Pecova L.,Ivanovski M.,Petrusevska G.,Lozance M.,Trpkova S.,Cevrevska L Antitimocitic globulin Cyclosporin A and methylprednisolone in a treatment of severe aplastic anemia, 3Hrvatski kongres hematologa I transfuziologa, 23-26 October 2003,Opatija,Croatia,Lijec Vjesn godiste 125;supplement 3;listopad 2003 str.104 8. Genadieva-Stavrik S., Siljnovski N.,Zografski G.,Ivkovski Lj.,**Stojanoski Z.**,Lozance M.,Cevrevska L., Significance of bcl-2 and Ki-67 expression in aggressive Non-Hodgkin lymphoma, 3Hrvatski kongres hematologa I transfuziologa, 23-26 October 2003,Opatija,Croatia,Lijec Vjesn godiste 125;supplement 3;listopad 2003 str.106 9. Karadzova-Stojanoska A.,Grlickov M., Percinkova S.,Bozinosvki G.,Stojanovik A.,**Stojanoski Z.** , Marina N., Pavlova S.,Pusevski A B-cell hematological neoplasm in a patients with systemic lupus erythematosus, Annals of the Rheumatic Diseases, Annual European Congress of Rheumatology,18-21 June, 44. 10. Pivkova A.,Georgievski B., **Stojanoski Z.**,Panovska I.,Efremov DCriopreservation of hematopoetic stem cells single center experience, VII National Congress of Clinical and transfusion hematology, Sofia, R.Bulgaria, October 2003, abstract book p.55 11. Georgievski B., Cevrevska L.,Efremov D.,**Stojanoski Z.**,Panovska I.,Genadieva-stavrik S.,Krstevska S.,Pivkova A ABMT without cryopreservation in the treatment hematological malignancies, VII National Congress of Clinical and transfusion hematology, Sofia, R.Bulgaria, October 2003,			

abstract book p.48

12. Panovska I.,Georgievski B.,Cevrevska L.,Efremov D., **Stojanoski Z.**, Pivkova A Non-myeloablative stem cell transplantation our first experience –case report, VII National Congress of Clinical and transfusion hematology, Sofia, R.Bulgaria, October 2003, abstract book p.40

13. Cevrevska L.,Georgievski B.,Genadieva-Stavric S., Panovska I., **Stojanoski Z.**,Pivkova A Autologous transplantation in patients with AML in first remission, VII National Congress of Clinical and transfusion hematology, Sofija, R.Bulgaria, October 2003, abstract book p.40

14. Genadieva-Stavric S., Cevrevska L.,Siljanovski N.,Zografski G.,Ivkovski Lj., **Stojanoski Z.**, Lozance M.,Pivkova A BCL-2 and Ki-76 protein expression in aggressive NHL-prognostic significance, VII National Congress of Clinical and transfusion hematology, Sofija, R.Bulgaria, October 2003, abstract book p.10

15. Pivkova A., **Stojanoski Z.**,Panovska I.,Krstevska-Balkanov S.,Cevrevska l.,Efremov D.,Georgievski B Effective antifungal prophylaxis with fluconazole and itraconazole in patients undergoing hematopoietic stem cell transplantation , Blood Journal of the American Society of Hematology Vol.102 No.11 Nov 16 2003;45-th annual meeting program and abstracts December 6-9 2003 San Diego California

16. Panovska I.,Georgievski B.,Cevrevska L.,**Stojanoski Z.**, Pivkova A.,Siljanovski N., Efremov D The incidence and Lamivudine treatment of acute hepatitis B virus infections after stem cell transplantation in pation with hematological malignancies, Blood Journal of the American Society of Hematology Vol.102 No.11 Nov 16 2003;45-th annual meeting program and abstracts December 6-9 2003 San Diego California

17. Genadieva-Stavrik S.,Zografski G.,Ivkovski L.,Siljanovski N.,Georgievski B., **Stojanoski Z.**,Pivkova A.,Cevrevska L Clinical significance

	of bcl-2 and Ki-67 protein expression in aggressive non-Hodgkin lymphoma Blood Journal of the American Society of Hematology Vol.104 No.11 Nov 16. 2004;46-th Annual meeting program and abstracts December 4-7.2004 18. Пивкова А.,Гергиевски Б.,Чевревска Л.,Силјановски Н.,Генадиева-Ставрић С., **Стојаноски З.** ,Пановска И., Свежа коскена срцевина или периферна крв како извор на хематопоетски стем клетки при автологна трансплантација на малигни хематолошки заболувања-искуства и резултати Макед Мед Преглед, год.58,2004,стр.120-126 бр.3-4 19. Genadieva-Stavrik S.,Cevrevska L.,Pivkova A.,**Stojanoski Z.**,Karanfilski O.,Georgievski B High-dose hemotherapy and autologous stem cell transplantation for malignant lymphoma:influence of disease status at time of transplant, Bone Marrow Transplantation Vol.37,suppl.1 March 2006 32-nd Annual meeting of the European group for blood and marrow transplantation, Hamburg, Germany, March 19-22.2006, abstract No.1187 20. Pivkova A.,Cevrevska L.,Siljanovski N.,**Stojanoski Z.**,Genadieva-Stavrik S.,Panovska I.,Krstevska-Balkanov S.,Trajkova S.,Georgievski B Threelineage hypoplasia after initial neutrophil engraftment in patients with acute myeloid leukemia with undergoing autologous transplantation with BUCY conditioning:frequency outocomes and prognostic sifnificance, Bone Marrow Transplantation Vol.37,suppl.1 March 2006 32-nd Annual meeting of the European group for blood and marrow transplantation, Hamburg, Germany, March 19-22.2006, abstract No.1146 21. Cevreska L, Genadieva Stavrik S, Pivkova A, **Stojanoski Z,** Panovska I, Karanfilski O, Georgievski B. Long term follow up of autologous transplant in AML patients in first complete remission-five year single center experience. Bone Marrow Transplantation,			

	2007;39;312 22. Genadieva Stavrik S, Cevreska L, **Stojanoski Z,** Pivkova A, Stojanovik A, Krstevska Balkanov S, Karanfilski O, Georgievski B. High risk patients with aggressive Non-Hodgkin lymphoma should benefit from autologous stem cell transplantation in first remission (single center experience). Bone Marrow Transplantation, 2007;39;318 23. Pivkova A, Genadieva Stavrik S, Cevreska L, **Stojanoski Z,** Krstevska Balkanov S, Trajkova S, Karanfilski O, Georgievski B. Mobilization of peripheral blood progenitors in multiple myeloma. How to deal with hard to mobilize myeloma patients? A five year single center experience. Bone Marrow Transplantation, 2007;39;323-324 24. Pivkova A, Genadieva Stavrik S, Cevreska L, **Stojanoski Z.** Krstevska Balkanov S, Karanfilski O, Georgievski B. Mobilization of peripheral blood progenitors in multiple myeloma. How to deal with hard to mobilize patients-six years center experience. The Hematology Journal, Abstract book, 2007;494 25. Pivkova A, Genadieva Stavri} S, **Stojanoski Z,** Georgievski B. Maticni kletki-kletocna terapija vo humanata medicina, 2008; 62(3):5-11 26. **Stojanoski Z,** Cevreska L, Genadieva Stavrik S, Pivkova A, Ivanovski M, Petrovska M, Popovska K, Georgievski B. Gram positive bacterial predomination in stem cell transplant recipients. Bone Marrow Transplantation Journal, 2009: (43) 1; 370 27. Georgievski B, Genadieva Stavrik S, **Stojanoski Z,** Pivkova A. Acute myeloblastic leukemia in donors of PBSC for allogeneic transplantation- case report. Bone Marrow Transplantation Journal, 2009: (43) 1; 379 28. Pivkova A, Genadieva Stavrik S, **Stojanoski Z,** Milenkov V, Cevreska L, Georgievski B. Acute renal failure in myeloma patients during mobilisation procedures for autologous transplantation. Bone Marrow Transplantation			

	Journal, 2009: (43) 1; 389 29. Genadieva-Stavrik S, Georgievski B , Cevreska L , Karanfilski O , Pivkova A, **Stojanoski Z** , Krstevska-Balkanov S ,Dukovski D. FLAG Ida regimen in the treatment of relapsed refractory acute leukemia: single center experience. European Hematology Association Meeting, Berlin 2009. Abstract book, abstract 1436 30. Pivkova A, Genadieva Stavrik S, **Stojanoski Z,** Cevreska L, Krstevska Balkanov S, Trajkova S, Panovska Stavridis I, Karanfilski O, Georgievski B. validation of the predictive power of the hematopoietic cell transplantation co-morbidity index, performance status for non-relapse mortality and long term survival after autologous transplantation in patients with hematological malignancies. Bone Marrow Transplantation Journal 2010;45(2):106 31. Pivkova A, Genadieva Stavrik S, **Stojanoski Z,** Krstevska Balkanov S, Cevreska L, Karanfilski O, Trajkova S, Georgievski B. Efficacy, complication rates and cost effectiveness of chemotherapy + G-CSF and single agent C-CSF as mobilizing regimens for autologous PBSC:analysis of 125 patients with hematological malignancies. Bone Marrow Transplantation Journal 2010;45(2):162-163 32. Genadieva Stavrik S, Pivkova A, **Stojanoski Z,** Milenkov V, Krstevska Balkanov S, Cevreska L, Georgievski B. Influence of filgrastim mobilization of HLA identical familiar healthy stem cell donor in allogeneic transplant setting. Bone Marrow Transplantation Journal 2010;45(2):312 33. Genadieva Stavrik S, Pivkova A, **Stojanoski Z,** Krstevska balkanov S, Milenkov V, Georgievski B. Autologous hematopoietic stem cell transplantation as an intensive consolidation therapy for adult patients in remission from acute myeloid leukemia. Bone Marrow Transplantation Journal 2010;45(2):417 34. Genadieva Stavrik S, Pivkova A, **Stojanoski Z,** Karanfilski O, Cevreska L, georgievski B. FLAG IDA regimen as salvage chemotherapy before			

hematopoietic stem cell transplantation in the treatment of refractory/relapsed acute myeloblastic leukaemia: single center experience. Bone Marrow Transplantation Journal 2010;45(2):418s

35. Genadieva-Stavrik S, A Pivkova, **Z.Stojanoski,** S.Krstevska-Balkanov, B.Georgievski. Role of autologous hematopoietic stem cell transplantation as an intensive consolidation therapy for adult patients in remission from acute myeloid leukemia. Haema 2010; 1 (3): 266 -267, 38B

36. A Pivkova, **S.** Genadieva-Stavrik, **Z.Stojanoski,** L.Cevreska, S.Trajkova, I.Panovska-Stavridis, S.Krstyevska-Balkanov, B.Georgievski. Peripheral blood stem cell collection and mobilization for autologous transplantation: procedures, efficiency and risks. Haema 2010; 1 (3): 259-260

37. Genadieva-Stavrik S, Pivkova A, **Stojanoski Z,** Krstevska-Balkanov S, Georgievski B. Autologous hematopoetic Stem Cell transplantation as An Intensive Consolidation Therapy for Adult patients in Remission from Acute Myeloid Leukemia. ASH Annual Meeting Abstracts 2010 116: 4595

38. **Stojanoski Z,** Genadieva Stavrik S, Pivkova A, Karadzova Stojanoska A, Cevreska L, Georgievski B. Posterior reversible encephalopathy syndrome. Bone Marrow Transplantation Journal 2011;46(1):331

39. Genadieva Stavrik S, Pivkova A, **Stojanoski Z,** Krstevska Balkanov S, Trajkova S, Georgievski B. First step towards Macedonian donor registry mobilization of HLA identical familiar healthy stem cell donor in allogeneic transplant setting. Bone Marrow Transplantation Journal 2011;46(1):360-361

40. A.Pivkova-Veljanovska, **Z.Stojanoski,** S. Genadieva-Stavrik, L.Cevreska, L.Cadievski, B.Georgievski. Assessing transplant outcome among Macedonian autologous recipients with haematological malignancies in a single centre. Bone Marrow Transplantation 2012, Vol. 47

	Supp 1:279, P796 41. B.Georgievski, S. Genadieva-Stavrik, **Z.Stojanoski,** L.Cevreska, L.Cadievski, A.Pivkova-Veljanovska,. Late relapse in a long-term survivors with AML after autologous transplantation in first remission – presentation of two cases. Bone Marrow Transplantation 2012, Vol. 47 Supp 1:350, P949 42. S.Genadieva-Stavrik, A.Pivkova-Veljanovska, **Z.Stojanoski,** S.Krstevska –Balkanov, O.Karanfilski, L.Cadievski, B.Georgievski. Autologous stem cell transplantation for relapsed/refractory Hodgkin's lymphoma: a single –center experience. Bone Marrow Transplantation 2012, Vol. 47 Supp 1:445, P1136 43. S.Genadieva-Stavrik, T.Sotirova, L.Cadievski, A.Pivkova, **Z.Stojanoski,** O.Karanfilski, S.Krstevska –BalkanovB.Georgievski. Autologous stem cell transplantation for relapsed/refractory Hodgkin's lymphoma: a single center experience. Bone Marrow Transplantation 2012, Vol. 47 Supp 1:449, P1148			
	- национална 1. Генадиева С.,**Стојаноски З.**,Стојановиќ А.,Чевреска Л.,Каранфилски О., Секундарен малиген лимфом на желудник кај пациент со хронична миелоична леукемија. Конгрес на гастроентеролозите и хепатолозите на Македонија, Охрид,21.9.1996,Книга на апстракти,стр.129,абс.13 2. Ефремов Д.,Силјановски Н.,**Стојаноски З** Климицин во лекувањето на инфекциите кај гранулоцитопенични хематолошки болни, XV конгрес на лекарите на Македонија,Охрид,Р.Македонија,октомври 1999,Макед.мед.преглед:53,супл.39,стр.58 3. Генадиева-Ставриќ С.,Стојановиќ А.,Чевреска Л.,Георгиевски Б.,Арсова Ф.,Станковиќ С.,**Стојаноски З.**,Јорданова	**11**	**0,5**	**5,5**

	В. Не-хочкинови лимфоми со примарна локализација во гастроинтестиналниот тракт, XV конгрес на лекарите на Македонија,Охрид, Р.Македонија, октомври 1999,Макед.мед.преглед:53,супл. 39, стр.338. 4. Стојановиќ А.,Смилевска Т.,Арсова Ф.,**Стојаноски З.**,Станковиќ С.,Генадиева-Ставриќ С Тромботични комплокации кај есенцијална тромбоцитемија, XV Конгрес на лекарите на Македонија, Охрид, Р.Македонија,октомври 1999, Макед.мед. преглед:53,супл.39,стр.314. 5. **Стојаноски З.**,Силјаноски Н.,Ивановски М.,Арсова Ф., Хаџи-Пецова Л.,Ефремов Д.,Арсов Т.,Карацова-Стојаноска А,Генадиева-Ставриќ С Приказ на случај со дефицит на антитромбин III кај пациент со мигрирачки тромбофлебитис и белодробна тромбемболија, I Конгрес на трансфузиолозите на Македонија со меѓународно учество, октомври 2000, Охрид, Р.Македонија, Макед.мед.преглед: година:54(супл.46)стр.225. 6. Генадиева-Ставриќ С.,Чевреска Л.,Георгиевски Б.,Ефремов Д.,**Стојаноски З.**,Пановска И Акутна промиелоцитна леукемија М3-хеморагични манифестации, I конгрес на трансфузиолозите на Македонија со меѓународно учество, октомври 2000,Охрид, Р.Македонија, Мак мед.преглед:година:54(супл.46)стр.255 7. **Стојаноски З.**,Стојановиќ А.,Каличанин М.,Зафировски Г.,Чевревска Л.,Лозанче М.,Георгиевски Б.,Силјаносвки Н.,Каранфилски О.,Генадиева-Ставриќ С. Не-Хочкинови лимфоми со примарна локализација во коска, II конгрес на МАДОТ со меѓународно учество, Охрид, мај,2000,Книга на апстракти,стр.48. 8. **Стојаноски З.**,Пановска И.,Силјановски Н.,Крстевска-Балканов С.,Георгиевски Б. Фатална сепса со streptomonas maltophilia кај реципиент на матични хематопоетски клетки-приказ на случај, Трет конгрес на микробиолозите на Македонија 17-20 мај			

	2006, Охрид, Р.Македонија, Мак мед преглед 60 супл.67 стр.96. 9. **Стојаноски З.**,Чевревска Л.,Каранфилски О., Пивкова А.,Пановса И., Крстевска-Балканов С.,Ивановски М.,Станковиќ С., Силјановски Н.,Георгиевски Б Грам-позитивна бактериска предоминација кај реципиентите на хематопоетски матични клетки (5 годишно искуство), Bone Marrow Transplantation Vol.37,suppl.1 March 2006 32-nd Annual meeting of the European group for blood and marrow transplantation, Hamburg, Germany, March 19-22.2006, abstract No.122 10. Pivkova A, Genadieva Stavrik S, **Stojanoski Z,** Cevreska L, Grorgievski B. Prevention of hepatic veno-oclusive disease (VOD) following autologous hematopoietic stem cell transplantation. Abstract book of VIII-th Macedonian congress of Gastroentherology and hepatology with international participation, 2008 Ohrid. 11. Genadieva Stavrik S, Pivkova A, **Stojanoski Z,** Krstevska Balkanov S, Georgievski B. Role of lamivudine in prophylaxis against Hepatitis B reactivation in carriers of hepatitis B who undergo myeloablative chemotherapy and allogeneic blood stem cell transplantation. Abstract book of VIII-th Macedonian congress of Gastroentherology and hepatology with international participation, 2008 Ohrid.			
	Одржано предавање по покана на универзитет	**1**	**1**	**1**
	Вкупно			**238,6**

СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Број на активности	Поени од формулар	Поени
1.	**Воведување нова јавно здравствена метода во областа на здравството**			
	1. Воведување на доплер-ултрасонографија	1	4	4
	2. Воведување на венска фотоплетизмографија со Rheo-doplex II метода	1	4	4
2.	**Експертски активности: рецензент во домашни и меѓународни стручни и научни списанија** (Рецензент во списанието Македонски медицински преглед, рецензент во списанието Journal of Analytical Oncology)	2	1	2
3.	Учество на промотивни активности на факултетот/институтот	1	1	1
4.	Превод на дел од книга	2	1	2
5.	Завршена специјализација во областа на медицинските науки (интерна медицина)	1	2	2
6.	Завршена супспецијализација во областа на медицинските науки и здравството (хематологија)	1	1	1
Дејности од поширок интерес				
1.	Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир (Прв хематолошки конгрес 2012; Балкански хематолошки денови-seventh Balkan day of hematology 2012)	1	1	1
2.	**Награда за научни постигнувања од струкова организација** Благодарница од МЛД	1	3	3

3.	**Студиски престој во странство** - Клинички центар- Љубљана, Р. Словенија, спонзориран од Министерството за наука и образование - Болница„Георги Папаниколау", Солун, Р. Грција, обука за криопрезервација на матични клетки	1 1	0,5 0,5	0,5 0,5
4.	**Раководител на внатрешна организациона единица** Раководител на одделот за алогена трансплантација	1	3	3
5.	**Учество во комисии и тела на државни и други органи** Комисија за интрахоспитални инфекции формирана од Министерството за здравство	1	1	1
6.	**Учество во изработка на национална програма од одредена област** Национална програма за превенција, следење и третман на интрахоспитални инфекции	1	3	3
	Вкупно			**28,0**

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	Поени
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	**81,3**
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	**238,6**
СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ	/
СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ	**28,0**
Вкупно	**347,9**

Членови на Комисијата

1. Проф. д-р Мирослав Гавриловски _____, претседател, с.р.
2. Проф. д-р Митко Ќаев _____, член, с.р.
3. Проф. д-р Борче Георгиевски _____, член, с.р.
4. Проф. д-р Оливера Стојчева _____, член, с.р.
5. Проф. д-р Ненад Јоксимовиќ _____, член, с.р.

ЗАКЛУЧОК

Врз основа на извршениот увид во доставената документација, досегашното познавање на наставно-образовната, научно-истражувачката и стручно-апликативната дејност на кандидатот и извршената рецензија на доставените стручно-научни трудови, Рецензентската комисија оцени дека кандидатот во целост ги исполнува условите на конкурсот. Бодирањето е направено согласно со образецот кон извештајот за избор, а според член 11 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" во Скопје од август 2011 година. Рецензентската комисија констатира дека кандидатот ги исполнува условите пропишани со Законот за високото образование за да биде избран во звањето насловен доцент по предметот интерна медицина на Катедрата за интерна медицина на Медицинскиот факултет во Скопје.

Членови на Комисијата

1. Проф. д-р Мирослав Гавриловски _____, претседател, с.р.
2. Проф. д-р Митко Ќаев _____, член, с.р.
3. Проф. д-р Борче Георгиевски _____, член, с.р.
4. Проф. д-р Оливера Стојчева _____, член, с.р.
5. Проф. д-р Ненад Јоксимовиќ _____, член, с.р.

РЕЦЕНЗИЈА

ЗА ОЦЕНКА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ВЛИЈАНИЕТО НА АСИМЕТРИЧНИТЕ ЗАКАНИ ВРЗ ТРАНСФОРМАЦИЈА НА СУШТИНАТА И ВОДЕЊЕТО НА ВОЈНАТА ВО XXI ВЕК“, ПОДНЕСЕНА ОД М-Р НЕНАД ТАНЕСКИ, ПРИЈАВЕНА НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

На 33-тата редовна седница на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, одржана на 19. XII. 2012 година, бевме избрани за членови на Комисијата за оцена на докторската дисертација „Влијанието на асиметричните закани врз трансформација на суштината и водењето на војната во XXI век“ од м-р Ненад Танески.

Благодарни за укажаната доверба, имаме чест да го поднесеме следниов

ИЗВЕШТАЈ

Докторската дисертација „Влијанието на асиметричните закани врз трансформација на суштината и водењето на војната во XXI век“ претставува научен труд од областа на безбедноста. Во оваа докторска дисертација м-р Танески се користи со методолошките пристапи на проучување на безбедносните проблеми и теориите својствени во проучувањето на воените науки. Така, м-р Танески презентира обемен и амбициозен, прв значаен научен труд од оваа област во нашата држава.

Докторскиот труд, конципиран внимателно и прегледно, содржи 334 страници. Трудот има конзистентна структура, која од него прави логична целина. За изработка на оваа докторска дисертација консултирани се 114 библиографски единици, 43 документи, 177 публикации и 87 извори од интернет. Аргументацијата е поткрепена со 561 фуснота. Покрај воведот, заклучокот и консултираната библиографија, трудот го сочинуваат пет дела, во кои се истражуваат најзначајните аспекти на асиметричните глобални безбедносни закани и нивното влијание, односно идентификација на соодветната реакција на асиметричната војна на дел од конвенционалната моќ. За целосна и јасна слика, како и прегледност во елаборирањето на предметот на истражување на оваа докторска дисертација, м-р Танески текстуалната експликација ја надополнува со 6 слики, 16 табели, 5 графикони и 3 карти.

Главните делови на докторскиот труд, во кој м-р Танески го изложува истражувањето, се: 1. Концепт на асиметрични закани; 2. Глобални хибридни асиметрични закани: тероризам, криминал, бунтовништво; 3. Еволуција на војните; 4. Ангажирање на вооружените сили во 4ГВ; 5. Трансформација на војната.

Во воведниот дел на докторската дисертација се формулира проблемот на истржувањето, изложени се целите и задачите, и се наведуваат методите што се користени при нејзината изработка. Појдовната премиса на докторската теза, која доследно провејува низ целиот труд е справувањето со глобалните асиметрични закани. Односно, ова истражување се фокусира на трансформација на суштината и на водењето на војната во XXI век и на асиметричните закани како нејзини фактори, а како најтипичен пример за трансформација на војната е елаборирaн случајот со актуелниот конфликт во Авганистан.

Во овој дел, м-р Ненад Танески укажува дека за целосно разбирање на комплексноста на асиметрични закани, потребно е да се идентификува реакцијата на конвенционалната моќ при водење асиметрична војна, која ќе не доведе до заклучок за применливите граници на конвенционалната супериорна моќ. Како последица од новосоздадената безбедносна средина и појавата на асиметричните закани, може да се констатира дека воените сили се принудени да дејствуваат спротивно од начинот на кој се организирани, опремени, пополнети и распоредени за војна од времето на Студената војна. Актуелните воените операции што се водат против неутрализирање на асиметричните закани, имаат потреба од значителен број готови сили кои би биле подготвени за долгорочно војување. Оттука, главна цел на ова истражување е да се истражат асиметричните безбедносни закани како водечки фактори во создавање нови конфликти. Притоа целта е да се утврди нивното влијание и причинско-последичните врски за трансформација на војната во XXI век и потребата за трансформација и за реорганизација на борбените способности на армиите и идентификување на нивните можности за заштита на своите земји од моменталните и од идните конвенционални и неконвенционални безбедносни закани.

Централната хипотеза на трудот е дека неможноста да се сузбијат асиметричните закани со конвенционални средства и тактики придонесе за трансформација на суштината и на водењето на војната, односно за трансформација и реорганизација на борбените стратегии и способности на воените сили, како на државните, така и на силите на воените алијанси. Во овој труд, всушност, фокусот е ставен на глобалните асиметрични безбедносни закани и справувањето со нив. Попрецизно, ова истражување се фокусира на трансформација на суштината и на водењето на војната во XXI век и на асиметричните закани како нејзини фактори, а како најтипичен пример за трансформација на војната е анализиран случајот Авганистан.

Во првиот дел работно насловен како *Концепт на асиметрични закани,* детално се анализирани асиметричните закани, стратегиските проблеми и нивното дефинирање. Авторот укажува на комплексноста на проучувањето на асиметричното бојно поле, кое денес бара темелна промена во приоритетите и примената на елементите на моќта на конвенционалните воени сили. Тој укажува дека доколку денес современите конвенционални сили сакаат да победат на асиметричното бојно поле против определен, непостојан и нерегуларен непријател, мора да го променат целокупниот стратегиски пристап на војувањето, што без исклучок треба да биде политички поддржан. Анализирање на потеклото на овие асиметрични закани е од клучно значење, бидејќи многу од нив потекнуваат од директно непристапни места (просторно и виртуелно), а употреба и присуството на воени сили е ограничено или скоро невозможно.

Во вториот дел со наслов *Глобални хибридни асиметрични закани: тероризам, криминал, бунтовништво,* комплексно се разработени наведените асиметрични закани и нивната меѓусебна интеракција. Во оваа глава авторот доаѓа до заклучок дека традиционалната остра поделба помеѓу тероризмот, бунтовништвото и организираниот криминал, повеќе не е соодветна. Сличност помеѓу терористичко-бунтовничките и криминалните групи е детектирана во применетите методи и тактики за остварување на нивните цели. Исто така, се констатира дека глобализацијата во голема мера го олеснува

сплотувањето и вкрстувањето на тероризмот, бунтовништвото и организираниот криминал, со што е создадена една нова сериозна комплексна нетрадиционална безбедносна закана. На крајот од оваа глава е објаснето вмрежувањето на овие три асиметрични глобални закани и нивната меѓузависност. Целта на оваа глава е да се претстават основните причини за трансформација на војната. Односно, преку определувањето на овие закани, целта е да се направи разлика од заканите против кои можеше да се војува конвенционално.

Третиот дел од докторската дисертација претставува вовед во вториот дел од поставеното истражувачко прашање. Оваа глава носи работен наслов *Еволуција на војните*. Тука, всушност, е анализирана појавата на четвртата генерација војни и нејзиното успешно, односно неуспешно справување со асиметричните закани. Распадот на Советскиот Сојуз во почетокот на 1990-тите години ја нагласува воената, економската и идеолошката доминацијата на Западот. Сепак, по падот на Берлинскиот ѕид, се појавија новите закани. Геополитичката динамика на модерното време сè повеќе предизвикуваше ерозија на монополот на државата врз војните. Ова доведе до појавата на четвртата генерација војни водени помеѓу државите и идеолошките недржавни актери. Преку дефинирањето на карактерот на четвртата генерација војни, авторот прецизно ја одредува суштината на оваа генерација војни, која лежи во индиректните стратегии преземени од страна на субјектите во четвртата генерација војни, што најчесто ги заобиколуваат директните воени соочувања со државните армии, напаѓајќи го цивилното население, културата или институциите на системот. Ова, исто така, може да се опише како едно од најголемите промени во војувањето, бидејќи со мирот во Вестфалија на државата и беше отстапен монополот врз војната, што сега е изгубен. Општа констатација е дека 4ГВ се манифестира преку високоизолирани, мобилни, предаторски мрежи кои работат надвор од рамките на националните држави.

Ангажирање на вооружените сили во 4ГВ е насловот на четвртиот дел од докторската дисертација. Во оваа глава сериозно се анализирани трите основни компоненти на конвенционалните вооружени сили: копнената војска, военото воздухопловство и воената морнарица. Со овие три вида вооружени сили, всушност, се покриваат сите три димензии на просторот (копно, море, воздух – вселена). Како посебен сегмент од копнената војска, акцент е ставен на специјалните сили кои според оваа докторска дисертација се единствен симетричен одговор за дел од неконвенционалните непријатели од четвртата генерација војни. Меѓутоа, авторот неуспехот на конвенционалните сили во справувањето со недржавните непријатели од четвртата генерација го гледа во нивниот современ неконвенционален и асиметричен пристап, во кој максимално се користат предностите на глобализацијата и технологијата, и тоа, пред сè, за офанзивни цели, кои имаат поинаков и засега невиден и непредвидлив центар на гравитација. Овој центар на гравитација, или поточно речено многубројни центри на гравитација, се имуни на конвенционалната супериорна воена сила. Оваа сила денес сè уште не отстапува од препознатливиот директен пристап, односно наметнување на еден и единствен уништувачки удар на главнината на силите на противникот. М-р Танески неуспехот на судирот на конвенционалните сили со противниците и особено со бунтовничките сили го препознава во упорното барање на еден единствен центар на

гравитација, кој би претставувал центар на моќта на протагонистите на четвртата генерација војни.

Петтиот дел од докторската дисертација насловен како *Трансформација на војната* е носечкиот истражувачки дел на оваа докторска дисертација. Во овој дел, всушност е дадена оценката за справувањето со асиметричните закани во XXI век преку анализа на искуствата од војната во Авганистан. Всушност, тука е анализирана војната која иако е започната и се води со конвенционални средства, асиметричното дејствување на спротивната страна доведува до големи и непредвидени загуби од страна на армиите, како и долгогодишно непредвидено војување без постигнување значајни резултати. Во овој дел е направена разработка на почетоците за ерозија на базата за тројната конструкција на војната. Ерозијата, според кандидатот Танески, започна најпрво со демократизацијата на тоталитаристичките системи, а подоцна и со појавата националистичките, сепаратистичките и религиозните движења. Технолошкиот развој уште повеќе ја забрза појавата и развојот на водењето нетројни војни. Преку компаративна анализа на новонастаната воена средина и зголемениот број неконвенционални вооружени конфликти, авторот прави успешен обид да ја прикаже комплексноста на феноменот на глобализацијата, што доведе до преиспитување на централната претпоставка за војната доминантна за време на Студената војна – стратегиско размислување за војната. Со овој западен модел на војување преку кој нацијата-држава ја губи подлогата и нарушената рамнотежа на тројството на Клаузевиц, овој нетроен начин ги означи промените во односот кон идните петтата генерација војни, во смисла на тоа од кого ќе бидат водени, за што ќе бидат водени, како и какви војни ќе бидат водени и кој ќе партиципира во нив. Недржавните актери од петтата генерација војни, како голема предност вешто ги користат широкодостапните социјални мрежи во планирање и изведување на операциите.

Според м-р Танески, поголемиот дел од вооружените конфликти што се случуваат денес, се во рамките на државите и се асиметрични по природа (од една страна, се недржавни актери опремени со евтина современа технологија кои се спротивставуваат на силна држава со скапо високо технолошко оружје). Целта на овие видови конфликти е контрола на цела или на дел од државна територија, отцепување на еден регион или автономија, самоопределување на групи, заштита на одредена културна автономија од глобализациските притисоци на Западот (како во случајот со исламскиот фундаментализам). Како што може да се забележи од погоре прикажаните карактеристики, јасно е забележлива промената од политичкото насилство на Клаузевиц, во меѓуетничка бруталност, која многу тешко може да се спречи со инструментите на војната. Овие „нови војни" се разликуваат од претходните (војните на Клаузевиц) во однос на нивните цели, методи и извори на финансирање и јасно ја покажуваат ерозијата на монополот на вестфалската држава врз легитимно организирано насилство.

ОЦЕНА И ПРЕДЛОГ

По исцрпната анализа и евалуирање на предложената докторска дисертација со наслов „Влијанието на асиметричните закани врз трансформација на суштината и водењето на војната во XXI век", изработена од м-р Ненад Танески, Комисијата е едногласна во оценките

дека станува збор за исклучителен пример на сериозен научен труд кој ги задоволува сите критериуми за успешно изработена докторска дисертација. Ова е научен труд кој на систематизиран и обемен начин обработува сложена и специфична проблематика. Ова истражување ќе има големо научно и општествено значење бидејќи резултатите кои се добиени од спроведеното истражување ќе имаат своја примена во сферата на воените науки за добивање на нови сознанија, од аспект на нудење нови предлози и решенија за трансформација и редефинирање на борбените стратегии и способности на воените сили, како на државните, така и на силите на воените алијанси, а во тој контекст и на нашите вооружени сили.

Комисијата констатира дека докторскиот труд е пишуван јасно, концизно и со едноставен, лесно достапен стил. Секоја глава се фокусира на основните проблеми, а следува и детална разработка на помошните тези. Потоа следува јасна експликација и детална анализа на посочените проблеми. Тоа овозможува да се осознаат сите проблемски аспекти со појавата на современите мрежни безбедносни закани, а тие се така поставени интегрално во сите димензии што значи дека неговата проблемско-тематска анализа е поткрепена со релевантна литература. Почнувајќи од добро идентификуваниот проблем на истражување, преку употребата на адекватна методологија, кандидатот донесува заклучоци вредни и од научна и од практична гледна точка, бидејќи упатуваат на јасна проекција за тоа дека големиот спектар на дијаметрално различните противници на оперативно и на тактичко ниво доведе до промена и трансформација во пристапот и во суштината на војните и војувањето во XXI век.

Имајќи го сето ова предвид, Комисијата има чест и задоволство да заклучи дека севкупната оцена на поднесената дисертација е позитивна. Затоа, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет да го прифати позитивниот извештај за оценка на докторската дисертација со наслов „Влијанието на асиметричните закани врз трансформација на суштината и водењето на војната во XXI век“ од м-р Ненад Танески и на тој начин да му овозможи на кандидатот да пристапи кон јавна одбрана на докторската дисертација.

Комисија

Проф. д-р Митко Котовчевски, с.р.

Проф. д-р Синиша Даскаловски, с.р.

Проф. д-р Оливер Бакрески, с.р.

Проф. д-р Тони Милески, с.р.

Проф. д-р Лидија Георгиева, с.р.

До

-Медицински факултет-Скопје, при
„Универзитет Св. Кирил и Методиј " во Скопје
-Рецензентска комисија
-Наставно-научен совет

П Р И Г О В О Р

од нас. доц. д-р Ирина Пановска-Ставридис, член на Катедрата за интерна медицина при Медицинскиот факултет во Скопје

Предмет на приговорот: Реферет објавен на 15.1.2013 во Билтенот на ,Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, бр. 1046 за избори и унапредувања во наставно-научни, научни, насловни и соработнички звања по предметот интерна медицина на Медицинскиот факултет во Скопје, објавен во весникот „Утрински весник" на 24.11.2012.

Приговарам за начинот на бодување на кандидатката Соња Генадиева-Ставриќ. Сметам дека е направен превид од страна на Рецензентската комисија и бодувањето не е направено во согласност со Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, објавен во Универзитетскиот гласник бр. 173, на 1.8.2011. Вкупниот број на бодови влијаел врз донесениот заклучок од страна на Рецензентската комисија која на оваа кандидатка и дала предност.
Имено, во делот на наставно-образовната дејност, кандидатката избрана за доцент во мај 2008 година, што значи учествувала во теоретската настава 9 семестри, заклучно со 31.12.2012 добила:

1. 126 поени за одржување на настава во прв циклус на студиите, што значи според бодувањето во Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставн-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје: 9 семестри x 15 недели x 0.04 x број на часови неделно, еднакво на 23.3. Тоа значи дека кандидатката држи 23.3 часа неделно теоретска настава, што е невозможно ако се имаат предвид следните факти:

   А. Наставниците на Медицинскиот факултет во Скопје имаат скучено Договор со Медицинскиот факултет во Скопје бр. 04-1494 од 1.4.2011 за вработување според кој се вработени 5 часа неделно на Медицинскиот факултет во Скопје, односно можат да имаа вкупно и теоретска и практична настава 5 часа неделно. Според Правилникот тоа значи 5x15x0.04=3 поени по семестар, за 9 семестри бодуваниот кандидат може да има максимум=27 поени, а не доделените 126.

Б. Во склоп на предметот интерна медицина, секој семестар има вкупно 17 теоретски часа по хематологија, потоа по предметот клиничко испитување има 4 теоретски часа, интерна медицина за стоматолози вкупно 8 часа по семестар. Нема достапни податоци за бројот на часови за предметите кои се предаваат на Високата школа за медицински сестри (физиотерапевтите, логопедите, рендген-технолозите и медицинските сестри), но не може да има повеќе од 8 часа теоретска настава по хематологија секоја од овие групи по семестар. Тоа значи вкупниот број на теоретски часови во кои учествуваат наставниците по интерна медицина од Клиниката за хематологија, а има вкупно 5 наставници кои учествуваат подеднакво во наставата.
Врз основа на пресметките според Правилникот, кандидатката треба да има 15x0.04 по семестар=0.6ц9=5.4 поени, а не доделените 126

2. Кандидатката добила 9 поени за одржување на настава во трет циклус студиите иако не е вклучена во наставата од докторските студии: бодовите и се доделени под образложение: индивидуална работа со докторанди. Такво образложение не постои во Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

3. Кандидатката добила 12 поени за консултации со студенти. Кандидатката е активно вклучена во наставата од 1995 година кога е избрана за асистент, и според гореизнесеното има вкупно направено консултации со 166.6 по семестар што е нереална бројка, според бројот на студентите во една генерација.

Имајќи го предвид горенаведеното, сметам дека Комисијата ќе го усвои овој приговор и повторно ќе ја бодира кандидатката врз основа на приложените факти и во согласност со Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

23.1.2012

Со почит,

Насл. доц. др Ирина Пановска-Ставридис с.р.

До

- Медицински факултет при
Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
- Декан
- Наставно-научниот совет

ОДГОВОР ПО ПРИГОВОР

поднесен од кандидатката насл. доц. д-р Ирина Пановска-Ставридис на 23.1.2013 година, за избор на наставник во сите звања по предметот интерна медицина – ЈЗУ Клиника за хематологија на Медицинскиот факултет.

Комисијата, на 25.1.2013 година, детално го разгледа приговорот поднесен од насл. доц. д-р Ирина Пановска-Ставридис за начинот на бодувањето на кандидатката доц. д-р Соња Генадиева-Ставриќ и го констатира следново: **Приговорот се отфрла како неоснован.**

Избраната кандидатка е наставник на Катедрата за интерна медицина, која е активно вклучен во практичната и теоретската настава по предметите интерна медицина и клиничко испитување за студенти по медицина и стоматологија, во наставата за специјализанти по интерна медицина, семејна медицина, докторанди, како и во наставата по предметот интерна медицина и геронтологија на тригодишните стручни студии за медицински сестри, физиотерапевти, логопеди и радио-технолози и е координатор на тригодишните студии за медицински сестри.

Бодирањето е проверено и коректно, а избраната кандидатка ги исполнува сите критериуми за унапредување во звањето вонреден професор согласно со Правилниокот за критериумите и постапката за избор во наставно–научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Комисијата ја избра кандидатката доц. д-р Соња Генадиева – Ставриќ, бидејќи е наставник на Катедрата за интерна медицина во звањето доцент, во работен однос на Клиниката за хематологија. По изборот за доцент, кандидатката по основ на сите активности има бодови за избор во повисоко звање- вонреден професор.

Со оглед на гореизнесеното, Комисијата останува на веќе изнесениот став во рефератот за избор на еден наставник во сите звања, објавен во Билтенот на УКИМ од 15.1.2013 година, и го отфрла приговорот. Комисијата сака да потенцира дека рефератот е донесен едногласно и објективно и согласно со Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно–научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Рецензентска комисија

1.Акад. проф. д-р Владимир Серафимоски _____претседател с.р.

2.Проф. д-р Милчо Богоев _____ член с.р.

3. Проф. д-р Стевка Богдановска _____ член с.р.

4.Проф. д-р Розалинда Попова-Јовановска_____ член с.р.

5. Проф. д-р Борче Георгиевски _____ член с.р.

ПРЕГЛЕД

На прифатени теми за изработка на докторски дисертации на ЈНУ Институт за национална историја-Скопје

(седница на Научниот совет одржана на 5.11.2012 година)

Кандидат	Тема	Комисија
м-р Снешка Лакалиска	*Македонските поклоници од XIX век и палестинските евлоѓии (од втората половина на XVIII и XIX век)*	Проф. д-р Донка Барџиева-Трајковска Проф. д-р Драги Ѓоргиев Проф. д-р Милан Бошкоски

РЕЦЕНЗИЈА

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА СО НАСЛОВ „ИСТОРИСКИОТ РАЗВОЈ НА МЕДИЦИНАТА ВО ВАРДАРСКА МАКЕДОНИЈА (1913-1944)" ОД М-Р ВЕРИЦА ЈОСИМОВСКА, ПРИЈАВЕНА ВО ИНСТИТУТОТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА ВО СКОПЈЕ

Со Одлука на Научниот совет на Институтот за национална историја во Скопје бр. 10-476/6 од 5.11.2012 година, определени сме за членови на Комисијата за оцена и одбрана на докторската дисертација со наслов: „Историскиот развој на медицината во Вардарска Македонија (1913-1944)" од кандидатката м-р Верица Јосимовска, во состав: проф. д-р Вера Гошева, проф. д-р Надежда Цветковска, проф. д-р Тодор Чепреганов, проф. д-р Марјан Димитријевски и проф. д-р Македонка Митрова.

Откако Комисијата со особено внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација, го поднесува следниов

ИЗВЕШТАЈ

Докторската дисертација со наслов „Историскиот развој на медицината во Вардарска Македонија (1913-1944)" од м-р Верица Јосимовска припаѓа на историографските теми од областа на историјата на медицината, област која не е доволно обработувана во македонската историографија. Здравственото просветлување на народот во минатото и развојот на институциите на превентивната медицина во Македонија, со кои се настојувало да се елиминираат условите кои предизвикувале појава на разни болести, недоволно биле предмет на проучување на македонските историчари. Ист бил случајот и со изучувањето на развитокот на болничко-социјалната заштита на населението во Македонија во периодот меѓу двете светски војни. Затоа и темата која се обработува во докторската дисертација претставува важен научен потфат.

Докторската дисертација композициски се состои од: Предговор, Вовед, четири глави со повеќе наслови и поднаслови, Заклучок, Извори, Литература, Весници и списанија.

Во предговорот, м-р Верица Јосимовска се осврнува на мотивите и на научната оправданост за обработка на оваа тема. Исто така, прави увид на литературата која се однесува за темата во дадениот период.

Во воведот е обработен историскиот развиток на медицината во Македонија на крајот на XIX и почетокот на XX век, односно на крајот на османлиското владеење на Балканот. М-р Верица Јосимовска се осврнува на речиси сите болници кои работеле во тој временски период во Македонија, како и на мерките кои биле преземани за запирање на ширењето на заразните болести во Османлиската Империја.

Во првата глава со наслов "Работата на Санитетот во времето на Балканските и Првата светска војна (1912-1918)" е обработена активноста на Санитетот за време на воените операции од овие три војни, како и за време на епидемиите на колера (1913 година), дамчест тифус (1914-1915 година), маларија (1916-1917 година) и на шпанска треска (1918-1919 година). Посебно внимание е посветено на работата на странските санитетски мисии во овој временски период и на начинот на кој била организирана медицинската служба во Македонија согласно со Санитетскиот закон на Кралството Србија. Обработена е активноста на окружните физикуси, околиските и општинските лекари во делот на Македонија кој потпаднал под српска власт во периодот од 1913 до 1914 година, како и на сите проблеми на кои наидувале тие во својата работа.

Втората глава со наслов "Развој на превентивната медицинска служба во Вардарска Македонија (1919-1944)" се состои од повеќе наслови и многу поднаслови. Во неа се обработени здравствените прилики во Кралството на Србите, Хрватите и Словенците непосредно по завршувањето на Првата светска војна и какво било санитетското законодавство во Кралството на СХС/ Југославија. Во делот кој е посветен на превентивните принципи врз кои се засновувала медицинската служба во Вардарска Македонија во периодот меѓу двете светски војни, посебно внимание е дадено на активноста на д-р Андрија Штампар за

организирање на медицинската служба. Најмногу простор е дадено на неговата улога во претворањето на бактериолошките станици во хигиено-епидемиолошки. Големо внимание м-р Верица Јосимовска посветила и на борбата со маларијата, односно на работата на Институтот за тропски болести во периодот меѓу двете светски војни и на Хигиенскиот завод во Скопје за време на бугарската окупација.

Во третата глава "Болничко-социјалната заштита во Вардарска Македонија меѓу двете светски војни" е обработен развитокот на болничките установи во наведениот временски период. Посветено е посебно внимание на работата на окружните и на околиските болници во градовите во Вардарска Македонија, исто како и на приватните болници во Скопје, Битола и Штип. Обработен е начинот на кој функционирала социјално-здравствената заштита на децата и учениците во меѓувоениот период. Прегледно се дадени податоци за детските домови во кои биле сместувани деца и младинци на возраст од 3 до 16, односно 18 години, за болниците кои се грижеле за здравјето на децата и функционирањето на детските диспанзери и школските поликлиники. Внимание е посветено и на социјално-здравствената заштита на работниците.

Во четвртата глава е обработена работата на санитетската служба во делот на Вардарска Македонија кој потпаднал под бугарска окупација (1941-1944 година). Дадени се податоци на кој начин функционирала здравствената служба која се наоѓала под контрола на окупационите власти, како и санитетската служба која била организирана од припадиците на народноослободителното движење. На крајот е даден преглед на територијалните болници на Народноослободителната војска и Партизанските одреди на Македонија.

Докторската дисертација е работена врз основа на обемна архивска (објавена и необјавена) документација, литература, печат и периодични списанија објавувани во периодот меѓу двете светски војни и подоцна, што може да се констатира и од изворите и литературата дадени на крајот на дисертацијата. Сета тоа дава потврда дека м-р Верица Јосимовска извршила мошне обемни научни истражувања.

На крајот би истакнале дека стилот на пишување е јасен, а м-р Верица Јосимовска со своите размислувања, анализи и заклучоци успеала да одговори на односната тема.

ЗАКЛУЧОК

Со својот сериозен и одговорен пристап кон разгледувањето и анализата на многубројната документација и историографска литература, како и понудените одговори на поставените прашања што произлегуваат од темата, можеме да констатираме дека докторантката м-р Верица Јосимовска ни се претставува како сериозен, одговорен и перспективен научен работник, која може да се носи со предизвиците што ги носи научноистражувачката работа.

Врз основа на изнесеното, а согласно со законските барања содржани во Правилникот за единствените основи за организирање на постдипломските и докторските студии на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј"-Скопје, Комисијата за оцена и одбрана на докторската дисертација има посебна чест и задоволство да му предложи на Советот на Институтот за национална историја во Скопје, докторската дисертација на м-р Верица Јосимовска "Историскиот развој на медицината во Вардарска Македонија (1913-1944)" да ја прифати за одбрана.

Комисија:

1. Проф. д-р Вера Гошева с.р.
   _____
2. Проф. д-р Надежда Цветковска с.р.
   _____
3. Проф. д-р Тодор Чепреганов с.р.
   _____
4. Проф. д-р Марјан Димитријевски с.р.
   _____
5. Проф. д-р Македонка Митрова с.р.
   _____

Р Е Ф Е Р А Т
ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕТО НАУЧЕН СОРАБОТНИК НА ИНСТИТУТОТ ЗА ФОЛКЛОР "МАРКО ЦЕПЕНКОВ" ВО СКОПЈЕ

По пријавата за конкурсот објавен на 27.12.2012 г. во „Нова Македонија", распишан од Институтот за фолклор „Марко Цепенков" во Скопје, за избор во сите научни звања за работното место: *истражувач на народната носија и текстилната орнаментика.*

Од документите доставени со пријавата може да се констатира дека кандидатката д-р Јасминка Ристовска Пиличкова (родена во Скопје, на 23.3.1970 г.) дипломирала 1994 г. на Украинската академија на уметностите во Киев, при што се стекнала со стручен назив *диломиран сликар со сценографија и костимографија* (нострификација 1995 г.). Во 2001 г. на Институтот за историја на уметноста и археологија го одбранила магистерскиот труд *Македонското текстилно народно творештво и современата македонска таписерија,* со што се стекнала со академски степен *магистер по историја на уметноста.* Во 2012 г. на Институтот за фолклор „Марко Цепенков" во Скопје го одбранила докторскиот труд со наслов *Македонската традиционална текстилна орнаментика – класификација, типологија и семиотика на ликовните елементи,* со што се стекнала со научен назив *доктор по фолклористика.*

Според приложената биографија, кандидатот од 1998 г. работи во Институтот за фолклор „Марко Цепенков" во Скопје, како помлад истражувач на текстилната орнаментика, во рамките на Одделот за проучување на орнаментиката. Во 2003 г. е избрана во звањето *асистент-истражувач* на текстилна народна орнаментика, а во 2006 г. е реизбрана во истото звање. Во 2008 г. е именувана во *в.д. раководител на Одделот за текстилната народна орнаментика* при истата установа. Член е на *Здружението на етнолозите на Македонија* и член на *Редакцијата на научното списание „Македонски фолклор".*

Подрачјето на нејзината научноистражувачка дејност се движи во сферите на фолклористиката, и особено: текстилната орнаментика, народната носија, килимите, везовите, обичаите поврзани со текстилното народно творештво, социјално-фолклорните интеракции и семиотиката на традиционалните симболи.

Во наведениот период учествувала во неколку национални и меѓународни истражувачки проекти:

- **„Фолклорот во охридско-струшкиот регион"**, со тема: *Текстилното народно творештво во охридско-струшкиот регион*;
- **„Извори и граѓа за проучување на материјалната култура во Македонија: аспекти, дискурси, контексти"**, со тема: *Современите аспекти на истражувањето, чувањето и презентацијата на текстилните изработки во Македонија;*
- **„Структурата на симболите во обредите, обичаите, архитектурата и текстилот"**, со тема: *Проблемите на трансформациите, естетиката, социјалната функција на текстилната народна орнаментика*;
- **„Македонска енциклопедија"** (носител на проектот МАНУ), област: *фолклор и етнологија,* тема: *Текстилно народно творештво*;

- **„Структури на архаичната духовна култура во Словенија и Македонија и нивните релации“** (меѓународен проект на филозофските факултети во Скопје и Љубљана).

Била учесник и на научни собири од сферата на етнологијата и фолклористиката, а остварила и студиски престој во Ленинград (Санкт Петерсбург) – Русија (1989, 1991), Софија – Бугарија (2004, 2005) и Љубљана – Словенија (2004).

Реализирала повеќе теренски истражувања во Македонија и како резултат на тоа, собрала и депонирала во архивот на ИФ „Марко Цепенсков“ броен фото и аудиоматеријал.

Во досегашниот научен опус на кандидатката д-р Ј. Ристовска Пиличкова се наведени наслови на 6 реферати презентирани на национални и меѓународни научни конференции и 17 научни трудови, публикувани во научната периодика и стручните монографии. Од нив, во прилог на пријавата за овој конкурс се доставени 11 наслови, за кои приложуваме мислење и оцена.

1. Мотивот на дрвото и неговите модификации во македонската везбена народна орнаментика, *Македонски фолклор - списание на ИФ „Марко Цепенков“*, бр. 63, Скопје, 2006, 341 – 356.

Истражувањето на мотивот на дрвото, започнато во една постара статија на авторката, во овој труд добива едно пошироко (во географска смисла) и подлабоко развивање (во смисла на неговата типологијата и значења). Тука се презема еден дијахрон (т.е. историски) преглед на распространетоста на овој мотив на подрачјето на Македонија, и тоа во контекст на соодветните примери од светот. Прегледот започнува со неколку македонски примери од римскиот период и средниот век, а потоа се преминува на народните орнаменти од 19 до 20 век. Во рамките на македонските текстилни производи, авторката ги определува основните типолошки варијанти на дрвото, односно формите на негова стилизација (реалистично, геометризирано дрво, со различен број на гранчиња и „цветови со кружна и друга форма“). Посебно значење ѝ обраќа на трансформацијата на овој мотив во правец на христијанската догма и неговата адаптација во крст. Во тие рамки, врз база на одредени постојни хипотези, се обидува да го пронајде и евентуалниот еретички, т.е. богомилски контекст. Генезата на мотивот на дрвото, Ристовска Пиличкова ја врзува за популациите што ја населувале Македонија и влијанијата што тие ги доживувале отстрана (влијанија на ниво на духовната и материјалната култура, трговски врски, патување на производите). Во врска со семиотиката на мотивот, авторката ги поставува општоприфатените во светската наука концепти за овој мотив како слика на „митското дрво“, при што акцентира два негови аспекта: - „дрвото на животот“ (како симбол на создавањето и одржувањето на животот, сфатен во неговиот женски аспект) и „космичкото дрво“ (како симбол кој ги кодира просторните претстави за светот).

2. Традиционалната носија во Охридско Поле // *Современата состојба на фолклорот во охридско-струшкиот регион,* Скопје: ИФ „Марко Цепенков“, 2006, 225 - 275.

Во трудот, најпрво се апострофира гео-стратешкиот карактер на овој регион, одделните населби лоцирани во него, како и стопанската база на населението. Се определуваат спецификите на носијата од одделните зони на прикажаното подрачје, базирани на нивните климатски, па оттука и на стопанските специфики, влијанието на соседните региони и миграциите. Натаму следува претставувањето на елементите од женската и машката носија, со опис на употребените материјали, кројот и везената декорација. При тоа се наведува бројна автентична граѓа (називи, технологија на изработка, толкувања), проследена со посочување на конкретните информатори. За некои од елементите на облеката е назначена и семиотиката, но и верувањата и

обредните постапки поврзани со нивната општествена и магиско-религиска намена. Во овој труд, Ј. Ристовска Пиличкова прави обид да ја нагласи можната врска на овие елементи со одредени архетипски претстави, типични за традиционалните култури: троделна концепција на вселената; симболичките релации на некои бои со клучните категории (бело – девственост, црвено - плодност, црно - смрт ...); идентификации меѓу некои постапки и категории (врзување – плодност).

3. Традиционалната носија во Струшки Дримкол и Струшко Поле // *Современата состојба на фолклорот во охридско-струшкиот регион,* Скопје: ИФ „Марко Цепенков", 2006, 277 - 300.

На почетокот, сумарно се определуваат рамките на темата, односно врз база на веќе публикувани материјали се поставуваат географските рамки на регионот и историските факти за етнонимот Брсјаци – доминантен за овој регион. Во контекст на последново прашање е цитирана релевантна литература. Понатаму авторката прави преглед на етносите што денес го населуваат овој регион, при што се посочуваат и причините кои ја условиле оваа состојба. Следува преглед на занаетите поврзани со производството на текстилот, а потоа - детален опис на елементите од женската и машката носија, поткрепен со наводи на информаторите и соодветна фотодокументација. Посебен акцент ѝ е даден на женската кошула и на покривалата за глава. Се наведуваат и промените во смисла на изгледот и начините на носење на облеката што се случиле во текот на 20 век. Посочени се и одредени верувања и обредни дејствија, поврзани со носиите и нивната изработка. Како и претходниот ракопис, и овој претставува сожет, синтетизиран етнографски труд кој е базиран врз граѓата од претходните истражувања и непосредниот увид во документацијата и состојбите на теренот. Заедничко за овој и за претходниот труд е нивната насоченост кон објективно и во методолошка смисла издржано сумирање на основните обележја на народните носии од посочените региони, без претензии за пообемни интерпретации, т.е. толкувања на граѓата.

4. Simbolizmi dhe format ezhvillimit te motivit te "Shqiponjes Dykrereshe" - me veshtrim te vecante te motivit te shqiponjes dykrereshe qe perfaqesihet ne vulen Skenderbeut // Gjergi Kastrioti Skenderbeu 1405 - 1468, Shkup: Instituti per hiostori Nacionale, 2006, 181 – 189. Долуприложеното мислење се базира врз македонски превод кој ни е доставен во форма на ракопис: ***Симболиката и развојните форми на мотивот на „Двоглавиот орел" - со посебен осврт на мотивот на двоглавиот орел застапен на печатот на Скендербег*** *(8 печатени страници, дополнет со 7 илустрации).*

Написот претставува сумарен преглед на мотивот на двоглавиот орел низ историските епохи (од стариот век до денес, со посебен акцент на просторите на Медитеранот и Балканот). Овој преглед е мотивиран со конкретна цел - да се даде придонес во расветлувањето на карактерот и мотивите за негово присуство на печатот на една конкретна историска личност - Ѓеорѓ Кастриот, познат и како Скендербег. Историскиот преглед започнува со присуството на орелот како ликовно-симболички елемент во цивилизациите од стариот век (Месопотамија, Мала Азија, античка Грција и Рим). Посебен акцент му се дава на мотивот на двоглав орел во рамките на христијанството и Византија. Во овој контекст, неговото присуство во бројни христијански храмови и други објекти или предмети од Балканот (во тие рамки и Македонија) и во Русија, се толкува како последица на религиски, општествено-политички или трговско-занаетчиски релации. Во тој контекст се акцентираат општо-христијанскиот и византиски карактер на овој симбол и знак, на сметка на тесниот етнички карактер, кој превладеал дури во текот на 20. век. Во прегледот се апострофираат и некои поопшти значења на овој мотив, како симбол на власта, на

моќта, како дуалистички симбол или како симбол, амблем и знак на некои конкретни општествени формации.

5. Женскиот украс за глава ЛЕСА - етносемиолошки истражувања, *Спектар*, бр. 50, Скопје, 2007, 185 - 195.

Се работи за интердисиплинарно истражување во кое авторката си поставува за цел откривање на семиотиката на некои елементи на женската носија (леса, сокај...), па и некои делови на женското тело (коса - плетенка). Ова го реализира врз база на напоредно согледување на лексиката во македонските дијалекти, анализата на елементите на традиционалната македонска носија и компаративниот материјал од соседните подрачја. Тргнува од лексемата „леса" која во Македонија, а и пошироко, се користи како назив за неколку елементи на женска облека и накит, односно опрема за глава. Врз база на етимологијата на оваа лексема, таа доаѓа до „преплетот" како нејзино основно значење, асоцирајќи на доминантното обележје на елементите што ги означува (преплетена коса, преплет од нишки или волна). Особено го акцентира семиотичкото значење на овие облековни елементи, како означувачи на половата, возрасната и социјална припадност на жената. Ја истакнува базичната логичко-симболичка база на овој систем преку релацијата „волна / влакна = плодност / фертилитет", поради што овие елементи се дел од невестинската носија. Го допира и прашањето на семиотиката на венецот, а тргнувајќи од називот „коњско крило", го обработува во овој контекст и евентуалното митско-симболичко присуство на коњот. Натаму, Ристовска Пиличкова го насочува вниманието и на космолошкото значење на некои покривала за главата (во релација со сонцето, месечината, тркалото, космичката оска, пентаграмот, како и боите употребени во овие носии).

6. Преглед на традиционалните алатки за изработка на текстил и основни видови ткаеници, карактеристични за дојранскиот регион, *Македонски фолклор - списание на ИФ „Марко Цепенков"*, бр. 65, Скопје, 2008, 55 - 62.

Овој труд е насочен кон публикување на граѓата поврзана со традиционалните текстилни дејности од посочениот регион. Во првиот дел, авторката ги опишува алатките за обработка на текстилот, нивната форма, материјал (дрво, метал, керамика, трска) и намена (за предење, влачење на волната, сукање на нитките, намотување на волненото или пачуното предиво). Потоа преминува на основните постапки на подготовка на волната за ткаење (перење, чепкање, влачање и снование) и претставување на основните ткаеници (од памук и свила), наменети за ткаење килими, черги, чаршафи, простирки, крпи и платна за разна намена. Следува описот на обележјата на базичните ткаеници од волна, главно поврзани со изработката на килими и черги за под. На крајот се наведуваат некои основни типови килими, нивната орнаментика и називите на некои орнаментални мотиви.

7. Претсвадбените обичаи и обредни елементи како дел од циклусот на женските пубертетски обреди на премин, *Македонски фолклор - списание на ИФ „Марко Цепенков"*, бр. 67, Скопје, 2009, 165 - 184.

Во рамките на посочените обреди, поголемо внимание им е обратено на неколку постапки. Најпрво се претставени постапките на обредно сечење на косата и нејзино заплетување со одредени билки, закопувањето на исечените прамени под дрво изведувани во контекст поврзани со раѓањето, свадбата и пубертетската иницијација на девојките и тоа како ознака на нивната симболичка смрт и раѓање, т.е. премин во нов статус. Потоа е обработено обредното нишање кое авторката го поврзува со античките традиции поврзани со култот на Дионис и со нестинарите како негова можна современа фолклорна манифестација. Посебно внимание е посветено на претсвадбеното реципрочно дарување на кошула и на друга облека меѓу девојката и момчето кое е обработено од компаративен аспект, при што се назначени

космолошките и социолошки аспекети на овој чин. Натаму е обработено претсвадбеното плетење на невестински венец, месењето на невестинскиот леб „сваќа", миењето, чешлањето и заплетувањето на косата на невестата, обредното тагување и плачење и облекувањето на венчалната облека.

8. Симболика на мотивот „кулата" во народните приказни и македонската текстилна орнаментика, *Македонски фолклор - списание на ИФ „Марко Цепенков"*, бр. 68, Скопје, 2009, 125 - 136.

Предмет на истражување во овој труд е една категорија везени мотиви од орнаментиката на женските кошули од регионот на Скопска Црна Гора и Скопска Блатија, Кумановско и Кривопаланечко. Станува збор за мотиви со геометриска форма во вид на правоаголник и горен триаголен дел кои согледани заедно наликуваат на куќа. Високите пропорции на овие мотиви даваат аргументи за нивно определување како кули. По описот на деталите, именувањето на конкретните мотиви (геометриски, фитоморфни и орнитоморфни) и на видовите кошули на кои тие се претставени, авторката преминува на нивна интерпретациии. Нејзините толкувања се темелат врз компаративните анализи на наведените орнаменти со мотивот „висока кула" од волшебните приказни во кои се раскажува за девојка затворена во некаква кула. При тоа, главното дејствие се состои во досегнување до неа од страна на момчето, што е проследено пребродување на разните препреки што при тоа му стојат на патот. Во тој контекст, Ристовска Пиличкова прави обид за интерпретација на конкретните везовни мотиви, и тоа на антрополошко и космолошко рамниште (хиерогамија), во корелација со венчалниот карактер на облеката на која се извезени.

9. Културолошки аспекти на митските слики на машките индоевропски божества застапени во македонските везови // *Филолошки студии*, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Македонија; Пермский Государственный университет – Россия; Universiteta v Ljubljani – Slovenija; Sveučilište u Zagrebu – Hrvatska, 2008 – Том 1, ИСХХ 1857, 6060, 1 - 8.

Трудот започнува со преглед на пристапот на досегашните истражувања на традиционалната македонска текстилна орнаментика со апострофирање на досега малку истражуваниот ликовно-семиотички контекст, насочен кон откривање на некогашните магиско-религиски аспекти на везената орнаментика во рамките на конкретниот вид облека и нејзините социолошки и апотропејски функции. Потоа, фокусот се префрла на некои видови невестински кошули од регионот на Скопска Блатија и Скопска Црна Гора, со посебен акцент на невестинската кошула „ѓувеалница" и мотивот во вид на антропоморфна фигура прикажан на неа. Во релација со одредени мотиви констатирани на источнословенските народни везови, на средновековните коптски везови како и на постари археолошки наоди, авторката прави обид за откривање на евентуалните космолошки аспекти на оваа фигура со карактер на бог – кој го отелотворува небото и временските циклуси.

10. Марија Спировска (1939) // *Ликовната уметност на почвата на Македонија XX век*, Скопје: МАНУ, 2009, 67 - 72.

11. Душко Стојановски (1930-1994) // *Ликовната уметност на почвата на Македонија XX век*, Скопје: МАНУ, 2009, 279 - 283.

Во двата последни тука рецензирани научни труда е претставен творечкиот животопис на наведените македонски ликовни уметници кои своето творештво го изразиле во медиумот на таписеријата. Покрај основните податоци за нивниот живот и прегледот на најзначајните дела, авторката се осврнува и на стилот, уметничкиот израз и содржината на ликовните дела на посочените автори, презентирајќи ги и своите ставови во однос на уметничкиот дострел на наивното творештво.

Врз основа на приложените материјали, Комисијата констатира дека кандидатката д-р Јасминка Ристовска Пиличкова во изминатиот период го потврдила своето искуство и компетенции за работа на предложеното работно место како ***истражувач на народната носија и текстилна орнаментика***, при соодветното одделение во рамките на Институтот за фоклор „Марко Цепенков". Најпрво, тоа ѝ го обезбедува нејзиното мултидисциплинарно образование: специјализираните студии насочени кон текстилот и облеката во рамките на додипломските студии; магистерскиот труд од областа на историјата на уметноста, врзан за ликовното творештво во медиумот на таписеријата; докторската дисертација најтесно насочена кон фолклористиката и конкретно, кон сферите на кои се однесува посоченото работно место. Во таа смисла е особено значајна нејзината повеќегодишна практика, односно непосредното истражување на традиционалното текстилно творештво, остварено во Институтот за фоклор како асистент-истражувач и в.д. раководител на соодветниот оддел, како и учеството на посочените научни проекти. Приложените стручни и научни трудови на кандидатката, во најтесна смисла се однесуваат на наведеното работно место, и со своите квалитети нé уверуваат во нејзината висока оспособеност во проучувањето на традиционалната текстилна орнаментика во сите нејзини аспекти. Сите посочени активности и резултати укажуваат на сестран научник кој својата висока оспособеност во матичната област ја профилира и во насока на интердисциплинарност, која, покрај етнолошката граѓа, ги вклучува фактите и методите на останатите хуманистички дисциплини како што се антропологијата, историјата, археологијата, лингвистиката и семиотиката.

Во контекст на сето тука претставено, долупотпишаната Комисија му предлага на Институтот за фоклор „Марко Цепенков" да ја прифати кандидатурата на д-р Јасминка Ристовска Пиличкова за избор во звањето ***научен соработник*** на работното место ***истражувач на народната носија и текстилната орнаментика***. Убедени сме дека работејќи на посоченото работно место таа ќе даде голем придонес во истражувањето на традиционалните култури на територијата на Македонија.

Комисија

Проф. д-р Никос Чаусидис, с.р.

_____

Проф. д-р Ермис Лафазановски, с.р.

_____

Проф. д-р Весна Петреска, с.р.

_____

Скопје, јануари 2013 год.

АНЕКС 2

ОБРАЗЕЦ
КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: Д-р Јасминка Ристо Ристовска-Пиличкова, асистент-истражувач
(име, татково име и презиме)

Институција: Институт за фолклор „Марко Цепенков" - Скопје
(назив на факултетот/институтот)

Научна област: фолклористика, етнологија и историја на уметноста

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста: **Вежби и консултации со студенти од втор циклус студии**	Поени
1.	Одржување на вежби (лабораториски, клинички, аудиториски или изработка на семинарски труд) 2*0,03	0,06
2.	Консултации со студенти 2*0.002	0,008
	Вкупно	**0,068**

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста: **монографии, трудови, проекти, учество на научни собири, секциско предавање**	Поени
1.	Монографија (докторска дисертација) 1*8	8
2.	Два (2) труда со оригинални научни резултати, објавени во стручни-научни списанија со меѓународен уредувачки одбор (детални податоци во текстуалниот дел) 2*4	8
3.	Тринаесет (13) труда со оригинални научни резултати, објавени во стручни-научни списанија (детални податоци во текстуалниот дел) 13*2	26
4.	Пет (5) секциски предавања на научен/стручен собир со меѓународно учество (детални податоци во текстуалниот дел) 5*2	10
5.	Едно (1) секциско предавање на научен/стручен собир (детални податоци во текстуалниот дел) 1*1	1
6.	Учесник во еден (1) меѓународен научен проект (детални податоци во текстуалниот дел) 1*5	5
7.	Учесник во четири (4) национални научни проекти (детални податоци во текстуалниот дел) 4*3	12
	Вкупно	**70**

СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста: Дејности од поширок интерес	Поени
1.	Раководител на Одделот за материјална култура при	3

	Институтот за фолклор "Марко Цепенков" во Скопје (детални податоци во текстуалниот дел) 1*3	
2.	Член на институтски комисии (комисија за избор на директор на ИФМЦ - 2012, член на пописни комисии 2007 и 2010 год., член на Советот на ИФМЦ) 4*0,5	2
3.	Член на Редакцискиот одбор на списанието "Македонски фолклор", Скопје, од 2008 г. 1*0,5	0,5
4.	Член на Комисија за избор во звање помлад асистент во ИФМЦ, 2007 г. 1*0,2	0,2
5.	Одредници во Енциклопедија на МАНУ 31x00,5	1.55
	Вкупно	**7,25**

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	Поени
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	0,068
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	70
СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ /	/
СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ	7,25
ВКУПНО	**77,318**

Членови на Комисијата

_____ с.р.
1. Проф. д-р Никос Чаусидис, претседател

_____ с.р.
2. Проф. д-р Ермис Лафазановски, член

_____ с.р.
3. Проф. д-р Весна Петреска, член

РЕФЕРАТ

ЗА ИЗБОР ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ОД ОБЛАСТА ТЕСНО-СТРУЧНИ НАСТАВНИ ОБЛАСТИ ПО ПРЕДМЕТОТ МУЗИЧКИ ИНСТРУМЕНТИ ЗА ГРУПИТЕ ОДДЕЛЕНСКА НАСТАВА И ПРЕДУЧИЛИШНО ВОСПИТАНИЕ НА АЛБАНСКИ НАСТАВЕН ЈАЗИК НА ПЕДАГОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски" при универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на седницата одржана на 14.11.2012 година, донесе одлука за формирање на Рецензентска комисија за избор во сите наставно-научни звања од областа тесно-стручни наставни области, по предметот музички инструменти за групите предучилишно воспитание и одделенска настава на албански наставен јазик, во состав: проф. д-р Аида Ислам - претседател, доц. д-р Владимир Талевски - член и доц. д-р Теута Шабани - член.

На конкурсот објавен во дневните весници „Дневник" од 11.10.2012 и „Коха" од 10.10.2010 за избор се пријави кандидатката м-р Јета Старова Мехмети. Врз основа на доставените материјали, како и врз основа на познавањето на кандидатката, Рецензентската комисија го поднесува следниов

ИЗВЕШТАЈ

М-р Јета Старова Мехмети е родена на 6.2.1983 година во Скопје. Своето основно образование го започнала во ОУ „Јохан Хајнрих – Песталоци". Истовремено го започнала и своето основно музичко образование во ДМБУЦ „Илија Николовски – Луј" во Скопје по инструментот флејта, во класата на Бети Станковска. Основното образование го продолжила и со успех го завршила на Конзерваториумот „Франсис Пуленк" во Париз, во класата на проф. Стефан Лимонер, солист на операта „Гарние" во Париз. Средното училиште го завршила во ДМБУЦ „Илија Николовски – Луј" во Скопје, на Одделот за флејта, во класата на Бети Станковска.

Натамошната музичка наобразба м-р Јета Старова ја продолжила во Националниот музички конзерваториум „Алфред Корто" во Париз, во класата на флејтистот од светски глас, проф. Пјер Ив Арто, кадешто и дипломирала со одличен успех. Во истиот Конзерваториум ја стекнала и својата специјализација по флејта во класата на Пјер Ив Арто. Во текот на студиите во Париз членувала во Парискиот оркестар на флејти. Со научното звање магистер по флејта се стекнала на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје во 2009 година, под менторство на албанскиот флејтист Елвис Руди.

М-р Јета Старова го надградува својот уметнички лик и преку постојани учества на класи и семинари раководени од видни солисти и професори, меѓу кои и Лидија Ошавкова, Hubert de Villele, Mihi Kim, Claude Lefebvre, Vicens Prats, Benoit Fromager и Peter Lucas Graf.

За своите уметнички достигнувања како активен репродуктивен уметник, м-р Јета Старова е добитник на бројни награди на државни и

меѓународни натпревари во Македонија, Италија, Франција, Бугарија и Србија. Во 2001 година, м-р Јета Старова е добитник и на стипендија за учество на Интернационалниот летен музички камп „Interlochen" во САД.

М-р Јета Старова Мехмети во текот на својата уметничка дејност остварува многубројни настапи во соло-изведба, но воедно и како член на „Дуото Скупи" заедно со виолинистот Ермал Мехмети. Голем дел од овие настапи се солистички концерти одржани во повеќе градови во Македонија, но и во странство. Од рециталите на домашната сцена ги издвојуваме следниве:

2010 – целовечерен концерт во Салон 19,19 во Културно-информативниот центар во Скопје;

2010 – целовечерен концерт во рамките на „Скопско лето" во Чифте-амам во Скопје;

2010 – целовечерен концерт во рамките на „Битфест" во Битола;

2012 – целовечерен концерт во Домот на културата во Гостивар.

Високите уметнички достигнувања во областа на репродуктивната уметност се потврдуваат и со голем број настапи во странство каде што м-р Јета Старова приредува самостојни концерти:

2010 – целовечерен концерт во Ќустендил, Бугарија;

2010 – целовечерен концерт во Велико Трново, Бугарија;

2010 - целовечерен концерт во Босилеград, Србија;

2010 – целовечерен концерт во Ѓирокастра, Албанија;

2011 – целовечерен концерт во Македонскиот културно-информативен центар во Софија, Бугарија;

2011 – целовечерен концерт на престижниот Фестивал на нациите во Рим, Италија;

2011 – целовечерен концерт во градот на уметностите во Париз, Франција;

2012 – целовечерен концерт во Ѓаковица, Косово.

М-р Јета Старова зема учество на многубројни етаблирани фестивали на македонската културна сцена, меѓу кои: „Скопско лето" - Скопје, „Струшки вечери на поезијата" – Струга, „Битфест" – Битола итн.

Уметничката активност на м-р Јета Старова се потврдува и со нејзиното континуирано присуство на музичката сцена по повод разновидни манифестации, свечености и културни настани во општеството. Меѓу нив се следниве настапи:

2010 – учество на Струшките вечери на поезијата во Струга;

2010 – настап по повод Признание и статуетка за остварени музички и хумани активности „Мајка Тереза" во МАНУ, Скопје;

2010 - настап на концертот на професорите на Државниот Тетовски Универзитет во Салон 19,19, Скопје;

2010 – настап по повод изложба на повеќе домашни и странски ликовни уметници во Културно-информативниот центар во Скопје;

2010 – настап на манифестацијата по повод чествувањето на Мајка Тереза во Дом на АРМ, Скопје;

2010 – настап по повод 8 години од постоење на ЈЕУ - Штуловиот универзитет во Тетовс;

2010 – настап по повод прогласување на новиот ректор на ЈЕУ - **Штулов** универзитет во Тетовс;

2010 – настап по повод Денот на албанската азбука, ЈЕУ, Тетово;

2010 – настап по повод Денот на учителите 7 Март во ЈЕУ, Тетово;
2010 – настап по повод различни манифестации на Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово;
2011 – настап на манифестацијата по повод Албанската азбука во хотел „Холидеј ин“ во Скопје
2012 – настап на манифестацијата Светски ден на учителот на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски” во Скопје.

Во текот на уметничката дејност, м-р Јета Старова настапувала и како солист на Македонската филхармонија, Оркестарот на МОБ, како и на Мандолинскиот оркестар при МКЦ. Во 2009 година членува во најголемиот оркестар на флејти „International Flute Convention” во Њујорк, под раководство на светски познатиот флејтист Џемс Галавеј, а воедно е добитник и на признанието „Distinguished Musicians” на меѓународниот натпревар во Рагуса, Италија.

Во музичкиот репертоар кој е застапен на концертните остварувања на м-р Јета Старова како соло-изведувач или со дуото„Скупи” се дела од светската класика, како Бах, Моцарт, Дворжак, но и преработки на албански традиционални песни за флејта и виолина чии аранжмани се на Ермаљ Мехмети. Со музичкиот состав „Дуо Скупи”, во кој м-р Старова членува од 2006 година, во 2010 година е добитник на едно од најзначајните признанија во државата, Статуетка за хумани и музички активности „Мајка Тереза”.

Во 2011 година е издадено првото ЦД на „Дуо Скупи” со преработка на албански традиционални народни песни за флејта и виолина. Изборот на репертоарот произлегува од настојувањата на уметниците за афирмирање и промовирање на изворниот мелос, што претставува тренд во современата светска музичка култура. Во 2012 е остварена промоција на ЦД-то во КИЦ, Скопје, како и во Културно-информативниот центар во Софија, Бугарија.

Покрај уметничките ангажмани, м-р Јета Старова се занимава и со педагошка дејност. Од 2010 година, таа е асистент на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски” во Скопје по предметот музички инструменти. Повеќе години е ангажирана и како хонорарен професор по флејта во ДМБУЦ „Илија Николовски-Луј” во Скопје, како и на Факултетот за музичка уметност при Државниот универзитет во Тетово. Во текот на својот повеќегодишен ангажман на Педагошкиот факултет, кандидатката м-р Јета Старова се истакнува со професионалност која доаѓа до целосен израз преку нејзината посветеност и продлабоченост во работата со студентите, како и максималната исполнителност во реализацијата на нормативно-наставната програма.

Во јуни 2011 година на м-р Јета Старова ѝ е одобрена темата за докторска дисертација под наслов „Профили на флејтистки на Балканот низ нивната интерпретативно-педагошка дејност (со посебен осврт на Ирена Графенауер-Словенија и Лидија Ошавкова-Бугарија)”, под менторство на проф. Зана Шутерики Прела на Институтот „Евро-Балкан” во Скопје.

Заклучок и предлог

Врз основа на гореприложените податоци, може да се констатира дека кандидатката м-р Јета Старова Мехмети е изграден уметник, но воедно и вреден и дисциплиниран педагог кој успешно го спроведува процесот на подготовката на кадри за образовна дејност. Со тоа, м-р Јета Старова Мехмети во целост ги исполнува условите утврдени во конкурсот за избор во сите наставно-научни звања од областа тесно-стручни наставни области по предметот ***музички инструменти*** за групите одделенска настава и предучилишно воспитание на албански наставен јазик.

Врз основа на тоа, Рецензентската комисија има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски" во Скопје, да ја избере м-р Јета Старова Мехмети во звањето доцент по предметот ***музички инструменти*** за групите одделенска настава и предучилишно воспитание на албански наставен јазик.

Скопје, 18.12.2012

Членови на Комисијата

1. Проф. д-р Аида Ислам, претседател с.р.

2. Доц. д-р Владимир Талевски, член с.р.

3. Доц. д-р Теута Шабани, член с.р.

ОБРАЗЕЦ
КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат:
м-р Јета Старова Мехмети

Институција:
Педагошки факултет „Св. Климент Охридски" - Скопје

Научна област:
музичка уметност и педагогија

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста	Поени
1.	Вежби I циклус студии: познавање на музички инструменти I, (одделенска настава – албански јазик), 2+2, три групи 2010/11, 2011/12 (зимски семестар)	7,2
2.	Вежби I циклус студии: музички инструменти- клавијатура II, (одделенска настава - албански јазик), 1+2, три групи, 2009/10, 2010/11, 2011/12 (летен семестар)	10,8
3.	Вежби I циклус студии: познавање на музички инструменти I, (предучишно воспитување - албански јазик), 2+2, две групи, 2010/11, 2011/12 (зимски семестар)	6
4.	Вежби I циклус студии: музички инструменти- клавијатура II, (предучишно воспитување- албански јазик) 1+2, две групи, 2009/10, 2010/11, 2011/12 (летен семестар)	9
	Вкупно	**33**

СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста	Поени
1.	2010- настап по повод на Признание и статуетка за остварени музички и хуманитарни активности "Мајка Тереза", МАНУ, Скопје	4
2.	2010- настап на соло-флејта на концертот на професорите на Државниот тетовски универзитет, Даутпашин амам во Скопје	4
3.	2010- целовечерен концерт во Скопје, Салон 19,19 во Културно-информативниот центар, Скопје	8
4.	2010- настап по повод изложба на повеќе одбрани домашни и	4

	странски ликовни уметници во Културно-информативниот центар,Скопје	
5.	2010- целовечерен концерт во рамките на Скопско лето, Чифте-амам, Скопје	8
6.	2010 - целовечерен концерт во Кустендил, Бугарија	8
7.	2010- целовечерен концерт во Босилеград, Србија	1,6
8.	2010- целовечерен концерт во Велико Трново, Бугарија	1,6
9.	2010- целовечерен концерт во Ѓирокастра, Албанија	1,6
10.	2010- учество на Струшките вечери на поезијата	4
11.	2010- учество на манифестација по повод чествувањето на Мајка Тереза, во Домот на АРМ, Скопје	4
12.	2010- целовечерен концерт во Битола, во рамките на Битфест, Македонија	8
13.	2010 – настап по повод 8 години постоење на ЈЕУ – Штулов универзитет, Тетово	4
14.	2010 – настап по повод прогласување на новиот ректор на ЈЕУ – Штулов универзитет, проф. д-р Замир Дика, Тетово	4
15.	2010- настап по повод Денот на албанската азбука во ЈЕУ, Тетово	4
16.	2010- настап по повод Денот на учителите 7-ми Март, ЈЕУ, Тетово	4
17.	2010 -настапува на сите манифестации на Универзитетот на Југоисточна Европа, Тетово (околу 10 настапи)	4
18.	2011- целовечерен концерт во Софија, Бугарија, во Македонскиот културно-информативен центар	4
19.	2011- целовечерен концерт во Рим, при Фестивалот на нациите, Италија	8
20.	2011- целовечерен концерт во Париз, Франција	8
21.	2011- учество на манифестацијата по повод албанската азбука во хотел „Холидеј ин“ во Скопје	4
22.	2011- учество на денот 8 Март, во Домот на културата „Кочо Рацин“ во Скопје	4
23.	2011- издавање на прво ЦД, насловено ДУО СКУПИ	8
24.	2012- промоција на ЦД, во Културно-информативен центар, Скопје	4
25.	2012- целовечерен концерт во Ѓаковица, Р. Косово	8
26.	2012-промоција на ЦД, во Софија, во Културно-информативниот центар на Македонија, Бугарија	8
27.	2012- целовечерен концерт во Домот на културата во Гостивар, Македонија	8
28.	2012- учество на манифестацијата Светскиот ден на учителот, во организација на „Педагошкиот факултет“ во Скопје	4
	Вкупно	**144,8**

СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста	Поени
1.	2012- член на комисија за организирање на патрониот празник на Педагошкиот факултет во Скопје	1
	Вкупно	**1**

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	Поени
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	33
СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ	144,8
СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ	1
Вкупно	**178,8**

Членови на Комисијата

1. Проф. д-р Аида Ислам, претседател с.р.

2. Доц. д-р Владимир Талевски, член с.р.

3. Доц. д-р Теута Шабани, член с.р.

Р Е Ф Е Р А Т

ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАУЧЕН РАБОТНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА НА ИНСТИТУТОТ ЗА СТОЧАРСТВО ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ

Со одлука на Научниот совет на Институтот за сточарство во Скопје, на седницата одржана на 28.12.2012 година (бр. 0201 - 1260 од 28.12.2012 година), избрани сме за рецензенти по пријавата на д-р Неделька Николова, научен соработник, за избор на еден научен работник во сите научни звања во областа живинарство, по конкурсот објавен во дневните весници „Нова Македонија“ и „Лајм“ од 17.12.2012 година. По разгледувањето на доставената документација, избраната Рецензентска комисија во состав: д-р Драгослав Коцевски, вонреден професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, д-р Ристо Проданов, редовен професор на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје и д-р Васил Костов, вонреден професор на Институтот за сточарство во Скопје, со особена чест го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Неделька Николова е родена на 13.6.1959 година во Штип каде што го завршила основното и средното образование. Во учебната 1977/78 се запишала на редовни студии по земјоделство, сточарска насока на Земјоделскиот факултет во Скопје. Дипломската работа со наслов „Наследување на мамилите кај свињите – маторици“ ја изработила на Катедрата за сточарство. Дипомирала на 27.5.1982 година, по што се вработила во Живинарската фарма при ЗИК Црвена ѕвезда во Штип, каде што останала во работен однос до 1997 година. Истата година се запишала на постдипломски студии на Земјоделскиот факултет во Скопје, на Катедрата за сточарство, група живинарство, каде што на 10.7.2001 година ја одбранила магистерската работа под наслов „Влијание на сезоната и возраста на живината врз квалитетот на јајцевата лушпа“, со што се стекнала со академски назив – магистер на земјоделски науки.

Во соработничко звање асистент-истражувач во научната област живинарство при ЈНУ Институт за сточарство во Скопје била избрана на 29.10.2002 год., а веќе на 1.11.2002 год. се вработила како асистент во Одделението за живинарство (Реферат во Билтен бр. 812 од 10.10.2002 год.).

Докторската дисертација под наслов „Влијание на генотипот, возраста и составот на храната врз производните параметри и квалитетот на трупот кај бројлерските пилиња“ ја одбранила на 23.11.2007 година на Земјоделскиот факултет при Универзитетот во Нови Сад, Р. Србија, со што се стекнала со академски степен – доктор на земјоделски науки.

На 21.4.2008 година била избрана во научно звање – научен соработник во НУ Институт за сточарство, Скопје, во научната област живинарство во Одделението за живинарство (Реферат во Билтен бр. 939 од 1.4.2008), каде што работи до денес. Интерес на нејзините истражувања се јајценосното и бројлерското производство, развојот на нови технологии во живинарството, подобрување на квалитетот на основните живинарски производи (јајца и месо), подобрување на производните услови во живинарските фарми, преземање активности за усогласување на живинарското производство со новите прописи на ЕУ и др. Истовремено била вклучена во подготовката на неколку симпозиуми во организација на Институтот, а од 2010 год. како доцент (Одлука бр. 0201 – 208/6 од 4.4.2011 год.) се вклучила во наставата по предметот живинарство во Програмата за втор циклус на студиската група сточарство во Институтот

за сточарство. Во 2011 година била избрана за наставник во звањето доцент за наставно-научната област сточарство при Земјоделскиот факултет на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Во текот на изминатиот период активно учествувала во научноистражувачката и апликативната дејност на Институтот. Истовремено била вклучена и во други активности како член на Научниот совет и на други тела и комисии во Институтот, а од 2011 година е член на Советот за сточарство при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство со мандат од четири години.

Има учествувано во неколку научноистражувачки проекти, а со свои реферати зела учество на повеќе домашни и меѓународни собири: конгреси, симпозиуми и конференции, како и реализирала неколку студиски престои во странство.

Рецензент е на повеќе научни трудови за меѓународните списанија: African Journal of Agricultural Research и WPSJ (World Poultry Science Journal).

Од 2010 год. е дел од Проектот на Владата на Р.Македонија за кој извршила превод и стручна редакција на 5 книги од сточарската проблематика, чии автори потекнуваат од познати и признати европски универзитети.

Како автор и коавтор досега се јавува во повеќе од 60 оригинални научни и стручни трудови кои се презентирани на научни собири кај нас и во странство и се публикувани во водечки национални и меѓународни списанија, а некои се со фактор на влијание.

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА АКТИВНОСТ (2007-2012)

Трудови

Во периодот 2007-2012 година кандидатката објавила вкупно 40 научни труда, од кои дел се објавени во научни списанија, а дел во зборници од научни конгреси и симпозиуми. Приложените трудови на д-р Недељка Николова ги наведуваме по година на објавување, а со краток коментар во врска нејзините истражувања ќе се задржиме на некои од нив.

1. **Nedeljka Nikolova,** Pavlovski Zlatica, Waehner M. (2008). Hitze beeninflusst Eischalenqualitat, submitted: 01.2008 in: DGS (Deutsche Geflugel-und Schwein produktion) 18/08, p. 28 - 35.
2. **Nedeljka Nikolova,** Pavlovski Zlatica, Milošević N., Waehner M. (2008). Influence of heat stress and age on the percentage of calcium carbonate in eggshell and the percentage of broken and cracked eggs, submitted: 12.2007 in: Archives of Animal Breeding, Germany, Dummerstorf 51 (2008) 4, p. 389 - 396. **Фактор на влијание за 2008 година – 0.812.**

Во овој труд било испитувано влијанието на топлотниот стрес и возраста на кокошките врз процентот на калциум карбонатот во јајцевата лушпа, како и врз процентот на напукнати и скршени јајца. Високите температури предизвикуваат големо намалување на производството на јајцата и опаѓање на квалитетот на лушпата предизвикувајќи голем крш на јајцата, а со тоа и намален профит на фармерот. Летните температури во регионот имале многу значајно влијание ($P<0.01$) врз големината на јајцата, која била помала од просечната, додека бројот на скршените и напукнати јајца бил доста зголемен. Топлинскиот стрес покажал високо статистичко значење ($P<0.01$) во однос на процентот на калциум карбонат во лушпата на јајцето, кој бил најнизок во летните месеци, а највисок во текот на зимските месеци.

3. **Nedeljka Nikolova,** Pavlovski Zlatica, Milošević N., Perić Lidija (2008). The seasons and layers age influence on some chemical traits in egg and eggshell, 1st Mediterranean Summit of WPSA, 7 - 10 May, Porto Carras, Chalkidiki, Greece, submitted: 1.2008 Published in: Book of Proceedings, p. 680 - 689.
4. **Nedeljka Nikolova,** Pavlovski Zlatica, Waehner M. (2008). Einfluss von Hitzestress auf den Gehalt vom Kaziumkarbonat in der Eischale sowie auf den Anteil von Bruch- und Knickeiern von unterschiedlich alten Legehennen. REKASAN GmbH Kaulsdorf, submitted: 2.2008 Published in: REKASAN – Journal 2008, p. 127 - 131.
5. Костадинов Т. **Николова Недељка,** Цилев Г. (2008). The impact of the entrepreneurial profile upon the export of agricultural SMEs in the Republic of Macedonia, ICRD 2008, 8-11 May, Skopje-Ohrid, P.Macedonia, submitted: 01.2008. Published in: Зборник на трудови, стр. 335-342.
6. Костадинов Т., Цилев Г., **Николова Недељка** (2008). Small and medium-sized enterprises in the field pf agriculture in the Pepublic of Macedonia between competitiveness – based strategies and the Blue Ocean Strategy, ICRD 2008, 8 - 11 May, Skopje - Ohrid, P. Macedonia, submitted: 1.2008. Published in: Зборник на трудови, стр. 329 - 334.
7. **Nedeljka Nikolova** (2008). Der Einfluss unterchiedlicher Energie- und Proteingehalte im Futter auf die Mast- und Shlachtleistungen von Broilern, submitted: 2.2008 Published in: REKASAN – Journal 2008, p. 90 - 92.
8. **Nedeljka Nikolova,** Pavlovski Zlatica, Milošević N., Perić Lidija (2008). Kvalitet trupova tovnih pilića Cobb 500 i Hubbard Classic kod hranidbe sa dvije različite hrane, Simpozijum „Krmiva" 1 - 4 jun, Opatija, Croatia, submitted: 2.2008. Published in: Krmiva 50 (2008), Zagreb, 2, p. 79 - 88.
9. Waehner M., Kauffold, J., **Nikolova Nedeljka** (2008). Influence of feeding level on FSH and LH secretion patterns during lactation, on uterus and follicle development after weaning and sows, Simpozijum „Krmiva" 1 - 4 jun, Opatija, R.Hrvatska , submitted: 2.2008. Published in: Krmiva 50 (2008), Zagreb, 1, p. 3 - 10.
10. **Nedeljka Nikolova,** Eftimova Elena, Pacinovski N., Pavlovski Zlatica, Milošević N., Perić Lidija (2009). The effect of genotype, age, sex and composition of feed on content of abdominal fat in carcass of broiler chickens, submitted 5.2009. Published in: Savremena poljoprivreda, 58 (1 - 2), Novi Sad, R. Srbija, p. 92 - 100.

Методите кои се користени во оваа студија се: анамнестичко-клиничка обработка со посебен прашален протокол. Се собираа анамнестички податоци од секој пациент, и тоа: податоци за пироза, регургитација, дисфагија, повраќање, одинофагија, епигастрична болка и други екстраезофагијални симптоми (астма, ларингит, тешкотии при спиење, болка во градите, кашлица). Симптоматското следење се изврши првично во два наврата, пред и по третирање на пациентите по 2 - месечна терапија со PPI со omeprazole 20

mg или lansoprazole 30 mg два пати дневно, 30 мин. пред јадење. Подоцна на секои 6 месеци до конечно 2 години, колку што траеше нивното следење. Се собраа и податоци за постоење на атипични симптоми како што се ларигитис, астма, кашлица, градна болка. Кај сите болни вклучени во студијата се земаа податоци за возраста, полот, должината на траењето на Barrett-овите промени на метаплазија, рефлуксот, хроницитетот во години на траење, медикаментозната терапија, H. pylori инфекцијата, расата, телесната тежина, фамилијарната историја, пушењето и мукозните оштетувања за преку клиничките ризик - фактори кај аденокарцином од Barrett-ов езофагус (Clinical Risk Factors for Adenocarcinoma Arising in Barretts Esophagus) се категоризираат во 3 групи, и тоа: група со помал ризик, група со среден и група со висок ризик за појава на аденокарцином на хранопроводникот. Горнодигестивна ендоскопија беше извршена од страна на искусни гастроентеролози, со примена на ендоскоп Olympus.

Макрослопската проценка е извршена по таканаречените Прага С и М критериуми, кои претставуваат ендоскопска градација на промените кај Barrett-овиот езофагус. Овој систем го вклучува и циркумферентното (С) и максималното проксимално протегање (М) на цилиндричниот епител над гастроезофагијалната јункција, која во овој случај е дифинирана како најгорна (проксимална) граница на присутни гастричните набори. Хистопатолошката регресија беше строго определена како губење на интестинална метаплазија или како промена од LGD во специјализирана интестинална метаплазија.

По пат на хистолошка обработка се степенуваше состојбата на езофагијалната мукоза кај рефлуксниот езофагитот. Ендоскопски, испитаниците беа иследувани по следнава динамика:

1. Иницијална фаза, прва ендоскопија, макроскопска дијагностика на GERD промени, присуство на хијатална херниј̀а, макроскопска класификација на Barrett-овиот езофагус како краток (под 3 см) и долг (над 3 см) сегмент на Barrett-ов езофагус, како и дијагностика на инфекција со H. pylori по пат на биопсија за CLO – тест;
2. 2 месеца по првата ендоскопија, повторна ендоскопија, но со мултипли биопсии во зоната на промените, и тоа 10-15 биопсии по протокол. За овие два месеца болните беа третирани со PPI (lanzoprazole 2x30 mg или со pantoprazole 2x40 mg, 30 мин. пред јадење). По потреба, кај испитаниците со поизразени тегоби на рефлукс и повраќање се администрираше и еден антиеметик во времетраење до две недели;
3. по 2 години. Следењето ("follow-up") на испитаниците траеше две години, по што се изврши ендоскопија со мултипли биопсии кога се констатираше евентуалната регресија на промените, макроскопски и микроскопски. По секоја контрола се пополнуваше прашалник за клинички тегоби. При секоја ендоскопија, локацијата на GEJ се

определуваше како место на кое најпроксималниот гастритичен набор се пресретнува со тубуларниот езофагус.

Статистичката обработка е изведена со најсовремени статистички методи. Обработката на податоците е направена со Instat 3 - статистички пакет. Статистичките параметри се пресметаа од индекс - структура, аритметичка средина, стандардна девијација, минимална и максимална вредност.

За тестирање на податоци параметарски се користи т-тест (кај варијабли со нормална дистрибуција, вредностите ќе се прикажат како средна вредност и стандардна девијација, а разликите меѓу нив ќе се тестираат со разликите на аритметичка средина) и ANOVA (разлики во вредностите на зависните варијабли во различни контролни точки) и Turkey тест за повеќе споредба, а за податоци кои не се параметарски Fischer-ов тест, X2-тест (за групирани фреквенции на нормална дистрибуција), Man - Witni тест (кај варијабли кои немаат нормална дистрибуција, вредностите ќе се прикажуваат како медијана и опсег), Kruskal-Valis тест и Dan тест за повеќе споредба, случај тест за групираните фреквенции.

Резултатите на истражувањето покажаа за пациентите со GERD: LA/A 37/70 или 52,86%, LA/B 24/70 или 34,28%, LA/C 7/70 или 10% и LA/D 2/70 или 2,86%. По двегодишен третман, кај 40/70 или 57,14% од пациентите со GERD се забележа повлекување, 24/70 или 34,28% покажаа стабилност, а кај 6/70 или 8,57% се забележа прогресија на болеста.
Според ендоскопскиот тип кај BE, хијатална херниja беа присутна кај сите LSBE пациенти (100,0%) а кај 74,4% од пациентите со SSBE, но не се доби значителна разлика (P=0,607).
Во групата BE инфекцијата со H.pylori инфекција беше присутна кај 16,0% од пациентите. Во групата GERD инфекцијата со H. pylori се најде кај 42,9 %, а во контролната група кај 52,0% од случаите (BE vs. контролна гр. P=0,003 и BE vs. GERD P=0,0035).
Циркумферентното протегање кај болните BE со SSBE пред лекување беше 1,5±0,7cm, а по лекување беше 0,8±0,1cm (со значителна разлика - P<0,0001). Максималното проксимално протегање кај ова група пред лекување беше 2,3±1,1 cm, а по лекување 1,1±0,9cm (со значителна разлика P<0,0001). Циркумферентното протегање кај болните BE со LSBE пред лекување беше 2,5±1,1cm, а после лекување беше 1,4±0,8 cm (со значителна разлика P<0,0001). Максимално проксимално протегање кај оваа група пред лекување беше 4,3±1,9 cm, а после лекување 2,3±1,7cm (со значителна разлика- P<0,0001). Кај 50% испитаници немаше промени на патолошкиот наод, кај 42% имаше повлекување во понизок степен на патолошки промени и кај 8% имаше прогресија кон повисок степен (P=0,0078).
Кај ниту еден пациент немаше прогресија во HGD или EAC. Од 40-те пациенти со IM во почетокот на лекувањето, по две години лекување само 20 пациенти или 50,0% беа со IM, 4 или 10,0% беа со LGD и 16 или 40,0% беа NERD. Од 10-те пациенти LGD, по две години само 5 или 50,0% беа LGD, 2 или 20,0% поминале

на промени од типот на IM и 3 или 30,0% поминале на NERD. 94,9% од SSBE пациентите припаѓаа на хистопатолошкиот тип IM, а 72,7% од LSBE пациентите припаѓаа на хистопатолошкиот тип LGD, разлика со значително статистичко значење (P<0,0001).
Пациентите со ендоскопски тип на LSBE имаа почеста прогресија 27,3% во споредба со пациентите со ендоскопскиот тип SSBE 2,6% (P=0,0078). Регресијата кај пациенти со SSBE беше 43,6% (17/39), додека кај оние со LSBE-36,4% (4/11). Беше присутна статистичка разлика во регресијата на промените кај BE, кога се работи за SSBE (P<0,01). Од 4-те пациенти кои имале прогресија, сите имале хијатална хернија (P<0,05). Според прогресијата и полот, кај мажите имавше почесто стагнација (М 56,4% vs. Ж 27,3%), а кај жените почесто регресија (Ж 63,6 % vs. М 35,9%). Регресија имале 40,0% од пациентите од групата IM и 50,0% од пациентите од групата LGD (P=0,487). За двете групи, GERD и BE болните со регресија и без промени по лекувањето со PPI видно доминираат напротив тие со прогресија (P<0,01).

Заклучоците се таксативно наведени и произлегуваат од поставените цели на истражувањето и добиените резултати. Сумирани се во 14 точки, поставени се во логичен и концизен редослед и се без двоумење од клиничка и научна вреднст. Според резултатите може да се заклучи дека текот на болеста кај Barrett-овиот езофагус и GERD може да се промени со антисекреторна терапија. Прекумерната тежина, возраста, машкиот пол, пушењето и присуството на хијатална хернија се важни за појавата на Barrett-овиот хранопроводник. Се покажа дека регресијата почесто се појавува кај случаите со SSBE и при отсуство на хијатална хернија. Ефектот од терапијата со PPI во регресијата на промените кај случаите со LGD покажа дека овие патолошки промени не се иреверзибилни.

Оцена на докторската дисертација

Комисијата оценува дека докторската дисертација под наслов "Диспластични промени на рефлуксен езофагит кај хијатална хернија во Barrett-овиот езофагус и карцином" е актуелна, оригинална и има апликативна вредност. Докторската дисертација ги задоволува сите критериуми за самостојна научна работа и дава научен придонес на полето на гастроентерологијата, особено во дијагностиката и третманот на диспластичните промени кај Barrett-овиот езофагус кај пациенти со хијетална хернија и рефлуксен езофагит. Целите на докторската дисертација се комплетно исполнети, добиените резултати се претставени и анализирани соодветно, и споредени се со податоците од најсовремените публикувани резултати на забележувањата и научните студии.

ЗАКЛУЧОК

Комисијата има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, да даде термин за јавна одбрана на докторската дисертација од м-р д-р Заим Гаши со наслов: "Диспластични промени на рефлуксен езофагит кај хијатална хернија во Barrett-овиот езофагус и карцином".

Скопје, 16.1.2013

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. Доц. д-р Мери Трајковска, с.р
2. Проф. д-р Љубе Ивковски, с.р.
3. Проф. д-р Зоран Карацов, с.р.

П Р Е Г Л Е Д

на пријавени и прифатени теми за изработка на магистерски трудови на Градежниот факултет во Скопје

на 397. седница на Наставно – научниот совет одржана на 23.1.2013 година

Р. бр.	Кандидат	Работен наслов на темата	Ментор
1	Златко Николовски, дипл. град.инж.	Прилог кон методологијата за оскултација на бетонски брани	проф. д-р Љупчо Петковски, Градежен факултет во Скопје

Р Е Ф Е Р А Т

ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ПО ГРУПАТА ПРЕДМЕТИ: ОСНОВИ НА ИНЖЕНЕРСКА ТЕХНИКА, ИНЖЕНЕРСКО ЦРТАЊЕ, ИНЖЕНЕРСТВО НА ПОВРШИНИ И КАТАЛИЗА И КАТАЛИЗАТОРИ НА ТЕХНОЛОШКО-МЕТАЛУРШКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Со одлука на Наставно-научниот совет на Технолошко-металуршкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, донесена на XIX редовна седница одржана на 30.11.2012 година, именувани сме за членови на Рецензентската комисија за избор на наставник во сите наставно-научни звања по групата предмети: **основи на инженерска техника, инженерско цртање, инженерство на површини и катализа и катализатори**, во состав:

- д-р Кирил Лисичков, вонреден професор, Технолошко-металуршки факултет, Скопје;
- д-р Перица Пауновиќ, вонреден професор, Технолошко-металуршки факултет, Скопје;
- д-р Христина Спасевска, редовен професор, Факултет за електротехника и информациски технологии, Скопје.

Врз основа на пријавата и по разгледувањето на поднесената документација, Рецензентската комисија го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

На конкурсот за избор на наставник во сите наставно-научни звања објавен во весниците „Нова Македонија" и „Лајм" од 13.11.2012 година, се пријави д-р Ирена Мицкова, насловен доцент на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје. Со пријавата се доставени сите потребни документи според објавениот конкурс.

1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Ирена Мицкова е родена на 11.1.1971 година во Скопје, Република Македонија.

2. ОБРАЗОВАНИЕ

- дипломиран инженер-технолог на насоката прехранбено и биотехнолошко инженерство , ТМФ-Скопје, 1995;

- магистер на технички науки, на насоката прехранбено и биотехнолошко инженерство , ТМФ-Скопје, 2001;

- доктор на технички науки , ТМФ-Скопје, 2006;

3. РАБОТНО ИСКУСТВО

- волонтер во Институтот за сточарство при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј"-Скопје, 1998;
- демонстратор на предметот основи на инженерска техника на ТМФ-Скопје, 1999-2000;
- помлад асистент по предметот основи на инженерска техника на ТМФ-Скопје, 2000-2003;
- асистент по предметите основи на инженерска техника 1 и основи на инженерска техника 2 на ТМФ-Скопје, 2003-2007;
- насловен доцент по предметите: основи на инженерска техника 1 и основи на инженерска техника 2 на додипломски студии и електрохемиска и хемиска површинска обработка на металите, електрохемија на полуспроводници, управување со околина и дизајн и менаџмент на хемиски процеси на постдипломските студии на ТМФ - Скопје, 2008 – (Билтен.бр,938).

4. НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Кандидатката д-р Ирена Мицкова, по изборот во звањето насловен доцент од 2008 година до денес, континуирано е ангажирана во изведувањето на наставата и вежбите на додипломските студии на сите студиски програми на Технолошко-металуршкиот факултет по предметите за кои е избрана. Од 2010 година активно е ангажирана во изведувањето на наставата (предавањата и вежбите) на дисперзираните студии по металургија и метални материјали во Кавадарци по предметите: основи на инженерска техника 1, основи на инженерска техника 2 и основи на инженерска техника.

На постдипломските студии на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје, на студиската програма електрохемиско инженерство, учествува во изведувањето на наставата по предметите: електрохемиска и хемиска површинска обработка на металите и електрохемија на полуспроводници. На студиската програма инженерство на животна средина учествува во изведувањето на наставата по предметот општа екологија, а на студиската програма процесно инженерство, по предметите: управување со околина и дизајн на хемиски продукти.

Во периодот од 2008 година по изборот во звањето насловен доцент па се до денес, поради немање асистент на предметите за кои е избрана, д-р Ирена Мицкова

самостојно ги извршува редовните обврски со лабораториските, аудиториските вежби, изведувањето на наставата, консултации со студентите, обврските околу домашните задачи и семинарските работи, како и колоквиумите и испитите по предметите за кои е избрана и задолжена.

По предметите основи на инженерска техника 1 и основи на инженерска техника 2 има подготвено интерни материјали од предавања, автор е на интерни скрипти со решени задачи и практикуми за лабораториски вежби.

Автор е и на позитивно рецензиран универзитетски учебник по предметот основи на инженерска техника 2.

Во наведениот период била член на Комисија за оцена и одбрана на една дипломска работа.

5. НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Во периодот по изборот во звањето насловен доцент, д-р Ирена Мицкова била учесник во 1 меѓународен научен проект и автор е на 5 труда со оригинални научни резултати, објавени во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор.

Како автор и коавтор, д-р Ирена Мицкова има објавено 5 труда со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен стручен собир, 4 труда со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор, 5 апстракти објавени во зборник на меѓународна конференција, како и 4 труда со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор.

6. СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Приложените материјали од кандидатката д-р Ирена Мицкова покажуваат дека таа е активно вклучена во стручно-апликативната дејност како соработник во 4 проекти, од кои еден меѓународен, финансиран од IAEA и еден билатерален проект со Австрија, финансиран од Министерството за образование и наука на Република Македонија, како и два проекта финансирани од град Скопје.

Исто така, д-р Ирена Мицкова е вклучена во стручно-апликативната дејност на Факултетот и преку изготвување и пријавување на 2 научноистражувачки проекта при Министерството за образование и наука на Република Македонија и има

изготвено елаборат за организирање на специјализирана лабораторија по електрохемија.

Во 2011 година била претседател на рецензентска комисија за стручно вреднување на ракописи на 6 учебници за средно образование по предмети чии наставни содржини се соодветни со предметите за кои е ангажирана на додипломските студии и рецензент е на 2 труда во меѓународно списание.

Нејзината активност на Факултетот е претставена и со учеството во повеќе факултетски комисии и во промотивната активност на Факултетот.

Член е на наставно-научните колегиуми за студиските програми на втор циклус студии: електрохемиско инженерство, инженерство на животна средина и на студиската програма процесно инженерство, како и на наставно-научните колегиуми за студиските програми технологија и металургија на трет циклус студии.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Од прегледот на изнесените активности, анализата на трудовите и досегашната работа на д-р Ирена Мицкова, по изборот во звањето насловен доцент, Рецензентската комисија констатира дека кандидатката континуирано се издигнува како во наставно-образовната дејност, така и во научноистражувачката и стручно-апликативната дејност.

Во својата досегашна наставно-образовна ангажираност, д-р Ирена Мицкова покажала солидни резултати. Континуирано работи на развојот и надградувањето на дисциплините за кои е ангажирана на додипломските и постдипломските студии.

Од приложениот список на трудови, како и од нејзината активност како учесник и соработник во повеќе научноистражувачки проекти може да се согледа дека д-р Ирена Мицкова продолжува интензивно со својата научноистражувачка работа со што континуирано работи на нејзиното усовршување како научен работник.

Врз основа на горенаведеното и во согласност со новите критериуми за избор на наставник според Правилникот за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, со вкупно 155,03 бода и тоа, 76,73 бода од наставно-образовната активност, 63,3 бода од научноистражувачката активност и 15 бода од стручно-апликативна дејност (Анекс 2) и нашата позитивна оцена во однос на нејзината наставно-образовна, научноистражувачка активност и стручно-апликативната дејност,

членовите на Рецензентската комисија со задоволство му предлагаат на Наставно-научниот совет на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје, кандидатката д-р Ирена Мицкова, досегашен насловен доцент, да биде избрана во звањето вонреден професор по групата предмети: основи на инженерска техника, инженерско цртање, инженерство на површини и катализа и катализатори.

Рецензентска комисија

1. Д-р Кирил Лисичков, вонреден професор, с.р
Технолошко-металуршки факултет, Скопје

2. Д-р Перица Пауновиќ, вонреден професор, с.р
Технолошко-металуршки факултет, Скопје

3. Д-р Христина Спасевска, редовен професор, с.р
Факултет за електротехника и информациски технологии, Скопје

ОБРАЗЕЦ
КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: ____Ирена Љубомир Мицкова_____
(име, татково име и презиме)
Институција: ___Технолошко-металуршки факултет_____
(назив на факултетот/институтот)
Научна област: ___технологија_____

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1	**Одржување на настава**	**19,2**
	- од прв циклус студии	
	Основи на инженерска техника 1 (2+2), 2009 -2011	7,2
	Основи на инженерска техника 2 (2+2), 2008-2011	9,6
	Основи на инженерска техника (4+4), 2012	2,4
	- од втор циклус студии	
	Електрохемиска и хемиска површинска обработка на металите	
	Електрохемија на полуспроводници	
	Управување со околина	
	Општа екологија	
	Дизајн на хемиски продукти	
	- од трет циклус тудии	
2	**Настава во школи и работилници**	**1**
	Технологијата и природните науки - важноста од нивната интегрираност и практичната примена	1
3	**Одржување на вежби (лабораториски, аудиториски или изработка на семинарски труд)**	**29,1**
	Основи на инженерска техника 1 (2+2), 2009 -2011	12,9
	Основи на инженерска техника 2 (2+2), 2008-2011	14,4
	Основи на инженерска техника (4+4), 2012	1,8
4	**Подготовка на нов предмет**	**2**
	Основи на инженерска техника 1	1
	Основи на инженерска техника 2	1
5	**Консултации со студенти**	**1,33**
	665 студенти (2008-2012)	1,33
6	**Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа**	**0,1**
	Електрохемиски извори на енергија-акумулатори (дипломска раб)	
7	**Позитивно рецензиран универзитетски учебник**	
	Основи на инженерска техника 2 (автор)	**8**

8	**Интерна скрипта од предавања**	**8**
	Основи на инженерска техника 1	4
	Основи на инженерска техника 2	4
9	**Интерна скрипта од вежби**	**6**
	Основи на инженерска техника 1	3
	Основи на инженерска техника 2	3
	Научно-популарна или наставно-историска статија во стручно-методско списание	
10	**Пакет материјали за одреден предмет**	**2**
	Основи на инженерска техника 1 (интерна скрипта, збирка решени задачи и практикум за лабораториски вежби)	1
	Основи на инженерска техника 2 (интерна скрипта, збирка решени задачи и практикум за лабораториски вежби)	1

Вкуно поени: 76,73

Член 3

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Учесник во меѓународен научен проект	**5**
1) Adopting of the most appropriate wastewater treatment technologies in Republic of Macedonia focused on ecological and socio-economic aspects. UNESCO project (2008-2009)	5
Трудови со оригинални научни резултати, објавени во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор[1]	**43**
1.) Irena Mickova, Photoelectrochemical investigations of thermally formed films on titanium surfaces - Macedonian Journal of Chemistry and Chemical Engineering 28, 181-188 (2009) (IF 0,4)	6,4
2.) Irena Mickova, Photoelectrochemical study of anodically formed oxide films on niobium surfaces - Croatica Chimica Acta 83 , 113-120 (2010) (IF 1)	7
3.) Irena Mickova, Semiconducting Properties of Thermally-Formed Films on Niobium Surfaces - International Review of Chemical Engineering (IRECHE) Vol.2 N.6,692-700(2010) (IF 6,4)	12,4
4.) Irena Mickova, Electrochemical and Corrosion Behavior of Niobium in Corrosive Media - International Review of Chemical Engineering (IRECHE) Vol.3 N.5,550-562(2011) (IF 6,4)	12,4
5) Irena Mickova, Dragica Camovska, Ljubomir Arsov - Fotoelektrohemiska ispitivanja tankih filmova formiranih na Nb elektrodama u alkalnim	4,8

rastvorima - Zastita Materujala (Materials Protection) 53 (2012) broj1, 41-44 (2012)	
Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир[8]	**8**
1.) Irena Mickova, Abdurauf Prusi, Semiconducting properties of thermally formed niobium oxides, - XX Congress of Chemists and Technologists of Macedonia & V Congress of the Metallurgists of Macedonia, Ohrid (2008) ECH-04-M	1,8
2.) Irena Mickova, Abdurauf Prusi, Structural study the form anatase of titanium oxides - XX Congress of Chemists and Technologists of Macedonia & V Congress of the Metallurgists of Macedonia, Ohrid (2008) ECH-03-E	1,8
3.) Irena Mickova, Dragica Camovska, Ljubomir Arsov, Photoelectrochemical investigations of thin films formed on Nb electrodes in alkaline solutions, XI Yucorr International Conference, Tara 17-20 May, 255-259 (2009)	1,6
4.) Irena Mickova, Dragica Camovska and Ljubomir Arsov, Determination the reflection at Brewster's angles from the Nb surfaces protected against corrosion, XII Yucorr International Conference, Tara 18-21 May, 120-122 (2010)	1,6
5.) Martin Arsov, Elena Anovska Jovceva, Irena Mickova, Todor Anovski, Influence of the rainfall – evaporation balance to the water level of big Prespa lake, XII Yucorr International Conference, Tara 18-21 May, 123-124 (2010)	1,2
Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор	**3,8**
1.) I.Mickova, Optical properties of electrochemically polished and anodized niobium surfaces, First Regional Symposium on Electrochemistry of South-East Europe, Rovinj, Croatia, May 4-8, 123-124, (2008)	1
2.) I.Mickova, Lj.Arsov, Raman spectra of anodized valve metal electrodes, First Regional Symposium on Electrochemistry of South-East Europe, Rovinj, Croatia, May 4-8, 393-395, (2008)	0,9
3.) I.Mickova, Influence of cathodic polarization on the stability of Nb electrode in mineral acids, 13 th European Conference on Applications of Surface and Interface Analysis, Antalya-Turkey 18-23 october, 191 (2009)	1
4.) I.Mickova and Lj.Arsov, Surface metal investigations with micro-Raman spectroscopy, 13 th European Conference on Applications of Surface and Interface Analysis, Antalya-Turkey 18-23 october, 193 (2009)	0,9

Апстракти објавени во зборник на конференција[12] **- меѓународна** **- национална**	**3.5**
1.) Irena Mickova, Abdurauf Prusi, Ljubomir Arsov , Dielectric constants, optical conductivities and reflectivity of some valve metal electrodes, XXI Congress of Chemists and Technologists of Macedonia, Ohrid 23- 26 September, 19 (2010)	0,8
2.) Martin Arsov, Elena Anovska, Irena Mickova, Todor Anovski, Evapo-transpiration from catchment area of Big Prespa Lake, XXI Congress of Chemists and Technologists of Macedonia, Ohrid 23- 26 September,66 (2010)	0,6
3.) Slavica Todorova, Irena Mickova, Darko Dimitrovski, Bozidar Ristovski, Mirjana Bocevska, Effect of packaging and lighting on changes in appearance, taste, odor and nutritive value of full fat pasteurized milk during storage, XXII Congress of Chemists and Technologists of Macedonia, Ohrid 05-09 September, 139 (2012)	0,6
4.) Irena Mickova, Ljubomir Arsov, Pitting corrosion behaviors of niobium and titanium , XXII Congress of Chemists and Technologists of Macedonia, Ohrid 05-09 September, 158 (2012)	0,9
5.) Martin Arsov, Elena Anovska Jovcheva, Todor Anovski, Irena Mickova, Evaluation of key parameters influencing the water level of lake Prespa, 4-th Congress of the Republic of Macedonia with International participation, Ohrid 12-15 October, 149-150 (2012)	0,6
Вкупно	**63,3**

Член 5

СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

	Поени
Рецензент на учебници за средно или основно образование	**3**
1.) Претседател на Рецензентска комисија за стручно вреднување на ракописи за учебник по предметот ТЕХНИЧКО ЦРТАЊЕ СО НАЦРТНА ГЕОМЕТРИЈА И АУТОКАД, за I година за четиригодишно стручно образование-струка: геолошко-рударска и металуршка, заеднички предмети за образовните профили: геолошко-рударски техничар и металуршки техничар (2011).	0,5
2.) Претседател на Рецензентска комисија за стручно вреднување на ракописи за учебник по предметот ТЕХНИЧКО ЦРТАЊЕ СО КОМПЈУТЕРСКА КОМУНИКАЦИЈА, за I година за четиригодишно стручно образование-струка: градежно-геодетска, заеднички предмети (2011).	0,5
3.) Претседател на Рецензентска комисија за стручно вреднување на ракописи за учебник по предметот МАШИНСКИ ЕЛЕМЕНТИ СО МЕХАНИКА, за II година за четиригодишно стручно образование, струка: машински заеднички предмети , за образовните профили: машински енергетски техничар и машински воздухопловен техничар (2011).	0,5
4.) Претседател на Рецензентска комисија за стручно вреднување на ракописи за учебник по предметот МАШИНСКИ ЕЛЕМЕНТИ СО МЕХАНИКА за II година за четиригодишно стручно образование, машинска струка. Образовен профил: автотехничар-мехатроничар, машински енергетски техничар и машински воздухопловен техничар (2011).	0,5
5.) Претседател на Рецензентска комисија за стручно вреднување на ракописи за учебник по предметот МАШИНСКИ ЕЛЕМЕНТИ СО МЕХАНИКА, за II година за четиригодишно стручно образование, машинска струка. Образовен профил: автотехничар-мехатроничар, машински техничар (2011).	0,5
6.) Претседател на Рецензентска комисија за стручно вреднување на ракописи за учебник по предметот МАШИНСКИ ЕЛЕМЕНТИ СО МЕХАНИКА, за III година за четиригодишно стручно образование, машинска струка. Образовен профил: автотехничар-мехатроничар, машински техничар (2011).	0,5
Главен (основен) проект	
- одговорен проектант	
- учесник/соработник	**8**
1.) Соработник во проектот: "The influence of Vardar river to the ground water recharge of Rahce Spring". Research contract with International Atomic Energy Agency (IAEA) Vienna (15.4.2010).	2
2.) Соработник во проектот: Хидролошко-трасерски истражувања на подземните води во Скопската котлина со посебен осврт на потегот влив на река Лепенец во река Вардар до изворот Рашче. Проектот е финансиран од град Скопје (2010-2011).	2

3.) Соработник во проектот: Хидролошко-трасерски истражувања на подземните води во Полошката котлина со посебен осврт на Жеденскиот масив и изворот Рашче. Проектот е финансиран од град Скопје (2010-2011).	2
4.) Соработник во научно-апликативниот проект: Нов научен приод во подобрувањето и соодветното менаџирање на системи со отпадни води во Република Македонија. Билатерален проект со Австрија, финансиран од Министерството за образование и наука на Република Македонија (2011-2013).	2
Учество во промотивни активности на факултетот/институтот	**0,5**
1.) Учество во работилница:Технологија и природните науки - важноста од нивната интегрираност и практична примена-за ученици од VIII одделение од ОУ „Љубен Лапе“ во Скопје, 26.3.2012.	0,5

Дејности од поширок интерес

	Поени
Изготвување и пријавување на научен/образовен национален проект	**2**
- носител	
1.) Електрохемиско добивање на тенки оксидни и полимерни филмови – предлог-пријава за финансирање на научноистражувачки проекти при Министерство за образование и наука (носител), поднесено, конкурс 2009 год.	1
2.) Електрохемиска синтеза на нови материјали – предлог-пријава за финансирање на научноистражувачки проекти при Министерството за образование и наука (носител), поднесено, конкурс 2011.	1
- соработник	1
3.) Предлог-елаборат за организирање на специјализирана ЛАБОРАТОРИЈА ПО ЕЛЕКТРОХЕМИЈА (кораководител) 2010	**0,5**
Член на факултетска комисија[10]	0,5
1.) Пописна комисија за парични средства и попис на побарувачка и обврските (2010)	**1**
2.) Пописна комисија за парични средства и попис на побарувачка и обврските (6.11.2012)	0,5
Вкупно	**15**

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	Поени
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	76,73
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	63,3
СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ	

СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ	15
Вкупно	**155,03**

Рецензентска комисија

1. Д-р Кирил Лисичков, вонреден професор, с.р.
Технолошко-металуршки факултет, Скопје

2. Д-р Перица Пауновиќ, вонреден професор, с.р.
Технолошко-металуршки факултет, Скопје

3. Д-р Христина Спасевска, редовен професор, с.р.
Факултет за електротехника и информациски технологии, Скопје

РЕЦЕНЗИЈА

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ ПРОЦЕНКА НА САМОСТОЈНОСТА ВО ИЗВЕДУВАЊЕТО НА СЕКОЈДНЕВНИТЕ АКТИВНОСТИ И ПОТРЕБАТА ОД ОКУПАЦИОНА ТЕРАПИЈА КАЈ ЛИЦАТА СО МУЛТИПЛЕКС СКЛЕРОЗА“ ОД ОЛИВЕРА РАШИЌ-ЦАНЕВСКА, ПРИЈАВЕНА НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ - ИНСТИТУТ ЗА ДЕФЕКТОЛОГИЈА

Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, на својата 33 редовна седница одржана на 19. XII 2012 година, нè избра за членови на Рецензентската комисија за оцена на докторскиот труд под наслов „Проценка на самостојноста во изведувањето на секојдневните активности и потребата од окупациона терапија кај лицата со мултиплекс склероза“, изработена од м-р Оливера Рашиќ-Цаневска, студент на постдипломските студии на Институтот за дефектологија. Заблагодарувајќи му се на Наставно-научниот совет за укажаната доверба, слободни сме да му го доставиме следниов

ИЗВЕШТАЈ

Докторската дисертација на м-р Оливера Рашиќ-Цаневска е самостоен труд, кој претставува современа, научно-емпириска студија презентирана на 236 страници структурирани во пет заглавија (теоретски основи на проблемот, методологија на истражување, анализа на резултати со дискусија, заклучни согледувања со предлози, литература и прилози). Литературата која е користена за изработката на докторската дисертација е составена од 210 библиографски единици на англиски и македонски јазик, претставувајќи дел од актуелните тематски соодветни ракописи произлезени од голем број научно истражувачки студии и проекти реализирани во голем број земји низ светот.

Првото заглавие од докторската дисертација, презентирано преку четири тематски единици, претставува мошне солидна теоретска елаборација и дефинирање на проблемот на истражување, јасно откривајќи што претставува мултиплекс склерозата, како таа го ограничува секојдневното функционирање на болните и можните начини на оптимална рехабилитација.

Сакајќи да даде прецизна слика на мултиплекс склерозата, разграничувајќи ја нејзината патофизиологија од нормалното функционирање на нервниот систем, во првата тематска единица, кандидатката дава приказ на анатомијата и физиологијата на здравиот нервен систем, посочувајќи ја хиерархиската поставеност и поделбата на нервниот систем, карактеристиките на централниот и периферниот нервен систем, структурата и функцијата на миелинизираните аксони, при тоа објаснувајќи ги процесот на миелинизација

и процесот на создавање и пренесување на акциският потенцијал помеѓу аксоните.

Во втората тематска единица, м-р Рашиќ-Цаневска дава комплетен приказ на заболувањето мултиплекс склероза, започнувајќи со дефинирање на поимот и посочување на првите забележани докази за појавата на мултиплекс склерозата од страна на Jean Martin Charcot, низ историскиот осврт сè до современото поставување и третман на заболувањето. Понатаму, кандидатката ја детерминира епидемиологијата, преваленцијата и инциденцијата на заболувањето во светски рамки, повикувајќи се на различни извори на сознанија, посочувајќи дека средната пресметана преваленција изнесува 30 на 100.000 лица, а во Р. Македонија 24/100000. Сликата на заболувањето, м-р Рашиќ-Цаневска ја дополнува со претставување на етиологијата и патогенезата на мултиплекс склерозата, детално објаснувајќи ја патологијата на аксонот и сивата кортикална маса, невообичаените варијанти на мултиплекс склероза и процесот на ремиелинизација. Тематската единица се заокружува преку посочување на типовите на мултиплекс склероза, клиничката слика, начинот на дијагностицирање и третман, како и детерминирање на квалитетот на живот на лицата болни од мултиплекс склероза.

Како резултат на сличната патофизиолошка основа на оштетувањата, при тоа земајќи ги како контролна група лицата со церебрална парализа, кандидатката во третата тематска единица дава приказ на церебралната парализа, повторно тргнувајќи од дефинирање на поимот и историскиот осврт, преку преваленцијата и етиопатогенезата, па сè до класификацијата, клиничката слика и третманот на церебралната парализа.

Во четвртата тематска единица, м-р Оливера Рашиќ-Цаневска ја презентира потребата и значењето на окупационата терапија за подобрување на квалитетот на живот кај лицата со мултиплекс склероза, утврдувајќи ја поврзаноста на човечкото суштество со окупацијата (ангажираноста). Кандидатката детално не запознава со процесот на окупациона терапија, прво дефинирајќи ги поимот и целите на окупационата терапија, потоа давајќи приказ на развојот на различни модели на окупациона терапија низ временскиот тек (биомеханички, когнитивен, функционален групен, интенционален релациски модел, модел на хумана окупација, модел на моторна контрола и модел на сензорна интеграција). На крајот на единицата, кандидатката прецизно го поставува текот на рехабилитацискиот процес на окупационата терапија и нејзината примена во третманот на болните од мултиплекс склероза.

Во второто заглавие од дисертацијата, објаснета е методолошката поставеност на емпириското истражување, при тоа јасно дефинирајќи ги предметот, целите и задачите на истражувањето, поставувајќи ги хипотезите и детерминирајќи го примерокот на истражување со утврдување на сите зависни и независни варијабли.

Како предмет на истражување во оваа дисертација е проценка на самостојноста во изведувањето на секојдневните активности и потребата од окупациона терапија кај лицата со мултиплекс склероза. Од предметот произлегуваат и целите на истражувањето: да се даде една јасна претстава за тоа што претставува мултиплекс склерозата; да се утврдат реперкусиите кои мултиплекс склерозата ги предизвикува кај заболените, односно да се утврди како се променува начинот на живот и изведувањето на секојдневните активности; да се даде комплетен осврт на окупационата терапија и да се утврди потребата и значењето на окупационата терапија за лицата со мултиплекс склероза; да се направи компарација во начинот на функционирање и прилагодување на сопствените состојби и ограничувања помеѓу лицата со вродени или оштетувања стекнати во раното детство (како резултат на нарушени миелинизирачки процеси - лица со ЦП) и лицата со стекнати оштетувања (лица со МС).

Остварувањето на поставените цели кандидатката го операционализирала преку призмата на повеќе задачи:

1. да се утврди на кои третмани биле подложени болните со МС во Република Македонија;
2. да се утврди дали и кои секундарни и терцијарни проблеми ги предизвикува МС во однос на квалитетот на живот кај болните;
3. да се утврди начинот на изведување на секојдневните активности кај болните од МС и самостојноста во нивното изведување;
4. да се посочи окупационата терапија како еден од основните видови на третман со кој се влијае врз зачувување и подобрување на изведувањето на секојдневните обврски;
5. да се утврди дали лицата со мултиплекс склероза имаат потреба од подложување на окупациона терапија;
6. да се утврди дали доколку постојат лица со МС во Р. Македонија кои биле подложени на окупациона терапија, тие имаат подобри физички, социјални и когнитивни способности и се повешти во изведувањето на секојдневните активности;
7. да се утврди дали постојат разлики во начинот на функционирање и справување со своите ограничувања и преостанати способности помеѓу лицата со МС и лицата со ЦП (водејќи се од сличната патогенеза на двете групи).

Во согласност со теоретската рамка на овој проект, поставените цели, задачи и хипотези, студијата е современа - проучувајќи ја актуелната проблематика на човештвото, дескриптивна - настојувајќи да ја презентира

фактичката состојба за начинот на живот на болните со мултиплекс склероза и нивната самостојност во изведувањето на секојдневните активности, применета - обидувајќи се да ги утврди проблемите со кои се соочуваат лицата со МС и да изнајде можно решение за нив и компаративна - сакајќи да ги спореди проблемите и начинот на нивно решавање кај лицата со стекната и лицата со вродена инвалидност.

Популација на истражувањето се лицата со мултиплекс склероза, но земајќи ја предвид специфичноста на предметот на истражување и непостоењето на единствен регистар на лица болни од МС, примерокот е погоден, вклучувајќи ги оние лица со МС кои биле достапни на теренот и отворени за соработка. Примерокот опфаќа 32 лица со МС на возраст од над 18 години, со средна возраст од 39 години и контролна група составена од 25 лица со церебрална парализа со сочуван интелект, на возраст од над 18 години (средна возраст од 31 година).

Методолошката поставеност, кандидатката ја темели врз методите на структурална, дескриптивна и функционална анализа, методот на генерализација и компаративниот метод, а како техники применува: анализа на документација, скалирање и анкета. За собирање на податоците употребен е прашалник составен од комбинација на неколку скали и индекси на проценка, приспособени на специфичностите и карактеристиките на примерокот: импакт скала за мултиплекс склероза (Multiple Sclerosis Impact Scale MSIS-29), Бартелов индекс (БИ), скала на рамнотежа по Берг, прашалник за функционалниот статус (Functional status questionar - FSQ), индекс на инвалидност и индекс на активности според Frenchay (Frenchay Activities Index - FAI).

Добиените податоци се обработени со примена на стандарден статистички програм SPSS 11 for WindowsHP и Хиквадрат тестови (Пирсоновиот X^2 тест, Likelihood-ratio и Linear by linear асоцијација).

Во третото заглавие кандидатката прави анализа на резултатите со богат илустративен материјал, при тоа дискутирајќи ги и споредувајќи ги добиените резултати со низа на релевантни истражувања. Анализата на теоретските расправи и емпириските податоци, до кои е дојдено во истражувањето упатуваат на следниве заклучни согледувања:

- Шеесет и два проценти од испитаниците со мултиплекс склероза имаат средна стручна спрема, а останатите 38% имаат завршено високо образование. Во споредба со резултатите од контролната група, лицата со мултиплекс склероза имаат повисок степен на образование, благодарение на подоцнежната појава на симптомите на заболувањето и ограничувањата на функционалните способности.

- Од вкупно 32 испитаници со мултиплекс склероза, само 28% односно 9 испитаници се вработени, од кои 2 испитаника се со повремено работно место.

- Дваесет и два проценти од испитаниците (7 лица) со мултиплекс склероза биле хоспитализирани во последните три месеци, од кои 6 како резултат на релапс на заболувањето.

- Според резултатите добиени на индексот на инвалидност, 46,75% од лицата со мултиплекс склероза имаат ограничена самостојност во изведувањето на секојдневните активности.

- Индексот на инвалидност е во тесна врска со резултатите добиени со прашалникот за функционалниот статус. Резултатите нè наведуваат да констатираме дека појавата и прогресијата на симптомите на болеста доведуваат до намалување и губење на самостојноста на болните во нивното секојдневно функционирање, со правопропорционалност помеѓу степенот и времетраењето на болеста и зависноста во реализацијата на задачите.

- Индексот на активности според Frenchay покажува дека една од последиците на заболувањето е изолирање на болните и намалување на интензитетот и фреквенцијата на обврски и активности.

- Може да се заклучи дека испитаниците се подложени на некомплетна рехабилитација, при што најголемиот дел користат стандардни начини на третман и рехабилитација, не добивајќи можност за искусување на нови видови терапија и терепевтски процедури.

Кандидатката посочува дека заклучоците од ова истражување не треба да се прифатат како категорични, бидејќи тие се однесуваат на конкретен примерок, во одредено временско траење, но сепак треба да се уважат во насока на унапредување на општествената организираност, поставеноста на здравствениот систем и, пред сè, унапредување на квалитетот на животот на лицата со мултиплкес склероза, давајќи притоа препораки и сугестии во тој правец, пред крајот на дисертацијата во IV заглавие.

Заклучок и предлог

Докторската дисертација под наслов: **Проценка на самостојноста во изведувањето на секојдневните активности и потребата од окупациона терапија кај лицата со мултиплекс склероза,** изработена од **м-р Оливера Рашиќ-Цаневска,** со својата теоретска елаборација, методолошко обликување, стил и пристап кон проблемот дава значаен придонес во расветлувањето на еден мошне сложен и актуелен проблем во нашиот општествен и здравствен систем. Трудот претставува сам по себе значаен извор, стимулација и поддршка на други истражувања од овој домен, особено заради фактот што во македонската научна теорија и практика постојат мал број на трудови што како научен дискурс го имаат влијанието на мултиплекс склерозата врз изведувањето на секојдневните активности и квалитетот на животот кај заболените. Поставеноста на проблемот, аналитичкиот пристап на кандидатката и солидното владеење со методологијата доведуваат до прегледни заклучоци, кои на коректен начин ги детерминираат поставените хипотези со конзистентна научна аргументација, давајќи му на трудот значајно нагласена научна тежина.

Врз основа на прикажаната анализа и оцена на докторскиот труд, Комисијата има задоволство и чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје да ја прифати позитивната рецензија на докторската дисертација под наслов: **Проценка на самостојноста во изведувањето на секојдневните активности и потребата од окупациона терапија кај лицата со мултиплекс склероза,** изработена од **м-р Оливера Рашиќ-Цаневска,** и да одобри усна јавна одбрана на трудот.

Скопје, 23.1.2013 год.

Комисија

Проф. д-р Наташа Чичевска-Јованова с.р

Проф. д-р Зора Јачова с.р

Проф. д-р Даниела Димитрова-Радојичиќ с.р

Проф. д-р Владимир Трајковски с.р

Проф. д-р Ристо Петров с.р

Р Е Ф Е Р А Т

ЗА ИЗБОР НА ЛЕКТОР ПО ПРЕДМЕТОТ СОВРЕМЕН РУСКИ ЈАЗИК НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ "БЛАЖЕ КОНЕСКИ" ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје, на својата XXXIII редовна седница одржана на 17. 12. 2012 година, нè избра за рецензенти во врска со пријавата на Екатерина Терзијоска на конкурсот за избор во звањето лектор по предметот современ руски јазик. Откако ги прегледавме приложените материјали, чест ни е да го поднесеме следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Екатерина Терзијоска е родена 1963 година во Киев, Украина. Основното и дел од средното образование ги завршила во Ташкент, а последните две средношколски години во Скопје. Во 1981 година се запишала на Филолошкиот факултет во Скопје, на Катедрата за источнословенски и западнословенски јазици и книжевности (славистика), на која дипломирала во 1985 година.

По дипломирањето, една година работела како стажант на Катедрата за славистика и за тоа време изработила стажантски труд "Предлози со пространствено значење во рускиот јазик и нивното соодветство во македонскиот јазик".

Од 1. 10. 1988 година е во редовен работен однос на Катедрата за славистика како лектор по современ руски јазик.

Во овој период таа се наоѓа пред одбрана на нејзината магистерска дисертација: *Фраземите со компонента бело, црно и црвено во рускиот и македонскиот јазик.*

НАСТАВНА ДЕЈНОСТ

Во периодот од последниот избор во 2009 година, Екатерина Терзијовска е ангажирана со предметите:

современ руски јазик;

преведување од руски на македонски јазик;

преведување од македонски на руски јазик;

усно-консекутивно преведување;

терминологија (од учебната 2008-2009);

руска цивилизација (од учебната 2011-2012).

Екатерина Терзијоска секогаш навреме и совесно ги исполнува своите работни и други задачи. Таа е сакана од студентите со кои воспоставува добри односи, што се гледа и по резултатите од нејзината работата.

СТРУЧНА ДЕЈНОСТ

Во текот на извештајниот период, од последниот преизбор, Екатерина Терзијоска:

- учествува во подготовка за печат на терминолошки речници во МАНУ (за еквиваленти на руски јазик). Досега се изготвени или објавени речниците од областа на социјалната медицина, градежништвото, и биологијата;
- од 2008 година, со решение на министерот за правда, вклучена е во Комисијата за проверка на знаењата на кандидатите за судски преведувачи;
- била ангажирана на проектот на МТВ: "Убавините на Р.Македонија", за промовирање на Македонија во странство (преведување и озвучување на руски јазик на 16 кратки документарни филмови);
- редовен член на Друштвото за странски јазици на Македонија од 1986 година и во текот на сите овие години редовно учествува во неговите активности. За одбележување е нејзината активност при организирањето на олимпијадите по странски јазици за учениците од основните и средните училишта во Р. Македонија.

НАУЧНА ДЕЈНОСТ

1. "Славистика XV, СДС, Белград, 2011" – приказ, Славистички студии бр. 15, Филолошки факултет Блаже Конески (во печат).
2. Нијанси на белото, V меѓународна македонско-руска конференција, Охрид, 17-19 јуни 2012 (во печат).

З А К Л У Ч О К

Врз основа на изнесените податоци за стручната и научна подготвеност на кандидатката, како и земајќи ја предвид нејзината целокупна работа на Катедрата каде што во неа гледаме вреден и одговорен работник, Рецензентската комисија смета дека Екатерина Терзијоска наполно ги исполнува законските и другите пропишани услови на конкурсот, и со задоволство му предлагаме на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје повторно да ја избере во звањето лектор по современ руски јазик.

Рецензентска комисија

1. Д-р Красимира Илиевска, редовен професор, с.р.
2. Д-р Кита Бицевска, редовен професор, с.р.
3. Д-р Максим Каранфиловски, редовен професор, с.р.

АНЕКС 2

ОБРАЗЕЦ
КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР НА ЛЕКТОР ПО СОВРЕМЕН РУСКИ ЈАЗИК

Кандидат: **Екатерина Христо Терзијоска**

Институција: **Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје**

Научна област: славистика

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Настава на прв циклус студии	Поени
1.	Современ руски јазик-7 0+8, зимски семестар 2008/2009	4,8
	Терминологија, 2+0, зимски семестар 2008/2009	1,2
	Преведување од руски на македонски јазик – 1 0+3 зимски семестар 2008/2009	1,8
	Преведување од македонски на руски јазик – 1 0+3, зимски семестар 2008/2009	1,8
	Усно консекутивно преведување 0+3, зимски семестар 2008/2009	1,8
	Современ руски јазик-8 0+8, летен семестар 2008/2009	4,8
	Преведување од руски на македонски јазик- 2 0+3 летен семестар 2008/2009	1,8
	Преведување од македонски на руски јазик - 2 0+3, летен семестар 2008/2009	1,8
	Усно симултано преведување 0+3, летен семестар 2008/2009	1,8
	Вкупен број поени во зимскиот и во летниот семестар 2008/2009	**20,6**
	Современ руски јазик- 5, 0+8, зимски семестар 2009/2010	4,8
	Терминологија, 2+0, зимски семестар 2009/2010	1,2
	Усно консекутивно преведување , 0+3, зимски семестар 2009/2010	1,8
	Преведување од македонски на руски јазик – 1 0+3, зимски семестар 2009/2010	1,8
	Современ руски јазик- 6, 0+8, летен семестар 2009/2010	4,8

	Практика на преведување- 2, 0+3, летен семестар 2009/2010	1,8
	Усно симултано преведување 0+3, летен семестар 2009/2010	1,8
	Преведување од македонски на руски јазик -2 0+3, летен семестар 2009/2010	1,8
	Вкупен број поени во зимскиот и во летниот семестар 2009/2010	**19,8**
	Современ руски јазик 7, 0+8, зимски семестар 2010/2011	4,8
	Терминологија, 2+0, зимски семестар 2010/2011	1,2
	Преведување од македонски на руски јазик 0+3, зимски семестар 2010/2011	1,8
	Усно консекутивно преведување 0+3, зимски семестар 2010/2011	1,8
	Преведување од руски на македонски 2, 0+4, летен семестар 2010/2011	2,4
	Современ руски јазик 8, 0+6, летен семестар 2010/2011	3,6
	Усно симултано преведување 0+3, летен семестар 2010/2011	1,8
	Вкупен број поени во зимскиот и во летниот семестар 2010/2011	**17,4**
	Современ руски јазик 3, 0+ 4, зимски семестар 2011/212	2,4
	Терминологија -1, 2+0, зимски семестар 2011/2012	1,2
	Преведување од македонски на руски јазик 0+3, зимски семестар 2011/2012	1,8
	Усно консекутивно преведување 0+3, зимски семестар 2011/2012	1,8
	Руска цивилизација -1, 2+1, зимски семестар 2011/2012	1,8
	Терминологија -2, 2+0 летен семестар 2011/2012	1,2
	Современ руски јазик 4, 0+4, летен семестар 2011/2012	2,4
	Преведување од македонски на руски јазик 0+3, летен семестар 2011/2012	1,8
	Усно симултано преведување 0+3, летен семестар 2011/2012	1,8
	Руска цивилизација -2, 2+1, летен семестар 2011/2012	1,8
	Вкупен број поени во зимскиот и во летниот семестар 2011/2012	**18,0**
	Ментор на дипломска работа	**0,2**

	Член на комисија за одбрана на дипломска работа (5)	**0,5**
	Подготовка на нов предмет: Терминологија – предавања и вежби	**1,5**
	Вкупно	**78,0**

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	**Назив на активноста:**	**Поени**
	.	
1.	**Статии, прикази и хроники објавени во стручно/научно-популарно списание**	
	Славистика XV, СДС, Белград, 2011 – приказ во *Славистички студии бр.*15, Филолошки факултет (во печат)	1
	Учесник во национален научен проект: *Македонска терминологија*, проект на МАНУ	3
	Учество во проектот финансиран од програмата ТЕМПУС: Т. Гочкова- Стојановска, И. Пановска- Димкова, *Божилак*- учебник по македонски јазик за странци - почетно рамниште (превод на упатства за вежби од македонски јазик на руски јазик), Филолошки факултет „Блаже Конески“, 2012	3
2.	**Учество на семинари за универзитетска дидактика**	
	Учество во обуки на проектот „Креативна настава“ на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“, во соработка со УСАИД и Институтот Отворено општество, 2008 г. (2 сем.)	2
	Обука и диплома на SEEPALS (South East European Project for Advanced Language Studies 2010-1013), Скопје, 2012	1
3.	**Учество на научен/стручен собир со реферат**	
	Нијанси на белото, V меѓународна македонско – руска научна конференција, Охрид, 17-19 јуни 2012	1
	Труд објавен во зборник на трудови од научен/ стручен собир	2
	Учество во изготвување нови студиски програми	1
	Вкупно	**11,0**

СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	**Преводи**	**Поени**
	Минатото денес, проект на Владата на РМ (14 документарни филмови, превод од македонски на руски), 2009	1
	Учество во работата на комисии за државни натпревари	
	Организирање и спроведување на Државен натпревар по руски јазик во мај 2009 г.	1
	Организирање и спроведување на Државен натпревар по руски јазик во мај 2010 г.	1
	Организирање и спроведување на Државен натпревар по руски јазик во мај 2011 г.	1
	Организирање и спроведување на Државен натпревар по	1

	руски јазик во мај 2012 г.	
	Член на факултетски комисии (за попис и евалуација)	1
	Експертски активности	
	Членство во Комисија за оценка на знаење на кандидати за судски преведувачи при Министерството за правда (5 сесии)	1
	Евалуација на нивото на познавање на руски јазик кај кандидати на кои Филолошкиот факултет им издава потврда за познавање на рускиот јазик како странски	1
	Вкупно	**8,0**

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	Поени
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	**78,0**
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	**11,0**
СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ	
СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ	**8,0**
Вкупно	**97,0**

Членови на Комисијата

1. Проф. д-р Красимира Илиевска, претседател, с.р.

2. Проф. д-р Максим Каранфиловски, член, с.р.

3. Проф. д-р Кита Бицевска, член, с.р.

Р Е Ф Е Р А Т

ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕТО **ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР** ПО ПРЕДМЕТИТЕ **ФОНЕТИКА НА ТУРСКИОТ ЈАЗИК, ДИЈАЛЕКТОЛОГИЈА НА ТУРСКИОТ ЈАЗИК, ИСТОРИЈА НА ТУРСКИОТ ЈАЗИК, ЛЕКСИКОЛОГИЈА И ФРАЗЕОЛОГИЈА НА ТУРСКИОТ ЈАЗИК И ОСМАНСКО-ТУРСКИ ЈАЗИК** НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, на својата триесет и третата редовна седница одржана на 17.12.2012 година, нè избра за членови на Рецензентската комисија за избор во звањето вонреден професор по предметите: **фонетика на турскиот јазик, дијалектологија на турскиот јазик, историја на турскиот јазик, лексикологија и фразеологија на турскиот јазик и османско-турски јазик.**

Заблагодарувајќи се за укажаната доверба, чест ни е на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје да му го доставиме следниов

И З В Е Ш Т А Ј

На конкурсот за избор во звањето вонреден професор по предметите: **фонетика на турскиот јазик, дијалектологија на турскиот јазик, историја на турскиот јазик, лексикологија и фразеологија на турскиот јазик и османско-турски јазик,** објавен на 7.12.2012 година (петок) во дневниот весник *Нова Македонија*, број 22.749, година LXVIII, се пријави само кандидатот доц. д-р Назим Ибрахим.

Доц. д-р Назим Ибрахим е роден на 1.9.1963 година во с. Врапчиште, Гостиварско. Основното образование го завршил во ОУ „Чеде Филиповски“ во с.Врапчиште, а средното образование во Гимназијата "Панче Попоски" во Гостивар. Потоа се запишал на Катедрата за ориентална филологија при Филолошкиот факултет на Универзитетот во Приштина. По завршувањето на студиите извесно време работел како наставник во Основното училиште "Чеде Филиповски" во с. Врапчиште.

Во 1994 година се запишал на постдипломски студии на Институтот за општествени науки при Универзитетот во Анкара, Република Турција. Предвидените

испити ги положил со средна оценка 85,83. Магистрирал на 4.7.1997 година на тема **„Vrapçişte ve Çevresi Türk Ağzı (Makedonya)“ (Турскиот говор во Врапчиште и околината (Македонија))"**, јавно одбранета пред Комисија во состав: проф. д-р Хамза Зулфиќар (претседател), проф. д-р Исмаил Унвер (член) и проф. д-р Ахмет Бицан Ерциласун (член), со оценка 90,00.

Со Одлука на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет "Блаже Конески“ во Скопје од 28.12.1998 година, едногласно е избран во звањето асистент по предметот **османско-турски јазик** на Катедрата за турски јазик и книжевност. Освен вежбите по **османско-турски јазик 1 и 2** за кој бил избран, извесн период одржувал вежби и по наставните предмети: **усна турска народна книжевност** и **писмена турска народна книжевност**, како и вежби по **османско-турски јазик** за студентите од **Катедрата за историја на Филозофскиот факултет.**

Како соработник учествувал во научноистражувачкиот проект под наслов: **„Гатанките, текерлемињата и народните приказни на турската националност во Македонија“**, финансиран од Министерството за наука на Р. Македонија, под раководство на проф. д-р Хамди Хасан.

Досега учествувал во повеќе факултетски комисии, како на пример: Комисија за попис на библиотечниот фонд, Комисија за попис на постојани средства и Централна комисија. Исто така, две години бил секретар на Катедрата за турски јазик и книжевност (од 1.10.2001 до 1.10.2003).

Од учебната 2002/2003 година, освен вежбите по **османско-турски јазик**, ги одржувал вежбите и по следниве наставни предмети: **фонетика на турскиот јазик, фразеологија и лексикологија на турскиот јазик, морфологија на турскиот јазик, историја на турскиот јазик, дијалектологија на турскиот јазик и синтакса на турскиот јазик**.

Докторирал на тема **"Турскиот говор во Валандовско“** на 26.11.2007 година на Филолошкиот факултет "Блаже Конески“ во Скопје, пред Комисија во состав: проф. д-р Хамди Хасан (претседател), проф. д-р Ниметуллах Хафиз (член), проф. д-р Мирјана Теодосијевиќ (член), проф. д-р Марјан Марковиќ (член) и доц. д-р Октај Ахмед (член).

По докторирањето, исполнувајќи ги сите услови, на 23.6.2008 година бил избран за **доцент** по предметите**: фонетика на турскиот јазик, дијалектологија на турскиот јазик, историја на турскиот јазик и лексикологија и фразеологија на турскиот јазик**.

Поради недостаток на кадар, освен овие предмети на Катедрата бил ангажиран и за предметите: **османско-турски јазик 1-4** и **турски јазик 1-4 (под "ц")** за студентите од другите катедри на Филолошкиот факултет.

Од 2010/2013 година е ангажиран и со предавања на постдипломските (втор циклус) студии по предметите: ***дијалектологија на турскиот јазик и историја на турскиот јазик.***

I. Научноистражувачка и стручна дејност, учество на симпозиуми, конгреси и научни конференции

Во рамките на неговиот академски ангажман, д-р Назим Ибрахим членува во повеќе комисии за одбрана на магистерски и докторски дисертации, како и комисии за избор на наставници и соработници како на Филолошкиот факултет во Скопје, така и надвор од Факултетот.

Тој е многу активен и постојано ангажиран во развојот на Катедрата на Филолошкиот факултет и во Факултетот во целина и учествува на голем број стручни и научни тела и комисии во рамките на Факултетот и надвор од него. Од поголемиот број на ангажмани, ќе наведеме само неколку:

- член на Комисијата за награден конкурс за доделување на наградата "Бкаже Конески" по повод патронатот на Филолошкиот факултет (од 29.10.2008 год.);

- член на Редакцискиот одбор на Годишниот зборник на Филолошкиот Факултет „Блаже Конески" Скопје (2009/2010);

- во академските 2009/2010 и 2010/2011 год. бил избран за *заменик-шеф* на Катедрата за турски јазик и книжевност;

- во академските 2009/2010 и 2010/2011 год. бил избран за *секретар на* Катедрата за турски јазик и книжевност;

- член на Централна комисија (2007 год.);

- член на Комисијата за попис на библиотечниот фонд - Катедра за турски јазик и книжевност (2008, 2009, 2010 год.);

- член на Комисија за попис на постојани средства (2011 год.);

- претседател на Комисија за попис на библиотечниот фонд - Катедра за турски јазик и книжевност (0д 22.11.2012 год.);

- во академските 2008/2009 и 2009/2010 год. бил ангажиран за изведување настава по предметот *османско-турски јазик 3* на Филозофскиот факултет;

- член во Одборот за постдипломски студии од 2009 година, кадешто се уште е активен;

- член во Здружението на турските наставници во Скопје/ Р. Македонија;

- бил вклучен во научноистражувачкиот проект под наслов *Гатанките, текерлемињата (брзозборките) и народните приказни на турската националност во Македонија* под раководството на проф. д-р Хамди Хасан;

- член на Собранието на турската невладина организација *Абдулхаким Хикмет Доган* - Здружение за просвета, култура и уметност (АДЕКСАМ) – Гостивар, Македонија, од 2005 година.

- член на Научниот и Арбитражниот одбор (Science and Arbitral Board) на меѓународното научноистражувачкото списание (International Journal Of Scientific Research) ХИКМЕТ, АДЕКСАМ - Гостивар, Македонија, од 2007 година;

- член на советот на Општина Врапчиште (2009, 2010, 2011 год);

- поткомисии за евалуација на ниво на студиските групи на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, Катедра за турски јазик и книжевност, студиска програма по турски јазик и книжевност (мајчин + немајчин) (2009 год.);

- учествувал во организацискиот комитет на конгресите под наслов *7. Меѓународен конгрес за Ататурк,* одржан на 17-22 октомври 2011 година во МАНУ и *Меѓународен конгрес „Балканот на Евлија Челеби“,* одржан на 16-20 април 2012 година, исто во МАНУ, во соработка со Република Турција.

Доц. д-р Назим Ибрахим има учествувано и на голем број домашни и меѓународни симпозиуми, научни и стручни собири и работилници, панели и конгреси, како во Р. Македонија така и надвор од неа. Поголемиот дел од неговите научни трудови се објавени во разни списанија, книги, билтени и сл.

Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научни/стручни списанија:

- *Вокалната хармонија во турскиот говор во Врапчиште и околината (*Vrapçişte ve Çevresi Türk Ağzında Ünlü Uyumu), научноистражувачкото списание (Journal Of Scientific

Research) - ХИКМЕТ, Год. 8, Бр. 16, ноември 2010/2, АДЕКСАМ, Гостивар -Македонија, стр. 37-46.

- *Акцентот во турскиот говор во Валандовско* (Valandova Yöresi Türk Ağzında Vurgu), Центар за турколошките истражувања на Балканот, научноистражувачко турколошко списание - БАЛ-ТАМ, Год. 8, Бр. 16, Март 2012, Призрен, стр. 239-247.

- *Кратките и долгите вокали во турскиот говор во валандовско (Македонија)* (Makedonya - Valandova Yöresi Türk Ağzında Uzun ve Kısa Ünlüler), научно – истражувачкото списание (Journal Of Scientific Research) - ХИКМЕТ, Год. 10, Бр. 19, Maj 2012/1, АДЕКСАМ, Гостивар -Македонија, стр. 48-65.

- *Дериватвните наставки во валандовскиот јуручки говор (Македонија)* (Valandova (Makedonya) Yörük Ağzında Yapım Ekleri), Центар за турколошките истражувања на Балканот, научноистражувачко турколошко списание - БАЛ-ТАМ, Год. 8, Бр. 17, септември 2012, Призрен, стр. 179-196.

- *Наставките за деклинација (инфлексија на именките) во турскиот говор во Гостиварско - Македонија* (Makedonya-Gostivar Yöresi Türk Ağzında İsim Çekim Ekleri), научноистражувачкото списание (Journal Of Scientific Research) - ХИКМЕТ, Год. 10, Бр. 20, ноември 2012/2, АДЕКСАМ, Гостивар -Македонија, стр. 18-28.

Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборници на трудови од научни/стручни собири:

- *Дериватвните наставки во турскиот говор во валандовско (Македонија)* (Makedonya Valandova Yöresi Türk Ağzında Yapım Ekleri), Uluslararası Türk Dili Kurultayı Bildirileri, 20-25 Ekim 2008, Türk Dil Kurumu Yayınları, Ankara, s. 2271-2288.

- *Акцентот во турскиот говор во валандовско* (Valandova Yöresi Türk Ağzında Vurgu), 16. Uluslararası Türk Kültürü Sempozyumu, 9 Mayıs 2011, Üsküp/Makedonya, Bildiriler, Halk Kültürü Araştırmaları Kurumu, Ankara 2011, s. 382-388.

Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборници на трудови:

- *Турскиот говор во Валандовско*, Годишен зборник на Филолошки факултет "Блаже Конески" - Скопје, Книга 35, Скопје 2009, стр. 401 - 414.

- *Вокалната хармонија во турскиот говор во Валандовско,* Годишен зборник на Филолошки факултет "Блаже Конески" - Скопје, Книга 36, Скопје, 2010, стр. 173 - 181.

- *Јуруците во Република Македонија,* Годишен зборник на Филолошки факултет "Блаже Конески" – Скопје, Книга 38, Скопје, 2012, стр. 439-448.

Учество на домашни и меѓународни симпозиуми, научни собири, научни работилници и конгреси:

- *Краток осврт кон јуруцуте во Р. Македонија,* 13. Меѓународен симпозиум на турската народна култура, 12 мај 2008 Скопје.

- *Дериватвните наставки во турскиот говор во валандовско (Македонија)* (Makedonya Valandova Yöresi Türk Ağzında Yapım Ekleri), VI меѓународен конгрес на турскиот јазик, 20-25 октомври, 2008 Анкара.

- *Акцентот во турскиот говор во Валандовско* (Valandova Yöresi Türk Ağzında Vurgu), 16. Меѓународен симпозиум на турската народна култура, 9 мај 2011 Скопје.

- *Кратките и долгите вокали во турскиот говор во Валандовско (Македонија)* (Valandova Yöresi Türk Ağzında Uzun ve Kısa Ünlüler (Makedonya)), 4. Меѓународна научна работилница на современите турски говори, 27-29 октомври 2011 Едрене.

- *Наставките за деклинација (инфлексија на именките) во турскиот говор во Гостиварско* (Gostivar Yöresi Türk Ağzında İsim Çekim Ekleri), 17. Меѓународен симпозиум на турската култура, 4-7 мај 2012 Скопје.

- *Türkoloji Çalıştayı Üsküp (Стручен турколошки собир во Скопје),* 05 Şubat, Üsküp 2012, Makedonya.

- *Balkan Türkologları Bilim Toplantısı (Научен собир на балканските турколози),* 24-29 Mayıs, Saraybosna 2012, Bosna Hersek.

- *Türkiye Dışında Ana Dili Olarak Türkçe Öğretimi*, 2. Türkçe Çalıştayı , Yunus Emre Enstitüsü, (2. Научна работилница на турскиот јазик, Институт Јунус Емре), 19-21 Aralık, Üsküp 2012, Makedonya.

Заклучок и предлог на Рецензентската комисија

Долгогодишното и активното учество на доц. д-р Назим Ибрахим на полето на образованието и работата во разни стручни тела, претставува значаен сегмент во неговиот животен и работен век. Во научната и стручната јавност, д-р Назим Ибрахим е познат како

плоден творец и неуморен образовен работник. Од анализата на неговиот опус можат да се согледат резултатите кои укажуваат на богат и успешен повеќедецески континуиран научен развој и плодна активност на Факултетот и надвор од него. Тој се одликува со совесност и сериозност во исполнувањето на работните обврски. Како колега и професор е многу почитуван и ценет од страна на колегите и студентите.

Со оглед на погоре изнесеното, Рецензентската комисија му предлага на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје да го прифати предложениот извештај и да го избере доц. д-р Назим Ибрахим во звањето вонреден професор по предметите: **фонетика на турскиот јазик, дијалектологија на турскиот јазик, историја на турскиот јазик, лексикологија и фразеологија на турскиот јазик и османско-турски јазик.**

Скопје,
15.1.2013

Членови на Рецензентската комисија

1. Проф. д-р Октај Ахмед (вонреден професор), претседател, с.р.

2. Проф. д-р Марјан Марковиќ (редовен професор), член, с.р.

3. Проф. д-р Севин Алил (вонреден професор) член, с.р.

ОБРАЗЕЦ

КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ

Кандидат: **Назим Салахудин Ибрахим**

Институција: **Филолошки факултет „Блаже Конески“ - Скопје**

Научна област: **јазик**

НАСТАВНО–ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ред. Бр.	Назив на активноста	Поени
1	Фонетика на турскиот јазик 1 (мајчин) (2+0), зимски семестар 2008/2009 (2 x 15 x 0,04)	1,2
2	Фонетика на турскиот јазик 1 (мајчин) (2+0), зимски семестар 2009/2010 (2 x 15 x 0,04)	1,2
3	Фонетика на турскиот јазик 1 (мајчин) (2+2), зимски семестар 2010/2011 (2 x 15 x 0,04) + (2 x 15 x 0,03)	1,2 + 0,9 = 2,1
4	Фонетика на турскиот јазик 1 (мајчин) (2+0), зимски семестар 2011/2012 (2 x 15 x 0,04)	1,2
5	Фонетика на турскиот јазик 1 (мајчин) (2+0), зимски семестар 2012/2013 (2 x 15 x 0,04)	1,2
6	Фонетика на турскиот јазик 2 (мајчин) (2+0), летен семестар 2009/2010 (2 x 15 x 0,04)	1,2
7	Фонетика на турскиот јазик 2 (мајчин) (2+2), летен семестар 2010/2011 (2 x 15 x 0,04) + (2 x 15 x 0,03)	1,2 + 0,9 = 2,1
8	Фонетика на турскиот јазик 2 (мајчин) (2+0), летен семестар 2011/2012 (2 x 15 x 0,04)	1,2
9	Фонетика на турскиот јазик 1 (немајчин) (2+0), зимски семестар 2008/2009 (2 x 15 x 0,04)	1,2
10	Фонетика на турскиот јазик 1 (немајчин) (2+0), зимски семестар 2009/2010 (2 x 15 x 0,04)	1,2
11	Фонетика на турскиот јазик 1 (немајчин) (2+2), зимски семестар 2010/2011 (2 x 15 x 0,04) + (2 x 15 x 0,03)	1,2 + 0,9 = 2,1
12	Фонетика на турскиот јазик 1 (немајчин) (2+2), зимски семестар 2011/2012 (2 x 15 x 0,04) + (2 x 15 x 0,03)	1,2 + 0,9 = 2,1
13	Фонетика на турскиот јазик 1 (немајчин) (2+0), зимски семестар 2012/2013 (2 x 15 x 0,04)	1,2
14	Фонетика на турскиот јазик 2 (немајчин) (2+0), летен семестар 2009/2010 (2 x 15 x 0,04)	1,2
15	Фонетика на турскиот јазик 2 (немајчин) (2+2), летен семестар 2010/2011 (2 x 15 x 0,04) + (2 x 15 x 0,03)	1,2 + 0,9 = 2,1
16	Фонетика на турскиот јазик 2 (немајчин) (2+2), летен семестар 2011/2012 (2 x 15 x 0,04) + (2 x 15 x 0,03)	1,2 + 0,9 = 2,1

17	Лексикологија и фразеологија на турскиот јазик (мајчин) (2+0), летен семестар 2008/2009 (2 x 15 x 0,04)	1,2
18	Лексикологија и фразеологија на турскиот јазик (немајчин) (2+0), летен семестар 2008/2009 (2 x 15 x 0,04)	1,2
19	Дијалектологија на турскиот јазик 1 (2+0), зимски семестар 2008/2009 (2 x 15 x 0,04)	1,2
20	Дијалектологија на турскиот јазик 1 (2+2), зимски семестар 2009/2010 (2 x 15 x 0,04) + (2 x 15 x 0,03)	1,2 + 0,9 = 2,1
21	Дијалектологија на турскиот јазик 1 (2+2), зимски семестар 2010/2011 (2 x 15 x 0,04) + (2 x 15 x 0,03)	1,2 + 0,9 = 2,1
22	Дијалектологија на турскиот јазик 2 (2+0), летен семестар 2008/2009 (2 x 15 x 0,04)	1,2
23	Дијалектологија на турскиот јазик 2 (2+2), летен семестар 2009/2010 (2 x 15 x 0,04) + (2 x 15 x 0,03)	1,2 + 0,9 = 2,1
24	Дијалектологија на турскиот јазик 2 (2+2), летен семестар 2010/2011 (2 x 15 x 0,04) + (2 x 15 x 0,03)	1,2 + 0,9 = 2,1
25	Историја на турскиот јазик 1 (2+0), зимски семестар 2008/2009 (2 x 15 x 0,04)	1,2
26	Историја на турскиот јазик 1 (2+2), зимски семестар 2009/2010 (2 x 15 x 0,04) + (2 x 15 x 0,03)	1,2 + 0,9 = 2,1
27	Историја на турскиот јазик 1 (2+2), зимски семестар 2010/2011 (2 x 15 x 0,04) + (2 x 15 x 0,03)	1,2 + 0,9 = 2,1
28	Историја на турскиот јазик 1 (2+0), зимски семестар 2011/2012 (2 x 15 x 0,04)	1,2
29	Историја на турскиот јазик 1 (2+0), зимски семестар 2012/2013 (2 x 15 x 0,04)	1,2
30	Историја на турскиот јазик 2 (2+0), летен семестар 2008/2009 (2 x 15 x 0,04)	1,2
31	Историја на турскиот јазик 2 (2+2), летен семестар 2009/2010 (2 x 15 x 0,04) + (2 x 15 x 0,03)	1,2 + 0,9 = 2,1
32	Историја на турскиот јазик 2 (2+2), летен семестар 2010/2011 (2 x 15 x 0,04) + (2 x 15 x 0,03)	1,2 + 0,9 = 2,1
33	Историја на турскиот јазик 2 (2+0), летен семестар 2011/2012 (2 x 15 x 0,04)	1,2
34	Турскиот јазик 1. (Ц) (2+0), зимски семестар 2008/2009 (2 x 15 x 0,04)	1,2
35	Турскиот јазик 2. (Ц) (2+0), летен семестар 2008/2009 (2 x 15 x 0,04)	1,2
36	Турскиот јазик 3. (Ц) (2+0), зимски семестар 2008/2009 (2 x 15 x 0,04)	1,2
37	Турскиот јазик 4. (Ц) (2+0), летен семестар 2008/2009 (2 x 15 x 0,04)	1,2
38	Турскиот јазик 3. (Ц) (2+0), зимски семестар 2009/2010 (2 x 15 x 0,04)	1,2
39	Турскиот јазик 4. (Ц) (2+0), летен семестар 2009/2010 (2 x 15 x 0,04)	1,2
40	Османско-турски јазик 1 (мајчин) (2+0), зимски семестар 2011/2012 (2 x 15 x 0,04)	1,2
41	Османско-турски јазик 1 (мајчин) (2+0), зимски семестар 2012/2013 (2 x 15 x 0,04)	1,2
42	Османско-турски јазик 2 (мајчин) (2+0), летен семестар 2011/2012 (2 x 15 x 0,04)	1,2

43	Османско-турски јазик 1 (немајчин) (2+0), зимски семестар 2011/2012 (2 x 15 x 0,04)	1,2
44	Османско-турски јазик 1 (немајчин) (2+0), зимски семестар 2012/2013 (2 x 15 x 0,04)	1,2
45	Османско-турски јазик 2 (немајчин) (2+0), летен семестар 2011/2012 (2 x 15 x 0,04)	1,2
46	Османско-турски јазик 3 (2+0), зимски семестар 2011/2012 (2 x 15 x 0,04)	1,2
47	Османско-турски јазик 3 (2+0), зимски семестар 2012/2013 (2 x 15 x 0,04)	1,2
48	Османско-турски јазик 4 (2+0), летен семестар 2011/2012 (2 x 15 x 0,04)	1,2
49	Османско-турски јазик 3 (2+0), зимски семестар 2009/2010 (2 x 15 x 0,04) (Филозофски факултет	1,2
50	Османско-турски јазик 4 (2+0), летен семестар 2009/2010 (2 x 15 x 0,04) (Филозофски факултет	1,2
	Вкупно бодови за одржување на настава во прв циклус на студии	**72,6**
	Одржување на настава во втор циклус студии	
1	Постдипломски (втор циклус) студии, насока: јазик. Историја на турскиот јазик 2010/2011 (I семестар 15 часа) (15 x 0,05)	0,75
2	Постдипломски (втор циклус) студии, насока: јазик. Дијалектологија на турскиот јазик, 2010/2011 (2 семестар 15 часа) (15 x 0,05)	0,75
3	Постдипломски (втор циклус) студии, насока: јазик. Историја на турскиот јазик, 2011/2012 (2 семестар 15 часа) (15 x 0,05)	0,75
	Вкупно бодови од одржување на настава во втор циклус на студии	**2,25**
	Консултации со студенти	
1	Консултации со студенти 2008/2009 (130) (130 x 0,002) x (2 семестар)	0,52
2	Консултации со студенти 2009/2010 (153) (153 x 0,002) x (2 семестра)	0,612
3	Консултации со студенти 2010/2011 (156) (156 x 0,002) x (2 семестра)	0,624
4	Консултации со студенти 2011/2012 (160) (160 x 0,002) x (2 семестра)	0,64
5	Консултации со студенти 2012/2013 (125) (125 x 0,002) x (1 семестар)	0,25
	Вкупно бодови за одржани консултации	**2,646**
	Член на комисија за оцена или одбрана на докторат	
1	Член на Комисијата за одбрана на докторскиот труд на м-р Марија Леонтиќ.	0,5
2	Член на Комисијата за оценка на докторскиот труд на м-р Актан Аго. Решение: бр. 09-494/9 од 28.12.2009 год.	0,5
3	Член на Комисијата за одбрана на докторскиот труд на м-р Актан Аго. Решение: бр. 09-494/12 од 5.2.2010 год.	0,5
4	Член на Комисијата за оцена на докторскиот труд на м-р Енис Керван. Решение: бр. 09-648/13 од 7.12.2012 год.	0,5
	Вкупно бодови за член на комисија за оцена или одбрана на докторат	**2,0**
	Член на комисија за оцена или одбрана на магистратура	
1	Член на Комисијата за оцена на магистерскиот труд на Мајда Шабанова. Решение: бр. 09-635/6 од 24.2.2009.	0,3

2	Член на комисијата за одбрана на магистерскиот труд на Мајда Шабанова. Решение: бр. 09-635/7 од 14.4.2009.	0,3
3	Член на Комисијата за оцена на магистерскиот труд на Зејнеп Хусејин. Решение: бр. 09-429/10 од 29.12.2010 год.	0,3
4	Член на комисијата за одбрана на магистерскиот труд на Зејнеп Хусејин. Решение: бр. 09-429/11 од 5.4.2011 год.	0,3
	Вкупно бодови за член на комисија за оцена или одбрана на магистратура	**1,2**
	Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа	
1	Ментор на дипломска работа: Шејма Ајдин, Насуф Шакири, Бојана Тапарчевиќ, Сами Мутлу, Миралем Ѓувен, Онур Абдији, Семахат Садик, Хасан Еге, Рефик Бошнак, Хабил Јенер, Дерја Балџи, Семра Орхан, Фарук Аџар, Огузхан Чагри Сербес, Ферхат Чобан, Музафер Озер, Илкер Јусуф (17 x 0,2)	3,4
2	Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа: Ивица Трајковски, Гордана Велковска, Елма Ибровиќ, Лилјана Трајковска, Ерхан Ујар, Месуде Суслу, Гулај Исмаил, Нациje Умер, Сафије Хусејин, Бисера Пешевска, Ергин Баки, Сања Мирославева, Мухамед Сулејманоски, Ерсин Керала, Севдија Демирова-Абдулова, Џанер Сезаир, Катерина Наумовска, Назире Ибрахим, Јасмина Драшко, Христина Зојческа, Сабиха Лочи, Гуласфије Мелани, Сабиха Пиргоз, Џихангир Џелал Ерсој, Сејфулах Озџан, Сејхан Муртезан Ибрахим, Нациje Хасан, Зулфиќар Максут, Себаат Илјаз, Серхан Ертем, Ненад Стојмановиќ, Али Џошкуноглу, Сузанка Сејфовска, Магдалена Котески, Александра Аранѓеловиќ (35 x 0,1)	3,5
	Вкупно бодови за член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа	**6,9**
	Рецензент на универзитетски учебник	
1	Одлука: бр. 08-1294/2 од 27.9.2011, член на Рецензенската комисија за оцена на учбеникот под наслов „Јазикот, стиловите, поимите и мотивите во Диванската книжевност “, изработен од доц. д-р Фадил Хоџа.	1
	Вкупно бодови за рецензент на универзитетски учебник	**1**
	Рецензент на статии	
1	Рецензент на трудот на доц. д-р Фадил Хоџа под наслов „Историски преглед на развојот на турско-чагатајскиот јазик и литература“, објавен во Годишниот зборник на Филолошкиот факултет “Блаже Конески“ во Скопје, Книга 35, Скопје, 2009, стр. 207-216 .	0,5
2	Рецензент на трудот на м-р Хулја Давут Скука под наслов „Makedonya Türklerinin Yazı Dilinde Deyimler “, објавен во научноистражувачкото списание (Journal Of Scientific Research) - ХИКМЕТ, Год. 8, Бр. 16, ноември 2010/2, АДЕКСАМ, Гостивар -Македонија, стр. 88-98.	0,5
3	Рецензент на трудот на доц. д-р Нуман Аруч под наслов „Olivera Yaşar-Nasteva'nın Makedonca-Türkçe Sözlük Denemesi “, објавен во научноистражувачкото списание (Journal Of Scientific Research) - ХИКМЕТ, Год. 8, Бр. 16, ноември 2010/2, АДЕКСАМ, Гостивар -	0,5

	Македонија, стр. 18-36.	
4	Рецензент на трудот на Доц. д-р Фадил Хоџа под наслов „Поетските особености на диванот (газелите) на државникот и поет Бабур Шах“, објавен во Годишниот зборник на Филолошкиот факултет “Блаже Конески“ во Скопје, Книга 38, Скопје 2012, стр. - .	0,5
	Вкупно бодови за рецензент на статии	**2**
	Вкупен број бодови за наставно-образовна дејност	**90,596**

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. Бр.	Назив на активности	Поени
	Ментор на магистерски труд	
1	Ментор при изработка на магистерскиот труд на Сезен Сејфулах. Решение: бр. 09-364/3 од 27.4.2012 год.	**1**
	Труд со оргинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание	
1	*Вокалната хармонија во турскиот говор во Врапчиште и околината* (Vrapçişte ve Çevresi Türk Ağzında Ünlü Uyumu), научноистражувачкото списание (Journal Of Scientific Research) - ХИКМЕТ, Год. 8, Бр. 16, ноември 2010/2, АДЕКСАМ, Гостивар -Македонија, стр. 37-46.	4
2	*Акцентот в0 турскиот говор во валандовско* (Valandova Yöresi Türk Ağzında Vurgu), Центар за турколошките истражувања на Балканот, научноистражувачко турколошко списание - БАЛ-ТАМ, Год. 8, Бр. 16, март 2012, Призрен, стр. 239-247.	4
3	*Кратките и долгите вокали во турскиот говор во Валандовско (Македонија)* (Makedonya - Valandova Yöresi Türk Ağzında Uzun ve Kısa Ünlüler), научноистражувачкото списание (Journal Of Scientific Research) - ХИКМЕТ, Год. 10, Бр. 19, Мај 2012/1, АДЕКСАМ, Гостивар -Македонија, стр. 48-65.	4
4	*Дериватвните наставки во валандовскиот јуручки говор (Македонија)* (Valandova (Makedonya) Yörük Ağzında Yapım Ekleri), Центар за турколошките истражувања на Балканот, научноистражувачко турколошко списание - БАЛ-ТАМ, Год. 8, Бр. 17, септември 2012, Призрен, стр. 179-196.	4
5	*Наставките за деклинација (инфлексија на именките) во турскиот говор во Гостиварско - Македонија* (Makedonya-Gostivar Yöresi Türk Ağzında İsim Çekim Ekleri), научноистражувачкото списание (Journal Of Scientific Research) - ХИКМЕТ, Год. 10, Бр. 20, ноември 2012/2, АДЕКСАМ, Гостивар -Македонија, стр. 18-28.	4
	Вкупно бодови за **труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание.**	**20**
	Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир	
1	*Дериватвните наставки во турскиот говор во Валандовско (Македонија)* (Makedonya Valandova Yöresi Türk Ağzında Yapım Ekleri),	2

	Uluslararası Türk Dili Kurultayı Bildirileri, 20-25 Ekim 2008, Türk Dil Kurumu Yayınları, Ankara, s. 2271-2288.	
2	*Акцентот во турскиот говор во Валандовско* (Valandova Yöresi Türk Ağzında Vurgu), 16. Uluslararası Türk Kültürü Sempozyumu, 9 Mayıs 2011, Üsküp/Makedonya, Bildiriler, Halk Kültürü Araştırmaları Kurumu, Ankara 2011, s. 382-388.	2
	Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир.	**4**
	Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови.	
1	*Турскиот говор во Валандовско*, Годишен зборник на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје, Книга 35, Скопје 2009, стр. 401 - 414.	2
2	*Вокалната хармонија во турскиот говор во Валандовско,* Годишен зборник на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје, Книга 36, Скопје, 2010, стр. 173 - 181.	2
3	*Јуруџуте во Република Македонија,* Годишен Зборник на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје, Книга 38, Скопје 2012, стр. 439-448.	2
	Вкупно бодови за труд со оргинални научни / стручни резултати објавен во зборник на трудови.	**6**
	Учество на научен стручен/собир со реферат	
1	*Краток осврт кон јуруџуте во Р. Македонија,* 13. Меѓународен симпозиум на турската народна култура, 12 мај, 2008 Скопје.	1
2	*Дериватвните наставки во турскиот говор во валандовско (Македонија)* (Makedonya Valandova Yöresi Türk Ağzında Yapım Ekleri), VI меѓународен конгрес на турскиот јазик, 20-25 октомври, 2008 Анкара.	1
3	*Акцентот во турскиот говор во валандовско* (Valandova Yöresi Türk Ağzında Vurgu), 16. Меѓународен симпозиум на турската народна култура, 9 мај, 2011 Скопје.	1
4	*Кратките и долгите вокали во турскиот говор во валандовско (Македонија)* (Valandova Yöresi Türk Ağzında Uzun ve Kısa Ünlüler (Makedonya)), 4. Меѓународна научна работилница на современите турски говори, 27-29 октомври, 2011 Едрене.	1
5	*Наставките за деклинација (инфлексија на именките) во турскиот говор во гостиварско* (Gostivar Yöresi Türk Ağzında İsim Çekim Ekleri), 17. Меѓународен симпозиум на турската култура, 4-7 мај, 2012 Скопје.	1
	Вкупно бодови за учество на научен стручен/собир со реферат	**5**
	Учество на научни собири и работилници	
1	Türkoloji Çalıştayı Üsküp (Едукативна работилница по туркологија во Скопје), 05 Şubat, Üsküp 2012, Makedonya.	1
2	Balkan Türkologları Bilim Toplantısı (Научен собир на балканските турколози), 24-29 Mayıs, Saraybosna 2012, Bosna Hersek.	1
3	*Türkiye Dışında Ana Dili Olarak Türkçe Öğretimi*, 2. Türkçe Çalıştayı ,	1

	Yunus Emre Enstitüsü, (2. Научна работилница на турскиот јазик, Институт Јунус Емре), 19-21 Aralık, Üsküp 2012, Makedonya.	
	Вкупно бодови од учество на научни собири и работилници	**3**
	Вкупно бодови од научноистражувачка дејност	**39**

СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Ред. Бр.	**Назив на активности**	**Поени**
	Член на факултетска комисија	
1	Одлука бр. 07-1684/1 од 29.10.2008 год.; член на Комисијата за награден конкурс за доделување на наградата "Бкаже Конески" по повод патронатот на Филолошкиот факултет.	0,5
2	Одлука бр. 02-1443/1 од 25.9.2009 год.; член на Редакцискиот одбор на Годишниот зборник на Филолошкиот Факултет „Блаже Конески" во Скопје. (2009/2010)	0.5
3	Решение **(?) Бр. 02-1019/6/1 од 16.9.2009,** заменик-шеф на Катедрата за турски јазик и книжевност за уч. 2009/2010 и 2010/2011 год.	1
4	Решение бр. 02-1019/13 од 19.11.2009 год.; секретар на Катедрата за турски јазик и книжевност 2009/2010 и 2010/2011 год.	1
5	Решение бр. 05-1338/1 од 19.11-2007 год., член на Централна комисија.	0,5
6	Решение бр. 05-1222/1 од 3.11.2008 год., член на Комисијата за попис на библиотечниот фонд - Катедра за турски јазик и книжевност.	0,5
7	Решение бр. 05-1853/1 од 26.11.2009 год., член на Комисијата за попис на библиотечниот фонд - Катедра за турски јазик и книжевност.	0,5
8	Решение бр. 05-1380/1 од 22.10.2010 год., член на Комисијата за попис на библиотечниот фонд - Катедра за турски јазик и книжевност.	0,5
9	Решение бр. 05-1938/1 од 14.12-2011 год., член на Комисија за попис на постојани средства.	0,5
10	Решение бр. 05-1711/1 од 22.11.2012 год.; претседател на Комисија за попис на библиотечниот фонд - Катедра за турски јазик и книжевност.	0,5
11	Одлука бр. 02-869/70 од 4.11.2009 год.; поткомисии за евалуација на ниво на студиските групи на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје, Катедра за турски јазик и книжевност, студиска програма по турски јазик и книжевност (мајчин + немајчин).	1
12	Член во Одборот за постдипломски студии од 2009/2010, 2010/2011; 2011/2012, 2012/2013. (2x0,5)	1
13	Член на Наставно- научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје.	1
14	Одлука бр. 09-1512/2 од 8.10-2009 год.; член на Комисијата за избор на демонстратори на Катедрата за турски јазик и книжевност.	0,5
15	Член на Здружението на наставници по турски јазик во Скопје/ Р. Македонија 2009/2010/2011/2012 (4 години x 0,5)	2
16	Член на Собранието на турската невладина организација „Абдулхаким Хикмет Доган", Здружение за просвета, култура и уметност (АДЕКСАМ) – Гостивар, Македонија, од 2005 година.	1

17	Член на Научниот и Арбитражниот одбор (Science and Arbitral Board) на меѓународното научноистражувачко списание (International Journal Of Scientific Research) ХИКМЕТ, АДЕКСАМ - Гостивар, Македонија, од 2007 година.	1
	Член на организациски комитет	
18	*7. Меѓународен Ататурк-конгрес,* Скопје – Битола, Македонија, 17-22 октомври 2011, МАНУ.	0,5
19	*Меѓународен конгрес „Балканот на Евлија Челеби“,* Скопје, Македонија, 16-20 април 2012, МАНУ.	0,5
	Учество во комисии и тела на државни и други органи	
20	Уверение бр. 02-172/1 од 11.4.2009 год., **член на Советот на општина Врапчиште (2009, 2010, 2011 год.).**	2
	Член на комисија за избор во звање	
21	Член на Комисијата за избор на кандидатот Низам Решит во звањето лектор за потесно подрачје - турски јазик на Факултетот за исламски науки во Скопје (16.2.2009 год.).	0,2
	Вкупно бодови од стручно апликативна дејност	**16,7**

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ДОЦ. Д-Р НАЗИМ ИБРАХИМ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕТО ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР	Поени
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	90,596
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	**39**
СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ	16,7
Вкупно	**146,296**

Скопје,
15.1.2013

Членови на Рецензентската комисија

1. Проф. д-р Октај Ахмед (вонреден професор), претседател, с.р.

2. Проф. д-р Марјан Марковиќ (редовен професор), член, с.р.

3. Проф. д-р Севин Алил (вонреден професор) член, с.р.

РЕЦЕНЗИЈА

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ПРАГМАТИЧКАТА УЛОГА НА МЕТАДИСКУРСНИТЕ МАРКЕРИ ПРИ ГРАДЕЊЕТО И ПОСТИГНУВАЊЕТО *УБЕДУВАЊЕ* ВО ПИШАНИОТ И ГОВОРЕН ТЕКСТ ВО АНГЛИСКИОТ И ВО МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК", ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р ЗОРИЦА ТРАЈКОВА, ПРИЈАВЕНА НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАЛУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ" ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје, на триесет и третата редовна седница одржана на 17 декември 2012 година, донесе решение за формирање на Рецензентска комисија во состав: д-р Елени Бужаровска, д-р Јованка Лазаревска-Станчевска, д-р Анета Дучевска, д-р Томислав Треневски и д-р Станислава-Сташа Тофоска-Јанеска, за оцена на докторската дисертација „Прагматичката улога на метадискурсните маркери при градењето и постигнувањето *убедување* во пишаниот и говорен текст во англискиот и во македонскиот јазик" од м-р Зорица Трајкова.

Рецензентската комисија го разгледа трудот и го поднесува следниов

ИЗВЕШТАЈ

Докторската дисертација „Прагматичката улога на метадискурсните маркери при градењето и постигнувањето *убедување* во пишаниот и говорен текст во англискиот и во македонскиот јазик", од м-р Зорица Трајкова, содржи вкупно 269 страници во кои се вклучени библиографијата и прилозите (прашалникот и примероците од анализираните текстови).

М-р Трајкова се определи за тема од областа на анализата на дискурсот како природно надоврзување на својот магистерски труд од констрастивната прагматика во која таа ја истражуваше употребата на различните стратегии на изразување *барања* во македонскиот и во англискиот јазик. Стекнатите сознанија од областа на теоријата на говорни чинови, м-р Трајкова во овој труд ги проширува и ги продлабочува проучувајќи еден друг говорен чин - убедување. Убедувањето се смета како комплексен говорен чин што треба да се проучува во рамките на теоријата на аргументација. Кандидатката ја дефинира аргументацијата како дејство преку кое

говорителот настојува со помош на јазични средства да го трансформира ставот на својот соговорник. За разлика од теоријата на говорни чинови која оперира со минималните единици на комуникација на реченично ниво, теоријата на аргументацијата се занимава со текстуални единици. Оттука, теоријата на аргументацијата треба да ја надополни теоријата на говорните чинови. Убедувањето, како перлокуторен чин, е успешно ако говорителот успеал да го убеди слушателот да го прифати изразеното гледиште на кое се однесува аргументацијата на говорителот. Познато е дека со изразувањето на локуторниот чин истовремено се извршува илокуторен чин, т.е. се изразуваат различни функции како: барање, информирање, предупредување, критикување и сл. Дејството што го има чинот врз слушателите е познат како *перлокуторен чин,* како на пример, чин на убедување, изненадување, и др. Во овој труд, под метадискурс се подразбираат јазичните средства со помош на кои авторот на текстот „манипулира" со читателот или слушателот за да го убеди во нешто. Метадискурсните маркери формално претставуваат хетерогена група кои опфаќаат лексички единици, изрази, реченици, па дури и цели параграфи. Метадискурсот изразува два типа односи на говорителот: кон тоа што го кажува и кон слушателот. Во македонската наука за јазикот како метадискурс може да се сметаат *модалните коментари* (Чашуле И. „За модалните зборови во македонскиот литературен јазик" *Зборник трудови во чест на Радмила Угринова-Скаловска,* 1997) кои зборувачот ги надградува над реченицата за да го изрази своето становиште и кои се разликуваат од т.н. текстуални сврзници чија основна функција е кохезивната.

Главната заслуга на овој научен труд е дека кандидатката, избирајќи една сосема нова тема во македонската наука за јазикот, ја применила методологијата и научните принципи на една нова научна област како што е анализа на метадискурсот врз македонскиот материјал. Покрај јасната структура и богатата библиографија со најнови извори од предметната литература, трудот на м-р Трајкова внесува свежина и во поглед на самиот материјал што се анализира, бидејќи предметот на истражување се автентични текстови. Тој факт го зголемува значењето на анализата и веројатноста дека резултатите се валидни и релевантни. Текстовите им припаѓаат на судскиот и на медиумскиот дискурс во двата јазика: дел од усното јазично изразување во судството и на телевизија (завршни зборови на адвокатите во суд, кратките говори на учесниците на ТВ дебати), како и пишани новинарски текстови (воведници во весници). Авторката истакнува дека за постигнување на пообјективна оцена за убедливоста на секој текст, таа направила избор на посекојдневни, политички неутрални теми. Сепак, не се исклучува можноста дека

испитаниците биле однапред убедени во вистинитоста на она за што се зборува или што е напишано. Веројатноста дека некој ќе се убеди во она што го чита или слуша исто така зависи од издржаноста на понудените аргументи, како и од структурата на самиот говорен чин.

Кандидатката избира метод единствено оправдан при анализа на формално различни средства, а тоа е анализа што поаѓа од значењето кон формата: во трудот не се анализира некоја поединечна конструкција или лексема, туку се обработуваат мноштво конструкции меѓусебно поврзани со една функција. Овој пристап овозможува подобро да се разјасни улогата на јазичните средства во феноменот на убедување и на тој начин кандидатката доаѓа до релевантни заклучоци кои го откриваат механизмот на овој перлокуциски чин во македонскиот јазик. Анализата се базира врз статистичка обработка на добиените податоци од автентичен снимен и пишан материјал од англискиот и македонскиот јазик што м-р Трајкова самата го создала. Покрај снимање и собирање на јазичен материјал, кандидатката користела и други стандардни инструменти на истражување како што се прашалници. Со нив се добиваат одговори поврзани со перцепцијата на говорителите за убедливоста на секој анализиран текст.

Во ова истражување, м-р Трајкова ги поставува следниве цели: (а) да го утврди инвентарот на текстуалните и интерперсоналните метадискурсни маркери во македонскиот и во англискиот јазик; (б) да ја покаже разликата во употребата на маркерите во текстови од различни жанрови во двата јазика; (в) да го истражи влијанието што го имаат овие маркери во убедувањето на читателите или слушателите на односниот текст. Тоа треба да ја открие релацијата меѓу бројот и типот на маркерите и убедливоста на текстот.

Основните хопотези кои авторката сака да ги докаже во истражувањето се следните: дека дистрибуцијата на дискурсните маркери за убедување зависи од жанрот на текстот, и дека текстовите со поголема употреба на метадискурсни маркери се оценети како поубедливи. За таа цел, кандидатката применува т.н. широко толкување не феноменот метадискурс кое подразбира поголема функционална зона на овие маркери од традиционалното толкување, односно вклучување на повеќе елементи кои се сметаат како метадискурсни средства. Откако нив ги наоѓа во секој анализиран текст (паралелни македонски и англиски текстови), авторката ги класифицира според функцијата што ја имаат во текстот и статистички ја дава нивната дистрибуција. По квантитативната анализа, авторката спроведува квалитативна анализа на секоја категорија маркери и заклучува дека степенот на поседување на истата метадискурна функција - убедување - кај тие средства зависи

од жанрот на текстот. Посебно е важно дека кандидатката не се ограничува на одвоена анализа за секој јазик, туку понатаму ги контрастира резултатите од паралелните анализи. Со споредба на тие средства во двата јазика, таа ги наоѓа сличностите и разликите како во дистрибуцијата, така и во силата на убедување на секоја категорија маркери. Таквата споредбена анализа во трудот има големо значење за понатамошниот развој на констрастивната прагматика и меѓукултурната комуникација.

Дисертацијата се состои од пет дела, покрај воведот, библиографијата и прилозите. Во воведот и првото поглавје се објаснуваат мотивите кои придонеле за одлуката на кандидатката да ја проучува оваа тема и основните теориски поставки врз кои се темели истражувањето. М-р Трајкова аргументирано ја образложува потребата за проучување на начините со кои се изразува метадискурсот на убедувањето, при што тој е дефиниран како збир на јазични средства со кои говорителот влијае врз своите соговорници во прифаќањето на својот став. Авторката поаѓа од тезата дека во основата на способноста на одредени луѓе да убедуваат подобро од други лежи правилната употреба на разни метадискурсни средства. За да ја докаже тезата, м-р Трајкова спроведува две истражувања чии резултати потем ги конфронтира.

Првото истражување (поглавје 2 и 3) се базира врз анализа на корпусот што се состои од 18 воведници (9 од македонски и 9 од американски весници), 18 извадоци од ток-шоуа што тука се нарекуваат *кратки говори* (9 од американски и 9 од македонски) и 10 *завршни зборови* од судења (5 од американски судења и 5 од македонски). Треба да се напомене дека *кратките говори* и *завршните зборови* се транскрибирани од снимен говорен материјал. Користејќи ја теориската рамка на Хајланд (*Hyland, K. Hedging in Academic Writing and ESP Textbooks. English for Specific Purposes, 1994.*) за класификација на метадискурсни маркери, м-р Трајкова нив ги дели на две големи групи: текстуални (маркери што експлицитно го организираат дискурсот) и интерперсонални (маркери со кои авторот ги вклучува соговорниците во текстот и со кои го сигнализира својот став кон текстот). Првично анализата е насочена кон утврдување на дистрибуција на маркерите на три различни нивоа: одделно во секој од двата јазика, во пишан наспрема говорен текст и дистрибуција на маркерите помеѓу трите жанра. По извршената анализа на текстовите од корпусот, сите маркери се класифицираат според нивната функција во подгрупи, а почестите маркери семантички се анализираат.

Во второто истражување од трудот (поглавје 4) се анализира врската помеѓу употребата на метадискурсните маркери и нивото на убедливост на секој од овие текстови. Ова истражување се вршеше со прашалник во кој учествувале американски и македонски испитаници (по сто и дваесет родени говорители од секоја земја). Петтото поглавје претставува споредба помеѓу двете истражувања со заклучоци кои се однесуваат на прагматичката улога на метадискурсните маркери во пишаните и говорните текстови во македонскиот и во англискиот јазик.

Заклучоците на анализата се посебно релевантни за меѓукултурната прагматика, бидејќи откриваат дека во истите жанрови македонските говорители имаат различни тенденции во употребата на интерперсоналниот метадискурс од американските говорители. Од првото истражување, кое е квантитативно ориентирано, произлегува дека постои значителна разлика во употребата на овој тип маркери во *завршните зборови* кај англиските текстови. Авторката претпоставува дека тоа се должи на различен формат на овој жанр во двете општества. Во *воведниците* најчесто се среќаваат *вклучувачките маркери* (почесто во македонскиот корпус), што покажува дека македонските колумнисти ја нагласуваат својата присутност во текстот повеќе од нивните американски колеги, а, пак, американските колумнисти се обидуваат да влијаат врз мислењето на читателите преку други маркери (*појаснувачи, ублажувачи, засилувачи* и *маркери за изразување на ставот*).

И во *завршните зборови* има поголема разлика во дистрибицијата на маркерите во двата јазика посебно кај *вклучувачките маркери,* што укажува на стремежот на американските адвокати да ја вклучат поротата во нивниото обраќање кон судот за да можат да влијаат на него. Американските адвокати употребуваат и малку повеќе *персонална референција* и *ублажувачи,* за разлика од употребата на *засилувачите* кај македонските адвокати, што сигнализира дека тие претпочитаат да ги засилуваат своите аргументи во своите обраќања кон судот со метадискурс.

Во текстуалниот метадискурс не постојат поголеми разлики меѓу двата корпуса со тоа што текстуалните маркери се незначително почесто употребени во македонскиот корпус во сите три жанра и тоа најчесто во *кратките говори,* потоа во *завршните зборови* а најмалку во *воведниците.* Во поглед на поединечната дистрибуција на различните типови текстуални маркери во сите три жанра, најчесто се среќаваат оние што служат за додавање аргументи.

Резултатите од второто квалитативно истражување (со прашалникот) покажуваат дека постои поврзаност меѓу употребата на метадискурсот и степенот на

убедливост на текстовите (*воведниците, кратките говори, завршните зборови*). Испитаниците ги оценија како помалку убедливи текстовите со најголема употреба на метадискурс, а како најубедливи - со средна застапеност на метадискурсните маркери. Тоа значи дека освен метадискурсот, големо влијание за убедливоста на еден текст има изборот на темата, добро поставената аргументацијата и јасната структура на текстот. Тие факти од истражувањето ја водат м-р Трајкова до заклучок дека еден текст е убедлив ако говорителот/пишувачот има избалансирана употребата на метадискурсот со чија помош ги „тера" слушателите/читателите да поверуваат во она во што тој ги убедува. Затоа слушателот треба да ја препознава употребата на метадискурсот како инструмент со кој се влијае врз неговото мислење и на тој начин, според авторката, да може да разликува „реални факти од наметнато, исконструирано мислење."

Од гореизложеното произлегува дека м-р Трајкова ги исполнила поставените задачи во овој труд, служејќи се со современи научни методи. Трудот ќе има значаен придонес за науката за јазикот, бидејќи е прво контрастивно истражување за употребата на метадискурсот во македонскиот и во англискиот јазик. Ова истражување ќе биде многу корисно за прочувањето на прагматиката во македонскиот јазик, бидејќи ги открива и ги споредува разликите во употребата на метадискурсните маркери во говорни и во пишани текстови. Со своето истражување м-р Трајкова го поттикнува понатамошното теориско истражување на метадискурсот во различни типови жанрови, со што придонесува за развој на македонистиката во нови насоки. Од друга страна, ова истражување ја подигнува прагматичката свест кај македонските говорители, бидејќи покажува дека во денешниот свет на динамични меѓукултурни контакти треба да се познаваат средствата за постигнување убедување, односно говорителите треба да станат посвесни за манипулативната моќ на јазикот.

Покрај значајниот теориски придонес, трудот има и практична апликација. Резултатите од овој труд ќе им помогнат на наставниците да ги обучат своите студенти да користат техники за постигнување подобра аргументација при пишување на разни формални текстови (есеи, писма, проекти и сл.), но и во нивната секојдневна комуникација како и кога да користат метадискурсни маркери за убедување.

Имајќи го предвид сето претходно кажано, Комисијата едногласно констатира дека докторската дисертација на м-р Трајкова претставува значаен и оригинален научен труд. Затоа, Комисијата му препорачува на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" да ја одобри и да закаже одбрана на

докторската дисертација под наслов „Прагматичката улога на метадискурсните маркери при градењето и постигнувањето *убедување* во пишаниот и говорен текст во англискиот и во македонскиот јазик“, предложена од м-р Зорица Трајкова.

Скопје, 15.1.2013

Комисија

Д-р Елени Бужаровска, редовен професор, с.р.

Д-р Јованка Лазаревска-Станчевска, вонреден професор, с.р.

Д-р Анета Дучсвска, вонреден професор, с.р.

Д-р Томислав Треневски, вонреден професор, с.р.

Д-р Станислава Тофоска-Јанеска, вонреден професор, с.р.

До
Правниот факултет "Јустинијан Први"
при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје
-Декан
-Рецензентска комисија
-Наставно-научен совет

ПРИГОВОР

од **доц. д-р Искра Аќимовска-Малетиќ**, кандидат за избор на наставник во сите наставно-научни звања на научната област административно право и јавна администрација (јавна администрација) на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје.

Предмет на приговорот: Рефератот објавен во Билтен бр. 1046 од 15 јануари 2013 за избор на наставник во сите наставно-научни звања на научната област административно право и јавна администрација (јавна администрација) на Правниот факултет "Јустинијан Први"во Скопје.

Рефератот на Рецензетската комисија во состав: д-р Симеон Гелевски, редовен професор, д-р Борче Давитковски, редовен професор и д-р Ана Павловска-Данева, вонреден професор, е спротивен на:

-член 96 и член 132 од Законот за високото образование (во натамошниот текст ЗВО);

-членовите: 33, 48, од Правилникот за критериумите и постапката за избор во натавно-научни, научни, научно-стручни и соработнички звања на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" (Универзитетски гласник број 173 од 1.8.2011 година и 194 од 30 декември 2011 година, во натамошниот текст: Правилник од 2011), како и членовите 1, 2, 3 и 5 од Анекс 1 на Правилникот.

Со тоа е направена материјална повреда на законската и подзаконската регулатива согласно со која треба да се спроведе постапката за горенаведениот избор.

Без детално елаборирање на наводите во рефератот и вреднувањето на одделните активности, ќе направам неколку знајачни согледувања кои се однесуваат на наводите во рефератот.

1. Рефератот е **спротивен на Законот** за високото образование и **Правилникот** од 2011, има **селективен пристап и необјективно вреднува активности** кои ги имале двата кандидата:

   - Имено, **спротивно на член 132 од Законот** за високото образование и **член 48 од Правилникот** од 2011 год., **рефератот не ги** содржи податоците за сите објавени 47 стручни и научни трудови на кандидатката д-р Аќимвска Малетиќ и особено **не содржи оценка на тие трудови**.

- **Не е почитуван принципот на еднаквост** меѓу двата кандидата при ценењето на **евалуациите на студентите во случајот на кандидатот Гоцевски,** бидејќи **позитивната оценка од самоевалуацијата не се применува како услов до 1 јануари 2014 (чл. 125 од Законот за високото образование), не е предвиден во конкурсот, а истото не било ценето и во случајот кај кандидатката д-р Аќимовска Малетиќ иако доставила соодветна документација за позитивна евалуација. На тој начин, покрај непочитување на принципот на еднаквост, не се почитува и принципот на непристрасност и недискриминација.**
- Рецензентската комисија, **спротивно на ЗВО и Правилникот од 2011, селективно и спротивно на принципот на еднаквост** ги вреднува и несоодветно **не ги зема предвид при одлучувањето сите наведени професионални ангажмани и достигнувања** наведени во пријавата и биографијата на кандидатката Аќимовска Малетиќ – книги, монографии, како и **47 научни и стручни трудови во** земјата и во странство, од кои одредени трудови се трудови објавени во меѓународни научни списанија/меѓународни научни публикации во смисла на член 96, страна 10 и 11 и чллен 125, став 2 од Законот за високото образование, и индексирани во: Social Science Citation Index (Thompson Reuters), Sociological Abstracts, The Central European Journal od Social Sciences and humanities, Research Papers in Economics. Понтамау, при одлучувањето Комисијата **не ги зема предвид учествата во повеќе меѓународни и национални проекти, предвидувањето на објавената литература во предметни програми од областа на административното право на Правни факултети во странство, цитираност на нејзини публикувани трудови во учебници и други публикации во странство, учество како рецензент на повеќе трудови од областа на административното право, објавени во списанија во странство индексирани во меѓународни бази на податоци.** Наместо коректно и непристрасно заклучување врз основа на доставената документација за професионалните ангажмани на Аќимовска Малетиќ, во заклучната оцена Комисијата дава оцена дека таа постигнала "солидни резултати", додека заклучува дека кандидатот д-р Гоцевски постигнал "импресивен опус во научноистражувачката работа" и единствено што истакнува во рефератот е повеќегодишното практично работење на кандидатката д-р Аќимовска Малетиќ и во други државни органи, што не може да се земе за негативност особено во случај на евидентно постигнатите резултати.

Рецензентската комисија не осврнувајќи се воопшто на фактот дека другата **кандидатка Аќимовска Малетиќ има двојно повеќе поени од предложениот кандидат, сепак без издржани аргументи дава предлог за кандидатот д-р Гоцевски.**

Од друга страна, како предност на кандидатот Гоцевски го образложува стекнатиот научен степен доктор на науки од областа на политичките науки иако изборот во оваа постапка се врши во наставно научната област **административно право и јавна администрација (јавна администрација), која согласно со Правилникот на Правниот факултет Јустинијан Први во Скопје е во научното поле 5.3. административно право и јавна администрација, што неспорно како услов го исполнуваат двата**

До
Наставно-научниот совет на
Правниот факултет "Јустинијан Први" во
Скопје

Предмет: Одговор по Приговорот поднесен од д-р Искра Малетиќ-Аќимовска заведен под бр. 03-129/1 од 30.1.2013 год.

По разгледувањето на наводите во Приговорот од кандидатката д-р Искра Малетиќ-Аќимовска, Рецензентската комисија во состав, проф. д-р Симеон Гелевски, проф. д-р Борче Давитковски и проф. д-р Ана Павловска-Данева (наоѓајќи дека е беспредметно да одговара поединечно за секој дел од приговорот) констатира:

Во наводите на поднесениот Приговор, Рецензентската комисија не наоѓа релевантна правна поврзаност со наведените чл. 96 и 132 од Законот за високото образование на кои се повикува подносителот на Приговорот.

Рецензентската комисија го има подготвено објавениот Реферат, врз основа на чл. 33, 48 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, научно-стручни и соработнички звања на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" (Универзитетски гласник бр. 173 од 1.8.2011 и 194 од 30.12.2011 во продолжение Правилникот), како и членовите 1, 2, 3 и 5 од Анекс 1 на Правилникот и целосно земајќи ги предвид наведените подзаконски одредби.

Оттука, **во Рефератот за избор на наставник во сите наставно-научни звања на научната област административно право и јавна администрација (јавна администрација) на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје, Рецензентската комисија нема направено ниту една материјална или формална повреда на законската и подзаконската регулатива согласно со која се спроведува постапката за горенаведениот избор.**

*
* *

1. Рецензентската комисија, спротивно на наводите во Приговорот, **ги има вреднувано сите доставени трудови** од кандидатката д-р Искра Аќимовска-Малетиќ, **вклучително и двата наведени во Приговорот** ("Personal data protection in the police sector in the Republic of Macedonia", "Policing in Central and Eastern Europe, Social Control of Unconventional Deviance", Conference Proceedings, Faculty of Criminal Justice and Security, University of Maribor, Slovenia, Ljubljana 2011, p. 417 – 433 (коавтор со Bogdancho Gogov); "The Macedonian ombudsman as an informal conflict resolution mechanism between the citizens and the public administration", NISPAcee Journal of Public Administration and Policy (Volume IV, Number 2, winter 2011/2012, Special Issue: Law and Public Management Revisited, Индексирано во: Sociological Abstracts, World Wide

кандидата, за што потврдува и Комисијата во рефератот (стр. 26 од Билтенот).

Дополнително немајќи намера да ги анализирам субјективните аспекти од рефератот, сепак, мотивирана од начелото на законитост, еднаквост и правичност укажувам на невообичаената констатација на Рецензентската комисија дека ја следи кадровската политика на ННС на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје и оценува дека и е потребен наставник во звањето доцент. Со тоа, **спротивно на начелата на законитост, еднаквост и недискриминација** се кршат уставните и законските права на другиот кандидат Аќимовска Малетиќ, кој е учесник на **конкурс за избор во СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА на научната област административно право и јавна администрација, вклучително и на доцент.** При тоа, наместо Рецензентската комисија да ги вреднува и да го донесе предлогот за избор на кандидат врз основа на постигнати резултати базирани на квантификувани податоци и приложени документи, оценува дека објективно и докажано појакиот кандидат треба да биде вреднуван и избран во повисоко звање на друга високообразовна установа, со што Комисијата креира кадровска политика на друга високообразовна установа, со тоа задоволувајќи се со субјективно и квантификувано послабниот кандидат за Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје. Неспорно е дека **поседувањето на повеќе наставни, научни, стручни и апликативни достигнувања и компетенции во ниту една област, па ниту во областа на високото образование не смее да биде основ за нееднаков третман во негативна смисла, туку напротив и единствено во насока на давање на предност, пред се, на квалитетот.**

***

Врз основа на **начелата на законитост, објективност, еднаквост и правичност,** го вложувам овој Приговор врз основа на Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот “Св. Кирил и Методиј” во Скопје, бр. 173 од 1 август 2011 и бр. 194 од 30 декември 2011, и имајќи ги предвид наведените аргументи предлагам да се усвои овој Приговор и да се формира комисија во променет состав.

Со почит,

Датум

д-р Искра Аќимовска Малетиќ,с.р.

23.1.2013 година

Political Science Abstracts, The Central European Journal of Social Science and Humanities, Research Papers in Economics), наведени во Образецот кон Извештајот за избор во наставно-научно, научно, наставно-стручно и соработничко звање во графата за трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор под бр. 1 и 3.

-Комисијата единствено не го вреднуваше и не го зема предвид доставениот материјал од кандидатката доставен во електронска форма, назначен како "интерна скрипта од авторизирани предавања" по управно право, од следниве причини: станува збор за преземени делови (вклучително и графикони, табели и шеми) од учебникот "Административно право" од авторите Н. Гризо, С. Гелевски, Б. Давитковски, А. Павловска-Данева објавен во 2011 год., издавач: Правен факултет „Јустинијан Први" Скопје, како и преведени делови од учебници по управно право од неколку автори од соседна Република Србија, без наведување на цитати и изворите од кои се преземени. Поради овие причини, Рецензентската комисија смета дека доставеното УД од кандидатката д-р Искра Малетиќ-Аќимовска не ги исполнува критериумите за вреднување како „интерна скрипта од авторизирани предавања".

-Рецензентската комисија не можела да ја вреднува цитираноста на публикуваните трудови на кандидатката д-р Искра Малетиќ-Аќимовска во учебници и други публикации во странство бидејќи **во Правилникот не е предвидено вреднување со посебни поени за таква активност**.

- Рецензентската комисија ги побива наводите на кандидатката д-р Искра Аќимовска-Малетиќ дека не биле земени предвид нејзините активности како рецензент на трудови од областа на административното право, бидејќи **во Правилникот не е предвидено вреднување со посебни поени на активности како рецензент на трудови објавени во списанија во земјата или во странство.**

- Рецензентската комисија останува на констатацијата наведена во објавениот Реферат, како и во Приговорот на кандидатката д-р Искра Аќимовска-Малетиќ дека кандидатот д-р Драган Гоцевски 7 години бил ангажиран на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје и логично е да смета дека токму овој факт претставува предност за кандидатот д-р Драган Гоцевски, бидејќи токму преку неговите активности на Правниот факултет, дава доволна основа дека и понатаму ќе се гради и надоградува како солиден наставен и научен кадар за потребите на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје. Сето ова говори во прилог на принципот на континуитет на кадровската политика на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје.

Рецензентската комисија се согласува со неспорниот факт дека кандидатката д-р Искра Аќимовска-Малетиќ има двојно повеќе поени од кандидатот д-р Драган Гоцевски, но покрај неговиот континуиран придонес и работа на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје,

Рецензентската комисија има предвид и дека станува збор за кандидат кој е роден на 21.5.1983 година, според што неговите активности, ангажман и достигнувања соодветствуваат на неговата возраст, а особено ги има предвид одредбите од чл. 11, ст.2, табела 1 од Правилникот, според кој кандидатот д-р Драган Гоцевски го има постигнато и надминато утврдениот минимум поени за избор во наставно-научно звање-доцент.

- Неспорен е наводот во Приговорот дека предметот јавна администрација претставува дел од научното поле административно право и јавна администрација, согласно со точка 5.3 од Правилникот на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје, но исто така е факт дека предметот јавна администрација за кој е распишан конкурсот е научна дисциплина која се предава на политичките студии и студиите по новинарство на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје. Давањето предност на кандидат со стекнат академски степен доктор од областа на политичките науки и почитувајќи го принципот на стручност и компетентност, Рецензентската комисија изврши избор на кандидатот кој ги задоволува **специфичните** потреби на научната и образовната дејност на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје. Кандидатот д-р Драган Гоцевски е кадар кој има завршено Факултет за политички науки на додипломски студии, има магистрирано на Курсот по политичко-правни науки и комуникологија на постдипломски студии и има стекнато докторат од областа на политичките науки, што соодветствува на потребите за наставник во сите наставно-научни звања по предметот јавна администрација.

- Водејќи се од кадровската политика и потребите за реализација на наставно-образовниот процес на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје, на потребите за наставник во сите наставно-научни звања по предметот јавна администрација, Рецензентската комисија останува на своите ставови изнесени во објавениот Реферат и предлага **Наставно-научниот совет да го одбие Приговорот како неоснован и да го усвои предлогот на Рецензентската комисија и предложениот кандидат д-р Драган Гоцевски да го избере во наставно-научното звање доцент на научната област административно право и јавна администрација (јавна администрација).**

30.1.2013, Скопје

Рецензентска комисија

Проф. д-р Симеон Гелевски.с.р.
Проф. д-р Борче Давитковски,с.р.
Проф. д-р Ана Павловска-Данева,с.р.

РЕЦЕНЗИЈА

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА **"ЕКСТЕРНАТА РЕВИЗИЈА И КВАЛИТЕТОТ НА ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ НА ДРУШТВАТА СО ОГРАНИЧЕНА ОДГОВОРНОСТ ВО КОСОВО" НА М-Р БЕКИМ БЕРИША,** ПРИЈАВЕНА НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Со одлука на Наставно–научниот совет на Економскиот факултет во Скопје број 0202-4527/2 од 21.12.2012 година, определени сме за членови на Комисијата за оцена и одбрана на докторската дисертација поднесена од кандидатот м-р Беким Бериша под наслов ЕКСТЕРНАТА РЕВИЗИЈА И КВАЛИТЕТОТ НА ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ НА ДРУШТВАТА СО ОГРАНИЧЕНА ОДГОВОРНОСТ ВО КОСОВО.

По проучувањето на текстот на докторската дисертација, Комисијата го поднесува следниов

ИЗВЕШТАЈ

I. СОДРЖИНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА

Докторската дисертација под наслов „Екстерната ревизија и квалитетот на финансиските извештаи на друштвата со органичена одговорност во Косово", изработена од кандидатот м-р Беким Бериша, претставува самостоен научен труд претставен на 171 станица, од кои 158 се основен текст, 7 страници користена литература и 4 страници анкетен прашалник. Покрај воведот и заклучокот, материјата во докторската дисертација е структурирана во четири глави според следниов редослед:

Глава 1. Voved

Глава 2. Финансиско известување во Косово

Глава 3. Екстерна ревизија

Глава 4. Корпоративно управување и квалитет на финансиското известување

Глава 5. Влијанието на екстерната ревизија врз квалитетот на финансиските извештаи на друштвата со ограничена одговорност во Косово

Глава 6. Заклучок на научното истражување

Литература

Прилог – Анкетен прашалник

Во првата глава, кандидатот м-р Беким Бериша ја истакнува значајноста на ревизијата на финансиските извештаи во поглед на понудениот кредибилитет за презентираните информации неопходни при носењето на деловните одлуки кај широк спектар на корисници. Постоењето на асиметрични информации за работењето на претпријатијата ја наметнува потребата од независно, експертско испитување на финансиските извештаи и изразување на мислење за вистинитоста и објективноста во презентирањето на податоците во согласност со применливата рамка за финансиско известување. Современите концепции за квалитет на финансиските извештаи тргнуваат од мултидимензионалноста на карактеристиките на нивните корисници. Од аспект на содржината, квалитетот на финансиските извештаи зависи од нивната релевантност и веродостојност. Од аспект, пак, на прикажувањето и обелоденувањето квалитетот на финансиските извештаи зависи од нивната споредливост и разбирливост. Корпоративните скандали кои се случија во последниве две децении ја наметнаа дебатата како да се подобри корпоративното управување и каква е улогата на независните ревизори во подобрувањето на квалитетот на презентираните податоци. За сите овие аспекти кандидатот дава свое видување во воведниот дел од докторската дисертација.

Во континуитет со првата, на самиот почеток во втората глава под наслов "Финансиско известување во Косово", презентиран е начинот на организирање на сметководствената професија во Косово поделен во два временски интервала, првиот до 1999 година и втроиот по 1999 година. Во продолжение идентификувани се деловните субјекти чии финансиски извештаи согласно со законската регулатива се предмет на годишна ревизија од страна на независни ревизори. Квалитетното подготвување на

финансиските извештаи во голема мера е условено од прецизно дефинирање на рамката за финансиско известување. Оттука, при дефинирањето на рамката, кандидатот подетално ја појаснува законската и професионалната регулатива согласно со која се подготвуваат финансиските извештаи кај друштвата со ограничена одговорност во Косово. За таа цел, кандидатот подетално ги појаснува начелата според кои се подготвуваат финансиските извештаи. Напоредно со начелата, опфатени се и карактеристиките што треба да ги поседуваат презентираните финансиски извештаи. При расветлувањето на рамката за финансиско известување на Косово, кандидатот прави паралела помеѓу косовските сметководствени стандарди од една и меѓународните сметководствени стандарди и меѓународните стандарди за финансиско известување од друга страна. Оваа глава кандидатот ја завршува со расветлување на механизмите за контролата на квалитетот на презентираните финансиски извештаи во Косово. Податоците од спроведеното ограничено истражување за период од 9 години ги идентификуваат проблемите со кои се соочуваат ревизорите при ревизија на финансиските извештаи кај деловните субјекти кои не ја применуваат прифатената рамка за финансиско известување.

Во третата глава со наслов „Екстерна ревизија", во фокусот на внимание на кандидатот е начинот на поставеност и функционирање на екстерната ревизорска професија во Косово. Поставеноста на независната ревизорска професија е набљудувана од аспект на професионално организирање на независните ревизори. Посебно внимание кандидатот посветува и на законската и професионалната регулатива која се применува при ревидирањето на финансиските извештаи кај друштвата со ограничена одговорност на Косово. Во расветлување на начинот на функционирање на независната ревизија кандидатот подетално се осврнува на друштвата за ревизија, нивниот методолошки пристап во спроведувањето на ревизијата на финансиските извештаи и бенефициите кои преку понудените ревизорски услуги им ги нудат на корисниците на ревидираните финансиски извештаи.

На почетокот од четвртата глава под наслов „Корпоративно управување и квалитетот на финансиското известување", објаснет е феноменот на мозаикот на корпоративно управување и квалитетот на

финансиското известување. Во сегментот поврзан со корпоративното управување, кандидатот подетално ја објаснува улогата на одборот на директори и одборот за ревизија во квалитетно подготвување на финансиските извештаи. Улогата на интерната ревизија кандидатот ја опсервира од аголот на испитување и оценка на сметководствениот систем и системот на интерна контрола. Своите опсервации кандидатот ги завршува со спроведувањето на екстерната ревизија, при што посебно се фокусира на селектирањето на друштвото за ревизија, одредување на надоместокот за ревизорскиот ангажман и влијанието на висината на надоместокот врз квалитетот на спроведената ревизија на финансиските извештаи. На самиот крај од главата објаснет е процесот на подготовка и пишување на извештајот на независниот ревизор со алтернативните форми на мислење кои можат да бидат изразени соодветно на околостите, а кои задолжително мора да ги познава и разбира потенцијалниот читател и корисник на извештајот при носењето на деловните одлуки.

Во петтата глава под наслов „Влијанието на екстерната ревизија врз квалитетот на финансиските извештаи на друштвата со ограничена одговорност во Косово", поставена е хипотезата на истражувањето, теоретската рамка на испитувањата, како и применетиот метод на прибирање на податоци за целите на истражувањето. Квалитетот на финансиските извештаи кандидатот м-р Беким Бериша го опсервира преку споредување на видот на изразеното мислење од страна на независните ревизори за ревидираните финансиски извештаи и дадените препораки во насока на нивно подобрување. Во истражувањето се опфатени друштвата со ограничена одговорност на територијата на Косово кои еднаш или повеќе пати биле предмет на ревизија финансиските извештаи од страна на независните екстерни ревизори. Во прибирањето на податоците кандидатот применил анкетен прашалник кој го дистрибуирал до друштвата за ревизија со посебно акцентирање на прашањата поврзани со изразената форма на мислење и упатените препораки од независните ревизори до клиентот. Како независни варијабли во истражувањето издвоени се мислењето на ревизорот и препораките упатени до субјектот на ревизија. Врз основа на дистрибуираните прашалници и добиените одговори, како зависни варијабли кои би можеле да влијаат на мислењето

на ревизорот земени се: одборот на директори, составот на одборот на директори, корисниците на ревизорскиот извештај, активноста на ДОО, големината на ДОО и структурата на капиталот. Временската рамка на истражувањето се протега од 2004 до 2008 година. Обработката на статистичките податоци е направена со користење на СПСС. При обработката на прибраните податоци кандидатот посебно ги става во релација формите на изразено мислење на презентираните финансиски извештаи во ревизорскиот извештај и дадените препораки од страна на независните ревизори и тоа кај друштвата со ограничена одговорност кои само еднаш биле предмет на ревизија и оние кај кои ревизијата била спроведена повеќе пати. Споредбата на изразените мислења кај друштвата со ограничена одговорност кои имаат направено ревизија на финансиските извештаи само еднаш со тие кај коишто ваквата ревизија е спроведена повеќе пати треба да го покаже влијанието на редовните годишни ревизии врз континуирано подобрување на квалитетот на презентираните финансиски извештаи.

На крајот на докторската дисертација во шестата глава кандидатот м-р Беким Бериша ги презентира добиените резултати од спроведеното истражување. Резултатите од истражувањето покажуваат дека редовното спроведување на ревизијата на финансиските извештаи кај друштвата со ограничена одговорност ја зголемува можноста за подобрува на квалитетот на нивните финансиски извештаи, а со самото тоа и добивање на ревизорски извештај со мислење без резерва. Спроведеното истражување заедно со добиените резултатите треба да им помогне на регулаторите на ревизорската професија појасно да ја согледаат неопходноста од постоењето на ревизијата на финансиските извештаи како клучен фактор во зголемување на нивниот квалитет. Наедно, резултатите од спроведеното истражување можат да влијаат на начинот на перцепирање на независната ревизија од страна на самите клиенти во конкретниот случај тоа се друштвата со ограничена одговорност во Косово. Листата на потенцијални корисници на резултатите од истражувањето кандидатот ја проширува и со бројните инвеститори, кредитори, акционери, агенции на Владата кои ги користат ревидираните финансиски извештаи при носењето на бројни деловни одлуки.

Во изработката на докторската дисертација претежно е користена најактуелна литература, како и извори од интернет. Во користената литература се наведени 92 библиографски единици кои се од странски автори и најголем дел од нив се публикувани по 2000 година.

II. ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА

Докторската дисертација под наслов „Екстерната ревизија и квалитетот на финансиските извештаи на друштвата со органичена одговорност во Косово"на кандидатот м-р Беким Бериша истражува многу значајна проблематика која е во фокусот на интерес на ревизорската професија, особено во изминативе две децении како последица на зголемениот број корпоративни скандали кои сериозно ја разнишаа довербата во работата на независните ревизори. Колапсот на "Енрон" во 2001 година ја наметна дилемата: Зошто ревизорите не ги препознаа факторите на ризик од измама, не реагираа на "црвените знамиња" и не ги обелоденија софистицираните шеми на измами во извештаите за извршена ревизија? Епилогот беше фатален за една од Големите пет во тоа време Артур Андерсен со што се сруши митот за апсолутна независност на ревизорските фирми од нивните клиенти. Корпоративните скандали кои следеа подоцна не ги амнестираа од одговорност ревизорите кои во одредени случаи како што беа "Пармалат" или "ВорлдКом", по сила на судска пресуда, мораше да платат исклучително големи износи за обесштетување. Нарушената доверба на пошироката јавност во работата на независните ревизори го вклучи алармот кај регулаторните тела во ревизорската професија. Како одговор на новите предизвици, професијата ги зголеми барањата за контрола на квалитет во работата на независните ревизори и ревизорските фирми. Од квалитетот на спроведените ревизорски ангажмани согласно со релевантната професионална регулатива и искажаното мислење во извештаите за извршена ревизија во голема мера зависи и квалитетното корпоративно управување.

Предмет на истражување на докторската дисертација е идентификување на влијанието на редовните екстерни независни ревизии врз квалитетот на финансиските извештаи на друштвата со ограничена

одговорност во Косово. Кандидатот се определил да истражува проблематика која е од исклучително значење за мали национални економии во кои ревизијата како професија е од понов датум. Согласно со Меѓународните стандарди за ревизија, ревизорот може да изрази мислење без резерва во форма на стандарден ревизорски извештај. Доколку, пак, во текот на ангажманот се соочи со одредени ограничувања во делокругот или откриe материјално погрешни презентирања, согласно со стандардите за ревизија мора да го модифицира стандардниот извештај. Модификациите на стандардниот извештај во зависност од дадените околности се состојат во изразување на мислење со резерва, или неповолно мислење, а во краен случај и од воздржување од давање на мислење. Кандидатот преку спроведеното истражување дава одговор на прашањето колку модификациите на стандардниот извештај влијаат на раководството во насока на подобрување на квалитетот на презентираните финансиски извештаи. Покрај изразената форма на мислење, кандидатот во истражувањето се фокусира и на упатените препораки до субјектите на ревизија во насока на надминување на изолираните слабости и разрешување на пројавените проблеми. Сензитивноста на раководството на упатените препораки и сугестии за надминување на изолираните проблеми во голема мера влијае врз квалитетот на презентираните финансиски извештаи.

Во таа насока, целта на истражувањето во докторската дисертација е дефинирана во функција на: (1) подобрување на квалитетот на финансиските извештаи преку нивно редовно ревидирање и примена на препораките на независните ревизори и (2) зголемување на сигурноста при носењето на деловните одлуки кај корисниците на ревидираните финансиски извештаи. Во интерес на остварување на поставената цел, кандидатот како основни задачи на дисертацијата ги издвоил: (1) зголемување на квалитетот на финансиските извештаи од аспект на задоволување на широкиот спектар на барања на нивните корисници; (2) подобрување на квалитетот на финансиското известување во функција на квалитетното корпоративно управување; (3) актуализирање на потребата за квалитет и креирање на соодветни механизми за управување со

квалитет; (4) усовршување на квалитетот на финансиските извештаи преку механизмите за контрола на квалитетот и нивната редовна ревизија.

Комисијата за оцена и одбрана на докторската дисертација на кандидатот м-р Беким Бериша посебно ги нагласува следниве квалитети на трудот и придонеси на кандидатот во испитувањето на оваа проблематика: *прво,* трудот има солидна теоретска фундираност – кандидатот еволутивно го следи развојот на сметководствената професија на Косово, детално ја појаснува прифатената рамка за финансиско известување и ги идентификува субјектите на ревизија согласно со релевантната законска регулатива; *второ,* го дефинира амбиентот во кој функционира независната екстерна ревизија, преку појаснување на фазите на еволутивниот развој на ревизорската професија, професионалната и законската регулатива и нагласување на придобивките од екстерната ревизија широкиот спектар на корисници на ревидираните финансиски извештаи на Косово; *трето,* во трудот се добро синтетизирани и презентирани најзначајните фактори кои го детерминирале развојот на корпоративното управување на Косово со јасно разграничување на улогата на одборот на директори, одборот за ревизија, интерната ревизија и екстерната ревизија во креирањето на потребниот амбиент за воспоставување на квалитетно корпоративно управување; *четврто,* дополнителна вредност на трудот му дава спроведеното истражување во кое се опфатени 17 испитаници кои спровеле 117 ревизии на финансиски извештаи за 58 друштва со ограничена одговорност, при што критичните 117 случаи се разгледани и класифицирани во дванаесет области на зависни варијабли (димензии кои влијаат врз квалитетот на финансиските извештаи) и две области кои се однесуваат на независната варијабла (видот на ревизорското мислење и препораките на ревизорот); *петто,* изведените заклучоци од спроведеното истражување одат во насока дека во анализираниот период сигнификантно е зголемен бројот на извештаи на независните ревизори во кои е изразено мислење без резерва или модификации кои не укажуваат на сериозни слабости во вистинитото и објективно презентирање на финансиските извештаи, како и дека друштвата со ограничена одговорност кои редовно ги ревидираат своите финансиски извештаи имаат реална шанса да добијат подобро ревизорско

мислење кое се должи на користењето на предностите кои независната екстерна ревизија им ги нуди на своите клиенти преку упатување на препораки за поквалитетно финансиско известување; *шесто,* врз основа на извлечените заклучоци од спроведеното истражување, кандидатот ги лоцира пунктовите на кои може да се прошири истражувањето во иднина како што се влијанието на одборот на директори, одборот за ревизија и интерниот ревизор врз квалитетот на финансиското известување на друштвата со ограничена одговорност во Косово.

Комисијата е убедена дека докторската дисертација на кандидатот м-р Беким Бериша претставува одлично структурирано истражување кое е од несомнена важност за научната мисла во областа на ревизијата во Косово. Комисијата е недвојбена во ставот дека кандидатот во целост ги реализирал поставените цели и задачи предвидени со тезите и пријавата на докторската дисертација.

Врз основа на изнесените карактеристики на содржината и на квалитативните особености на трудот, Комисијата со задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје:

- *прво,* да го усвои извештајот за докторската дисертација на тема „Екстерната ревизија и квалитетот на финансиските извештаи на друштвата со органичена одговорност во Косово", поднесена од кандидатот м-р Беким Бериша;

- *второ,* да дозволи јавна одбрана на докторската дисертација.

Skopje, 21.1.2013 godina

Членови на Комисијата

1. Проф. д-р Зорица Божиновска Лазаревска с.р.
2. Проф. д-р Блажо Недев с.р.
3. Проф. д-р Зоран Миновски с.р.
4. Проф. д-р Љубиша Јаневски с.р.
5. Проф. д-р Бобек Шуклев с.р.

Р Е Ф Е Р А Т

ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАУЧЕН РАБОТНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА НА ИНСТИТУТОТ ЗА СТОЧАРСТВО ВО СКОПЈЕ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 63 од Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 35/08), членовите 38 и 39 од Законот за научно-истражувачка дејност (Сл. весник на РМ бр. 46/08), член 289 од Статутот на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, членовите 34, 35, 36 и 37 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 173 од 1.8.2011 год.) и членовите 35, 36, 37 и 38 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Институтот за сточарство во Скопје, во состав на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 134 од 13.5.2009 год.), Научниот совет на УКИМ Институт за сточарство во Скопје, на седницата одржана на 28.12.2012 год., донесе одлука бр. 0201-1261, со која е формирана Рецензентска комисија во состав:

1. проф. д-р Владимир Џабирски - редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, Универзитет "Св. Кирил и Методиј" во Скопје - претседател
2. проф. д-р Никола Козаровски - редовен професор во пензија на Факултетот за биотехнички науки во Битола, Универзитет "Св. Климент Охридски" во Битола - член и
3. проф. д-р Боне Палашевски - редовен професор, Институт за сточарство во Скопје, Универзитет "Св. Кирил и Методиј" во Скопје - член,

со задача да изврши рецензија за избор на еден научен работник во сите звања, во научната област овчарство и козарство, во УКИМ-Институт за сточарство во Скопје.

Комисијата откако ги прегледа поднесените документи во врска со конкурсот објавен во дневните весници "Нова Македонија" и "Коха" од 17.12.2012 год., констатира дека за избор на еден научен работник во сите звања, во научната област овчарство и козарство, се пријавил само кандидатот д-р Никола Пациновски, со наставно-научно звање-доцент при УКИМ-Институт за сточарство во Скопје.

По прегледот на доставената документација и другите податоци, релевантни за избор на кандидатот, Рецензентската комисија, до Научниот совет на Институтот за сточарство во Скопје, го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

I. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Кандидатот Никола Пациновски е роден на 29.7.1969 година во Гевгелија, каде што го завршил основното и средното образование (насока: биотехнологија). На Земјоделскиот факултет во Скопје (отсек: сточарство), дипломирал во 1994 година. По дипломирањето се вработил во Институтот за сточарство во Скопје (на 1.11.1995 година), како помлад асистент во Одделението за овчарство и козарство (Билтен на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, бр. 647 од 15.10.1995 година).

Во учебната 1995/96 година се запишал на постдипломски студии, на Земјоделскиот факултет во Скопје. Магистерскиот труд под наслов "Споредбени испитувања на прирастот и кланичниот квалитет на јагнињата од домашната меринизирана овца и нејзините мелези со расите хиос и сардиниска" го одбранил на 26.12.2000 година и се стекнал со академското звање магистер на земјоделски науки (Билтен на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, бр. 777 од 13.4.2001 година).

На 18.4.2008 година, на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје ја одбранил докторската дисертација под наслов "Споредбено испитување на производните и репродуктивните карактеристики на домашната популација овци и нејзините мелези со расата аваси", со што се стекнал со академско звање-доктор на земјоделски науки (изборот во научно звање-научен соработник во научната област овчарство и козарство е објавен во Билтенот на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, бр. 943 од 2.6.2008 година).

Во текот на изминатиот период, доц. д-р Никола Пациновски учествувал во реализација на 12 национални научноистражувачки и апликативни проекти, како и во еден проект од меѓународен карактер.

Со свои реферати учествувал на голем број домашни и меѓународни конгреси, симпозиуми и конференции, а реализирал и повеќе студиски престои во странство.

Непосредно бил вклучен во организационите одбори на меѓународните симпозиуми за сточарство (во Струга-2001 година, во Охрид-2003 и 2007 година), чиј организатор е УКИМ, Институт за сточарство - Скопје. За оганизирање на овој симпозиум во 2009 година во Струга и 2012 година во Скопје, избран е за претседател на Организациониот одбор.

Главен уредник е на меѓународното научно списание "Macedonian Journal of Animal Science", издание на Институтот за сточарство. Во исто време е личност за контакт на Р. Македонија со EAAP (European Federation of Animal Scientists), од нејзиниот прием во 2008 година во оваа меѓународна организација.

Во 2008 година е избран за наставник со звањето доцент по предметот овчарство и козарство на првиот циклус студии на Факултетот за биотехнички науки при Универзитетот "Св. Климент Охридски" во Битола (Билтен на Универзитетот "Св. Климент Охридски" во Битола, бр. 313 од 1.12.2008 година), а од 2010 год. на истиот Факултет предава и генетика на студентите од вториот циклус студии. Од 2012 година е ангажиран на Ветеринарниот факултет во Битола, при истоимениот Универзитет, каде што предава морфологија и патологија на млечна жлезда кај преживари.

Доц. д-р Никола Пациновски моментално е во редовен работен однос, како доцент во Одделението по овчарство и козарство при УКИМ-Институт за сточарство во Скопје.

II. НАУЧНО - ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЛНОСТ

Во досегашната научноистражувачка работа, кандидатот доц. д-р Никола Пациновски објавил 65 научни и стручни трудови во домашни и меѓународни списанија.

Во периодот до изборот во соработничко звање-асистент-истражувач, објавил 8 научни труда рецензирани во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, бр. 777 од 13.4.2001 година.

Во периодот до изборот во научен соработник (2001-2008 година), самостојно или во соработка со други автори, објавил 19 оригинални научни трудови, рецензирани во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, бр. 943 од 2.6.2008 година.

За овој избор кандидатот има доставено 28 научни трудови за рецензирање објавени во периодот 2008-2013 година, кои ги наведуваме според годината на објавување.

1. Eftimova, Elena, **Pacinovski, N.,** Palashevski B. (2008): Production traits of Awassi sheep and its crossbreeds with domestic population in Republic of Macedonia. Symposium for Animal Husbandry, Veterinary Medicine and Economy in the Healthy and Food Safety Production, 22–29 June, Herceg Novi, Proceeding abstracts, p. 154. Montenegro.

Кај вкупно 88 чисторасни аваси овци и 194 мелези од F_1-генерација добиени со вкрстување помеѓу аваси овни со овци од домашната популација, авторите испитувале неколку производни својства, во текот на производната 2005 год. Притоа кај

чисторасните аваси овци е утврдена просечна лактациска млечност од 336 л., со просечна дневна млечност од 1,36 л (со варијации од 0,42 до 2,25 л.), просечен процент на млечна маст од 6,4% и просечна должина на лактацијата од 244 дена. Кај мелезите од F_1-генерација просечната лактациска млечност изнесувала 111 л., просечната дневна млечност 0,49 л. (со варијации од 0,27 до 1,02 л), просечен процент на млечна маст од 7,32% и просечна должина на лактација од 224,5 дена. Плодноста кај чисторасните аваси овци изнесувала 116%, додека кај мелезите 107%. Телесната тежина кај машките чисторасни аваси јагнињa во просек изнесувала 4,18 кг, додека кај женските 3,86 кг. Машките и женските јагнињa мелези, при раѓање во просек тежеле по 3,8, односно 3,5 кг.

2. **Pacinovski, N.,** Eftimova, Elena, Lambevska-Domazetova, Vesela. (2009): Production features of East Friesian sheep breed in the Republic of Macedonia. IV International Symposium of Livestock Production, 9-12 September, Book of Abstracts, p. 51. Struga, Macedonia.

Одредувањето на производните својства кај стадо од 92 молзни овци од источнофризиската раса, одгледувани во Р. Македонија била основната цел на авторите на овој труд. Утврдено е дека лактациската млечност кај испитуваните грла, во просек изнесува 198 л., со варијации 50-580 л., додека просечната дневна млечност изнесувала 0,64 л., со варијации 0,19-1,74 л. Содржината на млечна маст, протеини и лактоза во млекото изнесувала 5,33, 3,78 и 2,81% последователно. Должината на лактацискиот период во просек кај испитуваните грла изнесувала 309 дена (со варијации 242-396 дена). Процентот на плодност како едно од поважните репродуктивни својства изнесувал 145%, додека процентот на близнење бил 44%. Кај јагнињата до моментот на одбивање бил утврден процент на смртност од 12,7%. Врз основа на утврдената депресија кај производните и репродуктивните својства кај испитуваното чистокрвно стадо од источнофризиската раса овци, авторите изразуваат резерва во однос на способноста за аклиматизација на оваа раса овци на територијата на Р. Македонија.

3. Nikolova, Nedeljka, Eftimova, Elena, **Pacinovski, N.,** Pavlovski, Zlatica, Miloshevich, N., Perich, Lidija (2009): The effect of genotype, age, sex and composition of feed on content of abdominal fat in carcass of broiler chickens. Contemporary Agriculture, 58(1-2)92-100, 2009. Novi Sad, Serbia.

Во трудот е испитувана масата и уделот на абдоминалните масти кај бројлерски пилиња од генотипот Cobb 500 и Hubbard Classic, хранети со 2 различни крмни смески. Смеската 1 имала поголема енергетска вредност и поголем однос енергија:протеини, додека смеската 2 имала поголема протеинска вредност и помал однос енергија:протеини. Констатирано е дека пилињата Hubbard имале статистички значајно ($P<0,05$) поголем удел на абдоминалните масти во трупот од пилињата Cobb. Разликите во уделот на абдоминалните масти биле статистички значајни ($P<0,05$) кај пилињата хранети со различни смески. Имено, пилињата хранети со смеската 2, имале процентуално помалку абдоминални масти од пилињата кои ја користеле смеската 1. Анализата на интеракцијата генотип х исхрана покажала дека масата на абдоминалните масти во трупот на бројлерските пилиња има најголема вредност кај пилињата од генотипот Hubbard ($P<0,01$), кои ја користеле смеската 1, што било случај и кај пилињата од генотипот Cobb, но со помали разлики во добиените вредности.

4. Cilev, G., Sinovec, Z., Palashevski, B., **Pacinovski, N.** (2009): Examining the efficiency of the semi substitution of the maize with a by-products obtained by manufacturing vegetables and fruits in mixtures for growing and fattening pigs. Book of Abstracts of the 60th Annual Meeting of the European Association for Animal Production (EAAP), No 15(2009), p. 385. 24-27 August. Barcelona, Spain.

Во трудот се претставени резултатите од истражувањето на ефикасноста од делумната супституција на пченка со споредни продукти добиени од преработка на зеленчук и овошје во смеските за исхрана на свињи во фаза на пораст и гоење.

Испитувањето е извршено кај вкупно 48 свињи, поделени во три групи (по 16 во секоја група, од кои 8 машки и 8 женски, во секоја од експерименталните групи). Просечната жива маса на свињите од контролната група на почетокот од експериментот изнесувала 27,00±0,64кг, додека на двете опитни групи (1 и 2), изнесувала 27,69±0,71кг и 27,50±0,68кг, последователно. Експериментот траел 100 дена, поделен во две фази (по 50 дена секоја фаза), и при тоа биле употребени 2 крмни смески (една за период 25-60 кг, втората за период 60-100 кг).

Свињите од контролната група биле хранети со вообичаена смеска која содржела пченка, додека останатите две контролни групи биле хранети со делумна замена на пченката во смеската, со одредени споредни продукти добиени од преработка на зеленчук и овошје. Замената кај опитната група 1 изнесувала 6%, додека кај опитната група 2, пченката била заменета со 9%. Просечната жива маса на свињите од контролната и двете опитни групи (1 и 2), на крајот од опитот изнесувала: 96,20кг, 98,10кг и 99,50кг последователно. Просечниот дневен прираст кај трите групи (контролна, 1 и 2) изнесувал: 712, 724 и 720 гр., последователно. Во однос на прирастот и финалната жива маса, не биле утврдени сигнификантни разлики помеѓу трите испитувани групи.

5. Kozarovski, N., **Pacinovski N.** (2009): Some productive traits of the East Friesian sheep in Republic of Greece. Book of Abstracts of IV International Symposium of Livestock Production, 9-12 September, p. 68. Struga, Macedonia.

Авторите во овој труд ги проучиле производните својства кај стадо од 82 молзни овци од источнофризиската раса, одгледувани на фарма во Северна Грција. При тоа утврдена е просечна лактациска млечност од 377 л., со должина на лактациски период во просек од 224 дена. Дневната млечност кај испитуваните грла во просек изнесувала 1,68 л. Врз основа на добиените резултати од годишното производство на млеко по грло, направена е индивидуална градација, согласно која 1% од испитуваните грла овци произвеле 750-800 литри млеко, 1% од 700-749 л., 2% од 600-650, 15% од 500-599 лит., 27% од 400-499 лит., 27% од 300-399 лит., 21% од 200-299 лит. и 6% од овците произвеле од 100-199 литри млеко.

Врз база на добиените резултати, авторите укажуваат на фактот дека при италското одгледување на оваа инаку доста нежна раса овци, при соодветни хранидбени услови, можно е експонирање на солидни производни резултати и надвор од матичното одгледувачко подрачје.

6. Eftimova, Elena, Pacinovski, N., Lambevska-Domazetova, Vesela. (2009): Some productive and economic indicators for organic goat production. Book of Abstracts of IV International Symposium of Livestock Production, 9-12 September, p. 275. Struga, Macedonia.

Целта на овој труд била да се прикажат производните и економските показатели на козарска фарма во околината на Скопје, која работи според принципите на органско производство. Според авторите на трудот, органското производство во нашата земја станува предмет на интерес во последниве неколку години. Во исто време, фармерите се поттикнати и од забрзаниот развоен тренд на ова производство во Европа, како и од соодветниот пораст на побарувачката на органски производи на пазарот, кои имаат атрактивни цени.

Органското производство во нашата земја станува предмет на интерес од неодамна. Од друга страна, улогата на козите во светското сточарство е значајна и речиси не постои земја во која тие не се одгледуваат. Распространетоста на козите се должи на нивната добра способност за аклиматизација во различни климатски и еколошки услови и на производството на млеко, месо, волна и кожа по ниска производна цена.

7. Eftimova, Elena, **Pacinovski, N.,** Lambevska-Domazetova, Vesela. (2009): Comparative production features of Awassi and Ovchepole pramenka cross-breeds in the Republic of Macedonia. Biotechnology in Animal Husbandry, Vol. 25 (5-6), Book 2, p 901 – 907. Belgrade-Zemun, Serbia.

Во наведениот труд се следени производните својства кај вкупно 194 мелези од F_1 - генерација помеѓу чисторасни аваси овни со овчеполска овца, како и кај 69 овци од овчеполската праменка. При тоа авторите утврдиле просечна годишна млечност од 111 л, кај мелезите од F_1 - генерација, просечна дневна млечност од 0,49л. (со варијации од 0,27 до 1,02 л), просечна масленост на млекото од 7,32% и должина на лактација во просек од 225 дена. Кај овчеполската овца просечната лактациска млечност изнесувала 76 л, просечната дневна млечност 0,39 л, (со варијации од 0,34 до 0,43 л), просечен процент на млечна маст од 7,92%, и со просечна должина на лактацијата од 192 дена.

Во однос на плодноста, мелезите имале незначително повисок процент во однос на овчеполската овца (107 наспроти 105%). Просечната породна маса кај машките и женските мелези изнесувала 3,8, односно 3,5 кг, додека кај овчеполската овца, машките јагниња во просек тежеле 3,06, а женските 3,05 кг.

8. **Pacinovski, N.,** Eftimova, Elena, Dimov, G., Kozarovski, N. (2010): Corelation coeficients between udder dimensions and separate lactation characteristics in three populations of sheep in R. Macedonia. Journal of Mountain Agriculture on the Balkans, Vol. 13(1):148-167, Troyan, Bulgaria.

Кај вкупно 140 грла овци (49 грла од домашната популација, 45 аваси овци и кај 46 грла мелези од F_1 - генерација помеѓу расата аваси и домашната популација), авторите ги пресметале корелациските коефициенти помеѓу димензиите на вимето со одделните својства на млечноста.

При утврдувањето на димензиите на вимето, аваси овците имале највисоки вредности, а оние од домашната популација најниски. Мелезите од F_1 - генерација, во однос на повеќето димензии имале повисоки вредности во однос на овците од домашната популација кои биле статистички незначајни.

Кај чисторасните аваси овци кај речиси сите димензии на виме била утврдена корелација со одделните својства на млечноста. Кај овците од домашната популација помеѓу дел од нив постоела, а помеѓу други не била утврдена корелација.

При утврдување на фенотипските корелации помеѓу самите димензии на вимето, било утврдено постоење на таква корелација кај аваси овците и оние од домашната популација, додека кај F_1 - мелезите не била утврдена ниту една корелација.

9. **Pacinovski, N.** (2010): Influence of some factors on the udder measurements in Awassi sheep and its crossbreeds with domestic population sheep in Macedonia. Krmiva, Vol. 52, No. 2, p. 85-93. Zagreb, Croatia.

Авторите во овој труд ги одредиле просечните вредности на поединечните димензии на вимето, кај три популации овци: домашна популација односно овчеполска овца, чисторасни аваси грла и мелези од F_1 - генерација помеѓу расата аваси и домашната популација. Паралелно го прикажале и влијанието на неколку фактори, врз истите димензии на виме кај трите испитувани популации.

При тоа утврдиле дека генотипот има високо сигнификантно влијание ($P<0,001$), врз сите мерки на вимето, кај трите испитувани популации, додека лактацијата по ред (возраста) и месецот од лактацијата врз дел од мерките на вимето имаат влијание, додека врз друг дел не влијаеле.

Кај новодобиените мелези од F_1 - генерација, утврдиле зголемување кај одредени димензии односно мерки на вимето, што укажува на позитивен ефект од вкрстувањето помеѓу расата аваси и домашната популација овци, што секако би требало да резултира и со поголема продукција на млеко.

10. **Pacinovski, N.,** Eftimova, Elena, Cilev, G. (2010): Influence of certain factors on the annual milk production of the crossbreeds between Awassi and Domestic population of sheep. Krmiva, Vol. 52, No. 2, p. 95-102. Zagreb, Croatia.

Во трудот се презентирани неколку производни својства испитувани кај вкупно 89 мелези помеѓу расата аваси и домашната популација овци, во текот на две производни години (2004 и 2005 год.).

Испитуваните грла овци биле во прва и втора лактација и кај нив биле реализирани вкупно 1145 индивидуални лактациски контроли, во текот на двете контролни години.

Некои фактори (година и лактација) имале високо сигнификантно влијание (P<0,01) во однос на сите својства од годишната млекопродукција. Други фактори како месец на јагнење покажувале високо значајно (P<0,01) и значајно влијание (P<0,05), врз одредени својства (лактациска млечност, количество на комерцијално млеко и должина на лактацијата), додека врз други својства (доен период) овој фактор немал никакво влијание. Во однос на сите четири својства, плодноста немала влијание (P>0,05).

Просечната лактациска млечност кај испитуваните мелези за двете производни години изнесувала 109±0,479 л, додека количеството на млеко, консумирано од страна на јагнињата, во просек изнесувало 37±0,253 л. Максималната лактациска млечност кај оваа популација била измерена во 2004 год. (171 л). Производството на комерцијално млеко кај оваа популација во просек за двете години изнесувало 72±0,421 л, додека просечната должина на дојниот период била 54±0,377 дена. Должината на лактацискиот период кај мелезите за двете испитувани години во просек изнесувала 203±0,61 ден.

11. Milevska, Elena, Stojanovski, M., Kozarovski, N., Kitanovski, D., **Pacinovski, N.** (2010): Influence of the breed on the gain and slaughter quality of the kids of the domestic Balkan goat and its crossbreeds with Alpine breed. Journal of Mountain Agriculture on the Balkans, Vol. 13(1):137-147, Troyan, Bulgaria.

Во трудот е даден приказ на влијанието на расата врз прирастот и кланичниот квалитет на јариња од домашната балканска коза и нејзините мелези со расата алпина. Сите машки јариња од двете испитувани популации, се хранети и одгледувани во исти услови. После колење вршено е мерење на секој труп. Резултатите покажале значајни разлики во тежината при раѓање помеѓу машките јариња од домашната балканска коза (3,24кг) со јариња од истиот пол (2,67кг). Авторите утврдиле понизок рандман од 51,94% кај јариња од домашната балканска коза, во однос на мелезите со расата алпина (57,61%). pH на топол труп кај двете испитувани групи (домашна балканска и мелези со алпина) изнесувал 6,56 и 6,40, последователно, додека pH на ладен труп кај истите групи изнесувал 5,90 и 5,76. Процентуалната застапеност на мускулното, масното и коскено ткиво во трибребриот отсечок кај јариња од домашната балканска коза изнесувала: 49,46%, 17,35% и 33,19%, последователно, додека кај мелезите со расата алпина: 55,57%, 18,19% и 26,54%.

12. Cilev, G., Gacovski, Z., Presilski, S., **Pacinovski, N.** (2010): Energy value of meadow hay from different grassland regions of Republic of Macedonia. Biotechnology in Animal Husbandry, Vol. 26 , (spec. issue), Book 2, p 483–490. Belgrade-Zemun, Serbia.

Авторите во овој труд ја утврдиле енергетската вредност на ливадското сено со потекло од скопскиот и малешевскиот регион во Р. Македонија. При тоа констатирале дека продуктивната енергија на сеното од испитуваните региони се движи околу и под долната граница на просечните вредности за сеното. Според добиените резултати сеното од регионот на Малеш го класифицирале како добро, а она од скопскиот регион во средно ливадско сено.

Утврдено е дека порастот на содржината на суровото влакно со симултано и пропорционално смалување на содржината на протеини и безазотни екстрактивни материи во текот на складирањето има негативно влијание на енергетската вредност на сеното. Иако примената на различните формули за пресметка на енергетската вредност

претставува апликативно решение за практиката, сепак не е доволно кохерентен и веродостоен начин.

Поради тоа, авторите препорачуваат со цел што пообјективно проценување на енергетската вредност на сеното од одделни региони, неопходно е да се избере и примени само еден од методите на пресметување.

13. Cilev, G., Zivkovic, B., **Pacinovski, N.** (2010): Examining the efficiency of the semisubstitution of the maize with a by-products obtained by manufacturing vegetables and fruits in mixtures for weaned piglets. 17th International Conference "Krmiva 2010", June 7-9, Book of Abstracts, p. 37. Opatija, Croatia.

Ефикасноста од полузаменатa на пченка со споредни продукти добиени при преработка на зеленчук и овошје, во смеските за одбиени прасиња е основната цел на авторите со овој научен труд.

Испитувањето е извршено кај вкупно 72 прасиња (одбиени на возраст 28-30 дена), поделени во три групи (по 24 во секоја од експерименталните групи). Просечната жива маса на прасињата од контролната група на почетокот од експериментот изнесувала 8,66±0,21кг, додека на двете опитни групи (1 и 2), изнесувала 8,79±0,20кг и 8,84±0,19кг, последователно. Експериментот траел 42 дена, поделен во две фази (по 21 ден секоја фаза), и при тоа биле употребени 2 крмни смески (една за период 8-15 кг, втората за период 15-25 кг).

Прасињата од контролната група биле хранети со вообичаена смеска која содржела пченка, додека останатите две контролни групи биле хранети со делумна замена на пченката во смеската, со одредени споредни продукти добиени од преработка на зеленчук и овошје. Замената кај опитната група 1 изнесувала 3%, додека кај опитната група 2, пченката била заменета со 6%.

Просечната жива маса на прасињата од контролната и двете опитни групи (1 и 2), на крајот од опитот изнесувала: 26,98кг, 27,37кг и 26,02кг последователно. Просечниот дневен прираст кај трите групи (контролна, 1 и 2) изнесувал: 436, 445 и 409 гр., последователно. Во однос на прирастот и финалната жива маса, не биле утврдени сигнификантни разлики помеѓу трите испитувани групи (P>0,05).

Како генерален заклучок од овие испитувања, авторите го наведуваат фактот дека полузаменатa на пченка со споредни продукти, добиени со преработка на домати, пиперки и грозје, особено во количина од 3% во крмната смеска, нема никаков негативен ефект врз производните резултати кај одбиени прасиња.

14. Jordanovski, N., Cilev, G., Stefanovski, S., Mihajlovic, I., **Pacinovski, N.** (2010): Effect of season feeding at fattening pigs to producing results. 17th International Conference "Krmiva 2010", June 7-9, Book of Abstracts, p. 39. Opatija, Croatia.

Во трудот е прикажано влијанието на сезоната на хранење врз производните резултати кај гојни свињи. Имено, авторите укажуваат на фактот дека покрај генетските и парагенетските фактори, постојат уште голем број други т.н. фактори на околината кои влијаат врз успешно сточарско производство.

Еден од тие фактори е и сезоната на хранење, која во извесна мера може да влијае врз производните резултати кај свињи во фаза на гоење.

За да се утврди оваа влијание, авторите употребиле 240 свињи (машки и женски), поделени во две групи од по 120 грла, од кои за секоја од четирите сезони биле користени по 30 свињи.

Едната група (контролна) била хранета со стандардна комерцијална смеска, додека другата била хранета со смеска која содржела 7,5, односно 5% биоконцентрат провими.

15. **Pacinovski, N.,** Eftimova, Elena, Gorgovska, Natasa, Dubrova-Mateva, Natasa, Naletoski, Z., Palasevska, Ana. (2011): Production results of early weaned lambs from domestic merinized sheep in Macedonia. Journal of Mountain Agriculture on the Balkans, Vol. 14(1):76-89, Troyan, Bulgaria.

Целта на трудот била да се проучат производните резултати од раното одбивање на јагнињa. Во истражувањата биле користени јагнињa од домашната меринизирана овца, поделени во 3 групи, при што секоја група се состоела од 20 јагнињa (10 машки и 10 женски). Јагнињата од контролната група во текот на целиот опит биле со своите мајки, додека оние од првата опитна група, до 14. ден од својата возраст биле со своите мајки, а од 14.-28. ден добивале само 50% од млекото, по кој период биле комплетно одбиени. Јагнињата од втората опитна група, до 28. ден биле со своите мајки, а по овој период биле одбиени и хранети со иста крмна смеска како и првата опитна група. Енергетската вредност на крмната смеска изнесувала 10,90 MJ/кг. Во текот на опитот била вршена и млекоконтрола кај овците мајки на првата и втората опитна група. Највисока финална жива маса во просек за двата пола постигнале јагнињата од втората опитна група (18,50 кг), која во однос на останатите 2 групи (контролна и И опитна) била повисока за 1,10, односно 4,06%. Констатираните разлики помеѓу групите, во однос на финалната жива маса, биле статистички незначајни. Просечниот вкупен и дневен прираст кај јагнињата од контролната група за целиот период (1-70 ден) изнесувал 13,90 кг (198гр), додека кај останатите две опитни групи (I-ва и II-ра) тој изнесувал 13,21 кг (189 гр) и 13,82 кг (197 гр). Конверзијата, односно потрошувачката на крмна смеска, сурови протеини и метаболитичка енергија за кг прираст, кај јагнињата од I опитна група изнесувал 3,65 кг, 636,19 гр/кг и 39,78 MJ ME, додека кај јагнињата од II опитна група овие вредности изнесувале 3,90кг, 679,77 гр/кг и 42,51 MJ ME. Вкупното производство на млеко за време на експерименталниот период, кај овците мајки на I опитна група изнесувал 34,72 л, додека кај овците-мајки на II опитна група е 28,65 л.

16. **Pacinovski, N.,** Eftimova, Elena, Dimov, G. (2011): A few aspects of the maximum test day yield in the dairy population of sheep in Macedonia. 18th International Conference "Krmiva 2011", June 8-10, Book of Abstracts, p. 75. Opatija, Croatia.

Во трудот е одредена дневната млечност кај вкупно 98 овци од источнофризиската раса, во текот на две експериментални години (2005 и 2006). Дневната млечност била контролирана двапати дневно (наутро и навечер), еднаш месечно, по одбивањето на јагнињата, на возраст од околу 60 дена. Обработени се вкупно 137 лактации. Бројот на тест-дневните контроли варирале помеѓу 5 и 11. Максималната тест-дневна млечност била одредена со помош на ефектот на годината, возраста, бројот на новородени јагнињa и должината на дојниот период. Периодот од јагнење до максималната тест-дневна количина на млеко, како и бројот на млекоконтролите се прикажани во денови. Редоследот на лактацијата бил помеѓу 1 и 6, додека бројот на новородени јагнињa од 1 до 3. Просечната максимална тест-дневна млечност е утврдена во 50±3,1 ден од лактацијата. Основниот сигнификантен фактор била годината (P<0,001). Редоследот на лактацијата и бројот на новородени јагнињa не влијаеле на периодот на максималната дневна млекопродукција. Просечната максимална тест дневна млечност изнесувала 1,83±0,04 л, врз која значајно влијаел редоследот на лактацијата (P<0,001). Максималната тест-дневна млекопродукција од 2,78 л била утврдена во 4-тата лактација, која значајно се разликувала од останатите, а најмалата од 1,72 л била утврдена во 1-та и 6-тата лактација.

Кај 73% од лактациите, максималната тест-дневна млечност била утврдена при 1-та млекоконтрола, а кај 15% во 3-тата и 4-тата млекоконтрола.

Како заклучок може да се наведе важноста на максималната тест-дневна млечност во унапредувањето на источнофризиската раса овци во Р. Македонија.

17. **Pacinovski, N.** (2011): Influence of certain factors on the annual milk production of the Awassi breed. Macedonian Journal of Animal Science, Vol. 1, No. 1, pp. 27-34.

Производните својства кај вкупно 170 овци од расата аваси биле предмет на испитување во овој труд, во текот на четири производни години (2002, 2003, 2004 и 2005 год.). Овците биле на возраст од прва до единаесетта лактација и кај нив биле реализирани вкупно 1130 лактации. Просечната лактациска млечност кај контролираните грла за четирите испитувани години изнесувала 325±14,86 л, додека количеството на млеко, консумирано од страна на јагнињата, во просек изнесувало 89±1,374 л. Максималната лактациска млечност кај оваа популација била измерена во 2002 год. (635 л). Производството на комерцијално млеко кај оваа популација во просек за четирите години изнесувало 236±14,737 л, додека просечната должина на дојниот период бил 74±1,145 денови. Должината на лактацискиот период кај оваа популација за четирите испитувани години во просек изнесувала 234±3,90 денови. Повеќето од испитуваните фактори (година, лактација, месец на јагнење, плодност) имале сигнификантно влијание на различни нивоа (P<0,001, P<0,01, P<0,05) врз годишната млекопродукција кај испитуваната популација овци.

18. Eftimova, Elena, **Pacinovski, N.,** Domazetova-Lambevska, Vesela, Mateva, Natasa, Naletoski, Z. (2011): Comparative research on meat price of lamb of Awassi crossbreeds and Domestic population sheep. Journal of Mountain Agriculture on the Balkans, Vol. 14(2):244-255, Troyan, Bulgaria.

Во трудот се следени производните и економските резултати на фарма на која се одгледувале мелези од F_1 - генерација (добиени со вкрстување на овци од домашната популација со аваси овни), и овци од домашната популација (овчеполска овца). Обработката и анализата на производните и економските резултати овозможиле да се утврдат повеќе параметри на економичност и рентабилност на производството на фармата. Поточно, била утврдена производната цена на килограм јагнешко месо, направените трошоци за тоа производство, како и остварениот приход.

Приносот на килограм произведено јагне на приплодно грло кај мелезите од F_1 - генерација изнесувал 18,2 кг, додека кај овците од домашната популација 11,7 кг, (учеството на приплодните овци кај чисторасните аваси изнесувал 72%, кај мелезите од F_1 - генерација 73%, додека кај овците од домашната популација 88%). Остварениот приход по грло, од продажбата на јагнињата (за месо и репродукција), кај мелезите од F_1 - генерација изнесувал 28,89 евра, додека кај овците од домашната популација 39,38 евра. Вкупните трошоци по грло кај мелезите од F_1 - генерација изнесувале 287,59 евра, додека кај овците од домашната популација 209,04 евра.

19. Petrovic, P. M., Sretenovic, Ljiljana, Muslic-Ruzic, Dragana, **Pacinovski, N.,** Maksimovic, Nevena. (2011): The effect of crossbreeding systems on lamb meat production. Macedonian Journal of Animal Science, Vol. 1, No. 1, pp. 57-60.

Практичните аспекти на вкрстувањето на постојните популации овци во Р. Србија и предностите од него, се тема на овој труд. Р. Србија располага со големи природни потенцијали за развој на овчарското производство, а со тоа и со голем потенцијал за производство на јагнешко месо. Во земјата постојат околу 10 признати раси на овци, а во последните 20 години биле увезени и неколку раси односно соеви од други земји, со цел унапредување на производните перформанси кај постоечките раси во земјата. Самиот систем на вкрстување всушност го користи расовиот диверзитет за зголемување на продуктивноста кај овците. Со овој труд, целта на авторите била да се презентираат некои резултати добиени со воведување на системот на вкрстување, со цел зголемување на производството на јагнешко месо. Испитувањата биле реализирани на Стара Планина, кај мали стада на овци. Како генерален заклучок од реализацијата на овие испитувања е дека производството на јагнешко месо кај вкрстената и унапредена пиротска праменка е зголемено во просек помеѓу 10-16%.

20. Ivanova, Tanja, **Pacinovski, N.,** Raicheva, Emilija, Abadjieva, Desislava. (2011): Mineral content of milk from dairy sheep breeds. Macedonian Journal of Animal Science, Vol. 1, No. 1, pp. 67-71.

Целта на авторите со овој труд била да се утврди минералниот состав на млекото од три млечни популации овци: бугарска синтетска млечна популација одгледувана во Р. Бугарија и источнофризиска и аваси раса на овци, одгледувани во Р. Македонија. Млекото за испитување било земено од вкупно 97 овци од бугарската синтетска млечна популација, 92 грла од источнофризиската раса и 67 овци од аваси расата. Млекопробите биле земени на секои 20 дена, за период од 100 дена. Од макроелементите утврдена е содржината на калциум (Ca) и фосфор (P), со помош на колориметриски метод, додека од микроелементите односно елементите во трагови, утврдени биле следните: олово (Pb), кадмиум (Cd), арсен (As), бакар (Cu), железо (Fe) и манган (Mn). Тие се утврдени со помош на атомски апсорбер. Содржината на калциум и фосфор во млекото од бугарската синтетска млечна популација изнесувал (150 мг/100 г, и 125,78 мг/100 г), кај источнофризиската (155,8 мг/100 г и 150,29 мг/100 г) и аваси расата (139,4 мг/100 г и 163,95 мг/100 г). Односот Ca:P бил во оптимални граници во млекото од бугарската синтетска млечна популација и источнофризиската раса овци (1,19 и 1,05), а нешто понизок сооднос е утврден кај аваси расата (0,85). Утврдената содржина на микроелементите во сировото млеко од споменатите раси овци, бил понизок од дозволениот праг за сурово овчо млеко. Врз основа на добиените резултати за минералниот состав на овчо млеко од трите раси овци, одгледувани во различни области од Балканот, авторите заклучуваат дека таквото сурово млеко претставува погодна суровина за производство на здравствено исправни млечни производи за исхрана на хумаката популација.

21. Eftimova, Elena, Mateva, Natasa, Lambevska-Domazetova, Vesela, **Pacinovski N.,** (2011): Value chain analysis: Sheep milk for processing in the Gostivar region, Republic of Macedonia. Journal of Hygienic Engineering and Design. EHEDG World Congress on Hygienic Engineering & Design, 2011 – Macedonia, pp. 305 – 308.

Во трудот е даден преглед на постојните проблеми при производство на овчо млеко во гостиварскиот регион, можностите за нивно надминување, како и предлози како да се зголеми квантитетот и квалитетот на овчо млеко во овој регион. Во рамките на овие истражувања извршени се интервјуа со повеќе фармери од регионот, со цел идентификација на причините кои би можеле да ги мотивираат со цел зголемување на производството.

Добиените резултати укажуваат на слабата мотивација на фармерите да го продаваат млекото на млекарите, поради ниската откупна цена. Во исто време постои суштинска разлика помеѓу откупната цена од страна на млечните маркети и откупната цена на преработувачите. Добиените резултати биле споредени со исти од кумановскиот регион. Анализата покажала дека во гостиварскиот регион, производството на овчи кашкавал има пониска производна цена во споредба со кашкавалот прозведен во кумановскиот регион. Генерално истражувањето го покажало следното: доколку и понатаму се задржи истата откупна цена, фармерите нема да го продаваат млекото на млекарите. Производството на млеко по овца е многу ниско поради нискиот генетски потенцијал на овците и ниското ниво на применети мерки на благосостојба кај овците. Од друга страна, производната цена на овчото млеко е многу висока поради високата цена на храна за овците, високата цена на трудот, немање доволна евиденција на фармата, недоволно истражување на пазарот од страна на фармерите и сл.

22. Mateva, Natasa, Mihajlov, D., Eftimova, Elena, Nalestoski, Z., **Pacinovski, N.** (2011): Dinamics of rippening of cheese, type Cheddar. Journal of Hygienic Engineering and Design. EHEDG World Congress on Hygienic Engineering & Design, 2011 – Macedonia, pp. 316 – 319.

Целта на трудот била да се утврди динамиката и периодот на зреење во зависност од употребеното сириште и стартер-култури, како и нивното влијание врз квалитетот на сирењето од типот „чедар". Истовремено, испитувано е влијанието на некои протеолитички ензими (ензими од сириште) и Lactobacillus casei како додатна стартер-култура, врз брзината на протеолитичко разградување при созревање на сирењето чедар. Биле произведени и следени четири вариетети на сирење, согласно со процедурата и технологијата на Kosikowski.

Варијантите биле следени во текот на зреење од 90 дена, со три повторувања, а биле анализирани и во однос на хемискиот состав.

Според добиените резултати од хемиската анализа, содржината на вкупниот азот на крајот од зреењето (90 дена), изнесувала 3,741-3,914%. Содржината на растворлив азот, во текот на зреењето изнесувала 0,745-0,753%, додека при понапредната фаза на протеолиза, содржината на растворлив азот кај варијанта 2, изнесувала 0,915%, додека кај варијанта 4, 0,948%.

Врз основа на добиените резултати од примарните азотни материи кои се движат од 0,429-0,514% и секундарните азотни материи од 0,332-0,434%, доаѓаме до сознание дека чедарот е сирење со продолжена и целосна протеолиза.

23. Ivanova, Tanja, Raicheva, Emilija, **Pacinovski, N.** (2011): Yield of cheese and sheep milk composition from synthetic population of Bulgarian dairy and East-Friesian breed. Biotechnology in Animal Husbandry vol. 27 (3), Book 2, p 1105 – 1111. Belgrade-Zemun, Serbia.

Во трудот е направена компаративна анализа помеѓу бугарската млечна синтетска популација (БМСП) и источнофризиската раса овци (ИФ), во однос на лабораториското производство на сирење и на составот на млекото. При лабораториското производство на сирење бил утврден сигнификантно поголем принос на сирење од млекото на бугарската млечна синтетска популација во прва лактација (2,4735 г), во однос на источнофризиската раса овци (1,7608 г), ($P<0,001$). Според авторите, поголемата количина на сирење веројатно била во конекција со поголемата содржина на млечна маст, протеини и суви материи, додека во втората лактација кај двете раси се утврдени исти вредности: БМСП (1,9370 г) и ИФ (1,9282 г).

Во однос на количината и составот на млекото и кај двете раси овци во прва и втора лактација не биле утврдени значајни разлики.

24. Kratovalieva, Suzana, **Pacinovski, N.,** Mihovsky, Ts. (2012): Grazing capacity of grasslands in west part of Macedonia. Journal of Mountain Agriculture on the Balkans, Vol. 15(3):546-562. Troyan, Bulgaria.

Целта на авторите со овој труд била да се одреди хранливиот капацитет на пасиштата во регионот на Мариово (во делот на Битола). Во трудот се дадени општи информации за Мариово, како претежно рурален регион, кој опфаќа главно полувлажни ливади до суви и полуприродни суви тревни површини, со широки можности за развој на сточарството. Согласно со резолуцијата бр. 16 (1989 год.), за зачувување на областите од посебен интерес, помеѓу избраните 19 области е и областа Мариово. Врз основа на стандардната идентификација, областа на Мариово е означена со следните обележја: код MK0000032, тип Ц, биогеографски регион А. Испитувањето било извршено во битолскиот дел од Мариово, во 10 села, лоцирани блиску помеѓу себе. Било утврдено дека целата мариовска област е особено богата од гледна точка на биолошката разновидност. Пасиштата биле составени во најголем дел од следните растителни видови: Agrostis vulgaris, Festuca pseudovina, Koelerhia macrantha, Chrysopogon gryllus,

Andropogon ischaemum, Haynaldia villosa, Anthoxantum odoratum и Deschampsia caespitoza. Според авторите, највисокото производство на трева било добиено на пасиштето "Бегова Ливада" (5070кг/ха), додека најдобро балансираниот однос (1,55), помеѓу тревите (1890 кг/ха) и легуминозните р-ја (1220кг/ха), бил забележан на пасиштето "Гумно". Најголемиот хранлив потенцијал, пресметан според број на хранливи единици на ха, имало на пасиштето "Бегова Ливада" (922,50 кг/ха) или 0,39 LU/ха, додека хранливиот потенцијал на пасиштето "Гумно" изнесувал 899,50 кг/ха или 0,38 LU/ха.

25. Kratovalieva, Suzana, Mihovsky, Ts., **Pacinovski, N.** (2012): Nutritive value of grasslands in East Macedonia. Journal of Mountain Agriculture on the Balkans, Vol. 15(3):576-588. Troyan, Bulgaria.

Целта на трудот била да се испита хранливата вредност на пасиштата во источна Македонија. При тоа било утврдено дека највисоко производство на трева, изразено како кг сува материја на хектар (СМ кг/ха), има на пасиштето "Пиперево" - 5730кг/ха, а најниско на пасиштето "Герен". Во раната фаза на цветање биле земени проби за хемиска анализа. Највисоката содржина на суви материи била утврдена на пасиштето "Чешмите" (91,70%), каде што органските материи (ОМ), биле присутни со најголемо количество (86,32%), а исто така и содржината на сурови протеини (СП) била висока (12,50%). Нешто повисоки содржини на сурови протеини биле утврдени на пасиштата "Грамади" (13,11%) и "Пиперево" (13,66%).

Герен бил еден од трите пасишта, кај кои сувите материи биле пониски од 90%, органски материи изнесувале најмалку 82,57%, содржината на сурови протеини била ниска (9,06%), а содржината на сурова целулоза највисока (27,85%).

Вторите проби биле земени во зрелата фаза на растење: пасиштето "Матевец" имал најмногу суви материи (93,31%), "Селиште" најмногу органски материи (87,58%), а "Герен" повторно имал најниска содржина на органски материи (84,51%) и минимум сурови протеини (6,95%). Слично како и кај првото земање на проби, содржината на сурови протеини била највисока на пасиштето "Пиперево" (11,20%), кој логично кореспондирал со највисоката содржина на сурова целулоза (25,95%).

Согласно со добиените резултати, авторите заклучиле дека пасиштата "Чешмите", "Матевец" и "Пиперево", се квалитетни пасишта кои можат да обезбедат квалитетна кабаста храна за исхрана на животни, составена од 32,98% (Чешмите), 34,90% (Пиперево) и 34,95% (Матевец), претставници од фам. Poaceae, како и други корисни видови од фамилиите Poaceae и Fabaceae со следната застапеност: 60,21% (Пиперево), 61,47% (Матевец) и 61,85% (Чешмите).

26. **Pacinovski, N.,** Kozarovski, N., Palasevski, B., Eftimova, Elena, Mateva, Natasa, Cilev, G., Stojkovic, J., Adamov, N. (2012): Results of several factors influence on daily milk production in Awassi breed in Macedonia. Book of Abstracts of V International Symposium of Livestock Production, 5-7 September, p. 55. Skopje, Macedonia.

Во трудот се испитани неколку производни својства, кај вкупно 170 овци од расата аваси, во текот на четири производни години (2002, 2003, 2004 и 2005 год.). Во текот на овој контролен период, реализирани се вкупно 1130 лактациски контроли, кај овци на возраст од прва до единаесетта лактација. Речиси сите испитувани фактори (година, лактација, месец на јагнење, месец на млекоконтрола, број на млекоконтрола), освен плодноста имале високо сигнификантно влијание ($P<0,001$) врз дневната млекопродукција (утринско, пладневно, вечерно и вкупно млеко, % и количина на маст) кај испитуваната популација овци. Највисоко дневно производство на млеко било утврдено кај овците во 8-ма, а најниско кај оние во 11-та лактација. Аналогно на овој податок, овците од истата возраст произвеле најголема, односно најмала количина на маст. При утврдување на влијанието на лактацијата, се потврдува фактот дека аваси расата го задржува нивото на висока и стандардна млекопродукција до поодминатата возраст. Кај испитуваните овци била утврдена типична лактациска крива,

карактеристична за млечните раси овци, која почнува со највисока дневна млечност при првата млекоконтрола, а најниска при последната.

27. Stojkovic, J., Ilic, Z., Cilev, G., Jasovic, B., **Pacinovski, N.** (2012): The effect of different protein sources in the diet on goat production performance during fattening. Book of Abstracts of V International Symposium of Livestock Production, 5-7 September, p. 69. Skopje, Macedonia.

Целта на трудот била да се испита ефектот од користење на различните извори на протеини во храната за јарињa, врз нивните гојни перформанси, при интензивен тов. Опитот бил изведен кај вкупно 60 јарињa од домашната балканска коза, поделени во три групи и одбиени на возраст од 60 дена. Јарињата биле хранети со концентратна смеска и луцеркино сено ad libitum. Поконкретно, бил испитуван ефектот од користење на три смески врз гојните параметри, кои се разликувале во однос на процентот на неразградливи протеини во руменот: 57% (I), 50% (II) и 46% (III), што било постигнато со користење на различни извори на протеини: соино (I), сончогледово (II) и репкино брашно (III). Јарињата хранети со трите типа на смеска: I:II:III, ги постигнале следните дневни прирасти: 0,276:0,250:0,203 кг, последователно. Конверзијата на суви материи (кг сува материја/кг прираст), аналогно на третманот била: 3,10:3,35:3,70, на енергија (NEM MJ/кг) изнесувала: 27,90:30,69:33,17 и на вкупните протеини (г/кг) таа била во следниот сооднос: 570:597:679.

28. Mateva, Natasa, Srbinovska, Sonja, **Pacinovski, N.**, Eftimova Elena, Palasevski B. (2012): Production of white brine cheese by ultrafiltration. Book of Abstracts of V International Symposium of Livestock Production, 5-7 September, p. 111. Skopje, Macedonia.

Основна цел на овие истражувања била да се утврдат можностите за повисок степен на искористување на серум-протеините и нивна инкорпорација со протеинскиот комплекс, при производство на бело саламурено сирење. Со различните технологии на искористување на серум-протеините, може да се проследи колкава е нивната застапеност и искористеност до краен производ. Употребата на ултрафилтрацијата во светот, како метод на искористеност на серум-протеините има подолга традиција иако во нашата земја скоро и да нема примена.

Како суровина за изведување на опитите било користено кравјо млеко. Ултрафилтрацијата била извршена со полипропиленски спирални мембрани од типот Alfa Laval FS40PP-6338/48, со мембрански капацитет од 8м^2/час и со филтрација на компонентите до молекулска маса до 10.000 Да (далтони). Во текот на истражувањата биле следени физичко-хемиските параметри на добиениот ретентат (концентрат на вкупни протеини и масти) и пермеат (лактоза и минерални материи). Во текот на 45 ден од зреењето, при индустриски начин на производство на бело саламурено сирење по пат на ултрафилтрација, била следена динамиката на одделни параметри (сува материја, млечна маст, вкупни протеини, растворлив азот, примарни и секундарни азотни материи). Како помошни суровини, во текот на производството биле користени: мезофилна хомоферментативна стартер-култура, од типот O-P704, во состав од *Lactococcus lactis supsp.lactis* и *Lactococcus lactis subsp. cremoris* (Chr. Hansen, Данска), раствор на $CaCl_2$, (0,02-0,04%), сирило 0,02% Chy Max 2080 IMCU/г.

Како основен индикатор за утврдување на реолошките (органолептичклите) карактеристики на сирењето била следена влагата во обезмастената сува материја во текот на протеолитичките влијанија, односно процесот на зреење. Од резултатите може да се заклучи дека просечната вредност од 66,37% влага, во обезмастена сува материја е во согласност со Правилникот и Codex Alimentarius (2000). Според таа категоризација, овој тип сирење спаѓа во полутврдите сирења, според цврстината на сирното тесто, додека во однос на млечната маст во сувата материја (48,47) спаѓа во полномасно сирење, зреано во саламура.

III. ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на прикажаното во рефератот може да се констатира дека кандидатот д-р Никола Пациновски, доцент во Институтот за сточарство при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, за периодот од изборот за научен соработник до сега, покажал значајна наставна, научна, стручна и меѓународна активност.

Според Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 35/08), Законот за научно-истражувачка дејност (Сл. весник на РМ бр. 46/08), Статутот на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 173 од 01.08.2011 год.), ги исполнува сите услови да биде избран во научно звање-виш научен соработник во научната област овчарство и козарство.

Од сé што е погоре изнесено, како и врз основа на приложената документација, личното познавање на кандидатот, наставно-образовната, научно - истражувачката и стручно-апликативната дејност, сите поодделно и на систематски и точен начин бодувани во анексот кон овој извештај, со задоволство му предлагаме на Научниот совет на УКИМ-Институт за сточарство во Скопје, д-р Никола Пациновски да биде избран во научното звање-виш научен соработник во научната област овчарство и козарство.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Владимир Џабирски, претседател с.р.

Проф. д-р Никола Козаровски, член с.р.

Проф. д-р БонеПалашевски, член с.р.

АНЕКС 2

ОБРАЗЕЦ
КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ

Кандидат: **д-р Никола Пациновски**
Институција: **УКИМ Институт за сточарство - Скопје**
Научна област: **Овчарство и козарство**

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ (НО)

Ред. бр.	Назив на активноста	Поени
1.	**Одржување на настава**	
1.1.	**- Одржување настава од прв циклус студии (учебна 2008/2009):** Одржување настава по предметот овчарство и козарство од прв циклус студии на Факултетот за биотехнички науки при Универзитетот "Св. Климент Охридски" во Битола. 4 (часа неделно) x 15 (бр. на работни недели во семестар) x 0,04	2,4
1.2.	**- Одржување настава од прв циклус студии (учебна 2009/2010):** Одржување настава по предметот овчарство и козарство од прв циклус студии на Факултетот за биотехнички науки при Универзитетот "Св. Климент Охридски" во Битола. 4 (часа неделно) x 15 (бр. на работни недели во семестар) x 0,04	2,4
1.3.	**- Одржување настава од втор циклус студии (учебна 2009/2010):** Одржување настава по предметот генетика од втор циклус студии на Факултетот за биотехнички науки при Универзитетот "Св. Климент Охридски" во Битола. 4 (часа неделно) x 15 (бр. на работни недели во семестар) x 0,05	3,0
1.4.	**- Одржување настава од прв циклус студии (учебна 2010/2011):** Одржување настава по предметот овчарство и козарство од прв циклус студии на Факултетот за биотехнички науки при Универзитетот "Св. Климент Охридски" во Битола. 3 (часа неделно) x 15 (бр. на работни недели во семестар) x 0,04	1,8
1.5.	**- Одржување настава од втор циклус студии (учебна 2010/2011):** Одржување настава по предметот генетика од втор циклус студии на Факултетот за биотехнички науки при Универзитетот "Св. Климент Охридски" во Битола. 4 (часа неделно) x 15 (бр. на работни недели во семестар) x 0,05	3,0
1.6.	**- Одржување настава од прв циклус студии (учебна 2012/2013):** Одржување настава по предметот морфологија и патологија на виме кај преживари од прв циклус студии на Ветеринарниот факултет при Универзитетот "Св. Климент Охридски" во Битола. 1 (час неделно) x 15 (бр. на работни недели во семестар) x 0,04	0,6
2.	**Настава во летни школи и работилници:**	
2.1.	Учесник на работилница под наслов: 1st GlobalDiv Workshop "A global view of livestock biodiversity and conservation", организирана од EAAP, а одржана на Универзитетот за технологии и животни науки во Бидгош, Република Полска, во периодот 18-19 март 2009.	1,0
2.2.	Учесник на работилница под наслов: Successful participation in Framework Programme 7 (FP7), организирана од WBC-INCO.NET (Co-ordination of Research Policies with the Western Balkan Countries), SBRA (Slovenian Business & Research Association), ECPD (European Center for Peace and Development) и Стопанска комора на Р. Македонија, а одржана во Стопанска комора на Р. Македонија, 19 ноември 2010.	1,0
2.3.	Учесник во работилница под наслов: Food Safety for the Region of South-East Europe, организирана од: Giz (Deutsche Gesellschaft für Internationale Zusammenarbeit (GIZ) GmbH, Институтот за јавно здравје на Р. Македонија, BalkanNet (Cooperation Beyond Borders), Мичел институтот од Германија, одржана во хотел „Континентал", Скопје, 17-18 мај 2012 год.	1,0

2.4	Учесник на студиско патување под наслов: Food Safety for the Region of South-East Europe, организирано од: Giz (Deutsche Gesellschaft für Internationale Zusammenarbeit (GIZ), AMIK, BalkanNet (Cooperation Beyond Borders), реализирано во Бон, Келн, Р. Германија	1,0
3.	**Одржување на вежби (лабораториски, аудиториски или изработка на семинарски труд):**	
3.1.	**Одржување вежби (учебна 2008/2009):** Одржување на вежби по предметот овчарство и козарство на прв циклус студии на Факултетот за биотехнички науки при Универзитетот "Св. Климент Охридски" во Битола. 2 (часа неделно) x 15 (бр. на работни недели во семестар x 0,03)	0,9
3.2.	**Одржување вежби (учебна 2009/2010):** Одржување на вежби по предметот овчарство и козарство во прв циклус студии на Факултетот за биотехнички науки при Универзитетот "Св. Климент Охридски" во Битола во учебна 2009/2010. 2 (часа неделно) x 15 (бр. на работни недели во семестар x 0,03)	0,9
3.3.	**Одржување вежби (учебна 2009/2010):** Одржување на вежби по предметот генетика на втор циклус студии на Факултетот за биотехнички науки при Универзитетот "Св. Климент Охридски" во Битола. 2 (часа неделно) x 15 (бр. на работни недели во семестар x 0,03)	0,9
3.4.	**Одржување вежби (учебна 2010/2011):** Одржување на вежби по предметот овчарство и козарство на прв циклус студии на Факултетот за биотехнички науки при Универзитетот "Св. Климент Охридски" во Битола во учебна 2010/2011. 2 (часа неделно) x 15 (бр. на работни недели во семестар x 0,03)	0,9
3.5.	**Одржување вежби (учебна 2010/2011):** Одржување на вежби по предметот генетика на втор циклус студии на Факултетот за биотехнички науки при Универзитетот "Св. Климент Охридски" во Битола. 2 (часа неделно) x 15 (бр. на работни недели во семестар x 0,03)	0,9
4.	**Консултации со студенти:**	
4.1.	Консултации со студенти по предметот овчарство и козарство од прв циклус студии на Факултетот за биотехнички науки при Универзитетот "Св. Климент Охридски" во Битола во учебната 2008/2009.	0,03
4.2.	Консултации со студенти по предметот генетика од втор циклус студии на Факултетот за биотехнички науки при Универзитетот "Св. Климент Охридски" во Битола во учебната 2009/2010.	0,02
4.3.	Консултации со студенти по предметот овчарство и козарство од прв циклус студии на Факултетот за биотехнички науки при Универзитетот "Св. Климент Охридски" во Битола во учебната 2010/2011.	0,02
4.4.	Консултации со студенти по предметот генетика од втор циклус студии на Факултетот за биотехнички науки при Универзитетот "Св. Климент Охридски" во Битола во учебната 2010/2011.	0,02
4.5.	Консултации со студенти по предметот овчарство и козарство од прв циклус студии на Факултетот за биотехнички науки при Универзитетот "Св. Климент Охридски" во Битола во учебната 2011/2012.	0,02
4.6	Консултации со студенти по предметот овчарство и козарство од прв циклус студии на Факултетот за биотехнички науки при Универзитетот "Св. Климент Охридски" во Битола во учебната 2012/2013.	0,02
4.7	Консултации со студенти по предметот морфологија и патологија на виме кај преживари на Ветеринарниот факултет при Универзитетот "Св. Климент Охридски" во Битола во учебната 2012/2013.	0,03

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ (НИ)

Ред. бр.	Назив на активноста	Поени
1.	**Раководител во национален научен проект:**	
1.1.	Раководител на научен национален проект: Користење на фиксирани (fixed models) и мешани модели (animal models) при селекција на млечните популации овци во Р. Македонија (2010-2011), Договор бр. 13-3597/2 од 27.10.2010 год. и Решение бр. 13-3965/1 од 24.09.2010 год.	6,0
2.	**Учесник во национален научен проект:**	
2.1.	Учесник во национален научен проект под наслов: Следење на процесот на аклиматизација и производство на источно - фризиската раса овци во услови на Република Македонија (2008)	3,0
2.2.	Учесник во национален научен проект под наслов: Биодиверзитет во сточарството во Република Македонија (2008)	3,0
2.3.	Учесник во национален научен проект под наслов: Економска анализа на органско производство на козјо млеко и козји млечни производи (2009)	3,0
3.	**Учесник во меѓународен научен проект:**	
3.1.	Учесник во меѓународен научен проект под наслов: Управување на селекцискиот и репродуктивниот процес за оптимизирање на продукцијата кај специјализирани раси на овци (2008-2010)	5,0
4.	**Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно/стручно списание:**	
4.1.	Nikolova Nedeljka, Eftimova Elena, **Pacinovski N.**, Pavlovski Zlatica, Miloshevich N., Perich Lidija **(2009).** The effect of genotype, age, sex and composition of feed on content of abdominal fat in carcass of broiler chickens. Contemporary agriculture, 58(1-2)92-100, 2009. Novi Sad, Serbia.	2,4
4.2.	**Pacinovski N.,** Eftimova Elena, Dimov G., Kozarovski N. **(2010).** Corelation coeficients between udder dimensions and separate lactation characteristics in three populations of sheep in R. Macedonia. Journal of Mountain Agriculture on the Balkans, Vol. 13(1):148-167, Troyan, Bulgaria.	2,4
4.3.	Milevska Elena, Stojanovski M., Kozarovski N., Kitanovski D., **Pacinovski N. (2010).** Influence of the breed on the gain and slaughter quality of the kids of the Domestic □ober□ goat and its crossbreeds with Alpine breed. Journal of Mountain Agriculture on the Balkans, Vol. 13(1):137-147, Troyan, Bulgaria.	2,4
4.4.	**N. Pacinovski,** E. Eftimova, N. Gorgovska, N. Dubrova-Mateva, Z. Naletoski, A. Palasevska. **(2011).** Production results of early weaned lambs from Domestic merinized sheep in Macedonia. Journal of Mountain Agriculture on the Balkans, Vol. 14(1):76-89, Troyan, Bulgaria.	2,4
4.5.	E. Eftimova, **N. Pacinovski,** V. Domazetova-Lambevska, N. Mateva, Z. Naletoski. **(2011).** Comparative research on meat price of lamb of Awassi crossbreeds and Domestic population sheep. Journal of Mountain Agriculture on the Balkans, Vol. 14(2):244-255, Troyan, Bulgaria.	2,4
4.6.	Kratovalieva Suzana, **Pacinovski N.,** Mihovsky Ts. (2012). Grazing capacity of grasslands in west part of Macedonia. Journal of Mountain Agriculture on the Balkans, Vol. 15(3):546-562. Troyan, Bulgaria.	3,2
4.7.	Kratovalieva Suzana, Mihovsky Ts., **Pacinovski N.** (2012). Nutritive value of grasslands in East Macedonia. Journal of Mountain Agriculture on the Balkans, Vol. 15(3):576-588. Troyan, Bulgaria.	3,2
5.	**Трудови со оригинални научни резултати, објавени во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор:**	
5.1.	Eftimova Elena, **Pacinovski N.,** Lambevska-Domazetova Vesela. **(2009).** Comparative production features of Awassi and ovcepole pramenka cross-breeds in the Republic of Macedonia. Biotechnology in Animal Husbandry, vol. 25 (5-6), Book 2, pp. 901 – 907. Belgrade-Zemun, Serbia.	4,8
5.2.	**Pacinovski N. (2010).** Influence of some factors on the udder measurements in Awassi sheep and its crossbreeds with Domestic population sheep in Macedonia. Krmiva, Vol. 52, No. 2, pp. 85-93. Zagreb, Croatia.	6,0

5.3.	**Pacinovski N.,** Eftimova Elena, Cilev G. **(2010).** Influence of certain factors on the annual milk production of the crossbreeds between Awassi and Domestic population of sheep. Krmiva, Vol. 52, No. 2, pp. 95-102. Zagreb, Croatia.	4,8
5.4.	Cilev G., Gacovski Z., Presilski S., **Pacinovski N. (2010).** Energy value of meadow hay from different grassland regions of Republic of Macedonia. Biotechnology in Animal Husbandry, vol. 26 , (spec. issue), Book 2, pp. 483–490. Belgrade-Zemun, Serbia.	3,6
5.5.	Eftimova Elena, Mateva Natasa, Lambevska-Domazetova Vesela, **Pacinovski N. (2011).** Value chain analysis: Sheep milk for processing in the Gostivar region, Republic of Macedonia. Journal of Hygienic Engineering and Design. EHEDG World Congress on Hygienic Engineering & Design, 2011 – Macedonia, pp. 305 – 308.	3,6
5.6.	Mateva Mateva, Mihaljov Dragi, Eftimova Elena, Naletoski Zoran, **Pacinovski Nikola** (2011). Dinamics of □ober□ng of cheese, type Cheddar. Journal of Hygienic Engineering and Design. EHEDG World Congress on Hygienic Engineering & Design, 2011 – Macedonia, pp. 316 – 319.	3,6
5.7.	**Pacinovski N. (2011).** Influence of certain factors on the annual milk production of the Awassi breed. Macedonian Journal of Animal Science, Vol. 1, No. 1, pp. 27-34.	6,0
5.8.	Petrovic P. M., Sretenovic Ljiljana, Muslic R. Dragana, **Pacinovski N.,** Maksimovic Nevena. **(2011).** The effect of crossbreeding systems on lamb meat production. Macedonian Journal of Animal Science, Vol. 1, No. 1, pp. 57-60.	3,6
5.9.	Ivanova Tanja, **Pacinovski N.,** Raicheva Emilija, Abadjieva Desislava. **(2011).** Mineral content of milk from dairy sheep breeds. Macedonian Journal of Animal Science, Vol. 1, No. 1, pp. 67-71	3,6
5.10	Ivanova Tanja, Raicheva Emilija, **Pacinovski N.** (2011). Yield of cheese and sheep milk composition from synthetic population of Bulgarian dairy and East-Friesian breed. Biotechnology in Animal Husbandry vol. 27 (3), Book 2, p. 1105 – 1111. Belgrade-Zemun, Serbia	4,8
6.	**Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир:**	
6.1.	Eftimova Elena, **Pacinovski N.,** Palashevski B. **(2008).** Production traits of awassi sheep and its crossbreeds with domestic population in Republic of Macedonia. Symposium for Animal husbandry, veterinary medicine and economy in the healthy and food safety production, 22–29 June, Herceg Novi, Proceeding abstracts, p. 154 Montenegro	1,0
7.	**Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор:**	
7.1.	**Pacinovski N.,** Eftimova Elena, Lambevska-Domazetova Vesela. **(2009).** Production features of East Friesian sheep breed in the Republic of Macedonia. IV International Symposium of livestock production, 09-12 September, Struga, Book of Abstracts, p. 51. Macedonia.	1,0
7.2.	Kozarovski N., **Pacinovski N. (2009).** Some productive traits of the East Friesian sheep in Republic of Greece. IV International Symposium of livestock production, 09-12 September, Struga, Book of Abstracts, p. 68. Macedonia.	1,0
7.3.	Eftimova Elena, **Pacinovski N.,** Lambevska-Domazetova Vesela. **(2009).** Some productive and economic indicators for organic goat production. IV International Symposium of livestock production, 09-12 September, Struga, Book of Abstracts, p. 275. Macedonia	1,0
7.4.	Cilev G., Sinovec Z., Palashevski B., **Pacinovski N. (2009).** Examining the efficiency of the semi substitution of the maize with a by-products obtained by manufacturing vegetables and fruits in mixtures for growing and fattening pigs. Book of Abstracts of the 60th Annual Meeting of the European Association for Animal Production (EAAP). Book of abstracts, No 15(2009), p. 385. 24-27 August. Barcelona, Spain	1,0
7.5.	Cilev G., Zivkovic B., **Pacinovski N. (2010).** Examining the efficiency of the semusubstitution of the maize with a by-products obtained by manufacturing vegetables and fruits in mixtures for weaned piglets. 17th International Conference "Krmiva 2010", June 7-9, Book of Abstracts, p. 37. Opatija, Croatia	1,0

7.6.	Jordanovski N., Cilev G., Stefanovski S., Mihajlovic I., **Pacinovski N. (2010).** Effect of season feeding at fattening pigs to producing results. 17th International Conference "Krmiva 2010", June 7-9, Book of Abstracts, p. 39. Opatija, Croatia.	1,0
7.7.	**Pacinovski N.**, Eftimova Elena, Dimov G. **(2011).** A few aspects of the maximum test day yield in the dairy population of sheep in Macedonia. 18th International Conference "Krmiva 2011", June 8-10, Book of Abstracts, p. 75. Opatija, Croatia	1,0
7.8	**Pacinovski, N.,** Kozarovski, N., Palasevski, B., Eftimova, Elena, Mateva, Natasa, Cilev, G., Stojkovic, J., Adamov, N. (2012). Results of several factors influence on daily milk production in Awassi breed in Macedonia. V International Symposium of Livestock Production, 5-7 September, Skopje. Book of Abstracts, p. 55. Macedonia	1,0
7.9	Stojkovic, J., Ilic, Z., Cilev, G., Jasovic, B., **Pacinovski, N.** (2012). The effect of different protein sources in the diet on goat production performance during fattening. V International Symposium of Livestock Production, 5-7 September, Skopje. Book of Abstracts, p. 69. Macedonia	1,0
7.10	Mateva, Natasa, Srbinovska, Sonja, **Pacinovski, N.,** Eftimova Elena, Palasevski B. (2012). Production of white brine cheese by ultrafiltration. V International Symposium of Livestock Production, 5-7 September, Skopje. Book of Abstracts, p. 111. Macedonia	1,0
8.	**Пленарно предавање на научен/стручен собир:**	
8.1.	Пленарно предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество: Специфични карактеристики на сточарството во Р. Македонија. (2009). 60th Annual Meeting of the European Association for Animal Production, 24-27 August, 2009, Barcelona, Spain	3,0
9.	**Секциски предавања на научен/стручен собир со меѓународно учество:**	
9.1.	Секциско предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество: Evaluate of abdominal fat in broiler chicken carcass by different genotype and diet composition (2008). Симпозиум по сточарство, ветеринарна медицина и економика во производството на здравствено безбедна храна. 22-29 Јуни, Херцег Нови, Црна Гора.	2,0
	Анестезија со Recofol и Recofol-Alfentanil кај стари пациенти при ендоскопски интервенции во оториноларингологијата. М.Арсова-Силјановска, Б.Ширгоска. Клиника за уво, нос и грло, Клинички Центар, Скопје. Книга на апстракти , II конгрес на анестезиолозите на Македонија со меѓународно учество. 2000.(1)	1.0
	Употреба на азотен оксидул во отолошката хирургија. А.Крстевски, М.Арсова-Силјановска, Б.Мицевски, Б.Ширгоска. Карил, Клиника за уво, нос и грло, Медицински факултет, Скопје, Македонија. Зборник на абстракти I Конгрес на Анестезиолозите на Македонија со меѓународно учество. 1995. (1)	1.0
	Хипотензивна анестезија за микрохирургија на средно уво. Споредба меѓу Халотан и Изофлуран. А.Крстевски,	1.0

	М.Арсова-Силјановска, Б.Мицевски. Карил, Клиника за уво, нос и грло, Медицински факултет, Скопје, Македонија. Зборник на абстракти I Конгрес на Анместезиолозите на Македонија со меѓународно учество. 1995.(1)	
	The influence of antibiotics on haemostasis at children for tonsiloadenoidectomy. B.Shirgoska, M.Arsova-Siljanovska, KARIL, ENT Clinic, Skopje, R.of Macedonia. Book of Abstracts, the first Regional Meeting of young anaesthesiologists. 2003.(1)	1.0
	Употреба на вазодилалатор при интравенска анестезија за стапес хирургија. Б.Ширгоска, Клиника за уво, нос и грло, Скопје, Македонија. Abstract book Ist Macedonian Congress of Oto-Rhino-Laryngology. 2005.(1)	1.0
	Зофран, лек од избор за постоперативно гадење и повраќање., приказ на случај. Б.Ширгоска, М.Арсова, Ѓ.Оровчанец, Н. Николовски. Клиника за уво, нос и грло, Скопје, Македонија. Abstract book Ist Macedonian Congress of Oto-Rhino-Laryngology. 2005.(1)	1.0
	The clinical relationship of nasal polyps to asthma. G.Kopaceva, D.Dokic, V.Kaev, B.Shirgoska. ENT Clinic, clinical Center, University Hospital, Skopje, Macedonia. Abstract book Ist Macedonian Congress of Oto-Rhino-Laryngology. 2005.(1)	1.0
	Comparison of spontaneous with controlled mode of ventilation in tonsillectomy. D.Dimitrovska, B.Sirgoska, B.Gogusevski. ENT Clinic, Department of anesthesiology, University Clinical Center – Skopje, Macedonia. Abstract book Ist Macedonian Congress of Oto-Rhino-Laryngology. 2005.(1)	1.0
	Улогата на преоперативните инвестигации во превенцијата на постоперативните хеморагии кај тонзилоаденоидектомираните деца. Б.Гогушевски, И.Филипче, В.Јекиќ, М.арсова-Силјановска, Б.Ширгоска, Ј.Меловски, А.Лазаревски. Клиника за уво, нос и грли, Клинички Центар, Скопје. Abstract book Ist Macedonian Congress of Oto-Rhino-Laryngology. 2005.(1)	1.0
	Dormicum-propofol интеракција при вовед во анестезија. Б.Ширгоска. КАРИЛ, Скопје, Македонија. Зборник на апстракти III конгрес на Анестезиолозите на Македонија со меѓународно учество. 2005.(1)	1.0
	Ефектот на севофлуран врз васкуларните клетки за време на општа анестезија. Б.Ширгоска, КАРИЛ, Скопје,	1.0

	Македонија. Зборник на абстракти III Конгрес на Анестезиолозите на Македонија со меѓународно учество. 2005.(1)	
	Тешки интубации. Ј.Мелоски, Г.Мицевски, Б.Ширгоска, М.Арсова, Д.Димитровска. КАРИЛ, Скопје, Македонија. Зборник на абстракти III конгрес на Анестезиолозите на Македонија со меѓународно учество. 2005.(1)	1.0
	New techniques and devices in difficult airway, B.Shirgoska. ENT University Clinic, Skopje, Macedonia. Book of abstracts Ist Croatian Congress of airway management with international participation. Zagreb. 2012.(1)	1.0
	Hypotensive anesthesia. B.Shirgoska, J.Netkovski, A.Aleksovska. University ENT Clinic, Skopje, Macedonia. In ixtenso. The first Macedonian Conference on Transfusion alternatives in critically ill patients. Skopje. 2012.(1)	1.0
	Kombinacija na Ondansentron и Propofol во профилакса на гадење и повраќање после аденотонзилектомија. Д.Димитровска, М.Арсова-Силјановска, Б.Ширгоска, Ј.Мелоски. Клиника за уво, нос и грло, оддел анестезија, Клинички Центар – Скопје, Македонија. Abstract book, 1st Macedonian Congress of Oto-Rhino-Laryngology. 2005. (1)	1.0
	Вкупно	**20.00**
5.	**Секциско предавање на научен собир**	
	Flormidal-Ralatek анестезија во отолошката микрохирургија. Б.Ширгоска, М.Арсова, А.Крстевски, Ј.Меловски. Клиника за уво, нос и грло, Клинички центар, Скопје.(0.5)	0.5
	Paracetamol as analgetic at allergic children for tonsiloadenoidectomy. B.Shirgoska, M.Arsova, A.Krstevski, J.Melovski, Clinic for ear, nose and throat surgery, CARIL, Sofija.(1)	1.0
	Интеракција меѓу Alfentanil и Erytromycin. Б.Ширгоска, М.Арсова-Силјановска. Клиника за уво, нос и грло, Клинички Центар, Скопје.(0.5)	0.5
	Постоперативна аналгезија код деце за тонзилоаденоидектомију. Б.Ширгоска, М.Арсова, А.Крстевски, Ј.Меловски. Клиника за уво, нос и грло, Клинички Центар, Ниш.(1)	1.0
	Назална ендоскопија и функционална ендоскопска синус хирургија. Ј.Нетковски, Б.Ширгоска,	0.5

	Г.Младеновска, Клиника за уво, нос и грло, Клинички Центар, Скопје.(0.5)	
	Bolus dose of Remifentanil and haemodynamic response to endotracheal intubation. B.Shirgoska,M.Soljakova,M.Arsova-Siljanovska, M.Petrovska, ENT Clinic, Clinical Center, Skopje.(0.5)	0.5
	Наши искуства со Benzosan кај бронхоскопиите. М.Арсова, Б.Мицевски, А.Крстевски, Б.Ширгоска. Клиника за уво, нос и грло, КАРИЛ, Скопје.(0.5)	0.5
	Тотална парентерална исхрана на периферна вена кај пациенти со карцином на ларингс. Б.Ширгоска, М.Арсова, А.Крстевски, Ј.Меловски. Клиника за уво, нос и грло, Клинички Центар, Скопје. (0.5)	0.5
	Анестезија за тонзилоаденоидектомии кај деца. Б.Ширгоска. КМЕ по анестезиологија, втор циклус, четврт курс Ф.Е.Е.А. Мајка, дете, несакани ефекти, 2008.(1)	1.0
	Фунгален риносинузитис, Ј.Нетковски, Б.Ширгоска, Н.Николовски, Клиника за уво, нос и грло, Скопје, КМЕ, ОРЛ, 2012.	1.0
	Назални кортикостероиди во современата ринологија, Ј .Нетковски, Н.Николовски, Б.Ширгоска, Клиника за уво, нос и грло, Скопје,КМЕ, ОРЛ, 2012.	1.0
	Вкупно	**8.0**
6.	**Трудови со оригинални научни резултати објавени во списанија**	
	Класификација на деформациите и функционални оперативни интервенции на носната преграда. Ј.Нетковски, Г.Младеносвска, Б.Ширгоска,В.Николовска Македонски медицински преглед, ГОД 53, 1999, стр.176-180, Бр.3-4.(0.5)	0.5
	Тотална интравенска анестезија со пропофол кај микрохируршки интервенции на средното уво. Б.Ширгоска, М.Силјановска, А.Крстевски, Ј.Мелоски, Ј.Нетковски. Македонски медицински преглед, ГОД 53, 1999, стр.52-57, Бр.1-2. (0.5)	0.5
	Приказ на случај со paraganglioma caroticum-анестезиолошки аспект. Б.Ширгоска, В.Ќаев, М.Арсова-Силјановска, Ј.Нетковски. Македонски медицински преглед, ГОД 53, 1999, стр.312-316, Бр.5-6.(0.5)	0.5
	Sufentanil Versus Isofluran за микроларингоскопски интервенции. Б.Ширгоска, М.арсова-Силјановска, Ј.	0.5

	Нетковски. Македонски медицински преглед, ГОД 54, 2000, стр.5-9, Бр.1-2.(0.5)	
	Класификација на деформациите и функционални оперативни интервенции на носната преграда. Ј.Нетковски, Г.Младеносвска, Б.Ширгоска,В.НиколовскаМакедонски медицински преглед, ГОД 53, 1999, стр.176-180, Бр.3-4.(0.5)	0.5
	Stage (фаза, степен, етапа), Б.Ширгоска. Македонска медицинска терминологија, Vox Medici, Година XX, број 72, октомври 2011 година.(0.5)	0.5
	Airway – дишен пат. Б.Ширгоска. Македонска медицинска терминологија, Vox Medici, Година XX, број 73, декември 2011 година. (0.5)	0.5
	Плазматско ниво на НО при употреба на нитроглицерин кај оперативни интервенции на средното уво. Б.Ширгоска, Ј.Нетковски, М.Шољакова. Мак. мед. преглед, ГОД 57, 2003, стр 285-289, Бр. 5-6.(0.5)	0.5
	Радиолошка евалуација на анатомските варијации во синоназалното подрачје. Ј.Нетковски, Ѓ.Оровчанец, Г.Дамјановски, Б.Ширгоска. . Мак. мед. преглед, ГОД 57, 2003, стр 298-302, Бр. 5-6.(0.5)	0.5
	Хроничен риносинузитис: патолошка и имунохистохемиска студија. Нетковски Ј, Ристовски М, Ширгоска Б, Оровчанец Ѓ. Acta morfol. Вол 3(1); 43-46, 2006. (0.5)	0.5
	Laryngoscopy: is it the past or the future? Workshop with international participation: Airway management, 20.11.2009, Skopje, Macedonia.(2)	2.0
	. Specific lesions that need the airway treatment in childhood. How to manage them. B.Shirgoska, ENT University Clinic, Skopje, Macedonia. Tirana, 2011.(2)	2.0
	Микробиологија на хроничниот риносинузитис. Нетковски Ј, Котевска В, Ширгоска Б, Оровчанец Ѓ.. Acta Morphologica, Vol.2 (2):46-50.2005. (0.5)	0.5
	Анестезија за тонзилоаденоидектомии кај деца. Б.Ширгоска. КМЕ по анестезиологија, втор циклус, четврт курс Ф.Е.Е.А. Мајка, дете, несакани ефекти, 2008.(1)	1.0
	Фармакологија на кардиоваскуларните лекови.	1.0

	Б.Ширгоска, Ј.Нанчева. КМЕ по анестезиологија, втор циклус, втор курс Ф.Е.Е.А. Срце, циркулација, анестезија, 2006.(1)	
	Третман на итни состојби на горен дишен пат во детската возраст.Б. Ширговска, Ј. Нетков, Н. Николовски. КМЕ 3 Анестезиолошка школа, Анестезиологија во новата декада. 2011 (1).	1.0
	Горен дишен пат - структура и функција. Б. Ширговска, Ј. Нетков , КМЕ Третман на дишен пат. 2011.(1)	1.0
	Подготовка на препораки за третман на горен дишен пат Б. Ширговска, Ј. Нетков , КМЕ Третман на дишен пат. 2011.(1)	1.0
	Третман на итни состојби на горен airway во детска возраст. Б.Ширгоска, Ј.Нетковски, Н.Николовски. КМЕ по анестезиологија, 26.05.2011, Скопје.	1.0
	Анестезија за тонзилектомија кај деца со хетерозиготна форма на таласемија . Б. Ширговска, Универзитетска Клинкика за уво, нос и грло, Скопје. 4 конгрес на анестезиолозите на Р. Македонија 2010	2.0
	Постинтубациона трахеална стеноза. Б. Ширговска, Н. Николовски Универзитетска Клинкика за уво, нос и грло, Скопје. 4 конгрес на анестезиолозите на Р. Македонија 2010	2.0
	Хоанална атрезија кај деца - третман Б. Ширговска, Универзитетска Клинкика за уво, нос и грло, Скопје. 4 конгрес на анестезиолозите на Р. Македонија 2010	2.0
	Фиберопtичка интубација. Б. Ширговска, Универзитетска Клинкика за уво, нос и грло, Скопје. 4 конгрес на анестезиолозите на Р. Македонија 2010	2.0
	Акутна респираторна инсуфициенција кај деца. Б. Ширговска, А. алексовска, Ј. Меловски. 3. Македонски конгрес на ORL со интернационално учество. 2012.	2.0

	Вкупно	**25.50**
	Вкупно	**101.50**

СТРУЧНО - АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Ред.број	**Дејности од поширок интерес**	**Поени**
1.	Член на организационен/научен одбор на собир	
	1st Macedonian Congress of Oto-Rhino-Laryngology, 28-30.09.2005, Ohrid, Macedonia, Organizing Committee (1)	1.0
	2nd Macedonian Congress of Oto-Rhino-Laryngology,01-03.10.2008, Ohrid, Macedonia, Scientific Committee (1)	1.0
	IV Congress of Macedonian anesthesiologists, 23-26.09.2010, Ohrid, Macedonia, Member of Organizing Committee and Associate of main editor of the book (1)	1.0
	1st Croatian Congress of airway management with international participation, 11-12.11.2012, Zagreb, Croatia, Scientific Committee (1)	1.0
	IIIrd Macedonian Congress of ORL with international participation, 16-19.09.2012, Ohrid, Macedonia, Scientific board member (1)	1.0
	КМЕ по анестезиологија, Шести циклус (С.Е.Е.А), Анестезија-организација, пациент и операција, орг. одбор, 29-31.10.2010, Дојран (1)	1.0
	КМЕ по анестезиологија, Прв курс - трет циклус (С.Е.Е.А),Респирација и торакс, 04-06.11.2011, Дојран, стручен одбор (1)	1.0
	КМЕ по анестезиологија, Втор курс - трет циклус (С.Е.Е.А),Срце, циркулација и кардиоанестезија, 02-04.11.2012, Дојран. Стручен одбор и испитна комисија (1)	1.0
	Вкупно	**8.0**

	НАСТАВНО - ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	**23.29**
	НУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	**101.50**
	СТРУЧНО - УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ	
	СТРУЧНО - АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ	**8.0**
	Вкупно	**132.79**

Врз основа на поднесениот извештај, Рецензентската комисија во состав:

1. проф. д-р Зорка Николова-Тодорова ср.
2. проф. д-р Марија Шољакова ср.
3. проф. д-р Ордан Нојков ср.
4. проф. д-р Горан Кондов ср.
5. проф. д-р Илија Панговски ср.

Заклучок

Комисијата опстојно, детално и внимателно ја разгледа целокупната приложена документација за рецензија од кандидатите и направи увид во сите релевантни податоци важни за изборот на наставници и соработници, согласно со Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни , научни, наставно - стручни и соработнички звања на Универзитетот Св. "Кирил и Методиј" во Скопје.
Комисијата едногласно има чест и задоволство на Наставно - научниот совет на Медицинскиот фалуктет за избор на три наставници по предметот анестезиологија со реанимација да ја предложи за избор во звањето редовен професор, научен советник д-р Мирјана Шошолчева и да му предложи на Насатавно- научниот совет да донесе одлука за понатамошно процедурирање на посатапката до Ректоратот на Универзитетот Св. "Кирил и Методиј" во Скопје.
Комисијата едногласно има чест и задоволство на Наставно научниот совет на Медицинскиот факултет за избор во звањето доцент по предметот анестезиологија со реанимација да ги предложи ас. д-р Билјана Кузмановска и ас. д-р Андријан Карталов.

Рецензентска комисија

6. Проф. д-р Зорка Николова Тодорова, претседател, ср
7. Проф. д-р Марија Шољакова, член, ср
8. Проф. д-р Ордан Нојков, член, ср
9. Проф. д-р Горан Кондов член, ср
10. Проф. д-р Илија Панговски, член, ср

РЕЦЕНЗИЈА

НА РАКОПИСОТ „ПРАВО НА ИНТЕЛЕКТУАЛНА СОПСТВЕНОСТ“ ОД АВТОРИТЕ ПРОФ.Д-Р ЈАДРАНКА ДАБОВИЌ АНАСТАСОВСКА И ПРОФ.Д-Р ВАЛЕНТИН ПЕПЕЉУГОСКИ

Согласно одлуката на седницата на Наставно научниот совет одржана на 31.01.2013 со која сум избран за рецензент на учебникот „Право на интелектуална сопственост“, врз основа на читање на текстот ја поднесувам следната:

И З В Е Ш Т А Ј

Учебникот „Право на интелектуална сопственост“ со вкупно 356 страници компјутерски чукан текст, 508 фусноти и дел насловен „Прилози“, претставува учебник во кој се имплементирани стандардите на европскиот кредит трансфер систем – како во обем, така и во содржина и квалитет. Напишан со извонредно едноставен стил, учебникот е лесно читлив, го задржува вниманието на читателот и овозможува постепено совладување на комплексната материја содржана во него.

Авторите проф. д-р Јадранка Дабовиќ Анастасовска и проф. д-р Валентин Пепељугоски во четиринаесет глави на овој учебник ги обработуваат основните теми од областа на правото на интелектуалната сопственост, при што вложуваат извонреден напор авторското право и сродните права, правото на индустриска сопственост и нелојалната конкуренција да ги презентираат, како со изнесување на сопствени ставови, теориски дефиниции, презентирање на дилеми, расправи на домашни и странски автори, така и со компарирање на решенијата содржани во македонското законодавство, со она што е усвоен европски или меѓународен стандард за заштита на правата на интелектуална сопственост. Вака обработената материја на учебникот му дава посебен квалитет. Тој воедно да може да послужи и како појдовна основа за усовршување и унапредување на домашното законодавство и практика, и нивно усогласување и хармонизирање со европските стандарди. Авторите во овие четиринаесет поглавја го покажуваат извонредното познавање на оваа материја, теоретски поткрепено со широк опус на литература со која мошне вешто се користат. Исто така, кога станува збор за изворите, авторите покажуваат дека тие перманентно ги следат промените во релевантните закони на голем број земји, а особено на она што се случува на планот на правата на интелектуалната сопственост во Европската Унија. Така, во учебникот тие даваат богат приказ на европските регулативи и директиви со кои се востановуваат стандардите за заштита на правата на интелектуална сопственост за земјите членки но и за кандидатите за членки на Европската унија. Со ова авторите ги разрешуваат дилемите и даваат јасни сугестии што треба да се направи на овој план во Република Македонија за добивање на позитивна оценка.

Авторите, покрај изворите, ги обработуваат и сите најважни прашања од правото на интелектуална сопственост: кои и под кои услови може да е титулар носител на права на интелектуална сопственост, видовите, значењето на правата на интелектуална сопственост, начинот на стекнување и време на траење на одделните права, губење престанок, пренос на одделни права на

интелектуална сопственост, како и видовите на повреда и на заштита. Секоја од овие теми ја обработуваат со извонредно методолошко умеење, поткрепувајќи ја со компаративни знаења и сопственото практичното искуство на еден од авторите. Тоа резултира со создавање на модерен универзитетски учебник за повеќе намени. Учебникот може да се препорача како значајно и актуелно четиво за сите инволвирани во заштитата на правата на интелектуална сопственост. Ова значи дека авторите успеале во своите напори овој универзитетски учебник да може да послужи не само за едукација на студенти на правни студии - редовни и постдипломски студии, туку и за литература која по својата актуелност и значење се препорачува за сите на кои им е потребно континуирано учење на заштитата на правата на интелектуална сопственост: автори, пронајдувачи, иноватори, креативци, бизнис заедницата, судии, адвокати, патентни застапници, обвинители, полиција, царина, пазарни инспектори, потрошувачи и др.

Покрај основниот текст, Учебникот содржи и дел насловен „Прилози". Во второто издание се содржани и прашања за самопроверка на знаења. Во останатите прилози поместени се обрасци што се користат во практиката: апликации за заштита на правата од индустриска сопственост, примери обрасци на договори за пренос на правата на интелектуална сопственост, тужби и сл. Авторите со овој вид на прилози, придонеле учебникот да може на студентите да им овозможи да ја видат и практичната имплементација на знаењата за заштитата на правата на интелектуална сопственост, но воедно на сите оние на кои тоа им е потребно своите теориски знаења да ги надополнат и со практично искуство.

Второто дополнето и изменето издание содржи подетална разработка на одредбите на ТРИПС, како и запознавање на читателите со решенијата содржани во Договорот против фалсификување во трговијата популарно наречен АСТА, и двата документи донесени во САД SOPA и PIPA кои се однесуваат на борбата против злоупотреба на правата од интелектуална сопственост. Во ова издание авторите детално ја разработуваат и Директивата 2004/48ЕЗ на Европскиот парламент и на Советот за спроведување на правата на интелектуална сопственост.

Учебникот е усогласен и со двата нови закона со кои се уредува материјата на правото на интелектуална сопственост во Република Македонија: Законот за индустриска сопственост од 2009 година и Законот за авторско право и сродни права од 2010 година.

По читањето на ракописот, имајќи го предвид сето она што го изнесов во рецензијата, а особено оценатa дека според квантитетот, квалитетот и комплетноста текстот „Право на интелектуална сопственост" од авторите проф. д-р Јадранка Дабовиќ Анастасовска и проф. д-р Валентин Пепељугоски ги задоволува стандардите на европскиот кредит трансфер систем, имам посебна чест и задоволство да препорачам текстот да биде печатен како универзитетски учебник.

Рецензент

Д-р Миленко Манигодиќ

РЕЦЕНЗИЈА

НА РАКОПИСОТ „ПРАВО НА ИНТЕЛЕКТУАЛНА СОПСТВЕНОСТ“ ОД АВТОРИТЕ ПРОФ.Д-Р ЈАДРАНКА ДАБОВИЌ АНАСТАСОВСКА И ПРОФ.Д-Р ВАЛЕНТИН ПЕПЕЉУГОСКИ

Врз основа на Решение на Наставно научниот совет донесено на седницата одржана на 31.1.2013 година, определена сум за рецензент на учебникот Право на интелектуална сопственост на авторите проф. д-р Јадранка Дабовиќ Анастасовска и проф. д-р Валентин Пепељугоски. По читањето на текстот на учебникот, ја поднесувам следната:

ИЗВЕШТАЈ

Учебникот „Право на интелектуална сопственост“ од авторите проф. д-р Јадранка Дабовиќ Анастасовска и проф. д-р Валентин Пепељугоски преставува модерен универзитетски учебник, што по својот обем и начин на презентирање на материјата е компатибилен на стандардите на Европскиот кредит трансфер систем.

Авторите на 386 страници поделени во четиринаесет поглавја: Глава I - СИСТЕМ НА ИНТЕЛЕКТУАЛНА СОПСТВЕНОСТ, Глава II - ПОИМ НА ПРАВО НА ИНТЕЛЕКТУАЛНА СОПСТВЕНОСТ, Глава III - НАСТАНУВАЊЕ И РАЗВИТОК НА ПРАВОТО НА ИНТЕЛЕКТУАЛНА СОПСТВЕНОСТ, Глава IV - ИЗВОРИ НА ПРАВОТОТО НА ИНТЕЛЕКТУАЛНА СОПСТВЕНОСТ, Глава V- ПРАВНАТА ПРИРОДА НА ПРАВАТА НА ИНТЕЛЕКТУАЛНА СОПСТВЕНОСТ, Глава VI - СУБЈЕКТИ И НОСИТЕЛИ НА ПРАВАТА НА ИНТЕЛЕКТУАЛНА СОПСТВЕНОСТ, Глава VII - СОДРЖИНА НА ПРАВАТА НА ИНТЕЛЕКТУАЛНА СОПСТВЕНОСТ, Глава VIII - АВТОРСКО ПРАВО, Глава IX - СРОДНИ ПРАВА НА АВТОРСКОТО ПРАВО, Глава X - ОГРАНИЧУВАЊЕ И ТРАЕЊЕ НА АВТОРСКОТО ПРАВО И СРОДНИТЕ ПРАВА, Глава XI - ОСТВАРУВАЊЕ НА АВТОРСКОТО ПРАВО И СРОДНИТЕ ПРАВА, Глава XII - ПРАВА НА ИНДУСТРИСКА СОПСТВЕНОСТ, Глава XIII - ПРЕНЕСУВАЊЕ НА ПРАВАТА НА ИНТЕЛЕКТУАЛНА СОПСТВЕНОСТ, Глава XIV - ПРАВНА ЗАШТИТА НА ПРАВАТА НА ИНТЕЛЕКТУАЛНА СОПСТВЕНОСТ и во делот насловен „Прилози“, презентираат најважни прашања од областа на правото на интелектуална сопственост без претензии за сеопфатност, туку со единствена цел преку современ методолошки и педагошки пристап да ги запознаат студентите со основите на материјата и да развијат интерес и желба за проучување на оваа релативно нова правна дисциплина кај сите читатели.

Овој учебник претставува зрело научно дело на двајца автори, кои во македонските простори се веќе докажани научни творци во областа на правото на интелектуалната сопственост со долго педагошко искуство. Во нивниот опус се повеќе значајни трудови меѓу кои учебникот по авторско право, два учебника од областа на правото на индустриска сопственост во коавторство, коментари на закони и повеќе од триесет труда во домашни и меѓународни ревии и списанија, секогаш поткрепени со голем број библиографски единици, што само по себе зборува за знаењето искуството и способноста на авторите и претставува гаранција за научната фундираност на четивото што е пред нас.

Во учебникот успешно се испреплетуваат, но и ефикасно се одвојуваат секогаш во соодветна мера и кога тоа е потребно материјата на двата основни сегмента на правото на интелектуалната сопственост, авторското право и сродните права и правото на индустриска сопственост. Иако, овие два дела несомнено имаат еднаков предмет, уредување на правните односи по повод интелектуалните творби, сепак имаат свои

специфики, што даваат за право да се сметаат за одделни правни гранки, и воедно од авторите бараат различна обработка во учебникот што ја третира материјата на право на интелектуална сопственост.

Методологијата на презентирање на материјата го покажува големото педагошко искуство на авторите, кои во презентирањето на одделни прашања поаѓаат од претпоставените знаења на студентите, но истовремено градацијата од општото кон посебното ја водат на извонреден начин, што овозможува учебникот да претставува интересно четиво за секој читател, кој сака да се стекне со знаења на оваа материја.

Авторите во секоја одделна глава теоретските поставки за одделните прашања, што се обработени во учебникот, ги компарираат со решенијата содржани во: релевантните закони на Република Македонија, копаративното законодавство на соседните земји; директивите и регулативите на Европската унија како и со меѓународните стандарди содржани во ТРИПС договорот и во најзначајните документи на Светската организација за интелектуална сопственост, и нудат решенија de lege lata.

Презентирањето на материјата се движи од основните поими, извори,теории,носители на права, видови права, ограничување, пренос до заштита во соодветен обем, при што посебно треба да се потенцира дека во учебникот се обработени сите релевантни директиви и регулативи на Европската унија, што може да послужи и на поширокатa стручна јавност особено во приближувањето на нашето законодавство кон европското. Воедно, низ целиот текст авторите ги презентираат и искуствата, што можат да помогнат во надминување на основната слабост на системот на заштита на правата на интелектуалната сопственост во Република Македонија, а тоа е инфорсментот, или ефикасната и ефективна заштита врз основа на воглавно позитивно оценетите законски решенија.

Последниот дел од учебникот насловен „Прилози“ е посебно корисен за студентите во совладување на испитната материја, како и за стекнување на практични знаења за правата на интелектуална сопственост.Во второто издание во овј дел, авторите, како и во сите модерни учебници, имаат имплементирано прашања за проверка на знаењата.

Второто дополнето и изменето издание содржи подетална разработка на одредбите на ТРИПС , како и запознавање на читателите со решенијата содржани во Договорот против фалсификување во трговијата популарно наречен АСТА, и двата документи донесени во САД SOPA и PIPA кои се однесуваат на борбата против злоупотреба на правата од интелектуална сопственост. Во ова издание авторите детално ја разработуваат и Директивата 2004/48ЕЗ на Европскиот парламент и на Советот за спроведување на правата на интелектуална сопственост.

Учебникот е усогласен и со двата нови закона со кои се уредува материјата на правото на интелектуална сопственост во Република Македонија: Законот за индустриска сопственост од 2009 година и Законот за авторско право и сродни права од 2010 година.

Учебникот Право на интелектуална сопственост со својата апаратура го препорачуваме за студентите на „магистерските студии“, како и за целата релевантна стручна јавност која е инволвирана во спроведувањето и заштитата на правата на интелектуална сопственост, судии обвинители, адвокати, патентни застапници, администрација вработена во ресорните министерства, вработени во полиција, царина, пазарен инспекторат и др. како мошне полезно и корисно четиво.

Врз основа на изложените оценки имајќи ги предвид критериумите и стандардите за универзитетски учебници со задоволство препорачувам учебникот

Право на интелектуална сопственост од авторите Проф. д-р Јадранка Дабовиќ Анастасовска и Проф. д-р Валентин Пепељугоски да се печати како универзитетски учебник.

Рецензент:

Проф. д-р Љиљана Спировиќ Трпеновска

Рецензија

На докторската дисертација "Епидемиолошка студија за растројствата во однесувањето и емоциите кај деца од предучилишна возраст" од м-р сци. д-р Доминика Рајчановска пријавена на Медицинскиот факултет во Скопје

Врз основа на член 63 од Законот за високото образование ("Службен весник" на Република Македонија, број 35/2008, 103/2008, 26/2009, 83/2009, 99/2009, 115/2010, 17/2011 и 51/2011) и член 53 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Медицинскиот факултет во Скопје), во состав на Универзитетот „Свети Кирил и Методиј" во Скопје, (Универзитетски гласник, бр. 121/2009 и 188/2011), Наставно-научниот совет на медицински факултет во Скопје на својата XV редовна седница, одржана на 20.12.2012 година, а по предлог на Научниот одбор, донесе

О Д Л У К А

за формирање на Комисија за оценка на докторската дисертација од м-р. сци. д-р Домника Рајчановска, под наслов
"Епидемиолошка студија за растројствата во однесувањето и емоциите кај деца од предучилишна возраст" ,

во состав:

1. проф. д-р. Билјана Таушанова
2. академик Нада Поп Јорданова
3. проф. д-р. Марија Ралева

Во согласност со Законот за високото образование на Република Македонија, рецензентската комисија го разгледа поднесената докторска дисертација и врз основа на направените согледувања и консултации до Научно-наставниот совет го поднесува следниов

ИЗВЕШТАЈ

1. Композиција на докторскиот труд

Докторскиот труд е изнесен на вкупно 223 страници напишан текст, и ги содржи сите поглавја на една научно-истражувачка студија: вовед, мотив,

цели, материјал и методи, резултати, дискусија, заклучок и препораки и литература. Содржината на текстот е дополнета и документирана со 193 табели и 23 графикони. Во цитираната литература се наведени 212 единици (референци), а во прилозите се вклучени: развоен тест-Чутурић (I) анкетени прашалник: Интервју со родителите, (II), Прашалник за проблемите на вашето дете: Dr.sci.Andy Muller, (III), Прашалник за поведението на децата: Child behaviour checklist-Achenbach, (IV) и Скала за конфликтни тактики: Conflict Tactic Scale-Murray A. Straus, (V).

2. Преглед на содржината

2.1. Вовед

Во воведот е даден историски и актуелен пресек на разбирањето и дефинирањето на растројствата во однесувањето и емоциите кај децата. Наведените епидемиолошки податоци за некои растројства кај децата укажуваат на нивната значајност, особено во предучилишниот период. Исто така, кандидатката ги наведува периодите на развојот на детската личност и најважните карактеристики според Ериксон, истакнувајќи го значењето на нивното познавање и важност при утврдување на растројствата во однесувањето на децата. Понатаму се истакнува значајноста на квалитетот на родителската грижа во сите периоди во развојот на детето, констатирајќи дека вклучувањето на родителите во грижата и воспитувањето на децата, како и мерките кои ги користат при тоа се особено значајни.

Во воведот кандидатката ја наведува и Меѓународната класификација на болестите (МКБ-10) каде што растројствата во однесувањето и емоциите на децата се сврстени во глава V (F 51, F 90-F 98), при тоа нагласувајќи ги оние растројства кои заради возраста на иследуваните деца беа анализирани во студијата.

Низ даденият понатамошен осврт на растројствата и емоциите кај децата од предучилишна возраст, како и нивната зачестеност во светот и кај нас, со наведување на релевантни истражувања, потенцирано е нивното значење. Наведени се бројни истражувања во светот според кои, особено во лонгитудиналните студии, се потврдува дека некои од нив можат да влијаат врз целокупниот живот на детето, можат да доведат до послаби резултати во школувањето и едукативните квалификации, како и до адултна депресија.

Понатаму, кандидатката истакнува дека преваленцата на овие нарушувања според податоците од литературата е тешко да се одреди, но општ е заклучокот дека е во постојан пораст и била проценета меѓу 3-6% со повисока стапка (30%) кај предучилишни деца кои живееле во посиромашни социјални услови.

Во последниот дел на воведот се истакнати најчестите растројства во однесувањето и емоциите кај децата, и тоа: оралните навики, растројствата во исхраната, растројствата на активноста и вниманието, растројствата во сонот и говорот, присуство на неорганска енуреза и неорганска енкопреза, тик растројствата.

2.2. Мотив

Основен мотив за спроведување на оваа студија и за истражување во оваа област е долгата традиција на превентивната здравствена заштита на децата во Битола, повеќегодишната работа на кандидатката како педијатар во оваа служба, како и постојаниот интерес на лекарите и психолозите кои работеле во неа за психомоторниот развој и растројствата во однесувањето и емоциите на децата. Мотив за поставување на целите на овој труд е и намерата да се даде научен придонес кон евалуацијата на влијанието на демографските, фамилијарните и социоекономските фактори врз преваленцата на растројствата кај децата. Истото би послужило како основа за понатамошни слични истражувања, со што би се идентификувале и понатамошните потреби за развој и реорганизација на превентивната здравствена заштита на децата во предучилишна возраст.

2.3. Цел на трудот

Главната цел на истражувањето е да се одреди стапката на инциденца и преваленца на растројствата во однесувањето и емоциите на децата на возраст од 3 и 5 години на подрачјето на општина Битола, да се одреди застапеноста на најчестите растројства во однесувањето и емоциите кај децата во однос на демографските карактеристики, да се одреди и да се квантифицира нивната асоцираност, односно поврзаност со семејните услови и факторите на средината (социо-економските фактори). Исто така, да се направи компаративна анализа на некои растројства во однесувањето и емоциите кај децата од предучилишна возраст на подрачјето во општина Битола, пред двесетина години и денес.

2.4. Дизајн на студијата

Методологијата на работа е многу прецизно и јасно изнесена. Истражувањето се реализира како епидемиолошка, лонгитудинална, проспективна студија, во која се опфатени 1607 деца на возраст од 3 и 5 години, со претходно прецизно утврдени критериуми за вклучување и исклучување од студијата. Истражувањето опфати двегодишен период, од мај 2009 до јуни 2011 година, и е спроведено во Здравствениот дом во Битола, во службата за превентивна здравствена заштита.

Растројствата во однесувањето на децата се одредени според МКБ-10, подредени во глава V (F 51, F 90-F 98)

Основни инструменти на оваа студија беше примената на неколку тестови и прашалници:

а) Психолошко тестирање од страна на психолог, со примена на тестот по Чутурић (стандаризиран тест за психомоторен развој во раниот детски период).

б) Нестандардизиран прашалник (интервју) за текот на бременоста, времетраењето на доењето, местото на и условите на живеење, бројноста на семејството, чување и воспитување на детето (родители, баба/део, предучилишна установа), возраст и вработеност на родителите и социодемографските податоци, дизајниран за потребите на ова истражување.

в) Клинички педијатриски преглед.

г) Примена на стандардизираните прашалници:

- Прашалник за проблемите на детето, Andy Muller in Hill R., &Castrol E. (2002): Getting rid of Ritalin, Hampton Roads, Publishing company, Inc.
- Прашалник за поведението на децата, Child Behavior Checklist-Achenbach, 1981, in Hill R., &Castrol E. (2002): Getting rid of Ritalin, Hampton Roads, Publishing company, Inc.
- Скала на конфликтни тактики, Conflict Tactic Scale

Податоците се обработени со помош на стандардни, дескриптивни и аналитички методи. Дескриптивна статистика, односно мерки на централна тенденција (просек, медијана) и мерки на отстапување (стандардна девијација) се користеа кај квантитативните податоци, а дистрибуцијта на квлитативните податоци е прикажана со апсолутни броеви. За тестирање на значајноста во разликите меѓу различните возраснии групи, се користеа параметарски и непараметарски методи за зависни примероци (t-test for dependent samples, McNemar и Wilcoxon matched test), а за одредување на асоцираноста на одредени фактори со нарушувањата во однсувањето, беа користени непараметарски и параметарски методи (x^2 тест, Spearman-ов коефициент на рангкорелација, Pearson-ов коефициент корелација). За квантифицирање на сигнификантните фактори за нарушувањата во однесувањето беше користен методот на Logit regression со одредување на односот на превага (OR).

Целокупната статистичка анализа е направена со примена на посакувано ниво на значајност од $p<0.05$ и $p<0.01$ (резултати интерпретирани како статистички сигнификантни), додека резултатите со $p>0.05$ се интерпретирани како отсуство на постоење на разлика, односно несигнификантни.

2.5. Резултати и дискусија

Резултатите се прикажани јасно и на систематски начин. Во првиот дел од студијата се прикажани резултатите за општите карактеристики на испитаниците. Во вкупно 1607 испитаници во истражувањето, 772 (48%) се на возраст од 3, години, а 835 (52%) се на возраст од 5 години. Половата структура на испитаниците ја сочинуваат 814 (50,65%) машки испитаници, додека 793 (49,35%) женски. Во однос на националната припадност, најголем процент деца се Македонци, (88,11%), Албанци, Турци и др., се 7,41%, додека Роми се 4,48%. Децата, во висок процент од 90,23% биле доени и тоа најчесто до 6 месеци, 35,22%. Одредувањето на степенот на исхранетоста на испитаниците, преку индексот на телесната маса (ИТМ), покажа дека 65,90% од децата се нормално исхранети (ИТМ=5-85перцентили), 11,08% се потхранети, (ИТМ<5 перцентили), 8,65% имаат прекумерна тежина за возраста и имаат ризик за дебелина, (ИТМ=85-95перцентили), додека 14,37% се дебели, (ИТМ>95перцентили). Резултатите во студијта покажаа дека испитаниците во поголем процент, 65,53%, живеат во урбана средина, во сопствена куќа, (76,66%), но 60,98% од нив немаат своја соба и во домот. Анализата на семејните услови на

испитаниците покажа деца, 55,01% од нив живееле во побројни семејства (повеќе од 4 члена), 85,38% имале баба и/или дедо, 63,78% биле две деца, 50,225 биле првородени во семејството, а во 49,72% случаи биле чувани дома од страна на некој од родителите. Родителите на децата во највисок процент биле на возраст 26-35 години (мајки-67,39%, татковци-52,27%), и имале завршено средно образование (мајки-52,64%, татковци-64,84%). Испитаниците најчесто живееле во семејства во кои бил вработен само таткото (44,1%) и имале просечни материјални приходи, (53,33). Резултатите од истражувањето покажаа дека 42% од децата користеле компјутер, 43,06% користеле мобилен телефон, а 61,05% гледале телевизија повеќе часови во текот на денот.

Вториот дел од резултатите во студијата се однесуваат на растројствата кои беа цел на ова истражување: орални навики, (гризење нокти, цицање прст), растројства во исхраната (прекумерна тежина и дебелина), неорганска енуреза и енкопреза, проблеми во сонот и говорот и присуство на тикови.

Според добиените резултати, преваленцата на растројствата во однесувањето кај децата е: 27,97% од децата гризат нокти, а 24,77% цицаат прст, 25,89% имаат прекумерна телесна тежина и се дебели за возраста, неорганска енуреза имаааат 19,91%, а енкопреза 2,99% од испитаниците, растројства во сонот имаат 73,43%, а во говорот 37,65%, додека 20,97% од децата манифестираат тикови. Статистичката анализа покажа дека децата на возраст од 3 години, сигнификантно почесто ($p<0.01$), имаат навика да цицаат прст, неорганска енуреза и енкопреза, како и растројства во сонот и говорот, во однос на петгодишните. Тие пак, сигнификантно почесто, ($p<0.01$) гризат нокти, имаат растројства во исхраната и манифестираат тикови ($p<0.05$), во однос на помалите деца. Момчињата, значајно почесто, манифестираат неорганска енуреза и енкопреза, тикови и имаат растројства во говорот ($p<0.01$, и $p<0.05$), во однос на женските деца.

Резултатите во студијата потврдија дека децата од ромска националност сигнификантно почесто имаат некои растројства во однесувањето (орални навики, растројства во исхраната, неорганска енуреза, тикови, $p<0.01$, $p<0.05$), во однос на другите деца.

Исто така, резултатите во студијата потврдија дека, доењето може да се смета како протективен фактор за манифестација на одредени растројства кај децата, при што сигнификантност беше констатирана кај појавата на неорганска енуреза и растројства во сонот, ($p<0.01$).

Студијата укажува дека условите на живеење на децата и семејните фактори имаат значајно влијание врз манифестацијата на одредени растројства кај децата. Децата кои живееле во рурална средина, статистички сигнификантно почесто манифестираат орални навики (цица прст), неорганска енуреза и растројства во сонот и говорот ($p<0.01$), додека децата кои живееле во урбана средина, значајно почесто имаат прекумерна тежина и се дебели ($p<0.05$). Децата кои немале своја соба во домот, статистички значајно почесто манифестирале цицање прст, енуреза, растројства во сонот и говорот ($p<0.01$, $p<0.05$). Студијата потврди дека бројноста на семејството има значајна улога и е во позитивна корелација со манифестацијата на

оралните навики и растројствата во говорот, додека неорганска енуреза почесто манифестирале децата кои живееле во тричлени семејства, ($p<0.01$). Бројот на деца во семејството е во значајна корелација со гризењето нокти и појавата на проблеми во сонот. Првородените деца значајно почесто манифестираат проблеми во сонот и имаат поголема тежина и се дебели, а децата родени како трето, четврто и значајно почесто гризат нокти и имаат роблеми во говорот.

Студијата укажа и на важноста на возраста и степенот на образование на родителите, вработеноста и материјалните приходи во семејствата и манифестацијата на растројства кај децата. Децата чиишто мајки биле повозрасни од 45 години, значајно почесто гризат нокти и манифестираат енуреза, енкопреза и тикови ($p<0.01$, $p<0.05$), додека возраста на таткото има значајност кај манифестацијата на енуреза и растројствата во говорот ($p<0.01$). Децата чиишто родители имале основно образование и биле неписмени, значајно почесто манифестирале орални навики, неорганска енуреза, растројства во говорот и тикови.

Децата на родители кои се занимавале со земјоделството, значајно почесто манифестираат орални навики, енуреза и растројства во говорот. децата имаат значајно почесто поголема телесна тежина и се дебели во семејства каде што и двата родителa биле вработени и имале натпросечни материјални приходи, ($p<0.01$). Во семејства со минимални материјални приходи, децата сигнификантно почесто манифестирале орални навики и енуреза ($p<0.01$).

Резултатите во студијата, потврдија дека, повеќето растројства во однесувањето на децата се значајно асоцирани со некои современи навики на децата, користењето компјутер, мобилен телефон и повеќечасовното гледање телевизија. Користењето мобилен телефон е значајно за појавата на растројства во сонот и говорот ($p<0.01$). Децата кои не користеле компјутер, имаат значајно почесто енуреза, тикови и цицаат прст, а децата, кои подолго гледале телевизија, значајно почесто манифестираат растројства во сонот и говорот и цицале прст.

Студијата потврди дека од вкупниот број испитаници, 94,71% имаат однесување нормално за возраста, 1,87% имаат гранично однесување, а само 3,42% од децата, или 55 деца, според одговорите на нивните родители на прашањата од Child Behavior Checklist-Achenbach, имаат однесување во клинички рамки. Проблемите кај децата биле во нивното надворешно однесување, со изразит пик во агресивноста, кое било поизразено кај момчињата во однос на девојчињата.

Според одговорите на родителите на прашањата од прашалникот за проблемите на детето, Andy Muller, и оценувањето на децата во областите: внимание, хиперактивност, импулсивност, незрелост, проблеми со спиењето и постоење тикови, резултатите во студијата потврдија дека средните вредности според возраста на децата за сите испитувани параметри, со возраста на децата се намалуваат.

Студијата укажа и на големото значење на односот родител-дете и појавата на растројствата кај децата. Користејќи ја Скалата на конфликтни тактики (Conflict Tactic Scale), резултатите потврдија дека родителите

најчесто користеле позитивни тактики во односот со своите деца. Но, примената на емоционална и физичка злоупотреба е во значајна корелација со појавата на навиката-цица прст, енуреза, енкопреза и тикови кај децата, ($p<0.01$).

Во студијата е направена компративна анализа меѓу резултатите во студијата и резултатите добиени во 1986 година, во студија извршена во Битола, врз 1492 деца на возраст од 4 до 6 години, за присуството на одредени растројства кај децата. Анализата потврди дека некои растројства кај децата значајно се зголемиле во последните 25 години: оралните навики се зголемиле за 2-3 пати, растројствата во говорот за 2,5 пати, проблемите во сонот за 10 пати, преваленцата на неорганска енкопреза се намалила за 2 пати, додека енурезата е подеднакво присутна кај децата во овој временски период.

Во трудот е извршена и споредба на резултатите со слични истражувања во светот. Тие го потврдуваат влијанието на семејните фактори, условите на живеење и социоекономските фактори врз појвата на растројствата во однесувањето на децата.

2.6. Литература

Изборот на литература содржи 212 библиографски единици, користени во докторскиот труд. Тие се коректно цитирани и опфаќаат современи публикации во релевантни списанија од областа на темата која што се обработува.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на извршената анализа на приложениот материјал, Комисијата оценува дека докторскиот труд „Епидемиолошка студија за растројствата во однесувањето и емоциите кај деца од предучилишна возраст" од кандидатката м-р. сци. д-р Домника Рајчановска, според својата актуелност и практична важност, поставените цели, изборот на материјалот и методологијата на истражувањето, како и добиените резултати и заклучни согледувања, во целост ги исполнува критериумите за докторски труд.

Врз основа на понапред изнесеното, Комисијата позитивно го оценува докторскиот труд и има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје да ја прифати рецензијата и да овозможи натамошна постапка за јавна одбрана на овој докторски труд.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. Проф. д-р. Билјана Таушанова с.р.
2. Академик Нада Поп Јорданова с.р.
3. Проф. д-р. Марија Ралева с.р.